**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

**Перо Драги Синадиновски**

# КРАЈОТ НА НЕОЛИТСКИОТ ПЕРИОД НА ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН

**Докторски труд**

**Скопје, 2025**

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Перо Драги Синадиновски

# КРАЈОТ НА НЕОЛИТСКИОТ ПЕРИОД НА ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН
Докторски труд

Скопје, 2025

Докторанд:

ПЕРО ДРАГИ СИНАДИНОВСКИ

Ментор:

Проф. д-р ДРАГИ МИТРЕВСКИ

Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

Членови на комисијата:

Проф. д-р МАРЈАН ЈОВАНОВ

Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

Проф. д-р АНТОНИО ЈАКИМОВСКИ

Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

Проф. д-р ВОЈИСЛАВ САРАКИНСКИ

Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

Проф. д-р Аександар БУЛАТОВИЋ

Археолошки Институт-Белград

**Благодарности**

Овој докторски труд е производ на повеќегодишна напорна работа, исполнета со многу интересни моменти, разни научни проблематики, дискусии, полемики и пред сè силна и напорна работа, како теренска, така и кабинетска. Справувањето со разните проблеми и недоумици ќе беше многу потешко доколку покрај себе ги немав луѓето од поблиската фамилија, кои секогаш, скоро секогаш имаа трпение да ме ислушаат и да ми помогнат во одредени моменти. Токму поради тоа, најголема благодарност што овој труд успешно се заврши им должам, се разбира на мојата мајка Мимица Синадиновска и сестра ми Драгана Синадиновска Мелевска кои несебично ги делеа со мене нивните кредитни картички и постојано ме мотивираа да ги оправдам „заработените" финансии. Огромна благодарност сакам да искажам на мојот дедо Петар Петровски кој секогаш знае да ги одбере правите зборови и методи за да ме мотивира да се издигнам над сите проблеми со кои се соочив во текот на животот! Посебна благодарност сакам да искажам на мојата невестичка и колешка Наталија Марчевска која секогаш стоеше до мене, ги слушаше моите тешки, и понекогаш здодевни проблеми поврзани со пишувањето на докторатот, а која знаеше да даде доста конструктивни идеи и предлози кои беа успешно вметнати во страниците подолу.

Голема благодарност до професорите со кои соработував во текот на студиите, посебно до мојот ментор проф. д-р Драги Митревски кој ме водеше низ сите три студиски циклуси. Овде сакам да му посакам долги и среќни години во пензија, со надеж дека нашите дружби и научни разговори ќе продолжат и во иднина.

Искуството, како теренско, така и кабинетско коешто го стекнав во последните 15 год. работа во археологијата се должи на искрената соработка и дружба со голем број на колеги и професори, како од Македонија, така и од Србија, Хрватска, Словенија, Грција, Бугарија, Чешка, Шпанија и Англија. Досегашната соработка резултирала со отварање на нови погледи во археологијата, како до методологијата на истражување, така и технолошкиот напредок во науката. Овде би сакал да искажам голема благодарност до колегите од Археолошки Музеј на Македонија каде што поминав две години во периодот од 2021 до 2023 год. Од другите музеи во Република Македонија посебно место зазема Музеј на Град Кратово каде што директорите м-р Илија Митевски и м-р Драган Георгиевски, како и мојот драг колега Далибор Ристовски, секогаш беа отворени за соработка, и благодарение на нив се реализираше долгогодишниот проект Цоцев Камен којшто е од клучно значење за овој труд. Ископувањата на Цоцев Камен беа реализирани со помош на една прекрасна екипа која се состоеше од Дамјан Донев, Јовица Ристов, Сашко Василевски, Ненад Пивко, Наталија Марчевска, Далибор Ристовски и Никола Веселинов-Кензо, луѓето кои неуморно даваа сè од себе за да можеме да се пофалиме со прекрасни научни резултатри и археолошки наоди кои се изложени во Музеј на Град Кратово. Овде би сакал да се заблагодарам и на колегите од сите останати музеи во Македонија кои секогаш биле отворени за соработка и дружење. На ова место сакам да ги издвојам Манастирот Свети Илија с. Шопско Рударе, раководен од Боби и чичко Јоцо, едни прекрасни луѓе кои ни овозможија сместај и логистичка поддршка во текот на ископувањата на Цоцев Камен.

На крајот сакам да искажам голема благодарност до сите мои другари и пријатели кои имаа разбирање и ги слушаа моите муабети и размислувања за крајот на неолитот, иако за нив сето тоа беше сосема непозната тема и проблематика. Нивната поддршка и мотивација во одредени моменти беше пресудна да се продолжи напред со работа и пишување за на крајот да го имаме ова дело пред нас.

***Ова дело го посветувам на***

***другарот Јован Мелевски, без чијашто морална и финансиска поддршка***

***тоа немаше да биде реализирано!***

**АПСТРАКТ**

Секој еден транзиционен период претставува интересна појава која создава специфични културни вредности преку кои можеме да го следиме развојот и трансформациите на одредени аспекти од животот на човекот. Во овој труд ќе стане збор токму за еден доста значаен транзиционен период од неолитското или камено време, во енеолитското или бакарното време. Дека станува збор за сериозни општествени и економски промени можеме да забележиме со самиот назив на овие две епохи, односно камено време-неолитот и бакарно време-енеолитот. Дефинирањето и разграничувањето на овие различни периоди, покрај употребата на бакарот подразбираат и низа културолошки, општествени и економски процеси кои ќе доведат до значајни промени во животот на човекот, а ќе се одразат во повеќе сфери од неговите секојдневни активности, религија, уметност, занаетчиство итн. На територијата на Централен Балкан овие промени ќе го трасираат идниот развоен пат на заедниците во енеолитот, но и понатаму низ следните праисториски епохи. Во овој труд, главна цел на истражување ќе бидат хронологијата, односно временската рамка во која се случувал овој транзиционен период, понатаму населбинскиот систем и архитектурата, и на крајот движниот материјал со посебен акцент на садовата керамика, нејзиниот развој и промените. Овие три аспекти од животот на човекот во доцниот неолит ќе бидат разработени и анализирани преку призмата на следните пет прашања: *што?* (се случило), *каде?, кога?, како?* и *зошто?*. Во склоп на тие прашања ќе бидат поставени следните поглавја во трудот кои ќе бидат поделени според целта на истражување на секое поглавје посебно.

*Што се случило?* Е основното прашање кое ги дефинира целите на понатамошното истражување. Во овој случај одговорот на ова прашање се состои во самиот наслов „Крајот на неолитскиот период...“, одговор кој е посебно провокативен пред сè поради тоа што се обработува крајот на последната т.н. „камена ера“ од постоењето на човекот. Одговорот на прашањето „што се случило?“, само по себе отвора голем број на нови прашања, од коишто неколку ќе бидат подетално обработени овде.

*Каде се случил?* Ова прашање се однесува на географијата, односно на која географска територија се случил крајот на неолитот. Одговорот на ова прашање беше дефинирано преку анализа на доцнонеолитските култури на Балканот и нивната географска распространетост. По прегледот на соодветна литература стана јасно дека на Балканот се издвоуваат неколку поголеми културни блокови кои најчесто се врзуваат за поголеми географски целини. Со цел да се дефинира одредена географска целина, покрај културните блокови, требаше попрецизно да се дефинира и поимот *географски регион*, односно *географска целина*. Фактот што од најстарите времиња, па до ден-денес, главните рути преку кои комуницирале заедниците поминуваат околу речните текови, беше пресуден за да ја дефинираме нашата територија токму преку трите најголеми реки на егејското сливно подрачје од Балканот. Се работи за територијата околу реките Струма, Вардар и Халијакмон, географски затворајќи ја територијата наречена Македонија. Дел од доцнонеолитските населби од оваа географска регија овде ќе бидат подетално разгледани и разработени, сè со цел да добиеме подетални одговори на останатите прашања. Целата територија, врз основа на одредени културни и географски вредности и карактеристики ќе биде поделена на 6 засебни зони, кои се поврзани помеѓу себе преку трите големи реки.

*Кога се случил?* Е клучното прашање за определување на временската рамка која овде ќе се обработува, а која се однесува пред сè на последните неолитски фази. Овде најпрво ќе биде направен детален преглед на хронологијата и периодизацијата на доцнонеолитските култури и населби од оваа територија. Врз основа на тие сознанија, базирани врз основа на неколку различни предлог-хронологии од страна на еминентни познавачи на проблематиката, ќе биде направен обид за синхронизација на доцнонеолитските фази од сите 6 зони посебно. Временската рамка која овде ќе биде обработена, односно доцниот неолит, опфаќа период од околу 1000 год., почнувајќи постепено од околу 5500 год., па сè до 4500 год., време кога ќе дојде до целосна афирмација на новата енеолитска култура. Целокупниот развој, појва и крај на доцниот неолит ќе биде поделен во две фази, фаза I (5500-5000) и фаза II (5000-4500). Дополнително, овие две фази ќе бидат поделени на две под фази I-Ib и IIa-IIb, преку кои е документиран почетокот, развојот и крајот на доцниот неолит на оваа територија.

*Како се случил?* Одговорите на ова прашање можеме да ги бараме кај речиси сите аспекти од животот на човекот во првата половина на 5 мил. Населбинсиот систем, може да биде клучен во разбирањето на одредени општествено-економски промени кон крајот на доцниот неолит, а најдобро можеме да го пратиме преку анализа на топографијата, стратиграфијата, архитектурата, и на крајот преку меѓусебните комуникации помеѓу населбите, кои всушност го создаваат и самиот *населбинскиот систем*. Од друга страна, пак, ние како археолози, најчесто сме заинтересирани за материјалната култура, односно за движните наоди пронајдени при ископувањата кои може да бидат доста атрактивни и податливи. Во праисториските времиња, особено во неолитот, најдоминантна е *садовата керамика*, која пак, во исто време носи и најмногу пораки со себе. Во овој труд населбинскиот систем и керамичкиот материјал ќе

бидат подетално обработени, и врз основа на нив ќе бидат предложени одредени заклучоци, но и ќе се отворат доста нови прашања кои во иднина треба да бидат разработени.

*Зошто се случил?* Е главното прашање, односно главна цел на овој труд. Овде ќе бидат комбинирано разработени сите претходни податоци кои ќе бидат изнесени за климата, географијата, населбинскиот систем и керамичкиот материјал, а ќе стане збор и за географски истите, но временски различните населби од доцниот неолит и подоцнежните (пра) историски времиња. Посебно внимание ќе биде посветено на етнолошките податоци за населението помеѓу горното течение на Струма и Вардар, каде што припаѓа и населбата Цоцев Камен, којашто овде ќе биде посебно обработена. Географијата и климата го креирале и самиот населбински систем на одредена територија, без разлика дали станува збор за праисториски периоди или за недалечниот 18-19 век од нашата ера, кога на оваа територија се јавуваат населби, вистински пандан на доцнонеолитскиот населбиснки систем. Комбинираното проучување на историјата и етнологијата со праисториските времиња, особено во поглед на населбинскиот систем и дефинирањето на одредени движења и влијанија, методолошки може да послужат како добра основа врз која ќе се обидеме да створиме единствена културно-хронолошка рамка за крајот на неолитот на овој дел од Балканот. Крајот на неолитскиот период ќе предизвика „тектонски" пореметувања во населбинскиот систем и намалување на интензитетот на населување. Искачувањето и формирањето населби на повисоките позиции ќе го обележат идниот енеолитски период, време кога човекот започнува да живее на високите, тешко достапни и доминантни позиции, каде ќе ги помине следните четири милениуми од неговиот развој, постојано бранејќи се, и скривајќи се од *другите*. Таквиот развој на населбинскиот систем ќе биде значително променет во времето на Филип II, кога тој ќе го симне населението од планините и ќе го насели во, и покрај градовите, да живее по одредени правила и да помогне во изградбата на Македонското кралство во антиката. Таквиот развој на населбите во епохите пред Христос, односно пред новата ера (пр. н.е.), многу добро зборува за значењето и посебноста на неолитскиот период, особено за неговите последни етапи кога ќе дојде до значајни климатски промени кои силно ќе се одразат и врз културолошките обележја на населението на оваа територија.

Собирањето на библиографијата, селектирањето на локалитетите и на крајот обработката на селектираниот материјал беа главна цел при методолошкиот пристап за обработката на податоците, барем што што се однесува до теорискиот дел од овој труд. Резултатите од овие истражувања, преку кои беше создадена една дата-база на податоци за доцнонеолитските локалитети од оваа територија, ќе послужат како добра основа за разбирањето и студирањето на резултатите добиени од археолошките истражувања на населбите Цоцев Камен и Орловица, кои ќе бидат детално обработени за целите на овој труд. Интерпретацијата на населбинскиот систем и културно-хронолошкиот развој на овие населби ќе бидат директно поврзани со населбите од останатите региони со кои ја делеле истата судбина, што ќе биде од голема помош при изработката на одреден модел за овој транзиционен период.

**Клучни зборови:** Централен Балкан; Доцен неолит; Енеолит; транзиција; населбински систем; материјална култура; етноархеологија

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 8
1. *КАДЕ* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ? ........ 15
1.1. Територија и географски карактеристики на Централен Балкан ........ 16
1.1.1. Сливни подрачја ........ 19
1.1.2 Географаски целини ........ 23
1.2. Клима ........ 28
1.2.1. Климатски и еколошки услови во праисторијата ........ 30
2. *КОГА* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ? ........ 34
2.1. Хронологија на доцниот неолит од Централен Балкан-преглед на досегашните сознаија ........ 37
2.2. Обид за хронолошка синхронизација на населбите од Централен Балкан ........ 62
2.2.1. ФАЗА I (LN I)-5500-5000/4900 год. ........ 65
2.2.2. ФАЗА II (LN II)-5000/4900-4500 год. ........ 69
3. *КАКО* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ? ........ 76
3.1. Населбите и материјалната култура од доцниот неолит ........ 78
3.1.1. Населбински систем (топографија, архитектура и стратиграфија на населбите) . 81
3.1.2. Материјална култура-керамика ........ 115
3.2. Најиндикативни примери од поновите истражувања за крајот на неолитскиот период во зона 4 ........ 203
3.2.1. Населбински комплекс Цоцев Камен, с. Шопско Рударе ........ 204
3.2.2. Населбински комплекс Орловица, с. Ракотинци-Скопје ........ 240
4. *ЗОШТО* ЗАВРШИЛ НЕОЛИТСКИОТ ПЕРИОД? ........ 246
4.1. Анализа и интерпетација на претходните поглавја ........ 246
4.1.1. Населби и населбински систем ........ 247
4.1.2. Материјална култура-керамика ........ 255
4.2. (Пра)историски и етнографски компарации ........ 266
4.2.1. Ран и среден неолит (6500-5500-5400 год.) ........ 267
4.2.2. Енеолит/Бакарно време (Final Neolithic) ........ 271
4.2.3. Бронзено време ........ 273
4.2.4. Железно време и првите историски извори во антиката ........ 275
4.2.5. Етноархеолошки паралели со XVIII-XX век на територија помеѓу зона 1 и зона 4 278
ЗАКЛУЧОК ........ 286
ЛИТЕРАТУРА ........ 292
ИЛУСТРАЦИИ ........ 308

ТАБЛИ ........................................................................................................................................ 309
ТАБЕЛИ ...................................................................................................................................... 321

**ВОВЕД**

На почетокот на студиите по археологија, во текот на 1-ва година имавме чест да се запознаеме подетално со неолитскиот период, период, во тоа време малку познат за мене. Предавањата кај проф. д-р Драгиша Здравковски[1] за неолитот на Блискиот Исток ги отворија портите кон една нова ера од мојот живот, односно *неолитската ера*. Пресудни беа предавањата кај менторот на овој труд, проф. д-р Драги Митревски, кога подетално се запознавме со населбите и материјалната култура од неолитскиот период во Македонија и Балканот. Посебноста на неолитскиот период најдобро се забележуваше преку уникатноста, убавината и раскошноста на движните наоди, особено керамиката и антропоморфните модели на куќи од раниот и средниот неолит, како дел од Анзабегово-Вршник и Велушина-Породин културните групи. Понесен од таквата ситуација, првите интереси се појавија кон истражување на средниот неолит, што влијаеше и врз изборот на тема за дипломски труд. Имено, од страна на мојот драг колега м-р Сашко Василевски, беше беше откриен еден нов неолитски локалитет именуван како Бегово Поле. При посетата на локалитетот беше сосема јасно дека се работи за локалитет од средниот и доцен неолит, кој бил позициониран на една извонредна позиција, на вливот на Раечка Река во Црна Река. Оттука беше и дефиниран насловот на дипломскиот труд „Рекогносцирање на праисториски локалитети во Раечка Клисура“ кој беше одбранет во 2014 год. на катедрата на Археологија при УКИМ, под менторство на проф. д-р Драги Митревски.

Преку обработката и дефинирањето на доцнонеолитскиот материјал од овој локалитет се случија и првите посериозни контакти со доцниот неолит, дотогаш многу малку позната етапа од неолитот. Особено „црна дупка“ претставуваше периодот на првата половина на 5 мил., време за кое во Македонската археологија се знаеше многу малку. Плашејќи се можеби потсвесно, да се соочам со таа мрачнина и малку познатата фаза од неолитот, имав за цел моите понатамошни истражувања да ги насочам кон раниот и средниот неолит, коишто се далеку поатрактивни и побогати за разлика од *темниот* доцен неолит. По разговорот со проф. д-р Драги Митревски за дефинирање на тема за магистерскиот труд, сѐ се сврте кон доцниот неолит, односно беше дефиниран наслов „Доцен неолит во Република Македонија“. Влегувањето во оваа последна неолитска фаза подразбираше соочување со недостаток на материјали, како

[1] На кого постхумно му се заблагодарувам за сите муабети, како за археологијата, неолитот и Тумба Маџари, така и за животните спомени и анегдоти кои ги раскажуваше со голема страст и ентузијазам

библиографски така и археолошки, пред сè поради слабиот степен на истраженост, но и поради уништените доцнонеолитски слоеви кај населбите во Македонија. Во текот на студиите беа објавени неколку значајни трудови за доцниот неолит во Пелагонија и Скопско од неколку истражувачи, кои послужија како добра основа врз која беа изградени дел од поглавјата на магистерскиот труд кој беше одбранет на 18.04.2019 год. на катедрата за Археологија при УКИМ.

Со тоа заврши уште една академска фаза, која, пак. ги отвори портите кон следната, нова фаза, а тоа беа докторските студии запишани во 2020/2021 учебна година на катедрата по Археологија при УКИМ, под менторство на проф. д-р Драги Митревски. Овојпат целта не беше сублимирање и обработка на одреден библиографски или археолошки материјал, туку сега требаше да се реши одреден научен проблем преку археолошките методи, во случајот, да се применат археолошките ископувања. Имајќи го предвид развојот на студиите, односно целите и интересите од претходните академски степени, не беше тешко да се одлучиме за тема поврзана со доцниот неолит. Иако за мене лично, преминот од среден во доцен неолит беше поатрактивен и попознат, сепак се одлучивме за една уште поинтересна фаза од доцниот неолит, а тоа е неговиот крај, односно последните етапи од овој долг период од човековиот развој. Изборот на темата зависеше директно пред сè од резултатите од археолошките истражувања на Цоцев Камен во 2020 год. каде што беа пронајдени остатоци од четири културни слоеви, од коишто три од средниот неолит и еден од доцниот неолит. Откриената ситуација на ова место многу добро се совпаѓаше со предложениот наслов на докторскиот труд, при што се пристапи кон дефинирање на конечниот наслов. Имајќи предвид дека веќе со магистерските студии беше заокружена една територија од Централен Балкан, беше неопходно да се прошири и географската рамка која требаше да се обработува. Водејќи се според хидрологијата и географијата на овој дел од Балканот, беше јасно дека ќе треба да се заокружи една територија на Централниот Балкан, која е отворена кон Егејското Море. Не беше тешко да се дефинира територијата врз основа на трите најголеми реки кои припаѓаат на Егејското сливно подрачје, односно Струма, Вардар и Халијакмон. Откако попрецизно беа обележани границите на оваа територија можеше да се забележи дека во најголем дел станува збор за територијата Македонија, која го зафаќа токму овој дел од Балканот. Насловот на докторскиот труд беше дефиниран како „Крајот на неолитскиот период на Централен Балкан“.

Откако беше определен насловот на докторскиот труд, требаше да се дефинираат правците и методите на истражување, кои треба да дадат задоволителен и аргументиран одговор за причините кои довеле до крај на неолитскиот период. По прегледот на основната литература која се однесуваше генерално за културите и културните блокови од доцниот неолит на Балканот, веќе можеше да се определат насоките низ кои ќе се одвиваат понатамошните истражувања. Втората фаза од истражувањата подразбираше селекција на локалитетите и издвојување на неколку населби кои се археолошки ископувани и соодветно презентирани. Околу 80 локалитети ќе бидат делумно обработени, од коишто половина ќе бидат презентирани подетално, со посебен осврт на населбинскиот систем и архитектурата, како и керамичката продукција, како главни културолошки и социјални вредности на човекот.

Обемната бројка, како и различниот културолошки развој на заедниците, предизвикан од геоморфолошките карактеристики на оваа територија, ја наметнаа потребата од издвојување на неколку поголеми макро региони, во склоп на кои ќе бидат обработени издвоените локалитети. Со таквиот пристап ќе можеме да ги забележиме и мегусебните влијанија и односот помеѓу заедниците од различни територии. За таа цел, целата територија беше поделена на 6 различни географски зони, кои покажуваат интересен меѓусебен развој и влијанија во одредени фази, што јасно ги отсликуваат движењата и комуникациите помеѓу населението. За подетална и попрецизна обработка на достапниот материјал, ние овде се решивме проблематиката да ја разработиме преку следните 5 прашања кои навлегуваат во суштинските аспекти на овој транзиционен период, а одговорите на нив ги дефинираат причините и културно-историскиот развој на настаните.

*Што се случило?* Е основното прашање кое ги дефинира целите на понатамошното истражување. Во овој случај одговорот на ова прашање се состои во самиот наслов „Крајот на неолитскиот период...“, одговор кој е посебно провокативен пред сѐ поради тоа што се обработува крајот на последната т.н. „камена ера“ од постоењето на човекот. Одговорот на прашањето „што се случило?“, само по себе отвора голем број на нови прашања, од коишто неколку ќе бидат подетално обработени овде.

*Каде се случил?* Ова прашање се однесува на географијата, односно на која географска територија се случил крајот на неолитот. Одговорот на ова прашање беше дефиниран преку анализа на доцнонеолитските култури на Балканот и нивната

географска распространетост. По прегледот на соодветна литература стана јасно дека на Балканот се издвоуваат неколку поголеми културни блокови кои најчесто се врзуваат за поголеми географски целини. Со цел да се дефинира одредена географска целина, покрај културните блокови, требаше попрецизно да се дефинира и поимот *географски регион*, односно *географска целина*. Фактот што од најстарите времиња, па до ден-денес, главните рути преку кои комуницирале заедниците поминуваат околу речните текови, беше пресуден за да ја дефинираме нашата територија токму преку трите најголеми реки на Егејското сливно подрачје од Балканот. Се работи за територијата околу реките Струма, Вардар и Халијакмон, географски затворајќи ја територијата наречена Македонија. Дел од доцнонеолитските населби од оваа географска регија овде ќе бидат подетално разгледани и разработени, сѐ со цел да добиеме подетални одговори на останатите прашања. Целата територија, врз основа на одредени културни и географски вредности и карактеристики ќе биде поделена на 6 засебни зони, кои се поврзани помеѓу себе преку трите големи реки.

*Кога се случил?* Е клучното прашање за определување на временската рамка која овде ќе се обработува, а која се однесува пред сѐ на последните неолитски фази. Овде најпрво ќе биде направен детален преглед на хронологијата и периодизацијата на доцнонеолитските култури и населби од оваа територија. Врз основа на тие сознанија, базирани врз основа на неколку различни предлог-хронологии од страна на еминентни познавачи на проблематиката, ќе биде направен обид за синхронизација на доцнонеолитските фази од сите 6 зони посебно. Временската рамка која овде ќе биде обработена, односно доцниот неолит, опфаќа период од околу 1000 год., почнувајќи постепено од околу 5500 год., па сѐ до 4500 год., време кога ќе дојде до целосна афирмација на новата енеолитска култура. Целокупниот развој, појва и крај на доцниот неолит ќе биде поделен во две фази, фаза I (5500-5000) и фаза II (5000-4500). Дополнително, овие две фази ќе бидат поделени на две под фази I-Ib и IIa-IIb, преку кои е документиран почетокот, развојот и крајот на доцниот неолит на оваа територија.

*Како се случил?* Одговорите на ова прашање можеме да ги бараме кај речиси сите аспекти од животот на човекот во првата половина на 5 мил. Населбинсиот систем, може да биде клучен во разбирањето на одредени општествено-економски промени кон крајот на доцниот неолит, а најдобро можеме да го пратиме преку анализа на топографијата, стратиграфијата, архитектурата, и на крајот преку меѓусебните комуникации помеѓу населбите, кои всушност го создаваат и самиот *населбинскиот систем*. Од друга страна,

пак, ние како археолози, најчесто сме заинтересирани за материјалната култура, односно за движните наоди пронајдени при ископувањата кои може да бидат доста атрактивни и податливи. Во праисториските времиња, особено во неолитот, најдоминантна е *садовата керамика*, која пак, во исто време носи и најмногу пораки со себе. Во овој труд населбинскиот систем и керамичкиот материјал ќе бидат подетално обработени, и врз основа на нив ќе бидат предложени одредени заклучоци, но и ќе се отворат доста нови прашања кои во иднина треба да бидат разработени.

*Зошто се случил?* Е главното прашање, односно главна цел на овој труд. Овде ќе бидат комбинирано разработени сите претходни податоци кои ќе бидат изнесени за климата, географијата, населбинскиот систем и керамичкиот материјал, а ќе стане збор и за географски истите, но временски различните населби од доцниот неолит и подоцнежните (пра) историски времиња. Посебно внимание ќе биде посветено на етнолошките податоци за населението помеѓу горното течение на Струма и Вардар, каде што припаѓа и населбата Цоцев Камен, којашто овде ќе биде посебно обработена. Географијата и климата го креирале и самиот населбински систем на одредена територија, без разлика дали станува збор за праисториски периоди или за недалечниот 18-19 век од нашата ера, кога на оваа територија се јавуваат населби, вистински пандан на доцнонеолитскиот населбиснки систем. Комбинираното проучување на историјата и етнологијата со праисториските времиња, особено во поглед на населбинскиот систем и дефинирањето на одредени движења и влијанија, методолошки може да послужат како добра основа врз која ќе се обидеме да створиме единствена културно-хронолошка рамка за крајот на неолитот на овој дел од Балканот. Крајот на неолитскиот период ќе предизвика „тектонски" пореметувања во населбинскиот систем и намалување на интензитетот на населување. Искачувањето и формирањето населби на повисоките позиции ќе го обележат идниот енеолитски период, време кога човекот започнува да живее на високите, тешко достапни и доминантни позиции, каде ќе ги помине следните четири милениуми од неговиот развој, постојано бранејќи се, и скривајќи се од *другите*. Таквиот развој на населбинскиот систем ќе биде значително променет во времето на Филип II, кога тој ќе го симне населението од планините и ќе го насели во, и покрај градовите, да живее по одредени правила и да помогне во изградбата на Македонското кралство во антиката. Таквиот развој на населбите во епохите пред Христос, односно пред новата ера (пр. н.е.), многу добро зборува за значењето и посебноста на неолитскиот период, особено за неговите последни етапи кога ќе дојде до значајни

климатски промени кои силно ќе се одразат и врз културолошките обележја на населението на оваа територија.

Во склоп на овие прашања ќе се обидеме да дојдеме до што е можно повеќе податливи и аргументирани податоци за крајот на неолитот. Првите четири прашања главно ќе бидат обработени врз основа на достапната литература за доцнонеолитските локалитети на овој дел од Балканот, со исклучок на прашањето *како?*, во кое ќе бидат посебно обработени населбите Цоцев Камен кај Кратово и Орловица кај Скопско. Првите истражувања на населбата Цоцев Камен беа преземени во рамките на проектот за интензивно рекогносцирање на локалитетот во 2018 год. под раководство на мојот драг колега, проф. д-р Дамјан Донев.[2] Откако беа документирани границите на неолитската населба, во 2020 год. започнаа првите археолошки истражувања на неолитските слоеви под раководство на авторот. Имајќи предвид дека главен услов за завршување на докторски студии по археологија би требало да биде реализација на археолошки ископувања или рекогносцирања, како главни археолошки методи, не беше тешко да се претпостави дека докторатот ќе биде поврзан со ископувањата на Цоцев Камен. Документирањето на четирислојна населба од неолитот беа директно поврзани и со дефинирањето на насловот на докторскиот труд, кој беше предложен во соработка со менторот во 2021 год., една година пред да започнат истражувањата на Цоцев Камен 1. Оваа населба се наоѓа на околу 500 метри јужно од Цоцев Камен, а археолошки ископувања беа преземени во 2022 и 2023 год., кога беа документирани слоеви од доцниот неолит и раниот енеолит. Таквата ситуација целосно се вклопи токму за целите на овој труд, во кој овие два неолитски пункта ќе бидат детално обработени, со посебен осврт на методологијата на ископување, стратиграфијата и обработката на целокупниот движен и недвижен материјал, кој може да ни помогне за решавање на дел од прашањата поврзани со крајот на неолитскиот период. Втората населба која ќе биде обработена подетално е населбата Орловица кај с. Ракотинци, Скопско. Овој археолошки пункт беше одбран поради тоа што имав чест да учествувам во ископувањата во 2012 и 2013 год. кои беа под раководство на проф. д-р Драги Митревски кога беше откриен објект од раниот енеолит. Пресуден сепак беше фактот што при посетата на Орловица 1 и Орловица 2 беа пронајдени фрагменти од доцниот неолит, со што се покажа дека на ова

---

[2] Овде би сакал да изразам огромна благодарност до проф. д-р Дамјан Донев што бев вклучен во проектот за рекогносцирање во 2018 год. кога беа документирани неолитски слоеви коишто подоцна ги ископувавме, како и за сите конструктивни, долги и „тешки" муабети кои со задоволство ги водевме, и ќе ги водиме

место може да се следи преодниот период од неолит кон енеолит. Поврзаноста на оваа населба со Цоцев Камен може да се следи како преку хронолошката припадност, така и преку промените и развојот на населбинскиот систем и керамичкиот материјал.

Преку овие две населби ќе се обидеме да направиме соодветен модел за крајот на неолитот и почетокот на енеолитот, и да го имплементираме и споредиме со населбинскиот систем и керамичката продукција со населби од останатите географски зони. Овие синхронизации и паралели, ќе бидат надополнети и преку компарација со помладите праисториски и историски епохи, со посебен осврт на етнографските паралели, особено за населбата Цоцев Камен. Со еден таков поширок пристап, со вклучување и на други науки кои се занимаваат со човековото минато сметаме дека можеме подобро да ги разбереме причините и процесите кои довеле до крај на неолитот.

## 1. *КАДЕ* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ?

Ова прашање се однесува на територијата која овде ќе биде обработувана, односно географските граници кои ќе бидат опфатени во овој труд. Дефинирањето на географската рамка директно зависеше од речните сливови на Струма, Вардар и Халијакмон, како и од природната граница со планини од над 2000 м.н.в. која ја издвојува од соседните поголеми региони на Балканот. Покрај геоморфолошките карактеристики на регионот, овде ќе бидат презентирани и климатските услови во 5 мил., со цел да дознаеме повеќе за влијанијата на климата врз културно-општествените промени на населението кон крајот на неолитот.

Балканскиот Полуостров го зафаќа југоисточниот дел од Европа, област низ која во текот на целата човечка историја комуницираат луѓето од западните и северните европски територии од една страна, со оние од Северна Африка и Блискиот Исток од друга страна (кар. 1). Доколку на таа географска „грандиозност“ која му се препишува на Балканот, се додадат и контактите и влијанијата од исток и североисток, тогаш станува јасно дека овој полуостров одиграл клучна улога во формирањето на првите праисториски култури во Европа, од кои произлегле првите племенски водичи, кралства, држави, републики и други облици на владеење и контрола над населението на овие простори. Досегашната историја многу добро сведочи за улогата на „раскрсница“ на Балканот, кој многу често се наоѓал помеѓу интересите на поголемите воено-економски сојузи кои отсекогаш имаат разни цели и аспирации кон оваа територија, оставајќи цврсти траги запишани во историјата и нејзината непоправлива егзактност.

Како нераздвоен дел од Балканот, територијата на Македонија[3] била цел на разни движења, освојувања, разни културни, економски и политички влијанија. Комуникациите и движењата на човекот се одвивале по однапред утврдени рути, избирајќи го секогаш најлесниот начин да се помине одредена територија, притоа несвесно навраќајќи се на нив низ целокупното човечко минато, почнувајќи од првите праисториски мали (т.н. козји) патеки, па преку античките, римските и средновековните патишта кои генерално биле користени и од Турците, па сѐ до модерните патишта, кои речиси секогаш се наоѓаат во близина на некои историски траси. Најчесто тие движења се одвиваат низ котлините и речните клисури, односно преку самите реки, поврзувајќи ги соседните поголеми или помали географски целини. Во продолжение ќе биде

[3] Во овој труд под терминот „Македонија“ ќе се подразбира територијата на географска Македонија, вклучувајќи ги Пиринска, Егејска и Вардарска Македонија

направен еден детален преглед на географските карактеристики на Централен Балкан, односно на територијата на Македонија и сливните подрачја како дел од неа, со посебен акцент на улогата на географијата врз развојот на првите населби и култури на овие простори.

### 1.1. Територија и географски карактеристики на Централен Балкан

Територијата за којашто ќе стане збор во овој труд се простира на една поголема површина на Централниот Балкан (кар. 2). Од околу 1200 километри должина на граничната линија, 500 километри се тешко достапен и преоден терен, околу 640 километри излегуваат на море и околу 100 км се полесно прооден терен, притоа затворајќи територија од околу 76 000 км². Процентуално изразено, околу 40% е тешко прооден терен, околу 50% од површината излегува на море, и нешто помалку од 10% е лесно прооден терен накај соседните региони. На оваа територија се среќава разновиден релјеф, хидрографија, геологија и други природни ресурси кои овозможуваат континуиран развој низ целата човекова историја, почнувајќи од палеолитот, па сè до ден-денес.

Јужната граница на оваа територија го опфаќа целиот морски брег помеѓу планините Олимп (2917 метри надморска височина) на запад, и Фалкаро (2232 м.н.в.) на исток.[4] Во правец од Фалкаро кон север продолжуваат планинските венци на Боздаг Шарлија, Црна Гора, Стргач, Славјанка (Гоцев Врв 2212 м.н.в.) и Сенгелска Планина. Овој планински венец кон север се надоврзува на високите и непроодни Пирин (Вихро 2914 м.н.в.), Рила (Мусала 2925 м.н.в.) и Витоша (2290 м.н.в.) како крајна северозападна точка, планински масиви кои ја затвораат источната граница на нашата територија.

Од Ватоша кон запад се наоѓа Пернишката област којашто е најсеверната котлина по течението на Струма и на север е издвоена од Софиското Поле со ниските планини Завалска, Вискјар и Лолин (Чохаджиев 2007). На исток од Пернишката област следува предел Крајиште кој со неговите западни ограноци Стрешер и Чемернин се поврзува со Грделичката Клисура. Оттука кон запад продолжуваат тешко проодните Владичин Хан (Лисац 1386 м.н.в.), кој се спушта кон југ, од каде преку Јужна Морава и Рујен се надоврзува со Скопска Црна Гора која го затвора северозападниот дел.

[4] Височините на споменатите планини се превземени од https://en.wikipedia.org/ и од школска географска карта на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издадена од: *ЗАВОД ЗА КАРТОГРАФИЈУ „ГЕОКАРТА“Београд 1984 год.*




Карта 1. Територијата на јужниот и Централен Балкан со позиционирани доцнонеолитски локалитети кои се дел од овој труд (**жолти**-речни тераси; **црвени**-тумби; **зелени**-населби на повисоки позиции; **бели**-рамни/отворени населби; **плави**-езерски/палафитни населби; **црни**-непознато)




Карта 2. Географски граници на територијата на Централен Балкан (Македонија)

На запад од Скопска Црна Гора се наоѓа Шар Планина (Титов Врв 2747 м.н.в.), од која започнува целиот масив на западната граница преку Кораб (Голем Кораб 2753 м.н.в.) и Дешат, којшто е одделен од Јабланица (2257 м.н.в.) на југ со клисурата на Црни Дрим. Јужно од Јабланица, а западно од Охридското Езеро се протега еден голем, висок ридскопланинаски појас со највисока точка кај Валамаре со 2373 м.н.в. Овој појас завршува со клисурата на реката Девол којашто излегува кон запад од Корчанската регија и продолжува кон Јадранското Море. Од овде кон југ повторно се протегаат ридско-планински масиви коишто завршуваат со Грамос (2520 м.н.в.) и Пиндос (Смоликас 2637 м.н.в.), заокружувајќи ги краевите на западната граница. Источните ограноци на Пиндос преку неколку пониски планини се поврзуваат со Камбуниа и

понатаму со Олимп, каде што завршува копнената граница на оваа територија и започнува егејскиот морски брег.

### 1.1.1. Сливни подрачја

Веќе погоре беше кажано дека на територијата на Централен Балкан има три главни сливни подрачја коишто гравитираат кон Егејското Море. Во ова поглавје ќе биде посветено поголемо внимание на реките и хидрографијата, како главни ресурси за човековото постоење, што подразбира биолошка потреба на човекот за вода, за комунални активности, за ловење, за транспорт и уште многу други секојдневни потреби, како во праисторијата, така и до ден-денес. Уште од најрани времиња, главни места за комуниција помегу луѓето се реките и речните клисури кои се пробиваат низ тешко проодни места, поврзувајќи помеѓу себе одредени помали или поголеми географски регии. Токму поради тоа во ова поглавје ќе биде посветено поголемо внимание на реките и речните подрачја, со цел да ги предвидиме рутите по кои неолитскиот човек патувал и комуницирал со соседните населби.

***Струма***

Најпрво ќе биде обработено течението на р. Струма која тече од север кон југ, притоа поминувајќи низ неколку помали или поголеми географски целини. Почнувајќи од север, овде ќе бидат опфатени Пернишко-радомирско Поле, Ќустендилско-благоевградската регија, Санданско-струмичката целина, Драмската и Сереската Котлина која излегува на Егејското Море кај Амфиполис (кар. 3). Реката Струма е долга околу 415 км и извира под Витоша, од каде што до Радомир тече кон исток, за после да сврти кон југ и да тече во тој правец до влевањето во Егејско Море. Во Струмскиот басен се среќаваат поголеми или помали котлини, ридскопланински места, големи планини со разновидна флора и шумски свет, голем број на помали рекички, огромна површина на обработлива земја и пасишта. Во своето течение Струма собира голем број на помали и поголеми реки и притоки меѓу кои за издвојување се: Бистрица, Драговештица, Елешница, Копривец, Сушица, Струмешница и многу други помали реки и притоки (Чохаджиев 2007). Сите овие поголеми или помали притоки го сочинуваат сливното подрачје на Струма, која овде се јавува како главна артерија по која се пренесувале идеите, технолошките знаења и други разни влијанија кои се движеле во правец од југ кон север и обратно, а биле клучни во формирањето на културните белези и особености на доцнонеолитските заедници.




Карта 3. Струмско сливно подрачје

***Вардар***

Вардарското сливно подрачје претставува насголема регија на целата територијата која овде ја обработуваме. Директно или индиректно, со ова сливно подрачје се поврзани: Косовско Поле, Полог, Скопско-кумановската регија, Овче Поле со Тиквешијата, Пелагонија од запад, Гевгелиско-валандовскиот регион кон југ, од каде се отвора широкото Солунско Поле (кар. 4). Реката Вардар извира кај селото Вруток на јужниот дел од Полошката Котлина, во првите 22 километри Вардар тече кон север до планината Жеден, од каде свртува кон југоисток, кон Скопското Поле и од овде низ Таорската Клисура продолжува кон југоисток сѐ до Демир Капија, од каде пак, после клисурата свртува кон југ сѐ до вливот во Егејското Море. Течението на Вардар природно е поделено во три дела кои помеѓу себе се пресечени со две големи клисури, Првата поголема клисура е Таорската Клисура со должина од 31 км, а втората е јужно од неа кај Демир Капија, познатата Демиркаписка Клисура која има должина од околу 20 км (Панов 1976).




Карта 4. Вардарско сливно подрачје

Овие природни порти го делат Вардарскиот регион на три географски целини како: Горновардарски, Средновардарски и Долновардарски региони. Горновардарскиот регион се простира од изворот па сè до влезот во Таорската Клисура. Средновардарскиот регион се простира јужно од Таорската Клисура низ Тиквешијата до влезот во Демиркаписката Клисура, и на крајот во Долновардарскиот регион спаѓа територијата од Демиркаписката Клисура до вливот на Вардар во Егејското Море (Митревски 2013). Вардарското сливно подрачје го сочинуваат неколку помали или поголеми реки меѓу кои за издвојување се: Пчиња со 135 км, Брегалница-225 км, Црна Река-207 и Треска-138 км (Панов 1976). Преку овие реки главно се одвивале комуникациите на заедниците помеѓу себе, но и со соседните региони во околината. Севкупно гледано сливното подрачје на Вардар зафаќа огромна територија, почнувајќи од Грдалечка Клисура на север па сè до Егејското Море, притоа во себе вклучувајќи ги териториите на исток до Осоговските Планини, додека пак кон запад Пелагонија и Кичевијата.

***Халијакмон***

Оваа река е позната и како Бистрица, а извира од северните падини на планината Грамос којашто ја означува југозападната граница на територијата во овој труд. Своето течение го започнува кон исток и после 20-тина км свртува кон југ и тече сè до западните падини на Камбунија од каде свртува кон североисток и после теснецот кај Вермиум навлегува во Солунско Поле, каде се влева во Егејското Море на околу 10 км западно од реката Вардар. За разлика од претходните две региони, ова сливно подрачје е значително

помало, со разновиден, ридско-планински релјеф (кар. 5). Територијата низ која минува оваа река е доста разиграна со многу ритчиња од кои се спуштаат помали рекички кои се влеваат во неа. Генерално гледано, може да се издвојат три микро целини, издвоени со повисоки планини. Такви зони би биле Костурската географска целина во горното течение, Кожанско Поле во средното течение и Солунскиот залив во долното течение на реката коешто го дели со Вардар. Во средното течение овој речен слив се проширува кон север кон Леринско и Островското Езеро, од каде се излегува кон Пелагонија на север.




Карта 5-Сливно подрачје на Халијакмон

***Црн Дрим***

Ова сливно подрачје за разлика од претходните не спаѓа во егејскиот слив на југ, туку е поврзано со јадранскиот брег на запад. Црн Дрим извира од Охридското Езеро и тече кон север низ Струшкото Поле каде што после 20-тина км навлегува во големата и непроодна клисура помеѓу планинните Јабланица и Караорман, и понатаму низ јужните и западните ограноци на Кораб и Дешат. Единствена целина која се јавува на ова место е Струшката Котлина која била единственото место со погодни услови за живот во неолитот по течението на оваа река. Преку реката Радика којашто се влева од север во Црн Дрим ова сливно подрачје е отворено кон северните региони и Полошката Котлина.

*Јужна Морава*

Оваа река се формира северно од Скопска Црна гора од каде што р. Биначка Морава се спојува со р. Прешевската Моравица кои се соединуваат западно од Бујеновац и ја формираат Јужна Морава. По течението кон север кај Прешевскиот базен таа навлегува најпрво во Врањачката Клисура и понатаму во Врањачката Котлина. На излезот од котлината продолжува кон големата и тешкопроодна Грдалачката Клисура која е воедно и северната граница на нашата територија. Јужна Морава во понатамошниот тек на север преку Лесковачко Поле продолжува кон Нишката Котлина и понатаму на север, заедно со Велика Морава се влева во Дунав, односно во Црноморското сливно подрачје (Милановић 2016).

### 1.1.2 Географски целини

За да опстојува, најпрво како група или племенска заедница, човекот морал покрај себе да ги има неопходните услови за живот како што се вода, услови за земјоделие, неопходни растенија и животни, услови за лов и риболов итн. Со припитомувањето на животните се појавиле нови потреби и се зголемиле апетитите на човекот, како за храна, така и за нови територии со подобри природни услови за живот. Почетокот на седиментарниот начин на живот е обележан со зголемување на заедниците и населбите, особено на територијата на Јужен Балкан. Во потрага по подобри услови за развој на земјоделие и сточарство тие најчесто ги населувале котлините каде што има обработлива површина, но и пасишта, коишто до ден-денес се користат за истите цели. Таквите населби биле создавани најчесто во рамките на една географска целина, чијашто големина ќе го диктира обемот и темпото на населување.

Појавувањето и издвојувањето на одредени поголеми културно-економски центри исто така е поврзано за расположивата територија и ресурси во околината. Токму поради тоа, во праисториските и историските времиња, па сѐ до ден-денес, на оваа територија се издвојуваат неколку поголеми центри, сместени во одредени географски целини, или помали населби во конзервативните региони поврзани најчесто со земјоделство, сточарство или рударство. Доколку во денешно време модерните градови помеѓу себе формираат една *држава* како политичко уредување, во праисториските периоди пак, населбите комуницирајќи помеѓу себе формирале т.н. културни групи или поголеми културни блокови, кои се цел на денешните истражувачи, вклучувајќи го и овој труд. Развојот на овие култури и населбите во нив, најдобро можеме го следиме

преку неколку десетици подобро истражени локалитети, кои ќе бидат главна цел на истражување. Обработката на материјалот ќе биде направен по засебни региони, за да можем на крајот да изнесеме повеќе податоци за транзицијата од каменото кон бакарното време. [5]

***Зона 1***

За да го задржиме редоследот од претходното поглавје и овде ќе почнеме со обработка најпрво на географските целини од сливот на р. Струма (кар. 8. 1). Почнувајќи од север, како посебна целина се издвојува *Пернишко-радомирската* област, која претставува природно заградена целина од сите четири страни. На северниот крај на котлината се издигаат ниските планини Завалска, Вискар и Лолин преку кои се граничи со Софиско Поле кон северозапад. Се работи за пониски планини распоредени во правец исток-запад помеѓу кои има околу 10-тина километри помал ридски предел, така што комуникацијата со север е доста полесна за разлика од западните и источните предели. На исток се наоѓаат високите Витоша и Верила, а на запад Милевска и Руј од областа Краjиште. На југ оваа територија граничи со Ќустендилско-Благоевградска област. Помеѓу овие две територии се простира еден појас од пониски планини коишто паѓаат од исток и запад и се спојуваат кај денешното Дјаковско Езеро, северно од Дупница (Чохаджиев 2007).

Следната географска област во зона 1 е поголемата *Ќустендилско-Благоевградска* целина, оградена од исток со Рила и Пирин, а од запад со Влаина преку која се комуницира со Пијанечко-малешевскиот регион. Кон север следуваат Осоговските Планини и Краjиште како нај северозападна граница. Јужната граница е дефинирана со Кресnанската Клисура којашто е долга околу 30-тина км. Освен со регионите на север, комуникацијата со оваа регија е можна и од запад преку Пијанечко-малешевскиот регион, како и северно од Осоговските Планини кај Крива Паланка.

***Зона 2***

Јужно од Креснанската Клисура се отвора Санданската Котлина која заедно со Струмичката Котлина од исток претставуваат една географска целина која овде ќе биде именувана како *Санданско-струмичка* целина или зона 2 (кар. 8. 2). Оваа географска

[5] Имајќи предвид дека една од главните придобивки во неолитот се керамичките садови, односно раѓањето на керамичкиот занает, неолитскиот период слободно може да се нарече и ***Керамички Период***

целина е составена од Сандански, Петрички и Струмички области, кои се природно конектирани на вливот на Струмешница во Струма. Источно од оваа регија се простира Пирин Планина која го затвора овој регион во правец кон Родопите и Тракија, додека пак на југ се простира планината Беласица која е со ориентација исток-запад, затворајќи ја Струмичката Котлина. На северозападниот крај на оваа географска целина се простираат Огражден, Малешевските Планини и Плачковица кон запад. Комуникациите се полесни кон запад, односно кон реката Вардар, како и кон југ преку Рупелска Клисура, долга околу 12 км од каде се излегува кон долното течение на Струма.

***Зона 3***

*Источен дел*

Како најјужна географска целина на овој Струмски слив се наоѓа *Драмско-серската Котлина* којашто и покрај тоа што завршува пред самиот влив на Струма во Егејското Море сепак не е целосно отворена кон југ поради теснецот кој се јавува пред вливот во морето (кар. 8. 3Е). Се работи за една поголема географска целина со голем број на помали реки кои се спуштаат од околните планини и се влеваат во Струма. Пристапот до море е отежнат со Бешик и Пангај, планини кои се пресечени со клисурата кај Амфиполис. Другиот полесен пристап до море е на југот од Драмската Котлина кај Кавала. Од источната страна спрема реката Неста оваа целина е одвоена со планинскиот предел Кастаниес, одвојувајќи ја Драма од реката Нестос (Места). На север источната граница продолжува со Фалкаро, Славјанка и Сенгелската Планина. Северната граница завршува со Рупелската Клисура и Беласица на запад. Западната граница се движи по планините Круша и Бешик. Оваа географска целина се јавува како мост помеѓу грчкиот југ и Анадолија од југоисток од една страна, и средното течение на Струма и внатрешноста на Балканот од друга страна. Овде поминувале сите позначајни културни, економски и воени влијанија, формирајќи една патна мрежа, како по морски, така и по копнен пат.

*Централен дел*

По излезот од Демиркаписката Клисура, реката Вардар навлегува во Гевгелиско-валандовскиот крај и оттука кон југ се отвора големото *Солунско Поле* (кар. 8. 3С). Овој регион го опфаќа централниот дел на зона 3, а се работи за една ниска, рамна котлина низ којашто протекуваат повеќе помали реки кои останале од пресушувањето на мочуриштето по долното течение на Вардар. Дел од овие реки се влеваат во Вардар, а

дел завршуваат во Егејското Море. Ова поле е затворено од исток, север и запад со планински појаси, а кон југ е отворено кон Егејското море. Почнувајќи од исток, веднаш над Солун се наоѓа планината Кисос која навлегува во Халкидики и го одвојува Солунско Поле од полуостровот. Северно од оваа планина се наоѓа една поширока клисура во која се наоѓа Лангадашкиот басен преку кој се коминуцира со источниот дел на зона 3, односно со долна Струма. Комуникацијата со северниот дел на Сереската Котлина е полесна и јужно од Беласица, односно кај Дојранското Езеро. На север Солунското Поле е затворено со Беласица, Демиркаписката Клисура, Кожув и планината Пајак која го дели Мегленскиот регион од Солунско Поле. Западната граница на оваа географска целина завршува со Ниџе и нејзините јужни ограноци, како и Каракамен (Вермион) која завршува кај Халијакмон, од каде, пак, на југ се издига Олимп. Јужниот крај на централниот дел од зона 3 завршува со Пиериа каде се контролира западниот брег на морето.

*Западен дел*

Овој дел го опфаќа всушност течението на Халијакмон, по чије течение се среќаваат претежно планински предели низ кои се пробиваат повеќе рекички, во главно помали планински сливови на Халијакмон (кар. 8. 3W). Оваа поголема регија може да се подели на три дела, поврзани со горното, средното и долното течение на Халијакмон. Северната граница на овој регион е Преспанското Езеро, каде се наоѓа и преминот од Костурско Поле кон Корчанско на запад и зона 6. Од запад, планините Грамос на север и Пиндос на југ ја означуваат западната граница на оваа регија, изолирајќи ја кон запад и југозапад. Како таква, оваа географска целина во минатото имала интензивни комуникации со соседните региони кон Корча, Тесалија, како и Кожанската Котлина и Пелагонија (Borza, 1992). Сместени во една таква географска целина, заедниците од овие предели ќе се најдат во една раскрсница низ која минувале повеќе патишта преку кои комуницирале неолитските култури од Егејот и Тесалија со нивните современици од јадранскиот брег кон запад и Пелагонија кон север.

***Зона 4***

Оваа зона ја опфаќа територијата на горното и средно течение на Вардар, а во неа се наоѓаат неколку поголеми котлини (кар. 8. 4). Почнувајќи од горното течение на Вардар прв регион е Полошката Котлина којашто на север и запад е оградена со Шар Планина и нејзините ограноци. На југ границата продолжува кон Буковец и Бистра,

преку кои што, иако отежнато сепак е возможна комуникација на југ со Кичевската Котлина. Од исток се наоѓа Сува Гора и Жеден како североисточна граница. На исток комуникацијата е значително полесна преку Жеденската Клисура и Тетовската суводолица.

Следниот регион е Скопско-кумановската област кон која ќе биде приклучена и територијата на Прешевско-врањанската Котлина. Природните граници на овој регион се определени со потешко проодни планини, но и со клисури и помали ритчиња кои ја олеснуваат комуникацијата. На север, комуникацијата е возможна преку Јужна Морава и Грдалачката Клисура, од каде се излегува во Лесковачката Котлина. На исток оваа регија е одделена од горна Струма преку Широка Планина, Герман и Осоговските Планини со своите западни ограноци. Најлесна комуникација е можна кон Овче Поле и Велешко преку ниските премини на Манговица и Градиштанска Планина. Понатаму кон југозапад Скопската Котлина е затворена од Водно, Караџица и Сува Гора, меѓу кои преку реката Треска е овозможена комуникација кон југ со Пелагонија.

Третиот поголем регион е Овчеполско-тиквешкиот, кој се издвојува како една поголема географска целина поделена помеѓу себе со ниските северни ограноци на Серта. Североисточната граница на овој регион е затворена од Осоговските Планини кои се издигаат над Кочанско. Границата со Скопско-кумановската област беше веќе погоре презентирана и од овде комуникацијата не е воопшто тешка. Ситуацијата е нешто поразлична кон запад, каде почнувајќи од север се протегаат тешкопроодните Голешница, Јакупица, Бабуна и Дрен кои го затвораат Велешкиот и Тиквешкиот дел. Комуникацијата со Пелагонија на запад е возомжна по течението на Бабуна, Раечка и Црна Река. На јужниот крај на Тиквешијата се наоѓа Демиркаписката Клисура која е природна граница кон југ, а од исток кон Радовишко се затвора со планината Серта.

Посматрајќи ја како целина оваа територија, може да се забележи дека има централизирана улога и доста отворена комуникација со соседните области преку одредени клисури и котлини. Поради таквата географска позиција на оваа регија населбите кои тука опстојувале во неолитскиот период биле во непрекиден однос со културите од соседните области, особено со тие од север и исток.

***Зона 5***

Оваа географска целина е всушност самата Пелагонија која овде посебно ќе биде обработена поради тоа што се работи за една компактна зона, затворена од сите страни

со поголеми планини (кар. 8. 5). Почнувајќи од исток, оваа котлина е заградена со планините Ниџе, Мариово, Дрен и Бабуна кон север. Комуникацијата низ овие планински масиви е можна преку премините по реката Раец и Црна Река кои кон исток излегуваат во Тиквешко. Северната граница е затворена од високите Јакупица, Караџица и Даутица, со единствен прелаз кон север преку реката Треска која излегува во Скопското Поле. Од запад се протегаат неколки помали планини кај Крушево и Демир Хисар, од кои кон југ се издига Баба Планина. Комуникацијата со областа околу Преспанско Езеро и Охридско Езеро е можна преку Ѓавото, доколку пак преку Црна Река се поврзува со Кичевската Котлина кон север. Комуникацијата е најлесна кон југ, односно кон средното течение на Халијакмон од каде поминувала и римската Виа Егнатија која минувала кај Леринско и Островско Езеро. На запад од Пелагонија, односно Зона 5, се наоѓа езерската област која овде е заокружена како зона 6.

***Зона 6***

Оваа регија се наоѓа на југозападниот крај на територијата која овде се обработува. Генерално можеме да направиме поделба на јужен и северен дел, односно јужно и северно од Охридското и Преспанското Езеро. Западната граница на овој регион може да се дефинира со Јабланица, како и високиот планински појас западно од Охридското Езеро, со Мокра Планина. Во југозападниот дел се наоѓа клисурата на реката Девол која излегува кон запад од Корчанската регија и продолжува кон Јадранското Море. Од овде кон југ повторно се протегаат ридско-планински масиви коишто завршуваат со Грамос и Пиндос, затворајќи ја западната граница. Се работи за една специфична географска целина во која се среќаваат влијанија од соседните области од Јадранот, Пелагонија и Тесалија кон југозапад.

### 1.2. Клима

Климатските услови, наједноставно кажано претставуваат „диригенти“ на човечкиот живот, појавата и развојот на неговите населби, архитектурата, економијата, културата и многу други фактури кои зависат директно од климатските карактеристики и погодности во одредено поднебје. Територијата за која овде станува збор во себе содржи разни климатски зони, типови и влијанија, определени пред сè од географските и геоморфолошките карактеристики на регионот. Во јужните региони доминира медитеранската клима, додека пак северниот, внатрешен дел се карактеризира со доминација на континенталната клима која се меша со медитеранската по средното

течение на Струма и Вардар. Планинските масиви и вегетацијата дополнително влијаат врз климатските услови, особено во зимските периоди кога од нив се спуштаат ладни ветрови, проследени со многу студени зими (Милевски 2008; Dalezios R., Bartzoka 2009; Näslund 2009).

Јужно од нашата територија е регистрирана повисока просечна температура со оптимално благи зимски периоди, како и топли и суви лета кои може да достигнат и до 24°C просечна температура. Следејќи го температурниот просек во последните 120 години забележан е постојан пораст во температурите и потопли, суви и долги лета, со просечни врнежи од 400-600 mm. (Näslund 2009).[6] Анализирајќи ги условите за земјоделие на територијата на долен Вардар со примероци од неколку локации, забележано е дека околу 270 дена во годината се без дожд, или со значителено мала количина на дожд во летните или есенските месеци. Поголеми врнежи се забележани во март, април и ноември, а забележано е исто така и дека дождовите после 185-тиот ден се индикација за жнеење на житните производи. Овој интересен факт директно ја условува организацијата на целата работа и обврски околу производството на храна за една заедница, што најверојатно била пракса за организација и кај неолитските заедници (Dalezios R., Bartzokas 2009).

На територијата на зона 4, особено на повисоките предели се забележани пониски просечни температури од околу 11.5°C, а околу 15°C јужно од Демиркаписката клисура, територија природно поврзана со Солунското Поле. Најтоплите температури измерени овде достигаат и до 45°C, додека пак најниските до -32°C во регионите кои се блиску до повисоки, ладни планини. За останатиот дел може да се каже дека котлините се релативно потопли и може да имаат и по стотина сончеви денови, со просечни врнежи на дожд помалку од 500 mm годишно (Милевски 2008).

Кон север пак, на територијата на централна Србија е забележана просечна температура од 10-11°C, со тоа што областите околу поголемите речни клисури се потопли од останатиот, претежно ридско-планински дел. Просечниот процент на врнежите изнесува од околу 600 до 800 mm., додека пак во повисоките, планински предели иде над 1000 mm./год. (Милановић 2016). Во продолжение ќе се направи еден

[6] Податоците се преземени од интернет страната на Climate Change Knowledge Portal. Линк: https://climateknowledgeportal.worldbank.org/country/greece/climate-data-historical

краток пресек на развојот на температурите и флората со цел да се реконструираат природните поволности во текот на 5 мил.

### 1.2.1. Климатски и еколошки услови во праисторијата

Кон крајот на 10 мил. започнува постепено затоплување на температурите на воздухот што довело до топење на големите количини мраз од планините, како и од глечерите на север. Затоплувањето на температурите во текот на следните 4-5 мил. довеле до покачување на нивото на водите и формирање на денешниот релјеф. Температурните покачувања биле процес кој ќе кулминира во периодот од крајот на 6 мил. па сè до втората половина на 4 мил., време проследено со ерозивни појави на почвата и интензивно зголемување на температурите (сл. 1). Тоа е период во кој се документирани две нагли климатски промени, односно „8200 cal. BP. и 6200-5000 cal. BP. climate event“. Во текот на овој период се регистрирани два сушни периоди, првиот околу 5280-4900 год. и вториот околу 4160-3570 год. Овие придорни процеси се карактеризираат со потопли лета и зголемена влажност во повисоките места, како и поладни зими особено во северните области. Таквиот позитивен тенденциозен раст на климата некаде во првата половина на 4 мил. ќе го достигне својот максимум (+3-4℃ повисоки од денешните) и ќе предизвика вистинска еколошка катастрофа проследена со напуштање на цели географски региони и значајни промени во населбинскиот систем. Голем удел во целокупните природни промени се смета дека одиграле два фактора, климатскиот фактор и антропогеното нарушување, односно влијанието на човекот врз еколошкиот систем (Тодорова 1993; Andreou et. al. 2001; Kotsakis 2007; Näslund 2009).




Слика 1 Диаграм со климатските промени (Brunneti and Prodi 2015. fig. 4)

Како главни предуслови за одредени земјоделски култури се сметаат климатските услови, надморската висина и педологијата. Климатските услови во текот на 7 и 6 мил. кои се карактеризираат со влажна и блага клима, резултитрале со ширење на дабовите и другите широколисни листопадни шуми во низините и пониските региони. Во следните векови, во текот на 6 и 5 мил. се забележани појави на поладни и суви зимски периоди кои влијаеле и врз растителниот свет (Mitsakos 2020). Низинските предели најчесто пружале услови за земјоделие, ливадите и пасиштата биле погодни за сточарство, а во тие региони доминирале грмушкасти растенија и костен кои исто така се корисни за сточарството и храна за животните. На повисоките предели забележано е присуство на повеќе видови на дабови шуми, во зависност од географската позиција. Во јужните потопли предели се простира медитеранскиот даб-прнар кој има големи корења, помали листови и боцки, како и чинарот кој може да биде со поголеми димензии. На северните, односно на повисоките предели се забележува присуство на дабови со поголеми ливчиња и плодови, како и поголеми стебла без боцки на површината (Quercus trojana). Таквите појаси се простираат најчесто до околу 700 м.н.в., иако се среќаваат и на повисоките зони до околу 1400 м.н.в., каде е забележано присуство на термофилни и мезофилни дабови шуми, како и на површини со габераста шума. На високите планини се простираат шуми со игласти растенија, односно разни видови на бор, смрека и ела (кар. 6) (Чохаджиев 2007; Karkanas et. al. 2011; Marinova, Ntinou 2018).[7] Во мочурливите предели, богати со вода опстојувале врбата, тополата, костенот и други растенија на кои им е потребна поголема количина на влага (Милевски 2010). Поголемите пак котлини каде што преовладуваат сушни лета, на почетокот на 6 мил. имале степски изглед со степска вегетација која ќе се промени на почетокот на 5 мил. кога ќе дојде до доминација на дабовата шума, како што е забележано за Драмската Котлина (Чохаджиев 2007). Ширењето на дабовата шума во пониските предели покрај тоа што се должи на климатските услови, претставува и добар показател, односно сведок за напуштањето на низинските предели кон крајот на доцниот неолит, намалување на пасиштата, и намалување на интензитетот на користење на шумските ресурси. Таквиот развој на настаните резултирал со ширење на одредени типови на шуми на поголема територија во низината.

[7] Дел од податоците се превземени од извештајот од проектот *Анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница*-Деконс Ема и Македонско еколошко друштво. http://www.bregalnica-ncp.mk/wp-content/uploads/2016/11/03_Predelska_Raznovidnost_Bregalnica.pdf




Карта 6-Распространетост на вегетацијата и почвите на Балканот (Marinova, Ntinou, 2018, fig. 1)

Доколку се земат предвид денешните климатски промени, односно наглото зголемување на температурите во поновата историја, и се споредат со податокот дека во текот на 5 мил. просечната температура достигнала и до +3°C повисока од денешната, единствен заклучок е дека во тоа време настанала, благо кажано-еколошка катастрофа. Сериозноста на овие промени во температурата ќе биде забележана на целата наша територија, а најдобро се рефлектира преку густината и интензитетот на живот во текот доцниот неолит, а особено во втората половина на 5 мил. Покачувањето на температурите предизвикало потешки услови за земјоделие во одредени региони и населување на повисоки позиции каде што постојат добри услови пред сè за сточарство, како и за скромно земјоделство. Таквите населби најчесто се краткотрајни со еден или два културни слоја, што значи дека се работи претежно за мобилни заедници кои често го менувале местото за престој, во зависност од расположивите ресурси во околината.[8]

[8] Како за споредба, напуштање на земјоделските населби кои имале долг континуитет и свртување кон мобилен, пасторски начин на живот е регистриран и во Кина, западен дел на *Chinese Loess Plateau*

Во текот на втората четвртина од 5 мил. покрај промената на населбинскиот систем, ќе дојде и до значајна промена во материјалната култура, проследена и со нови технолошки откритија-обработката на металот (бакарот и златото).

Периодот на 5 мил., посматран низ призмата на климатологијата, претставува преоден период проследен со интензивно затоплување на температурите кои кулминирале некаде во првата половина на 4 мил. Природни околности кои неминовно довеле до уништување на голем број на култури, напуштање на цели населби и опустошување на цели региони на територијата на Балканот, најдобро документирано на територијата на Тесалија[9] и Тракија, каде после доцниот неолит доаѓа до напуштање на голем број земјоделски населби и населување на места погодни за сточарство (Weninger et. al. 2009). Таквите случувања имале свој предвесник уште во текот на 5 мил., особено во втората половина, кога се забележуваат значајни промени во населбинскиот систем, економијата, материјалната култура итн. Наједноставно може да се каже дека неповолните услови за живот го натерале човекот да се впушти во потрага по откривање на нови тајни од природата околу него, а кои требало да му помогнат и да му го олеснат животот, мислејќи овде на тајните на обработката на металните руди и нивните потенцијали, кои ќе го променат културниот развој на човекот.

(Weninger et. al. 2009, 8). Општествено-економски трансформации кои по многу нешта се поклопуваат со населбинскиот систем во неолитскиот и енеолитскиот период на Балканот.

[9] Види слика 7

## 2. *КОГА* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ?

Имајќи ја предвид долгата човекова историја, неопходно е неговото минато да се подели на неколку (пра) историски периоди, односно фази од неговиот развој. Во овој труд станува збор за крајот на неолитскиот период, време кога покрај керамичкиот занает како главен и примарен, ќе се појави уште една, нова занаетчиска гранка, поврзана со обработката на бакарната руда, чија експанзија ќе се случи во втората половина на 5 мил. (Milanović et. al. 2023) Секое истражување на која било тема од археологијата мора да започне со хронолошко позиционирање на предвидената проблематика, собено кога се работи конкретно за одредена фаза, или во случајот, транзиционен период. Крајот на неолитскиот период претставува токму една таква проблематика којашто ние овде ќе се обидеме да ја разработиме, односно да ги синхронизираме локалитетите и различните културни фази кај заедниците од овој дел на Балканот. Главна цел ќе биде изработка на една генерална периодизација и хронолошка рамка, во која ќе бидат сместени населбите за кои ќе стане збор подолу.

| Bulgaria | R. of Macedonia | Greece | Central Europe |
|---|---|---|---|
| Early Bronze | Early Bronze | Early Bronze | Mid. Chalcolithic |
| Late Chalcolithic | Chalcolithic | Final Neolithic | Early Chalcolithic |
| Early Chalcolithic | Chalcolithic | Late Neolithic | Late Neolithic |
| Late Neolithic | Late Neolithic | Late Neolithic | Middle Neolithic |
| Middle Neolithic | Late Neolithic | Late Neolithic | Early Neolithic |
| Early Neolithic | Middle Neolithic | Middle Neolithic | Early Neolithic |
| Early Neolithic | Early Neolithic | Early Neolithic | |

Слика 2. Периодизација и синхронизација на раните праисториски фази (Grebska-Kulow 2011, tab. 1.1)

Територијата која овде ја обработуваме, денес припаѓа на пет модерни држави во кои се користат и различни хронолошки и периодични системи при обработката на доцниот неолит (сл. 2-4). Ископувањата во текот на првата половина на минатиот век, во други политички и економски околности, влијаеле и врз динамиката на истражување и интерпретација на културно-историските збиднувања на овој дел од Балканот. Овде пред сѐ се мисли на економските средства за истражување, и археолошките школи кои овде работеле од различни земји од светот, најчесто од Америка, Германија, Англија и Франција. Веќе кон средината на 20 век ќе се појават и првите посериозни студии за неолитот, и ќе бидат дефинирани првите културни групи, кои ќе се покажат како

одлична основа за понатамошните истражувања, до ден-денес. Во следните децении ќе дојде до интензивирање на истражувањата со еден интердисциплинарен пристап во соработката со егзактни науки од областа на хемијата, биологијата и физиката, што резултирало со нови податоци за населбите, хронологијата, исхраната, стопанството, технолошкиот развој на заедниците итн. Истражувањата во втората половина на 20 век ќе кулминираат и ќе го достигнат својот научен врв со неколку значајни монографии и научни списанија на почетокот од 21 век, кои ќе редефинираат разни проблематики и ќе понудат доста аргументирани одговори на голем број науччни проблеми поврзани со хронолошката припадност на одредени фази. Сублимирани во неколку обемни научни дела, овие резултати даваат задоволителна основа за да се заокружи една поголема територија преку класифицирање и систематизирање на досегашните сознанија.




Слика 3- Периодизација на доцнонеолитските развојни фази од Струма и дел од Балканот (Vajsov 2007, 106)

Во науката општо прифатено (со мали измени и надополнувања) е постоењето на влијанија од неколку поголеми културни блокови во доцниот неолит, кои се документирани и на нашата територија (сл. 3, 4).[10] Прво накратко ќе се задржиме на почетокот на доцниот неолит, односно транзицијата од среден кон доцен неолит, како вовед во културно-хронолошкиот развој на заедниците во оваа праисториска фаза. Според голем број на научници, доцниот неолит, односно новата материјална култура била донесена на Балканот со постепена миграција (делумно на население, а исто така и на идеи и потреби) од територијата од југ и југоисток, односно од Анадолија (Гарашанин 1973; Garašanin 1979; Ozdogan 1993; Николов 1998; Kotsakis 2007; Bonga 2013 со цит. лит.). Од друга страна, пак, според други, промените во материјалната култура настанале

[10] Види карта 7. Стр. 82

повеќе како резултат на интерен, континуиран развој на заедниците, минувајќи низ едни сложени етно-културни процеси и промени (Тодорова 1993a). Бидејќи се работи за една поголема територија во која се одвивале најразлични процеси кои се толку комплексни и недоречени, не е возможно да се донесе еден и единствен одговор и заклучок кој ќе ги реши постоечките научни проблеми. Освен во зона 2 и источниот дел на зона 3, на останатата територија во текот на средниот неолит се развиваат голем број на населби. Поради тоа, овде само накратко ќе го поставиме прашањето за тоа што се случило со тие луѓе од претходно, како исчезнале, односно како и дали се интегрирале во новите времиња, притоа сосема менувајќи ја својата традиционална материјална култура во текот на втората половина на 6 мил. Од ова прашање произлегува второто прашање кое се однесува на тоа колкава била улогата на тие заедници во формирањето на новите доцнонеолитски културни вредности, кои, пак, ќе доминираат целосно во последните 2-3 века од 6 мил.

Почетокот на доцниот неолит на речиси целата територија ќе биде дефиниран со појава на ***монохромен хоризонт со црно печена керамика***,[11] проследен со black-topped керамиката, кој генерално се препишува на неколку поголеми културни блокови/групи (Тодорова 1993). Стратиграфијата на многу населби јасно говори дека овој „монохромен" хоризонт се појавува врз постарите слоеви со сликана керамика (од ран/среден неолит), како една силна експанзија која ќе се случи во периодот на Винча-Тордош II (B), време кога ќе дојде до целосна доминација и распространетост на овој слој на територијата на постарите населби од Анзабегово-Вршник, Старчево, раниот неолит по Струма итн. (Benac 1979; Garašanin 1979; Тодорова 1993a; Andreou et. al. 2001; Чохаджиев 2007; Митревски 2013; Urem-Kotsou et. al. 2014; Grebska-Kulov 2017; Здравковски 2018; Синадиновски 2022). Идентична ситуација е забележана и кај останатите региони, каде што на почетокот на доцниот неолит ќе дојде до доминација на црно печената и black-topped керамиката. Некаде околу 5000 год., на територијата на зона 2, зона 3, и зона 6 во доцниот неолит ќе дојде до појава на сликани садови, најчесто со црна боја под силни влијанија од Димини културата од Тесалија. Сликањето со црна или кафеава боја врз црвена основа во развиените фази на доцниот неолит ќе стане главна културна карактеристика кај населбите од долна Струма, во рамките на културната група Акропотамос-Тополница, а кај одредени локалитети ќе продолжи и

[11] Овој хоризонт уште е наречен и „Late Balkano-Anatolian Complex" (Garašanin 1982); „Dark-face burnished ware" (Ozdogan 1993); „Black-burnished Ware Horizon" (Seferiades 1995)-во Bonga 2013, 139.

понатаму низ првата половина на 5 мил. (Тодорова 1993а; Чохаджиев 2007; Vajsov 2007). Кај населбите од западниот дел на зона 3 и зона 6 ќе дојде до појава на керамика со полихромно сликање со кафеава, бела, црна или црвена боја врз основа која може да има црвена, црна или окераста боја (Benac 1979; Тодорова 1993а; Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007; Vajsov 2007; Fotiadis et. al. 2019; Elezi 2020; Stratouli, Kloukinas 2020; Stratouli et. al. 2020).

Овој краток преглед на појавата на доцниот неолит и основните карактеристики во материјалната култура ќе служи како вовед во следното поглавје во кое ќе бидат обработени населбите и нивната културно-хронолошка припадност. Ќе бидат земени предвид сознанијата за релативната хронологија на населбите изведена врз основа на движниот материјал, како и апсолутните датации од неколку локалитети. Врз основа на тие податоци на крајот ќе биде направен обид за културно-хронолошка синхронизација на населбите и културните групи и изработка на предлог-периодизација за Централниот Балкан.

## 2.1. Хронологија на доцниот неолит од Централен Балкан-преглед на досегашните сознаија[12]

### *Зона 1-Зона 2*

За да се задржи редоследот од претходното поглавје и овде прегледот ќе го започнеме со локалитетите од Струма. Се работи за регион кој директно ги поврзува Софија и северозападна Тракија со населбите од запад, како и со егејскиот брег на југ. Културно-хронолошкиот развој на доцнонеолитските заедници од оваа регија покажува интересни карактеристики и особености, својствени само за оваа територија, особено за територијата на зона 2. Различната географија и топографија на теренот од средното и горно течение на Струма, и Сереската и Драмската Котлина на југ, го дефинирале и културниот развој на заедниците во доцниот неолит. Како главен индикатор за почетокот на овој период се сметаат појавата на монохромниот хоризонт со црна керамика на овие простори, после кој следи и појавата на сликани садови во Промахон, Акропотамос и Струмско стиловите. Врз основа на културно-историскиот развој на заедниците и материјалната култура од населбите, предложени се неколку периодични

[12] Види: *Таб. 1* за хронолошката припадност на локалитетите и хронолошките фази

системи за доцниот неолит по Струма, а како најпрактичен и најприфатен во науката е триделниот хронолошки систем.

Дефинирајќи ги културните блокови од овој дел од Балканот, Тодорова Х. доцниот неолит на овие простори го дели на два дела: БКН-А и БКН-В.[13] *Првата фаза* БКН-А ја опфаќа најраната појава на доцниот неолит, паралелно со Винча А/В, Хотница, Хумаџија I, Цангли, Парадими и др. Карактеристично за оваа фаза е појавата на црната керамика, со доминација на биконусните садови, богатите орнаменти со канелури, врежувања и пунктирање, како и разните типови на антропоморфна и култна пластка. *Втората фаза* БКН-В се однесува на помладите етапи од истите културни групи, со тоа што за одбележување е појавата на елементи од Димини-Арапи, Отзаки и Тополница-Акропотамос, културни групи кои се јавуваат во зона 3 и зона 2. Преминот кон *третата фаза*-БРЕ е документиран со една преодна фаза БКН/БРЕ-А, а се работи за периодот на Винча-Градац, време кога ќе се појават и првите метални објекти на овој дел од Балканот (Garašanin 1979; Тодорова 1993а; Borić 2009; Милановић 2016 со цит. лит.; Grebska-Kulov 2017; Radivojević et. al. 2021).

Таквиот развој на доцниот неолит по Струма, гледан главно низ призмата на релативната хронологија, многу добро се совпаѓа со поновите истражувања и апсолутни датуми кои се однесуваат на овој период. Надрегионалниот пристап кон разбирањето на етно-културните збиднувања во текот на неолитот и енеолитот во Бугарија кој го применила Тодорова во нејзините истражувања, отворил интересен поглед врз културните појави и карактеристики на населението на овие простори во текот на 5 мил. Овој пристап ни овозможува одредени појави во материјалната култура да ги погледнеме од поширока перспектива, и полесно да ги разбереме внатрешните варијанти и влијанија помеѓу заедниците. Идентичен е пристапот и кон изучувањето на Винчанската култура, каде таа е гледана како една поголема културна целина во која се издвојуваат неколку под варијанти. Релативната хронологија за Винчанската култура предложена од Гарашанин и Милојчиќ и ден-денес е главна појдовна точка и основа за проучувањето на доцниот неолит на Балканот (Milojčić 1949; Garašanin 1979; Whittle et. al. 2016). Таквиот широк, надрегионален пристап ќе се обидеме да го примениме и овде, со цел изготвување на еден синхронизиран хронолошки систем за доцнонеолитските населби од неколку културни групи кои се идентификувани на нашата територија.

[13] БКН-Бугарски Касен Неолит

Резултатите од истражувањата на неколку населби по долината на Струма јасно покажале дека доцниот неолит овде се развива низ 3 последователни фази I-III (таб. 1; сл. 2-4). Овој троделен периодичен систем главно се базира на резултатите од истражувањата на Сепарева Бања, Балгарчево, Дамјаница, Тополница-Промахон, Долна Рибница, Слатино-Чардако, Ситагрои, Дикили Таш, Димитра, Акропотамос и уште неколку послабо истражени населби. Кај сите тие локалитети се пронајдени слоеви од доцниот неолит, и овде можеме да го следиме целокупниот културно-историски развој на заедниците во овој период. Оваа периодизација е прифатена, со мали измени, речиси од сите истражувачи кои со текот на годините ја надополнуваат, и го зацврсуваат нејзиното научно значење.

Според некои истражувачи по средното течение на Струма ќе дојде до појава на една, временски кратка култура Балгарчево II-Долна Рибница, која се појавува врз ранонеолитскиот слој, а е дефинирана како среднонеолитска. Како најзначајни локалитети од оваа фаза се издвојуваат Балгарчево II, Илинденци II, Ковачево II, Плоски, Долна Рибница, Јаново I, II, Катунци, Долна Рибница и др. Населбите најчесто ја следат топографијата на ранонеолитските локалитети, иако се јавуваат и населби на нови позиции. Карактеристично за оваа фаза е монохромната црна/темнокафеава боја на керамиката, украсена со пунктирања во разни форми, поставени најчесто вертикално на најширокиот дел од садот во еден или два реда. Што се однесува пак до хронолошката припадност, оваа фаза е сместена некаде во времето на 5450-5200 год., односно Винча-Тордош I-II (A/B) на север, Ситагрои I, Дикили Таш I, Димитра I, Драма-Аркадикос и други населби од долното течение на Струма. На подалечните територии паралели се пронајдени во Дунавец I-II, Колш I во Албанија, Тсангли-Лариса во Тесалија, како и со Франкти на Пелопонез (Grebska-Kulow 2011; Grebska-Kulov 2017). Имајќи ги предвид апсолутните датуми за дел од овие локалитети, не е тешко да се заклучи дека оваа фаза се јавува на крајот од средниот неолит, односно паралелно со последната фаза од Анзабегово-Вршник IV.

| *Date BC* | *Periodization (dominant Aegean terminology)* | *Periodization (alternative Aegean terminology*)* | *Crete, Cyclades Peloponnese* | *Thessaly* | *Macedonia Aegean Thrace* | *Periodization (Balkan terminology)* | *Struma valley* | *Rhodopes* | *Thrace* | *North-East Bulgaria* | *North-West Bulgaria* | *Periodization (European terminology)* | *Former Youg. Macedonia Serbia* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5400** | **Late Neolithic I** | LN Ia | Knossos V-VI<br>Franchthi 3-4<br>Tharrounia Ia<br>Saliagos I<br>Ftelia | Tsangli-Larissa | Sitagroi I<br>Makri II<br>Paradimi I-III<br>Dispilio<br>Dikili Tash I<br>Makrygialos I<br>Sitagroi II | **Middle Neolithic** | Balgarchevo II<br>Damianitsa I-II | ? | Karanovo III | Usoe | Kurilo | **Middle Neolithic** | Vinča A<br>Anzabegovo IV |
| **5200** | | | | Arapi | | **Late Neolithic** | Balgarchevo III<br>Damianitsa III<br>Promachon-Topolnitsa | | Karanovo IV | Hamangia I-II | | | Vinča B |
| **4800** | **Late Neolithic II** | LN Ib | Knossos IV<br>Saliagos II<br>Tharrounia Ib | Otzaki<br>Dimini | Paradimi IV<br>Makrygialos II<br>Sitagroi IIIA<br>Dikili Tash IIA-C<br>Sitagroi IIIB<br>Sitagroi IIIC<br>Kastri | **Early Chalcolithic**<br>**Middle Chalcolithic** | Slatino | | Maritsa I-IV<br>Karanovo V | Hamangia III<br>Hamangia IV | Gradeshnitsa | **Late Neolithic** | Vinča C |
| **4500** | **(Final Neolithic or Chalcolithic)** | LN IIa | Alepotrypa<br>Knossos II-III<br>Franchthi 5<br>Tharrounia II<br>Kephala<br>Athens Agora | Rachmani | | **Late Chalcolithic** | ? | | Karanovo VI | Varna<br>Gumelniţa | Krivodol-Sălcuţa | **Early Chalcolithic** | Vinča D<br>Crnobuki I-II<br>Bubanj Hum Ia |
| **4000** | | | | | | **Transitional (Final Chalcolithic)** | Kolarovo | Yagodina<br>Haramiiska | | | KSB IV | | |
| **3700** | | LN IIb | | Petromagoula<br>Mikrothives | Agios Ioannis | **Proto-Bronze** | ? | | | Cernavoda I<br>Pevets<br>Hotnitsa-Vodopada | Sălcuţa IV<br>Galatin | | Crnobuki III<br>Bubanj Ib |
| **3300** | **Early Bronze Age I** | EBA I | Eutresis III-IV<br>Grotta-Pelos | Pefkakia 1-2 | Sitagroi IV<br>Dikili Tash IIIA | **Early Bronze Age** | | | Ezero A | "Pit graves" | Magura | **Middle Chalcolithic** | Baden |
| **2800** | **Early Bronze Age II** | EBA II | Eutresis<br>VI-VIII<br>Kampos-Syros | Pefkakia 3 | Sitagroi Va<br>Dikili Tash IIIB | | Kovachevo | | Ezero B<br>Mihalits | Ezerovo | Coţofeni | | Kostolac |

*Figure 4. Comparative chronology of the Late Neolithic/Early Chalcolithic of Bulgaria and Greece (Tsirtsoni 2016, 19) .*

Слика 4-Периодизација и хронологија на неолитските култури од Грција,и Балканот (Tsirtsoni 2016, 19)

*Фаза I*

Поделени се мислењата околу културно-хронолошката интерпретација на овој „монохромен“ слој од Балгарчево II-Долна Рибница, па така според други истражувачи оваа фаза припаѓа на почетокот на доцниот неолит (таб. 1). За материјалната култура од овие населби веќе стана збор, но покрај горенаведените карактеристики, овде е интересен податокот кај Чохаджиев за присуството на сликана керамика во Долна Рибница, што можеби дава индикации за постоење на две фази-Ia, b. Што се однесува пак до синхронизацијата на оваа фаза со останатие култури, таа е сместена паралелно со Протокараново III-слој, Караново II-III во Тракија, Сескло IIIA-B во Тесалија и Подгорие II, Дершник и Барч II во Албанија (Чохаджиев 2007). Доколку ги разгледаме апсолутните датуми за дел од овие локалитети, оваа фаза можеме да ја сместиме во периодот од 5400-5200 год. Во таа насока, тука би припаѓал и Промахон-Тополница I каде се регистрирани орнаменти изведени со битумен и катран врз садови со црвена основа (Vajsov 2007; Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007). Врз основа на апсолутните

*Фаза II*

Следниот чекор во развојот на заедниците е проследен со промени и новости во керамичката продукција, а тоа најдобро е идентификувано со појавата на black-topped

керамиката. Во оваа фаза доаѓа до најголема експанзија на монохромниот хоризонт, со доминација на црно печена керамика, биконусни садови, декорирани најчесто со канелури или врежани полиња исполнети со пунктирање. По долината на Струма овој хоризонт е документиран кај локалитетите Слатино „Чардако“ I, Кременик II, Дамјаница и Сапарева Бања III. Што се однесува пак до синхронизацијата со соседните култури, аналогии се пронајдени кај Караново III, Ангелци II и Старчево III-IV, каде се забележани влијанија од Винча А. На II фаза припаѓа и локалитетот Промахон-Тополница II, кој според апсолутните датации направени на четири примерока е датиран во периодот околу 5300-5070 год. Овде, заедно со Промахон-Тополница припаѓаат и населбите Дамјаница II, Ситагрои II, Дикили Таш I, како и доцнонеолитскиот слој од Анзабегово, односно Зелениково II културата (сл. 4; таб. 1).

Кон крајот на оваа фаза може да се сместат и почетоците на Акропотамос-Тополница културата, како и Струмско II и Балгарчево III, кои најверојатно продолжуваат делумно и во следната развојна фаза. Датите од Качица и почетокот на Хотница културата се сместени во периодот 5160-5090 год., што се поистоветуваат со тие од Акропотамос-Тополница. Со идентична датација од 5200-5100 год. се и културите од северна и јужна Бугарија каде во исто време ќе започне доцниот неолит (Boyadziev 1995). На оваа фаза според некои автори спаѓаат и локалитетите Дикили Таш I и Ситагрои II кои се синхронизирани со Димитра II, врз основа на појавата на black topped керамиката (Andreou et. al. 2001).

Синхронизацијата на овие локалитети и културни фази многу јасно ни говори дека хронолошката рамка на оваа фаза го опфаќа периодот од околу 5300/5200-5000 год. Кај локалитетите Дамјаница и Тополница-Промахон е забележано дека втората фаза завршува со пожар, со околу 40 см остатоци од горење, пепел и гареж (Тодорова-Вайсов 1993; Grebska-Kulow 2017). Идентична ситуација е забележана и кај населбата Дикили Таш I, каде во текот на истражувањата на еден уништен објект од овој локалитет и датирањето на органските остатоци кои биле пронајдени во него, наведено е дека тој бил уништен околу 5000 год. (Andreou et. al. 2001; Darcque et. al. 2007). Дали на истиот начин завршил животот и културниот развој и на други населби од оваа фаза, останува отворено прашање кое во иднина треба да се проучува. Следната III фаза од неолитскиот период по Струма за нас е од круцијално значење во обидот за прецизно датирање на последните етапи од неговиот развој.

*Фаза III*

Оваа фаза е главната цел на овој труд, односно проучувањето на нејзиниот почеток, внатрешниот развој и самиот крај. Хронолошкиот развој на настаните малку поопширно ќе биде третиран овде, а го опфаќа периодот на првите 2-3 векови на 5 мил, време во кое низ 3 фази се развива Акропотамос-Тополница културната група. Генерално земено, сите предложени хронолошки рамки се врзуваат за почетокот на 5 мил. и се добро документирани кај локалитетите Балгарчево, Струмско, Промахон-Тополница III и Дамјаница III, како и Ситагрои II и Дикили Таш I кон југ (Boyadziev 1995; Andreou et. al. 2001; Vajsov 2007; Grebska-Kulow 2017).

По долгогодишни интензивни студии, врз основа на сликаната керамика, оваа фаза е поделена на три развојни потфази-IIIа-с (Чохаджиев 2007. после: Гребска-Кулова 1994). На фазата IIIа припаѓаат локалитетите Балгарчево III, Ситагри I, Дикили Таш Iа, Димитра I и др. Следната IIIb фаза е регистрирана кај Балгарчево III-IV, Дикили Таш Iв, Ситагри II, Димитра II и III, Драма, Дамјаница и др. За последната IIIс фаза е наведено дека се работи за самиот крај на неолитот и првите енеолитски појави. Кон оваа фаза се определени, Промахон-Тополница IV, Балгарчево IV, Слатино, Струмско, Крионери и др. (таб. 1). Иако со несигурни датации и многу отворени прашања за крајот на оваа фаза и почетокот на раниот енеолит, според некои автори крајот на неолитот може да биде позициониран околу 4900 год. (Чохаджиев 2007). Според Вајсов пак, врз основа на истражувањата на Промахон-Тополница, оваа фаза III трае подолго, односно во периодот од околу 5070-4700 год. Таквата датација е извлечена врз основа на апсолутните датуми, како од Промахон-Тополница, така и од Балгарчево III (5070-4940), Струмско II (4940-4810), Ситагрои II, Слатино-Чардако-IV фаза и др. Во поширока географска рамка, оваа фаза е синхронизирана со Винча С/Градачка фаза и Караново IVC (Vajsov, 2007). На финалната фаза на доцниот неолит, според Бојаџиев припаѓаат локалитетите Балгарчево IIIВ, Струмско IIа-b, Ситагрои III и Тополница-Промахон III. Тука е забележано дека преминот од доцен неолит кон ран енеолит се карактеризира со една постепена трансформација на заедниците и нивната материјална култура. Таквите промени се добро документирани кај населбинскиот систем и кај керамичкиот материјал, особено со раната појава на графитното сликање кај населбите Балгарчево, Промахон-Тополница, Струмско и други локалитети по горното и средно течение на Струма (Boyadziev 2007).

Имајќи предвид дека нема јасна граница во развојот помеѓу Балгарчево III-IV, се чини дека станува збор за една преодна фаза која припаѓа на самиот крај на доцниот неолит по Струма. Таквата претпоставка може да се извлече од деталната анализа на еволуцијата на керамичка продукција од страна на истражувачите на Балгарчево, за што е изведена и добро аргументираната релативна хронологија. Синхронизацијата на III фаза со Винча В-С или Градачката фаза, е окарактеризирана со појавата на Акропотамос керамиката, додека пак IV фаза е синхронизирана со Винча-Плочник културата, а како главна новина се смета појавата на графитното сликање и врежувањето со Марица стилот (Grebska-Kulow 2011). На почетокот на 5 мил. припаѓа и фазата III од Дамјаница која е синхронизирана со Промахон-Тополница III, Винча В2/С-Градачка фаза, Дреновица и Струмско. Идентична датација е предложена и за Промахон-Тополница IIIa-b фазите кои се синхронизирани со Винча В/С-Градачка фаза, Струмско, а секако проследени со Тополница стилот на сликање со црна боја врз црвена основа, полихромните садови, како и раното графитно сликање. Кон крајот на оваа фаза припаѓаат и локалитетите Бучино-Лисиеска Чука, Бучино-Голио Рид, Логодаж-Берова Китка и Дреново-Плоштеко (Grebska-Kulow 2017). На првите 2-3 векови од 5 мил. припаѓа Промахон-Тополница III фазата и според хронологијата од грчките археолози, фаза во која Акропотамос стилот на орнаментирање е доста присутен и доминантен, најверојатно со свое локално производство на садовите, чиишто импорти се среќаваат на една поширока територија. За оваа фаза се врзува и појавата на првите остатоци од металургија, односно бакар кој бил пронајден во Ситагрои III (Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007).

Доколку направиме една сублимација на досегашните сознанија за апсолутната и релативната хронологија за населбите од Струма, би можеле да се согласиме дека крајот на доцниот неолит според бугарската периодизација можеме да го позиционираме околу 4800 год. (сл. 3, 4). При дефинирањето на крајот на оваа фаза, мораме културно-хронолошкиот развој на заедниците да го посматраме како една жива супстанца која постојано се менува, надополнува и во одреден момент умира, оставајќи ги своите траги во археолошките слоеви. Соодносот помеѓу стратиграфските и хронолошките фази не може да биде третиран со остри, јасни граници за појавата, развојот и крајот на една населба, односно култура. Токму затоа крајот на неолитскиот период треба да го гледаме во еден поширок временски интервал од околу 100-200 год., временски период во кој одредени културни вредности постепено се напуштаат и доаѓа до прифаќање и употреба

на новите културни содржини кои се ширеле преку разни движења и комуникации помеѓу заедниците по течението на Струма (кар. 3). Кај заедниците од зона 1 јасно може да се забележи дека графитното сликање, заедно со Марица и Градешница врежувањата се главните (енеолитски) новини во керамичкиот материјал, кои својот полн развој ќе го достигнат во следната развиена фаза на енеолитскиот период.

***Зона 3***

Овој поголем географски регион овде ќе биде третиран како една целина, поради идентичниот хронолошки развој на заедниците, вклучувајќи ги и оние од долното течение на Струма, кои делумно беа обработени претходно. За разлика од источниот дел на зона 3 каде што немаме сознанија за постари, среднонеолитски населби, останатите региони во текот на средниот неолит ќе имаат поголема густина на населеност, каде што кај керамичкиот материјал е забележано присуство на црно или бело сликани мотиви на садовите. Доцниот неолит од централниот и западниот дел на зона 3 се развива под силни влијаија на населбите од Тесалија, со кои е направена и основната хронолошка определба на населбите, иако се забележуваат и јасни влијанија од јадранскиот брег (сл. 5; 6; таб. 1).

| Abs. dates cal BC (rounded) | Archaeological periods and phases | Sites |
|---|---|---|
| 7000–6600 | Final Mesolithic | Theopetra Cave, Cyclops Cave |
| 6600–6500 | 'Initial Neolithic' | - (Identified mainly in circum-Aegean coastal and/or hilly areas) |
| 6500–6300 | EN I | Argissa M., Sesklo M. |
| 6280–6070 | EN II | Achilleion I–II, Sesklo, Larissa-Neraida |
| 6070–5980 | EN III / MN I | Achilleion IIIb, Otzaki |
| 5980–5750 | MN I | Achilleion IVa, Theopetra, Cyclops Cave, Koutroulou M., Platia M. Zarkou, Sykeon, Imvrou Pigadi, Lake Plastiras |
| 5750–5600 | MN II | Sesklo, Theopetra, Ag. Petros |
| 5600–5500 | MN III | Achilleion IVb, Sesklo, Theopetra |
| 5500–5300 | LN I (early) | Theopetra, Makrychori, Prodromos-M. Ag. Ioannis, Tsangli-Larissa |
| 5300–5000 | LN I (late) | Theopetra, Makrychori |
| 4900–4700 | LN II (early) | Mandra |
| 4700–4500 | LN II (late) | Rachmani, Prodromos-M. Ag. Ioannis, Vasilis, Pevkakia M., |
| 4500–4250 | FN (Chalcolithic) | Rachmani, Pevkakia M., Palioskala, Mandra |
| 4250–3750 | FN (Chalcolithic) | Palioskala, Galini |
| 3750–3300 | FN (Chalcolithic) | Mikrothives |

Слика 5-Периодизација и хронологија на неолитскиот период во Тесалија (Reingruber et. al. 2017, tab. 5).

Културно-хронолошкиот однос помеѓу заедниците од оваа регија се развивал синхронизирано со населбите од југ, од Тесалија, барем што се однесува до почетокот на доцниот неолит. Оваа неолитска фаза овде се јавува околу средината на 6 мил. и има интензивен развој од околу 800-1000 год. опфаќајки најголем дел и од првата половина

на 5 мил. За овој долг, интензивен процес на развој на заедниците сведочат неколку локалитети кај кои се регистрирани сите развојни фази на доцниот неолит, а кои ќе бидат од клучно значење за целите на нашиот труд.

**Table 7.3. Settlements dated to the Late and Final Neolithic.**

| SITE | 14C DATES RANGE (cal BC) | RELATIVE CHRONOLOGY | SETTLEMENT TYPE | HOUSE TYPE | BUILDING MATERIAL | THERMAL FACILITIES LOCATION | ENCLOSURES | BURIALS | REFERENCES |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Paliambela Kolindros | - | LN I, LN II, FN | tell | rectangular above ground | stone, clay | - | ditch and wall | 2 inhumations, scattered bones | Kotsakis and Halstead 2007; Maniatis et al. 2015 |
| Makriyalos | 5670-4770 | LN I and LN II | extended | pit-houses | wooden posts, wattle and daub, mudbricks | inside, outside | ditches and wall | 20 inhumations, scattered bones | Pappa et al. 2017; Pappa and Besios 1999 |
| Thermi B | 5300-5000 | LN I | extended | pit-dwellings, rectangular above ground | wooden posts, daub, stone foundation (occasionally) | outside, inside (?) | ditch | - | Pappa 2008; Pappa et al. 2003; Grammenos et al. 1990; 1992 |
| Vasilika Kyparissi/ Vassilika C | - | LN I, LN II, FN | extended | rectangular above ground | mudbricks, stone foundation (occasionally), wooden posts and clay | inside & outside | | | Pappa in press; Pappa et al. 2017; Andreou et al. 2016; Grammenos 1991 |
| Stavroupoli | - | LN I, LN II or FN | extended | rectangular above ground | wattle and daub, mudbricks, stone foundation (occasionally) | inside and outside | ditch and wall | 6 inhumations, 1 cremation, scattered bones | Grammenos and Kotsos 2002a; 2004; Kotsos 2014 |
| Koroneia | - | LN and FN | extended | pit-houses | - | inside and outside | ditch | 8 inhumations | Kotsos et al. in press |
| Pente Bryses | - | LN | extended | pit-houses | - | inside | - | - | Kotsos 2007a |
| Zagliveri | - | LN | extended | pit-houses | - | - | - | - | Grammenos and Kotsos 2003 |
| Assiros E | - | LN | extended | pit-houses | - | - | - | - | Kotsos 2007b |
| Giannitsa B | - | LN I and LN II | extended | - | clay, stones (?) | - | double ditch | - | P. Crysostomou 1997 |
| Polyplatanos Imathias | 4600-4352 | LN II and FN | tell | above-ground buildings | madbricks, stone foundation, wattle and daub | inside | - | - | Merousis and Stefani 2002; 2006; Maniatis 2014 |
| Eidomeni Kilkis | - | LN | extended | pit-houses | clay | inside | - | - | Valla and Miha 2010 |
| Nea Nikomedeia | - | LN | tell | - | mudbricks (?) | - | ditch | - | Pyke and Yiouni 1996 |

Слика 6-Населби од доцниот и финалниот неолит во зона 3 (Urem-Kotsou, Kotsos 2020, 104, tab. 7.3)

*Хронолошки преглед*

Најпрво накратко ќе се навратиме на локалитетите од источниот дел од зона 3 од коишто имаме апсолутни датуми. Овде спаѓаат населбите  Крионери, Ситагрои и Дикили Таш каде се регистрирани речиси сите доцнонеолитски фази (таб. 1) (Anreduou et al. 2001; Darcque et. al. 2007; Malamidou 2007; 2016; Bojadziev 2007). Според апсолутните датуми направени на два примерока на јаглен од јама, првата фаза кај Крионери е датирана во периодот од 5620-5480 и 5475-5050 год., што се поклопува со останатите локалитети од оваа регија (Malamidou 2016). Со слични датуми се и најстарите остатоци од Дикили Таш I кој бил населен на почетокот на доцниот неолит, нешто по 5500 год. (Anreduou et al. 2001; Darcque et. al. 2007), како и првата фаза на Ситагри (I) која е датирана околу 5450/5400-5250/5200 год. (Bojadziev 2007).

На запад од долното течение на Струма се отвора Лангадашкиот басен, каде се наоѓаат неколку населби од доцниот неолит.[14] Кај населбата Загливери е пронајдена керамика која е датирана на почетокот на доцниот неолит (LN). На истата географска

[14] За хронолошката припадност на населбите од центрланиот дел на зона 3-види слика 6

целина припаѓа и населбата Коронеиа која е датирана во доцниот и финалниот неолит (LN-FN), како и Пенте Брисес и Асирос Е, кои исто така се датирани во доцниот неолит (Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Западно од оваа регија кон широкото поле и морето, се зголемува и бројот на населбите, а дел од нив покажуваат долготраен континуитет на живот низ целиот доцен неолит, многу често проследени и со постари или помлади фази од средниот, односно финалниот неолит. Една од тие населби е Ставрополи, каде се регистрирани три фази на живот, првиот Ia кон крајот на средниот неолит (5839-5531), додека пак втората Ib фаза, како и Ставрополи II, судејќи според керамичкиот материјал спаѓаат во доцниот неолит, покривајќи ја втората половина на 6 мил. и првата од 5 мил. (LN I-LN II/FN) (Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Јужно од оваа населба се наоѓа населбата Терми која се простира на површина од околу 12 ха., а врз основа на керамичкиот материјал е датирана во првата фаза на доцниот неолит. Од оваа фаза потекнува и еден апсолутен датум со временски интервал од 5300-5000 год. (Kotsos and Urem-Kotsou 2006). Не многу далеку кон југоисток се наоѓа локалитетот Василика кој има површина од околу 25 ха. и четири развојни фази кои се синхронизирани со Терми и Ситагрои I-III, развивајќи се низ доцниот и финалниот неолит (LN-I, LN-II, FN) (Andreou et. al. 2001;  Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Можеме да забележиме дека се работи за поголеми населби, особено Василика, која има еден долг континуитет на живот во текот на целиот доцен и финален неолит. Се работи за населби кои биле главни морски центри и контролирале дел од морскиот брег, што резултирало и со поголема економска и културна моќ, особено со заедниците од југ, од Тесалија. Една од помалите населби од околу 4.5 ха. во која се регистрирани слоеви од доцниот неолит е Месимериани Тумба која врз основа на керамичкиот материјал е датирана во средниот и доцниот неолит, без податоци за апсолутната хронологија (Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006).

На северниот крај од централниот дел на зона 3, како најсеверна точка се јавува населбата Едомени која е датирана поопширно во доцниот неолит (Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Тука може да биде сместена и населбата Атици кај с. Црничани, која се наоѓа западно од Дојранското Езеро во граничната зона помеѓу зона 2 и зона 3 (Здравковски 2008). Западно од Едомени во Мегленската Котлина се наоѓа локалитетот Сосандра Аридаиа каде се регистрирани слоеви од раниот и доцниот неолит (Mitsakos 2020). На југ од оваа населба, во регионот Јаница се регистрирани неколку доцнонеолитски локалитети, меѓу кои за издвојување се Јаница В, каде што е откриена

населба од доцниот неолит (LN I-II) со површина од 6-8 хектари, како и локалитетот Мандало кој е датиран кон крајот на доцниот неолит (LN) и почетокот на финалниот неолит (FN) (Andreou et. al. 2001; Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Одејќи кон југ следен локалитет од доцниот неолит е Полиплатанос Иматиа кој припаѓа на крајот на доцниот неолит и почетокот на финалниот неолит (4600-4352), како и населбата Неа Никомедиа која по интензивниот развој во раниот неолит, продолжила да опстојува и во текот на доцниот неолит (LN) (Andreou et. al. 2001; Urem-Kotsou and Kotsos 2020).

На југозападниот дел од котлината, по долното течение на Халијакмон, како и во Пиериа, ќе се појават неколку позначајни центри од доцниот неолит. На западниот крај од Пиериа се наоѓа локалитетот Агиос Николаос Ритини кој има интензивен развој од раниот до доцниот неолит (Kotsos, Urem-Kotsou 2006). Во оваа регија една од подобро истражените и обработени населби е Макриалос, за која досега се публикувани многу научни трудови. Овде ќе бидат презентирани дел од досегашните публикации за хронолошката припадност на овој локалитет, кој според стратиграфијата и хронолошкиот развој е поделен на две развојни фази-Макриалос I-II. Овие две фази го опфаќаат периодот од 5300-4900-LN I и во продолжение од 4900-4500-LN II (Kotsos and Urem-Kotsou 2006). Истите автори подоцна ја надополнуваат периодизацијата со новите апсолутни датации и го датираат Макриалос во периодот од 5670-4770 год., односно од крајот на средниот, па сè до крајот на доцниот неолит (Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Со идентични датации се и дел од останатите истражувачи кои го позиционираат почетокот на I фаза од населбата околу 5450 год., со интензивен развој до крајот на LN I, околу 4900 год. Втората II фаза започнува околу 4900 год. и завршува некаде после 4600 год., (Maniatis and Pappa 2020). Пред вливот на Халијакмон во Егејското Море се наоѓа локалитетот Палиамбела кој според стратиграфијата и релативната хронологија има исто така долготраен развој почнувајќи од средниот неолит, со интензивен развој низ целиот доцен неолит (MN, LN I-II, FN) (Urem-Kotsou and Kotsos 2020). Врз основа на стратиграфијата, големината и хронолошкиот континуитет на дел од овие овие населби во доцниот неолит, можеме лесно да заклучиме дека се работи за големи културно-економски центри кои го контролирале морскиот пат и дел од западниот брег на Егејското Море кај Пиериа и долен Халијакмон. Имајќи го предвид фактот што централниот дел од Солунско Поле било мочурлива површина и најверојатно не била воопшто населена во неолитскиот период, не е тешко да се заклучи дека овие неколку населби од западното и источното крајбрежје го контролирале морскиот пат кон

внатрешната територија по течението на Вардар и Халијакмон, издигнувајќи се до ниво на вистински културни и економски центри.

Токму течението на Халијакмон, односно западниот дел на Егејска Македонија е следната географска регија која ќе биде обработена овде. Блискоста со Тесалија на југ и поврзаноста со егејското крајбрежје кон исток, силно влијаеле врз креирањето на општата хронолошка и културна слика кај доцнонеолитските заедници овде. На пошироката територија на средното течение на Халијакмон, кај областите Сервиа и Китрини Лимини, во доцниот неолит ќе се појават поголем број на нови населби и население. Најпозната и најдобро истражена населба од Китрини Лимини обласа е населбата Мегало Ниси Галианис. Со истражувањата на овој локалитет дефинирани се две развојни фази, односно доцен неолит (LN) и финален неолит (FN). Првата фаза е датирана во периодот од околу 5200-4950 год., додека пак финалниот неолит е датиран околу 4700-4450 год. (Andreou et. al. 2001). Покрај апсолутните радиокарбон датации за овој локалитет, за хронолошката припадност сведочи и керамичкиот материјал врз основа на кој е направена поделба на културно-хронолошкиот развој. Првата фаза од доцниот неолит е дефинирана со црно печената керамика, додека пак втората со појавата на black topped керамиката (Fotiadis et. al. 2000). На доцниот неолит припаѓаат и населбите Клеитос, како и Тумба Кремастис Коиладас која е датирана со апсолутни датуми околу 5340-4930 год., но со продолжување на животот на населбата до почетокот на финалниот неолит (Chondroyianni-Metoki 2020; Silva et. al. 2020; Urem-Kotsou and Kotsos 2020). На територијата на Гревена кон запад се наоѓаат населбите Кремастос Книди кој се развивал во текот на раниот и доцниот неолит (EN-LN) и Матсука Рачи Книди, локалитет каде се документирани хоризонти од раниот, средниот и доцниот неолит (Mitsakos 2020).

По горното течение на Халијакмон се наоѓаат областите Орестида и Костурското Езеро, региони сместени на границата помеѓу зона 3 и зона 6. Овие населби ќе бидат обработени овде, но делумно ќе бидат спомнати и во поглавјето за зона 6. Овде најпрво ќе се задржиме на локалитетот Авги кој се наоѓа југозападно од Костурското Езеро, сместен на еден повисок рид. Врз основа на 19 датирани примероци, неолитскиот период овде е поделен во три развојни фази. Првата фаза (I) го опфаќа крајот на средниот и почетокот на доцниот неолит (5700-5200/5100). На неа се надоврзува фаза II која е датирана во периодот од 5200/5100 до 4900 год. Следната III фаза е значително поширока покривајќи ги останатите векови во периодот од 4900-4500/4300 год., односно

крајот на неолитот и почетокот на финалниот неолит (Stratouli and Kloukinas 2020). На самото Костурско Езеро се наоѓа вториот значаен локалитет Диспилио, каде се документирани три последователни фази во периодот од крајот на средниот, па сè до крајот на финалниот неолит, околу (5300-3000) (Touloumis and Hourmouziadi 2003; Papaioannou 2022). Врз основа на 24 датирани примероци, од кои 21 се од јаглен и 3 примероци од дрво, направен е детален преглед на хронолошкиот развој на населбата во средниот и доцниот неолит. Апсолутните, калибрирани датуми добиени од анализата на тие примероци покажуваат дека почетокот на оваа населба може да се смести околу 5355±125 год. и има континуитет на живот сè до периодот околу 3644±118 год. (Facorellis et. al. 2014).

*Хронолошки фази*

Како што можеме да видиме од сите презентирани апсолутни датуми овде, доцниот неолит на оваа територија се развива интензивно во периодот од 5500/5400-4700-4500 год. Иако низ следните векови според периодизацијата во Грчката археологија се развива финалниот неолит, оваа фаза е надвор од целите и рамките на овој труд поради тоа што се работи за една развиена енеолитска фаза според периодизацијата на Балканот. Тоа значи дека хронолошката рамка која е цел на овој труд ја опфаќа втората половина на 6 мил. и првата половина на 5 мил., што според периодизацијата за доцниот неолит во Грција би значело доцен неолит I (LN-I)-5500/5400-5000/4900 год. и доцен неолит II (LN-II)-4900-4700/4500 год. (сл. 4, 5, 6; таб. 1) Овде накратко ќе бидат обработени овие развојни фази со цел да го проследиме хронолошкиот редослед на локалитетите и нивниот континуитет.

*Фаза I (LN-I)*

Првата доцнонеолитска фаза е синхронизирана со фаза I и II од доцниот неолит по течението на Струма и го опфаќа периодот од 5500/5400-5000/4900 год. Како што може да се види од слика 4, 6 и табела 1 се работи за една подолга фаза во која дошло до голем пораст на населението и бројот на населби, особено по долното течение на Струма. Почнувајќи од источните делови на зона 3, во оваа фаза спаѓаат населбите Ситагрои I-II, Димитра I-III, Дикили Таш I-II, Промахон-Тополница I-II, Крионери, Агиа Лидиа, Платома и др. (Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Boyadziev 2007; Vajsov 2007; Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007; Darcque et. al. 2007; Grebska-Kulow 2011; 2017; Mamaidou 2016).

Кон запад следниот локалитет од оваа фаза е Загливери, кој се наоѓа на јужниот крај од Лангадашката регија. Во близина на морскиот брег, од источната страна ќе се развијат неколку населби кои својот почеток го имаат во оваа I фаза, а како најзначајни се јавуваат Ставрополи Ia-b, Терми и Василика C (Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou and Kotsos 2020). На северниот крај од Солунското Поле се наоѓаат населбите Сосандра Аридаиа и Јаница, исто така датирани во оваа фаза. На западниот брег од Егејското Море, во Пиериа и по долното течение на Халијакмон се наоѓаат населбите Макриалос и Палиамбела кои со своите први фази припаѓаат овде, како и локалитетот Агиос Николас Ритини (Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou and Kotsos 2020).

По течението на Халијакмон, особено по средното течение кај Китрини Лимини и Сервиа, во доцниот неолит ќе дојде до зголемување на бројот на населби. Подетални податоци за материјалната култура и хронолошката припадност имаме од неколку населби меѓу кои за нас најважна е Мегало Ниси Галанис, каде се документирани остатоци од оваа фаза. Со идентична датација најверојатно се локалитетите Клеитос, Тумба Крематсис Кремиадас, како и локалитетите Кремастос Книди и Матсука Рачи Книди од запад, населби кои имаат само еден слој од доцниот неолит (Andreou et. al. 2001; Urem-Kotsou and Kotsos 2020; Silva et. al. 2020; Mitsakos 2020). Кон север, по горното течение на Халијакмон како што веќе кажавме се наоѓаат Авги и Дисполио, две исклучително значајни населби кои се развиваат интензивно низ целиот доцен неолит.

*Фаза II (LN-II)*

Следната фаза од доцниот неолит LN-II хронолошки е сместена во периодот од околу 5000/4900-4700/4500 год. и ќе биде главна цел на истражувањата во овој труд. На табела 1 и 2 можеме да забележиме дека во оваа фаза доаѓа до намалување на бројот на населбите, со тоа што треба да нагласиме дека доминираат населбите кои имаат континуитет од претходната фаза LN-I. Фактот што се намалува бројот на населби доволно речито ни говори за намалувањето и на популацијата, што води кон заклучокот дека по бранот на населување во втората половина на 6 мил. или LN-I, доаѓа до извесна стабилизација во период од околу 500 год. Некаде во втората четвртина на 5 мил. овде ќе дојде до постепено намалување на населбите, тенденција која ќе кулминира кон крајот на финалниоит неолит (сл. 6; 7; таб. 1; 2). Почнувајќи од источниот дел на зона 3, континуитетот на живот од претходната фаза продолжува кај Ситагрои, Димитра,

Дикили Таш, Промахон-Тополница и други населби кај кои доминира Акропотамос-Тополница културата. Кон крајот на оваа фаза овде се формира културниот комплекс Дикили Таш-Слатино-Градешница, кој се карактеризира со доминација на графитното сликање и врежувањата од тип Марица и Градешница. Кон запад, по долното течение на Вардар, животот продолжил на локалитетите Василика и Ставрополи II, а се појавува и населбата Коронеиа. Од спротивната страна на Солунско Поле кон северо-запад, локалитетот Јаница поминува низ својата фаза В. Во оваа фаза најверојатно биле населени и населбите Мандало и Полиплатанос Иматиа. На територијата на Пиериа населбите Макриалос и Палиамбела со своите втори фази исто така поминуваат низ овој период. Населбата Палиамбела својот крај го има во следниот период на финалниот неолит, додека пак животот на Макриалос завршува во оваа фаза. На територијата по течението на Халијакмон животот продолжил и на локалитетот Мегало Ниси Галанис, населба која завршува кон крајот на доцниот неолит.




Слика 7-Развојот на праисторискиот населбински систем во Тесалија (Weninger et. al. 2009)

На крајот останува да забележиме дека во втората половина на 6 мил., особено во последните 2-3 векови, на територијата на зона 3 е забележано драстично зголемување на бројот на населбите. Дали оваа ситуација е резултат на доселување на ново население од Анадолија, или раздвижувања на населението од територијата на Централниот Балкан за нас овде не е многу важно. Што се однесува пак до хронолошкиот развој на населбите, може да се забележи дека доцниот неолит на оваа територија се развива во период од околу 1000 год., покривајќи ги втората половина на 6 мил. и првата половина на 5 мил. Поделбата на доцниот неолит овде на две развојни фази оди во прилог на предлог периодизацијата која ќе биде направена на крајот од овој пасус, кога и локалитетите од останатите региони ќе бидат синхронизирани со оние од зона 3. Материјалната култура од населбите покажува различен развој во текот на доцниот неолит, како и во раниот енеолит, време кога најверојатно вардарскиот речен слив ќе се најде како една гранична зона помеѓу заедниците од источниот дел (со графитно сликање) и заедницииите од западниот дел на зона 3 (без графитно сликање). Оваа проблематика ќе биде подетално обработена подолу во едно од следните поглавја, но сепак овој податок многу добро ни говори за различната културна определба на заедниците од овие региони кон крајот на неолитскиот период.

***Зона 4***

Населбите од зона 4 во текот на средниот неолит покажуваат еден интересен и специфичен развој, со свои локални карактеристики. На оваа територија, особено во Скопската Котлина на преминот од 7 во 6 мил. ќе дојде до развој и унифицираност на средненеолитската култура Анзабегово-Вршник II-IV, каде што во последната IV фаза доаѓа до постојан пораст на црно печените садови, кои ќе кулминираат во следниот период на доцниот неолит. Населбите од оваа географска зона се развиваат под силни влијанија од Винчанската култура од север, следејќи го и хронолошкиот развој на оваа култура, нејзиниот крај и појавата на БСК културниот комплекс (Milanović et. al. 2023) (сл. 8). Во мојот магистерски труд доцниот неолит на оваа територија беше поделен на две развојни хронолошки фази (Синадиновски 2019). Таквата ситуација овде ќе биде надополнета и со трета фаза која најверојатно можеме да ја издвоиме кај локалитетите Цоцев Камен 1, Тумба-Брвеница, Бојковци, Доње Врање и др. (таб. 1). Издвојувањето на оваа предлог-фаза овде ќе биде поткрепено со дел од материјалната култура од овие локалитети, односно преку релативната хронологија, без попрецизни апсолутни датуми. Поради тоа, овде би сакале да нагласиме дека со идните истражувања на доцнонеолитски

локалитети оваа фаза би можела да претрпи делумни, па дури и целосни измени, во зависност од развојот и резултатите од истражувањата.

*Фаза I (LN-I)*

Првата фаза, односно почетокот на доцниот неолит би можеле да го сместиме паралелно со крајот на животот кај некои среднонеолитски населби, како дел од Анзабегово-Вршник IV фазата. Кон крајот на средниот започнува постепена доминација на црната керамика, која во следниот период ќе биде главен производ на заедниците од оваа територија, во рамки на т.н. монохромен слој, кој се среќава на целата територија. Оваа фаза е подобро документирана кај населбите од Овче Поле, каде се издвојуваат Вршник, Руг Баир, Цоцев Камен, како и Анзабегово со последната среднонеолитска фаза (Гарашанин, Гарашанин 1959, 1961; Санев 1975; Gimbutas 1976; Garašanin 1979; Гарашанин 2009а; Синадиновски и др. 2021). Кај овие населби е забележано дека кон крајот на среднонеолитските фази доаѓа до појава на нова технологија, проследена со нови форми и орнаменти. Овие новости биле донесени од населбите од север, од Винчанската култура, влијанија кои јасно се забележуваат и кај населбите по течението на Струма.

Синхронизирајќи ја оваа фаза од зона 4 со соседните населби и културни групи, хронолошки би можеле да ја позиционираме во периодот од 5500-5300/5200 год., што се поклопува со датумите добиени за локалитетот Анзабегово, каде што доцниот неолит е смсестен во периодот од 5200-5000 год. (Gimbutas 1976a). Во исто време и кај населбите од Тесалија се појавуваат доцнонеолитски населби како дел од Лариса-Тсангли фазата (Reingruber et. al. 2017), а како што видовме погоре и кај населбите од зона 3 во тоа време доаѓа до формирање на првите слоеви од доцниот неолит (LN-I). Според тоа, оваа фаза можеме да ја дефинираме како преодна фаза од среден кон доцен неолит, време во кое постепено се појавуваат првите новини во керамиката, кои ќе кулминираат во следната, развиена фаза на доцниот неолит.



Слика 8-Периодизациски системи на Винчанската култура (Whittle et. al. 2016. fig. 2)

*Фаза II (LN-II)*

Под силно културно и економско влијание од соседните области и култури, особено од север и исток, веќе во следната фаза од доцниот неолит на овие простори ќе дојде до целосно прифаќање на новите технолошки и културни вредности, кои го обележуваат доцниот неолит во неговиот полн развој. Појавата на новата материјална култура со црно печена керамика е документирано кај голем број на населби од доцниот неолит, каде може да се издвои еден „монохромен“ хоризонт. Овој културен хоризонт се појавува на територијата на зона 4 како новонастаната појава врз постарите неолитски слоеви со црно сликана керамика. На фаза II припаѓаат неколку локалитети кои ни се познати од ископувања или рекогносцирања, меѓу кои за издвојување се: Церје (Bilbia 1986), Слатина-Зелениково (Гарашанин, Спасовска 1976; Garašanin 1979), Сред Село (Санев 1989), Тумба-Долно Палчиште (Саржовски, Здравковски 1991), Под Село-Стенче (Здравковски 2005) и Тумба-Брвеница (Abazi, Tolevski 2017). Најверојатно кон крајот на оваа фаза може да се смести и населбата Млака-Шупли Камен која може да се поврзе со населбите од северниот дел од зона 4, каде се наоѓаат неколку локалитети кои беа ископувани при изградбата на автопатот Е-75 во Србија. Поради тоа што хронологијата на локалитетите од оваа регија се изведени најчесто врз основа на подвижните наоди,

односно релативната хронологија, овде локалитетите ќе бидат поделени на рана Винчанска култура (Винча-Тордош) и доцна Винча (Винча-Плочник) (сл. 8).[15] Досега се пронајдени шест населби од раната Винчанска фаза и тие ќе бидат обработени овде како дел од фаза II. Во атарот на село Павловац се регистрирани три локалитети од доцниот неолит, од кои Гумниште и Чукар се сместени во раната Винча. Два локалитети потекнуваат од Врање, а тоа се Рашина Окучница и Доње Врање. Во оваа фаза, сместени во планинските предели западно од Врање, спаѓаат и локалитетите Семенско Дрво и Големе Ливаде (Булатовић 2007; Капуран и др. 2016; Vuković et. al. 2016; Перић и др. 2016; Милановић 2016). Од оваа фаза имаме апсолутни датуми од Анзабегово и Доње Врање, кои се датирани во периодот од околу 5200-5000 год. (Gimbutas 1976a; Капуран и др. 2016).

За жал слоевите од доцниот неолит кај населбите од зона 4 се доста често уништени од модерната механизација при обработката на земјата, поради тоа сакаме да напоменеме дека предложените датации за оваа фаза се изведени врз основа на релативната хронологија, така што во иднина оваа хронолошка фаза, нејзиниот развој и крај би требало да бидат надополнети со нови истражувања и датирања на археолошките слоеви. До тогаш, базирајки се на досегашните податоци за доцниот неолит, сметаме дека сосема е оправдано хронолошки оваа фаза да биде сместена во периодот од 5300/5200 до 5000 год. Крајот на втората фаза од зона 4 би можеле најдобро да го синхронизираме со Балгарчево III фазата каде е пронајден идентичен керамички материјал, за што ќе стане збор подетално во следните поглавја. По завршувањето на оваа фаза, голем број на населби се напуштени и настапува голема економска криза која се одразила и на демографијата, населбинскиот систем и материјалната култура. Во тоа време ќе дојде до појава на мали планински населби кои најчесто се позиционирани на ридести возвишенија. Следната развојна III фаза од доцниот неолит, овде ќе биде обработена врз основа на резултатите од неодамнешните ископувања на неколку населби, кои значително ја пополнија празнината за првите 2-3 века од 5 мил. на овој дел од Балканот.

*Фаза III (LN-III)*

Оваа фаза ќе биде подетално обработена во поглавјето за предлог периодизацијата на доцниот неолит, така што овде само накратко ќе биде направен еден

[15] За хронологијата на овие населби види: *Милановић 2016, 215, сл. 139*

вовед во културната и хронолошка припадност на локалитетите кои биле датирани во Градачката и Плочничката фаза од Винчанската култура, која може да се следи на територијата на Винчанската култура (Milanović et. al. 2023). Иако немаме ниту еден апсолутен датум за оваа фаза, сепак врз основа на материјалната култура пронајдена на локалитетите, тие биле сместени хронолошки после Винча-Тордош II фазата, односно на почетокот на 5 мил. Овде може да се вбројат населбите Цоцев Камен 1, Бојковци (Tolevski 2022), Гумниште (Перић и др. 2016), Два Брата (Булатовић 2007), Ковачке Њиве (Vuković et. al. 2016) и Тумба- Брвеница (Abazi, Tolevski 2017). Во следните поглавја овие локалитети ќе бидат подетално обработени, сè со цел да можеме подобро да ја аргументираме нивната хронолошка интерпретација.

***Зона 5***

По завршувањето на Велушина-Породин културната група во Пелагонија околу средината на 6 мил., ќе дојде до драстични општествено-економски промени, напуштање на голем дел од населбите, големи промени во материјалната и духовната култура итн. По завршувањето на средниот неолит, овде ќе настапи една вистинска демографска криза, обележана со речиси целосен хијатус на населување во текот на втората половина на 6 мил. Доцниот неолит во Пелагонија може да се подели на три развојни фази I-III, коишто хронолошки припаѓаат на времето од околу 5500-4500 год. следејќи ја хронолошката рамка за локалитетите од зона 3 (сл. 9; таб. 1). Во мојот магистерски труд доцнонеолитските фази беа класифицирани како: фаза I; Фаза IIa-b, овде ќе биде извршена мала корекција во нумерирањето на фаза II, која ќе биде поделена на фаза II (IIa) и фаза III (IIb). Таквиот пристап ќе биде примент за да се поедностави синхронизацијата на населбите, како и да се задржи пристапот кон издвојувањето за развојните фази од соседните региони.

*Фаза I*

Во оваа фаза од доцниот неолит може да се сместат локалитетите Чука-Тополчани, Могила I, Могила II и Радин Дол. Керамичкиот материјал од овие населби е сосема поинакот од среднонеолитскиот, со доминација на керамиката со црна или темна боја, монохромна, без орнаменти или дополнителна обработка на површината. (Китаноски 1977; Симоска и др. 1979; Китаноски и др. 1987; Тодоровиќ и др. 1987). Врз основа на релативната хронологија за овие населби, односно за оваа фаза, можеме да направиме синхронизација со населбите од зона 3, како и со тие од Тесалија, односно

Цангли-Лариса културата (сл. 4, 9; таб. 1) (Pappa, Besios 1999; Facorellis, Coleman 2012; Reingruber et al. 2017). Доколку ја синхронизираме оваа фаза со соседните населби и ја спoредиме со апсолутните датуми за некои локалитети тогаш фаза I од зона 5 ќе можеме да ја позиционираме пошироко во втората половина на 6 мил. Таквата хронолошка определба до некаде се поклопува и со еден датиран примерок од првиот хоризонт од Могила кој покажува поширок временски интервал од 5391-4683 год. (Наумов 2016).

| Год. п.н.е. | Пелагонија | | Тесалија | |
|---|---|---|---|---|
| 5980-5750 | Велушина-Породин I-II | Ран/Среден неолит | Ахилеон IVa, Теопетра, Платиа М. Зарку, Сикеон | MN I |
| 5750-5600 | Велушина-Породин II-III | Среден неолит | Сескло, Теопетра, Аг. Петрос | MN II |
| 5600-5500 | Велушина-Породин IV | Среден неолит | Ахилеон IVb, Сескло, Теопетра | MN III |
| 5500-5200 | Радин Дол, Чука, Могила I, Могила II | Доцен неолит Фаза I | Теопетра, Макрихори, Продромос М. Аг. Иоанис, Тсангли-Лариса | LN I (early) |
| 5200-4700 | Кутлине I, Мала Тумба, Могила I, Устие на Дрим Црквени Ливади, Комарчани и др. | Доцен неолит Фаза II | Теопетра, Макрихори | LN I (late) |
| | | | Мандра | LN II (early) |
| 4700-4500 | Кутлине II, Могила II, Али Чаир, Голема Тумба | Доцен неолит Фаза III | Рахмани, Продромос М. Аг. Иоанис, Василис, Певкакиа М. | LN II (late) |

Слика 9-Синхронизација на доцниот неолит од Пелагонија и Тесалија (Синадиновски 2019)

*Фаза II*

Оваа развојна фаза врз основа на досегашните сознанија за хронолошката припадност и синхронизациите со соседните групи, може да се смести во периодот од околу 5000-4800/4700 год. Досега ни се познати неколку локалитети кај кои се регистрирани доцнонеолитски слоеви од фаза II, а како најзначаен се издвојува Мала Тумба кај с. Трн, за кој се врзуваат првите сознанија за доцниот неолит во Пелагонија. Тука треба да се нагласи фактот што најголем дел од истражувачите се сложни околу културната и хронолошка припадност на локалитетот, изведена врз основа на материјалната култура. Доколку се разгледаат синхронизациите на овој локалитет, може да се забележи дека според повеќе автори тој припаѓа на Винча-Тордош II, најверојатно кон крајот на оваа фаза (Benac 1979; Garašanin 1979; Перић 1995; Митревски 2013; Милекић 2015). Еден од позначајните локалитети од оваа регија е Кутлине кај с. Ракле каде што се регистрирани два културни хоризонти, од коишто постариот се врзува за Винча-Тордош II или Зелениково 2 културата (Темелкоски, Миткоски 2008). Со идентична датација е населбата Могила кај с. Сенокос, каде што постариот слој е синхронизиран со Кутлине (Темелкоски, Миткоски 2006).

Имајќи ги предвид овие датации, фазата II од Пелагонија може да се синхронизира со крајот на фаза I и почетокот на II фаза од доцниот неолит во зона 3 каде доминира црно печената керамика, како и со последната фаза III кај населбите од зона 1 и зона 4. Што се однесува пак до синхронизацијата со Винчанската култура на север, оваа фаза би можела да се синхронизира со Градачката и Винча-Плочник I фазите.

*Фаза III (LN III)*

Последната фаза која е главна цел на овој труд го претставува самиот крај на неолитскиот период во Пелагонија. Веќе погоре беше напоменато дека кај неколку населби се откриени два слоја од коишто помладиот припаѓа овде. Најпрво би ја обработиле населбата Кутлине, каде што помладиот хоризонт е синхронизиран со Винча-Плочник II, а со идентична датација се и помладите хоризонти од Могила-Сенокос, Али Чаир, како и Градиште кај с. Дебрешта (Темелковски Миткоски 2006; 2008; Mitkoski 2017). Доколку ги синхронизираме овие населби со апсолутните датуми добиени за Винчанската култура, оваа фаза би можеле да ја сместиме во периодот околу 4700-4500 год. (Tasić et. al. 2016; Whittle et. al. 2016). Датирањето на два примерока од една куќа од Голема Тумба, спаѓаа во времето околу 4500 год., што одговара на Винча-Плочник II фазата, позиционирајќи ги последните неолитски фази во Пелагонија околу средината на 5 мил. (Наумов 2016). Втората населба која според истражувачите била подигната на самиот крај на неолитот е Радоборска Тумба, која се јавува како дел од преодниот период кон енеолитот (Тодоровиќ и др. 1987).

Хронолошки оваа фаза би требало да се смести во времето од околу 4800/4700-4500 год. Во тоа време на територијата на зона 1 и зона 4 веќе доаѓа до појава на нови раноенеолитски појави, најдобро забележани преку керамичкиот материјал и култните предмети, за што ќе стане збор подолу.

***Зона 6***

Доцниот неолит на територијата на зона 6 се развива во едни специфични природни услови, карактеристични за овој езерски регион. Се работи за интересна целина во која спаѓаат Преспанското, Охридското, Корчанското Езеро, како и Костурското Езеро кон исток, во граничниот дел со зона 3. Развивајќи се континуирано во текот на раниот и средниот неолит, заедниците од овие предели ќе оформат добра комуникациска мрежа преку која комуницирале со соседните заедници од јадранскиот брег, како и со Халијакмон и Тесалија од запад/југозапад. Тие влијанија многу добро се забележани во материјалната култура, пред сè во керамиката и сликањето на садовите,

документирано кај населбите од западниот дел на зона 3. Врз основа на развојот на кермаичката продукција се направени и хронолошките системи кои се базираат главно на релативната хронологија, со недоволно прецизни апсолутни датуми.

*Хронолошки преглед*

Доцниот неолит во оваа регија ја следи хронологијата на населбите од зона 4, каде што средниот неолит трае малку подолго, односно до околу 5400/5300 год. Кај голем број на доцнонеолитски населби е забележан континуитет од средниот неолит, задржувајќи ја позицијата на населување и во текот на доцниот неолит (сл. 10). Во Корчанскиот дел се издвојуваат локалитетите: Малиќ, Дершник, Подгори, Барч и Каламас. Постарата фаза од населбата Каламас е датирана во периодот од 5400-5200 год., додека пак доцнонеолитската е датирана во периодот од 4800-4500 год. На истиот период припаѓаат и двете фази кај Малиќ, Ia со црно сликана керамика, како и Ib фазата во која доминира монохромната црно печена керамика декорирана со врежувања. Врз основа на синхронизацијата на керамичкиот материјал со соседните населби, посигурни паралели се пронајдени со Дершник, Барч II и Буримас. Од соседните региони пак, доцнот неолит од Малиќ е поврзан со пештерата Конispол и Камник II од запад, како и со Димини фазата од Тесалија (Prendi 2018; Elezi 2022; Ruka and Galaty 2022). Во истата хронолошка рамка спаѓаат и останатите локалитети за кои имаме податоци, а од нив се издвојува населбата Подгори каде се документирани повеќе развојни фази во текот на неолитот, почнувајќи од раниот неолит, среден неолит, доцен неолит и понатаму во енеолитот и бронзеното време. Овој локалитет заедно со Каламас, Авги и Диспилио се клучни населби за проучувањето на целокупниот развој на последните фази од неолитот на овие простори. Кај локалитетот Авги се регистрирани три развојни фази-Авги I (5700-5200/5100); Авги II (5200/5100-4900) и Авги III (4900-4500/4300) (Stratouli and Kloukinas 2020). Три фази во текот на неолитот се регистрирани и кај Диспилио, од кои најстарата кон крајот на средниот неолит, а помладите две низ доцниот неолит, продолжувајќи го животот и понатаму низ финалниот неолит (5300-3000) (Touloumis and Hourmouziadi 2003; Papaioannou 2022). Паралелно со доцнонеолитските хоризонти од овие населби, во текот на првата половина на 6 мил. опстојувале и населбите Дершник и Барч, каде се регистрирани две развојни фази од доцниот неолит, а кон крајот на доцниот неолит е датирана и населбата Буриму (Elezi 2020; Elezi 2020a).

Од другата страна на големите езера кон север, се среќаваат неколку доцнонеолитски локалитети, меѓу кои се издвојува Устие на Дрим кај Струга, населба во којашто според некои автори се забележани две културни компоненти, јадранската и винчаската. Овој локалитет е синхронизиран со Бутмир II-Хвар II (Benac 1979). Истото се однесува и на населбата Црквени Ливади којашто според некои автори припаѓа на крајот на неолитскиот период (Митревски 2013; Санев 1994). Со идентична хронологија е и населбата Пенелопа кај денешен Охрид која се поврзува со Устие на Дрим и Цакран културата од југозапад, како и Винча-Плочник I од север (Кузман 2017а). Единствен локалитет со апсолутни датуми од оваа регија е Плоча-Миќов Град кој припаѓа на самиот крај на неолитот, односно околу 4500 год. (Hafner et. al. 2021)

| Site | Early Neolithic | Middle Neolithic | Late Neolithic | Eneolithic | Bronze Age |
|---|---|---|---|---|---|
| Vlushë | ● | | | | |
| Vashtëmi | ● ● ● | | | | |
| Burimas | | | ● | ● | |
| Dersnik | | | ● ● | | |
| Barç | ● | | ● ● | | ● |
| Podgorie | ● ● ● ● ● ● ● | ● | ● | ● | ● |
| Kamnik | | | ● | ● ● ● | |
| Maliq | | | ● ● | ● ● | ● |
| Tren | | ● | | ● | ● |
| Dunavec | | ● ● ● ● ● | | | |
| Sovjan | ● | ● | | | ● |
| Burim | ● | | | | |
| Gradec | | | | ● ● | |
| Dajç | | | | ● | |
| Topojan | | ● | | | |
| Kolsh | ● ● | ● | ● | | |
| Blaz | ● ● | ● | | | ● |
| Nezir | ● | ● | | | ● |
| Cetush | ● | ● | | ● | ● |
| Bënjë | | | | ● | ● |
| Velçë | | | ● | | |
| Cakran | | ● ● | | | |
| Konispol | ● | ● | ● | ● | |
| Katundas | ● | ● | ● | ● | ● |
| Rajcë | ● | ● | | | |

● Habitation Phase

Слика 10-Развојните етапи на неолитските населби од зона 6 (Elezi 2020, fig. 3.5)

*Хронолошки фази*

Доколку ги разгледаме овие предложени датации за овие локалитети од зона 6, можеме да забележиме дека речиси сите населби се развиваат во периодот од 5300/5200 до 4600/4500 год. Таквиот долг развој е доста генерализиран, поради тоа, а врз основа на некои апсолутни датуми кои беа презентирани, овде ќе биде направен обид за хронолошка поделба доцниот неолит на две развојни фази, со единствена цел за подобра синхронизација со останатите региони и култури. Почетокот на доцниот неолит кај населбите од оваа зона можеме да го позиционираме во периодот околу 5400/5300 год., понатаму развивајќи се низ две развојни фази: *фаза I*-5300-4900 год. и *фаза II*-4900-4500 год. (сл. 10; таб. 1)

*Фаза I (LN I)*

Оваа фаза, која може да се смести во периодот од околу 5300-4900 год., е добро документирана кај неколку локалитети, меѓу кои се издвојува Малиќ Ia фазата за која е карактеристично црното сликање на садовите. Со два културни слоеви од доцниот неолит се и локалитетите Дершник и Барч кои со постарите хоризонти најверојатно спаѓаат во оваа фаза, како и Подгори кој има континуитет и низ следните фази. Овде припаѓаат и локалитетите Авги и Диспилио за кои веќе стана збор претходно, а овде би требало да се позиционира и населбата Дуневац која е синхронизирана со LN-I во Тесалија, односно Цангли фазата.

*Фаза II (LN II)*

Фаза II го опфаќа времето од околу 4900-4500 год., односно се јавува како континуитет од претходната фаза, добро документиран кај повеќето локалитети. Како основен белег за оваа фаза кај Малиќ Ib е земена појавата на црно печената керамика и одредени карактеристични орнаменти со врежувања и пунктирања на разни мотиви и комбинации. Тука спаѓаат и населбите Авги III, Каламас I-II и Диспилио кои се потврдени и со апсолутни датуми. Интересна е ситуацијата со Каламас каде што по завршувањето на среднонеолитската фаза се јавува хијатус во првата фаза од доцниот неолит, за подоцна во втората да дојде до интензивен развој низ две етапи. Имајќи го тоа предвид, како и стратиграфскиот однос со останатите локалитети, овде би можеле да ги сместиме и локалитетите Подгори, Дершник, Барч II и Буримас, населби кои спаѓаат во транзициониот период кон енеолитот.

Населбите северно од Охридското Езеро според релативната хронологија најверојатно исто така спаѓаат во оваа фаза, а за локалитетот Плоча-Миќов Град оваа хронолошка определба е потврдена и со апсолутни датации. Кон оваа фаза најверојатно треба да се вбројат и населбите Устие на Дрим и Црквени Ливади од Струшкиот крај, како и Пенелопа и Плоча-Миќов Град од Охридско. Таквата хронолошка определба на овие населби се вклопува и во синхронизацијата со населбите од Пелагонија, односно зона 5.

### 2.2. Обид за хронолошка синхронизација на населбите од Централен Балкан

Како што нагласивме уште во воведниот дел на ова поглавје, хронологијата, односно хронолошките фази се од клучно значење за изработка на соодветна периодизација за одредена праисториска фаза. Во претходниот текст беа обработени дел од доцнонеолитските локалитети од оваа територија, и како што можеме да забележиме, се работи за една доста комплицирана ситуација предизвикана од повеќе фактори. Најпрво голем проблем претставува различниот степен на истраженост на локалитетите и нивната хронолошка интерпретација. Овде пред сè се мисли на малиот број ископувани локалитети со прецизна стратиграфија и сочувани контексти. Втор проблем претставува деструкцијата на доцнонеолитските слоеви, кои се наоѓаат најчесто под самата површина на теренот, и многу често се уништени од модерната механизација. Како трет проблем би можел да се земе географската распространетост на територијата која овде се обработува, а која денес припаѓа дури на пет модерни држави, каде што археолозите имале различни услови и принципи на истражување, отежнувајќи ја дополнително можноста за соодветна синхронизација на неолитските фази. Таквата ситуација резултирала со изработка на различни периодизации и развојни фази на неолитот воопшто, како и различна терминологија која е користена при истражувањата на неолитските локалитети.

Овде исто така треба да се нагласи и прашањето за методологијата преку која биле датирани локалитетите, односно релативната и апсолутната хронологија. Голем дел од денешните хронолошки системи за доцниот неолит биле изработени уште во средината на минатиот век и тие се базираат генерално врз релативната хронологија. Периодизацијата изработена со овој метод се покажува доста прецизна и во поново време, со јасно издвоени фази, синхронизирани со населбите од подалечните култури. Без попрецизни датации тие културни фази „пливале“ во времето, со непознати податоци за нивните вистински години, односно за апсолутните датуми. Во втората

половина на 20-тиот век веќе се јавуваат локалитети со прецизно датирани слоеви и развојни фази. Во последните 2-3 децении на територијата на Балканот се датирани голем број на населби од оваа територија, врз основа на кои денеска можеме да се осмелиме да направиме еден обид за меѓусебно синхронизирање и изработка на единствен хронолошки систем. Таквиот пристап ќе биде направен единствено преку синхронизација, односно со споредба на достапните податоци за релативната и апсолутната хронологија, со што се надеваме дека ќе успееме попрецизно да го дефинираме почетокот на доцниот неолит, неговиот развој, и неговиот крај, што е главна цел на овој труд.

Предиодизацијата која ќе биде предложена овде беше направена откако беа обработени и останатите поглавја за населбинскиот систем, архитектурата и керамичкот материјал, сѐ со цел да можеме подобро да ги запознаеме и тие важни аспекти од животот на човекот.[16] Врз основа на тие истражувања овде ќе биде предложен еден хронолошки систем во кој ќе се обидеме да ги позиционираме развојни фази на доцниот неолит. Имајќи ги предвид сите аспекти поврзани со *појавата, развојот* и *крајот* на доцниот неолит овде во периодот од 5500 до 4500 год., ние овде се одлучивме на дводелна поделба на доцниот неолит, дефинирани како **ФАЗА I (5500-5000/4900)** и **ФАЗА II (5000/4900-4500)** (таб. 1-предлог периодизација) Понатамошната побелба на фаза I на две под фази- фаза Ia и фаза Ib, како и на фаза II на подфазите IIa и IIb, беше условена од културниот и хронолошки развој кај заедниците од оваа територија, кои веќе беа обработени претходно. Кај сите региони се забележани извесни промени во материјалната култура и населбинскиот систем, промени кои можеме да ги следиме токму преку тие подфази (сл. 11).

[16] Во продолжение излагањето ќе биде во форма на *заклучок* во кој ќе се елаборираат предложените фази, за чијашто цел беше користена библиографијата која беше употребена и при презентацијата на хронолошките фази од сите зони претхдно




Слика 11. Ширење и распространетост на керамиката од доцниот неолит (црна боја-црно печена керамика; црвена боја-црно сликање врз црвена основа; сива боја-графитно сликање). 1-Винчанска култура и Косовска варијанта; 2-Акропотамос-Тополница; 3-влијанија од Димини културата; 4-Димини култура воТесалија; 5-Цакран култура; 6-Графитно сликање.

***Појавата*** на доцниот неолит овде ќе биде датирана во периодот на **фаза Ia-5500-5250 год.**, ***развојот*** на доцнонеолитските култури како целосно дефинирани појави ќе биде позициониран во текот на **фаза Ib-5250-5000 год.** и првата половина на **фаза II**, односно **фаза IIa-5000-4750 год.**, додека пак ***крајот*** на неолитот ќе можеме да го сместиме околу **4500 год.**, односно **фаза IIb-4750-4500 год**.

Овој пристап се покажа како најпрактичен за синхронизирање и делумно објаснување на тие комплексни културно-историски и социо-економски промени кои ги доживеало населението кон крајот на неолитскиот период. Керамичкиот материјал како што ќе видиме подолу покажува интересен развој, проследен со одредени појави и промени кои ќе го обележат периодот на доцниот неолит кај заедниците од оваа територија (сл. 11). Во продолжение овие фази ќе бидат детално обработени и образложени, повикувајќи се на достапната библиографија и новите сознанија и податоци кои биле објавени од еминентни научници, пред сè од Балканот, кои многу добро ја познаваат оваа материја.

### 2.2.1. ФАЗА I (LN I)-5500-5000/4900 год.

Без подетална анализа за почетокот на доцниот неолит, односно за крајот на средниот неолит, овде **ФАЗА I** ќе биде позиционирана во периодот од **5500-5000/4900** год. Таквата поделба произлезе од фактот што кај населбите од речиси целата територија може да се забележат драстични промени се забележани околу 5500 год., кога се појавуваат првите доцнонеолитски населби, како и околу 5000 год. кога доаѓа до значајни културни промени, пред сè во керамичката продукција, како и кај населбинскиот систем. Имајќи предвид дека крајот на средниот неолит во одредени зони се случувал паралелно со првите доцнонеолитски елементи, периодот од 5500-5250 год. спаѓа во **фаза Ia**, ќе биде третиран како *преоден* од среден кон доцен неолит. Полниот доцнонеолитски развој ќе започне во последните 2-3 векови од 6 мил., во периодот околу 5250-5000 год., односно **фаза Ib**, кога на целата територија ќе дојде до дефинирање на културните елементи во материјалната култура и издвојување на посебни слоеви во неолитските хоризонти.

***Зона 1***

Почнувајќи од зона 1, овде крајот на раниот/средниот неолит и почетокот на првите доцнонеолитски населби можеме да го сместиме како дел од **фаза Ia** (5500-5250). Во оваа фаза може да бидат сместени првата и втората фаза од периодизацијата по Струма за која стана збор претходно. Во оваа регија според некои автори може да се издвојат две фази, односно ран и доцен неолит, додека пак други издвојуваат една средненеолитска фаза за која е карактеристична црната керамика со пунктирања тип „Долна Рибница“. Без разлика која периодизација ќе биде земена предвид, не смееме да го игнорираме хоризонтот со црно сликани садови кај неколку населби од Струма кој се појавува врз постарите слоеви. Кон оваа фаза од зона 1 би требало да се вбројат населбите Балгарчево I-II, Сепарева Бања, Ваксево IV и др.

Се работи за локалитети, односно стратиграфски слоеви врз коишто Долна Рибница типот на керамика ќе се издвои од предходните слоеви, означувајќи го веќе почетокот на доцниот неолит во **фаза Ib** (5250-5000), време кога ќе дојде до појава на нова материјална култура, најдобро документирана преку т.н. монохромен хоризонт со црно печена керамика, орнаментирана најчесто со канелури, врежани полиња со пунктирања, како и black-topped керамиката. Оваа фаза е добро издвоена кај локалитетите Дренково-Плоштеко, Слатино-Чардако I, Сапарева Бања II, Ганеви Ниви,

како и Галабник и Перник, населби кои покажуваат големи сличности во материјалната култура со Балгарчево III.

***Зона 2***

Во фаза I на оваа територија спаѓаат исто така првите две развојни фази од доцниот неолит според бугарската хронологија. Доколку на територијата на зона 1 имавме една постепена транзиција од претходната рано/средно неолитска фаза, ситуацијата е сосема поразлична во соседната зона 2 кон југ. Овде во текот на постарите неолитски фази се забележува речиси целосен хијатус на населување, за да веќе во доцниот неолит, односно во **фаза Ia** дојде до масовно населување на оваа зона, тренд којшто ќе продолжи и во фаза Ib, кога ќе бидат подигнати преку 20 локалитети. Во текот на фаза Ia би можеле да се вбројат околу 13 локалитети кои припаѓаат на т.н. култура Долна Рибница. Наглото населување на оваа регија јасно ни говори за тоа дека овде дошла нова популација која со себе носи нова материјална култура, најдобро изразена преку црно печената керамика декорирана со еден или два реда пунктирања. На оваа фаза припаѓаат населбите Илинденци, Ковачево, Голешево, Долна Рибница и уште неколку локалитети, не само од зона 2, туку и од северните региони.

Во втората **фаза Ib** ќе продолжи доминацијата на црно печените или blacktopped садовите, но овојпат најчесто со полирана површина, декорирани со канелури или врежувања. Овие културни елементи на керамичкиот материјал од зона 2, своите корења ги имаат кај заедниците од север каде ќе се јават како главен белег на садовата продукција во доцниот неолит. Тука може да се смести, постариот хоризонт од населбата Страната кај Ангелци, како и Промахон-Тополница II и Дамјаница II, населби кои биле уништени во пожар околу 5000 год. Тоа е време кога ќе дојде и до промена во материјалната култура, со доминација на црно сликаните орнаменти врз црвена основа, како дел од Акропотамос-Тополница културната група која се развива во II фаза.

***Зона 3***

На територијата на зона 3 може да се издвојат неколку различни карактеристики на населбите, материјалната култура и хронолошките фази. Фаза I според нашата периодизација се совпаѓа со периодизацијата за зона 3 според грчката периодизација (LN I). Источниот дел од оваа територија, односно долното течение на Струма, во раниот и средниот неолит ќе биде речиси сосема ненаселен, а за разлика од него, на останатата територија кон запад по долното течение на Вардар и по течениeто на Халијакмон, во

средниот неолит ќе се појават неколку десетици населби од кои најголем број ќе го продолжат својот живот и во текот на доцниот неолит. Фактот што голем број од населбите имат континуитет од претходно, одиграл голема и доста значајна улога во формирањето и развојот на доцнонеолитските култури. Поради тоа, **фаза Ia** овде ќе биде дефинирана како преодна од среден во доцен неолит, време во кое биле постепено напуштани старите трдиции. Иако е тешко одредени локалитети да се позиционираат во една од предложените фази, сепак, доколку ги погледнеме датациите на населбите во поглавјето за хронолошката припадност, кај одредени локалитети може да се прати одредена поделба.

На *источниот дел* од зона 3 се издвојуваат неколку позначајни населби кои одиграле клучна улога во формирањето на културните вредности на заедниците од оваа регија. Такви се населбите Крионери I, Ситагрои I-II, Димитра I и Дикили Таш I. Во *централниот дел* на зона 3 оваа фаза е регистрирана кај локалитетите Загливери, Ставрополи I, Терми, Василика, Јаница, Макриалос I, Палиамбела I, како и населбите Мегало Ниси Галанис и Тумба Кремастис Колиадис кои се наоѓаат кон *запад* по средното течение на Халијакмон.

Голем дел од овие населби својот развој ќе го подолжат и во следната втора развојна **фаза Ib**, која генерално земено ќе биде одбележана со зголемување и доминација на црно печената керамика, како и black-topped керамиката, како дел од т.н. монохромен слој на доцниот неолит (таб. 1). Појавата на овој хоризонт кај населбите од јужниот брег јасно сведочи за тоа дека во периодот на фаза Ib доаѓа до целосна доминација на црната керамика на Балканот.

***Зона 4***

Културниот развој на среднонеолитските заедници од зона 4 ќе одигра голема улога врз појавата на доцниот неолит на оваа територија. Карактеристично за населбите од оваа зона е нивниот континуиран развој во средниот неолит (најчесто 3-4 културни слоеви), кој продолжува и во доцниот неолит, како последен културен слој. За разлика од среднонеолитскиот хоризонт кој има повеќе развојни фази, доцниот неолит на оваа територија најчесто се јавува како еднослојна (поретко двослојна) појава, со краток век на живот. Овде населбите од зона 4 ќе ги позиционираме во предложениот хронолошки систем, како дел од фаза I и фаза II. Како што споменавме, крајот на средниот неолит, односно почетокот на доцниот неолит можеме да го позиционитаме во првите 2-3 векови

од фаза I, односно како дел од **фаза Ia**. Во овој период доаѓа до постепено замирање на дотогашните среднонеолитски населби и материјална култура, за која карактеристично е црното сликање на садовите, како и антропоморфните модели на куќа, попознати како „Богинка Мајка“ или „Голема Мајка“. На оваа прва фаза би требало да припаднат локалитетите Анзабегово, Руг Баир, Вршник и Цоцев Камен, каде што во последните среднонеолитски слоеви е забележано зголемено присуство на црно печената керамика и биконусната форма на садовите, културна појава која ќе стане доминантна во следната фаза.

Во периодот на последните 2-3 векови од 6 мил., односно **фаза Ib** ќе дојде до целосно формирање на доцнонеолитските култури и целосно напуштање на среднонеолитските традиции. На оваа фаза припаѓаат најголем дел од доцнонеолитските локалитети (таб. 1), меѓу кои за издвојување се Зелениково, Анзабегово, Млака, Писта, Гумниште, Цоцев Камен, Чукар, Доње Врање и други населби од зона 4 (таб. 1). Се чини дека на оваа територија во текот на фаза Ib ќе дојде до појава на една специфична материјална култура како дел од т.н. монохромен хоризонт. Следејќи ја хронологијата на населбите од зона 1 и зона 2, оваа фаза завршува околу 5000/4900 год., опстојувајќи во период од 2-3 векови, во кои живееле неколку краткотрајни населби, често менувајќи ја својата позиција.

***Зона 5***

Хронолошкиот развој на населбите од зона 5 генерално се вклопува во предложениот хронолошки систем во овој труд, со тоа што фаза I може да се синхронизира со првата фаза која беше предложена во претходното поглавје. Веќе видовме дека по завршувањето на средниот неолит, некаде околу средината на 6 мил. животот продолжил кај населбите Чука-Тополчани, Могила I и II и Радин Дол, позиционирајќи ги овие локалитети во фаза I, најверојатно во првите 2-3 векови како дел од **фаза Ia**. Во доцниот неолит потполно ќе исчезне керамиката со бело сликање, како и антропоморфните модели на куќи кои го дадоа главниот белег на претходната среднонеолитска култура. Карактеристично за материјалната култура од населбите од фаза 1а е доминацијата на црната монохромна керамика, без некои карактеристични орнаменти.

Најверојатно кон крајот на **фаза Ib**, околу 5000 год. доаѓа до постепена појава на т.н. Трнска култура која е препознатлива по влијанијата од јадранскиот брег. Оваа фаза

I претставува голем проблем што се однесува до хронолошката и културна припадност на локалитетите, проблем кој во иднина заслужува сериозен пристап.

***Зона 6***

Кај последната зона 6, хронолошкиот и културен развој на населбите од средниот и доцниот неолит е синхронизиран со дел од населбите од зона 3 и зона 4, односно почетокот на фаза I е определен како дел од последните етапи на средниот неолит. Поради тоа **фаза Ia** овде би припаѓала токму на оваа фаза од средниот неолит, позиционирани во третата четвртина на 6 мил.

Подоцна овде ќе дојде до доминација на нова материјална култура која го означува почетокот на доцниот неолит, односно **фаза Ib**. Во фаза Ib може да се сместат локалитетите Малиќ Ia, Дершник, Барч, Подгори, Дуневац, Авги и Диспило, населби во кои е документиран хоризонт со доминација на црно печената керамика која типолошки се поврзува со населбите од зона 5 и источниот дел на зона 3. Покрај тоа, за оваа фаза се поврзува и појавата на сликана керамика, особено кај населбата Малиќ. Оваа територија во доцниот неолит ќе се најде под силни влијанија, како на населбите од исток и југоисток од Тесалија, така и од населбите од јадранскиот брег, формирајќи еден специфичен културен развој кој сведочи за интензивните комуникации во текот на втората развојна фаза.

### 2.2.2. ФАЗА II (LN II)-5000/4900-4500 год.

Втората развојна фаза на доцниот неолит всушност е главна цел на нашиот труд. Покрај сите останати компликации при интерпретацијата на оваа фаза на целата територија, таа претставува посебна проблематика при дефинирањето на хронолошката и културна припадност на населбите. Идентично како фаза I, и **фаза II** ќе ја поделиме да две подфази-**фаза IIa** и **фаза IIb**, кои се развиваат во текот на првата половина на 5 мил. **Фазата IIa** може да биде сместена во првите 2-3 векови од 5 мил. во периодот од околу 5000-4800/7000 год., додека пак **фазата IIb** го означува *преодниот* период кон енеолитот, позиционирајќи се хронолошки во периодот од 4800/4700-4500 год.

***Зона 1***

На територијата на зона 1, развојот на фаза II е нешто покомплициран за разлика од останатите зони. Синхронизирано со хронологијата за Струма, која беше презентирана претходно, на оваа фаза спаѓаат последната неолитска етапа и раниот

енеолит. Овде во текот на **фаза IIа** (5000-4800/7000), најдобро се забележуваат влијанијата од југ, од Акропотамос-Тополница културата, која се карактеризира со црно или кафеаво сликани орнаменти врз црвена основа. Кај овие населби како што ќе видиме подолу доста рано ќе дојде до појава и на графитното сликање, кое се јавува во IIа фазата, за да стане доминантно во следната фаза IIb. Како дел од фаза IIа може да бидат сместени хоризонтите III и III-IV од Балгарчево, Слатино-Каро VI, Ваксево, Дренково-Плоштеко, Невестино I итн. Единствената апсолутна дата ја имаме од Слатино-Чардако, каде што првата фаза е датирана во периодот околу 4800 год. (Чохаджиев 2007).

Во следната **фаза IIb** (4800/4700-4500) ќе дојде до населување и голема концентрација на населби во северните предели на зона 1, каде доаѓа до појава на околу 20 населби од раниот халколит којшто припаѓа на оваа фаза. Како позначајни населби од оваа фаза може да се издвојат Балгарчево IV, Батановци, Невестино II, Слатино-Каро I-IV, Ваксево, Берсин и многу други локалитети. Графитното сликање на садовите, како и врежаните орнаменти тип Градешница и Марица ќе ја дефинираат оваа фаза која се развива во периодот од околу 4800-4500 год. Како главен репер за промените во керамиката може да се смета и фактот дека во тоа време доаѓа до доминација на светлата кафеава, окераста или црвеникава керамика. Големи промени се забележани и во населбинскиот систем, што ќе доведе до постепено населување на повисоки ридско-планински региони, со добри предуслови за сточарство, развивајќи се паралелно со поголемите населби од котлините, позиционирани на речните тераси покрај реката Струма.

***Зона 2***

Идентично како и кај зона 1, во оваа фаза може да се вметнат последната неолитска и раната енеолитска фаза според Бугарската хронологија за која стана збор претходно. Фаза II во втората зона ќе биде обележана со појава и постепена доминација на црно сликаните орнаменти како дел од Акропотамос-Тополница стилот, како и тип Струмско. Појавата на оваа керамика го дава главниот белег на **фаза IIа**, а документирана е кај населбата Промахон-Тополница III, каде уште во втората фаза ќе дојде до појава на црно или кафеаво сликаните орнаменти како влијание од зона 3. На оваа фаза припаѓа и населбата Дамјаница III која е сместена неколку десетици километри северно од Промахон-Тополница. Овде припаѓа и помладиот слој од Страната кај с.

Ангелци, како и населбата Канли Чаир-Бојковци која е сместена во западните краеви на зона 2, а се развива по силни влијанија од северните култури.

Доколку сликањето со црна боја го дава главниот белег на фаза IIa во зона 2, тогаш во следната **фаза IIb** кај населбите од оваа регија може да се забележи појава и развој на графитното сликање на садовите, кое според истражувачите се зема како главен репер за раните фази на енеолитскиот период, развивајќи се во периодот од околу 4800/4700-4500 год.

***Зона 3***

Фаза II може да се синхронизира целосно со втората фаза од доцниот неолит според грчката периодизација (LN-II). Населбинскиот систем во зона 3, особено во втората фаза IIb ќе започне постепено да се менува, односно доаѓа до постепено намалување на бројот на населбите, тенденција која ќе кулминира во текот на втората половина на 5 мил. Сликањето на садовите со црни или мат орнаменти, како и полихромното сликање ќе го даде основниот белег во материјалната култура кај населбите од оваа зона. Во источниот дел, во текот на **фаза IIa** ќе се појават првите керамички центри кои имале свое производство и трговија со соседните населби. Во источниот дел на зона три животот продолжува од претходната фаза кај населбите Ситагрои II, Димитра, Дикили Таш II, Крионери II и други населби кај кои доминира Акропотамос-Тополница културата. Кон запад, по долното течение на Вардар, животот продолжил на локалитетите Василика, Ставрополи II, додека пак Коронеиа била подигната во овој период. На оваа фаза припаѓаат и многу други населби од северната и западната страна на централниот дел, односно Солунско Поле. Овде се издвојуваат населбите Јаница В, Мандало и Полиплатанос Иматиа. На западниот брег животот продолжува понатаму кај населбите Макриалос и Палиамбела Колиндрос, кои со своите втори фази исто така поминуваат низ овој период. Населбата Палиамбела својот крај го има во следниот период на финалниот неолит, додека пак животот на Макриалос завршува во оваа фаза. На територијата по течението на Халијакмон животот продолжил и на локалитетот Мегало Ниси Галанис, населба која завршува кон крајот на доцниот неолит, како и кај Авги и Диспилио кои имаат континуитет на живот во текот на целиот доцен неолит. Ако појавата на Акропотамос сликаната керамика во источниот дел го обележа овој период, за населбите од централниот и западниот дел може да се забележи

дека главните влијанија во оваа фаза доаѓаат од Тесалија, од т.н. Димини култура и специфичните орнаменти изведени во истиот уметнички стил.

Во текот на втората **фаза IIb** голем број од населбите го продолжуваат својот развој прилагодувајќи се на новите културни вредности. Тука се мисли пред сè на одредени промени во керамичкиот материјал кој е добро документиран во источниот дел на зона 3 ,каде што покрај Акропотамос стилот на украсување ќе дојде до појава и на графитното сликање, како и врежаните орнаменти како Марица или Градешница стиловите. Кај населбите од централниот и западниот дел иако сè уште се забележуваат влијанија од Димини културата од Тесалија, сепак се документирани одредени промени во керамичката продукција, за што ќе стане збор подолу.

***Зона 4***

Оваа фаза II може да се синхронизира со последната неолитска, и раната енеолитска фаза која беше обработена и презентирана претходно. Се работи за време во кое ќе дојде до постепено населување на повисоките ридско-планински предели и формирање на населби на повисоки платоа и тераси, во близина на река или извор во околината. Со досегашниот скромен, недоволен степен на истраженост, **фаза IIa** (односно фаза III, како што погоре ја предложивме) можеме да ја препознаеме кај постариот слој од Цоцев Камен 1, Бојковци, Брвеница, Два Брата, Ковачке Њиве, Големе Ливаде и Качамачке Њиве. За разлика од претходната фаза кога ќе дојде до појава на голем број населби, на почетокот на 5 мил. овде ќе дојде до опаѓање на интензитетот на живот, проследен со напуштање на населбите од претходно, и тенденција кон населување на повисоки предели која ќе продолжи и во следните праисториски етапи.

Последната **фаза IIb** од неолитскиот период е синхронизирана со последните етапи од Плочничката фаза на Винчанската култура, односно во периодот од 4800/4700 до 4500 год., како и со раноенеолитските култури по горното течение на Струма. Тука би можеле да се позиционираат помладите слоеви од Цоцев Камен 1, Орловица 2, Градиште-Турново, како и Павловац-Гумниште и Семенско Дрво кај Врање. Населбите Орловица 2 и Гумниште покажуваат идентична материјална култура, сведочејќи за комуникациите по Вардар и Пчиња, додека пак Цоцев Камен 1 со помладиот слој можеме да го поврземе со раниот енеолит по Струма, односно како дел од поширокиот културен блок Градешница-Слатино-Дикили Таш. Иако оваа фаза според некои истражувачи од Македонија и Бугарија припаѓа на раната појава на енеолитот, сепак таа

овде ќе биде третирана како *преодна* фаза во која ќе дојде до постепено напуштање на неолитските културни вредности и унифицирање новиот енеолитски период, којшто во текот на втората половина на 5 мил. ќе го доживее својот културен процут.

***Зона 5***

Фаза II може да биде синхронизирана со предложените фази II и III за доцниот неолит во пелагонија во претходното поглавје. Се работи за првата половина на 5 мил., време кога на територијата на Пелагонија ќе дојде до дефинирање на посебни културни вредности, најдобро документирани преку кермаичкиот материјал. Во овој период заедниците од територијата на зона 5 ќе се најдат под силни влијанија на културите од јадранскиот брег, што ќе резултира со појава на една локална култура, позната како Трнска културна група, која може да се смести во **фаза IIa**. Оваа фаза е регистрирана кај локалитетите: Мала и Голема Тумба-Трн, Кутлине и Могила-Сенокос, населби кои својот живот го продолжиле до крајот на неолитот.

На оваа **фаза IIb**, покрај овие населби припаѓаат и локалитетите: Градиште-Дебреште, Али Чаир, Радоборска Тумба, Прчинога итн. Се работи за период кога започнува тенденција на населување на повисоките ридско-планински региони по Мариово, особено во северниот дел. Таквата тенденција ќе кулминира во развиените енеолитски фази кога ќе се појават населби на високи и тешко достапни позиции, со ограничени можности за живот.

***Зона 6***

Зголемен интензитет на живот ќе биде регистриран на територијата на зона 6 во текот на **фаза II**, која за разлика од останатите региони тешко може да се подели на две под фази. Овде доминираат населбите со континуитет од претходните фази на средниот и првата фаза на доцниот неолит, а исто така може да се забележи дека голем дел од нив го продолжиле својот живот и во следниот енеолитски период (таб. 1; сл. 10). Што се однесува пак до материјалната култура се забележува континуитет на црно печената керамика орнаментирана со разни пунктирања и врежани зони кои се развиваат низ целата втора фаза од доцниот неолит овде. Јужно од големите езера оваа фаза е регистрирана кај: Малиќ Ib, Дершник, Барч II, Буримас, Подгори, Диспилио, Авги III и Каламас I-II, додека пак северно од езерата се наоѓаат наколните населби: Устие на Дрим, Црквени Ливади, Пенелопа и Плоча-Миќов Град кој е датиран на самиот крај на неолитот, околу 4500 год. Благодарение на керамичкот материјал пронајден кај овие

населби, можеме да забележиме дека во фаза II ќе дојде до засилени влијанија и експанзија на населби, носители на материјлната култура карактеристична за Цакранската култура од јадранскиот брег. Овие влијанија ќе го одбележат доцниот неолит на територијата на зона 5 и зона 6, јавувајќи се како крајни, источни граници на тие влијанија кон исток.

***Завршни размислувања***

На крајот ни останува да сублимираме дека за целата територија која овде ја обработуваме можеме генерално доцниот неолит да го позиционираме во периодот од 5500 до 4500 год., со интензивен развој на поголемиот дел од територијата во текот на 1000 год. Поделбата на периодот од еден милениум овде ја направивме на тој начин што првите 2-3 векови ги определивме како ***преодни-транзициони*** од среден во доцен неолит. Следните 5-6 векови го претставуваат периодот на ***класичен доцен неолит*** во кој ќе дојде до унифицирање на новите културни вредности, најпрво со појавата на т.н. монохромен слој со црно печена и black-topped керамика, а потоа и со појавата на сликаните орнаменти кај населбите од јужните краеви. Последните 2-3 векови од „доцнонеолитскиот милениум“ можеме повторно да ги именуваме како ***преодни-транзициони*** од неолит кон енеолитскиот период, време во кое ќе дојде до зголемена употреба на графитното сликање на садовите и специфични мотиви на врежување, особено кај заедниците на исток од Вардар, додека пак врежувањата и канелурите ќе доминираат во енеолитот кај заедниците од западните региони. Таквите промени ќе бидат проследени и со постепеното населување на повисоките позиции, најчесто во ридско-планинските предели.

Предложената хронолошка поделба на доцниот неолит има за цел поедноставување на хронолошката интерпретација на овој период на територијата на Централен Балкан, особено на неговите последни фази. Посебна проблематика претставува почетокот на енеолитот, период во кој се забележуваат силни традиции од доцниот неолит, како во материјалната култура, така и во населбинскиот систем. Втората развојна фаза II (5000-4500) е проследена со низа општествени промени кои се одразиле и врз културниот развој на заедниците. Тоа се однесува посебно на преминот од фаза IIa во фаза IIb (±4750), време во кое доаѓа до драстични промени во материјалната култура на целата територија. На територијата на зона 1, зона 2 и источниот дел на зона 3 во тоа време веќе се дефинирани првите енеолитски култирни

елементи како дел од Градешница-Слатино-Дикили Таш културниот комплекс, како дел од една ***спиралоидна култура,*** која своите почетоци ги има токму во фаза IIb, а својот врв ќе го доживее во втората половина на 5 мил. кога ќе дојде до појава на поголем број на енеолитски населби, високо развиени технолошки групи на садови, како и извонредно богата орнаментика изведена со графитно сликање. Се работи за периодот на појавата на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот на територијата на внатрешноста на Централниот Балкан околу 4500 год. На останатиот дел од оваа територија веќе кажавме дека кон крајот на неолитот ќе дојде до зголемување и доминација на врежаните мотиви кои може да бидат изведени во разни комбинации. Најчесто кај заедниците на исток од Вардар се забележуваат спирални, меандрести и други криволиниски мотиви, додека пак кај населбите од западниот дел доминираат геометриски мотиви изведени со прави линии, како што се правоаголници, триаголници, разни шрафирани полиња итн.

## 3. *КАКО* СЕ СЛУЧИЛ КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ?

Ова прашање ќе се обидеме да го разработиме преку анализа на населбинскиот систем и внатрешната организација на населбите во доцниот неолит, со посебен акцент на нивниот понатамошен развој и промени во текот на првата половина на 5 мил. Обработката на населбите ќе се базира врз нивната местоположбата, стратиграфскиот развој и соодносот помеѓу населбите, следејќи го нивниот евентуален континуитет и во раниот енеолит. Посебно внимание исто така ќе биде посветено и на керамичкиот материјал, односно технолошко-типолошкиот развој на садовата керамика во текот на доцниот неолит кај населбите од оваа територија. Подетално ќе бидат обработени неколку населби кои биле подобро ископувани и публикувани, иако попатно ќе бидат споменати и останатите населби кои се делумно обработени во одредени публикации (кар. 7).

Со обработката на досегашните сознанија ќе се обидеме да дадеме одговори на прашањето *како* сите тие социо-економски и културни промени влијаеле врз неолитското население и *како* тие промени се одразиле на него во транзиционииот период кон енеолитот. Прегледот на досегашните објавени сознанија за доцниот неолит ќе биде надополнет и со обработка на две населбински целини, со вкупно 3 различни локалитети од зона 4, кои овде ќе бидат третирани како *студии на случајот* (key study). Се работи за локалитетите *Цоцев Камен, Цоцев Камен 1, Орловица 1* и *Орловица 2*, населби преку кои ќе се обидеме на формираме еден модел за преминот од неолитскиот, кон енеолитскиот период. Првите два локалитети беа истражувани од страна на авторот во текот на 2020 (Цоцев Камен), 2022 и 2023 год. (Цоцев Камен 1). Се работеше за заштитни, сондажни ископувања, додека пак за населбите кај Орловица ќе бидат искористени податоците добиени при археолошките рекогносцирања и ископувања на населбата. Овие, но и повеќе други населби кои беа посетени повеќепати од страна на авторот, ќе бидат делумно обработени овде, сè со цел овие населби соодветно да ги вреднуваме и сместиме во мозаикот за доцниот неолит на Балканот.


VINČA CULTURE
KARANOVO
OBRE
CAKRAN CULTURE
ANATOLIA
THESSALY

▲Карта 7. Позиција на населбите кои се обработени или споменати во текстот 1-Перник; 2-Радомир; 3-Ваксево; 4-Деве Барган; 5-Ганеви Ниви; 6-Невестино; 7-Сапарева Бања; 8-Сапарево; 9-Слатино; 10-Бучино; 11-Балгарчево; 12-Логодаж; 13-Дамјаница; 14-Долна Рибница; 15-Промахон-Тополница; 16-Ковачево; 17-Голема Трпеза; 18-Ангелци; 19-Канли Чаир-Бојковци; 20-Атици; 21-Димитра; 22-Амфиполис; 23-Крионери; 24-Акропотамос; 25-Драма; 26-Галепсос; 27-Дикили Таш; 28-Ситагрои; 29-Загливери; 30-Ставрополи; 31-Терми; 32-Василика; 33-Коронеиа; 34-Јаница; 35-Едомени; 36-Мандало; 37-Неа Никомедија; 38-Палиамбела Колиндрос; 39-Макриалос; 40-Агиос Николаос-Ритини; 41-Василара Рачи; 42-Сервиа; 43-Пала Рачи-Аиани; 44-Кремастос Книди; 45-Мегало Ниси Галанис; 46-Василара Рачи; 47-Анаргири IX; 48-Диспилио; 49-Авги; 50-Малиќ; 51-Каламас; 52-Заливот на коските; 53-Пенелопа Охридати; 54-Устие на Дрим; 55-Црквени Ливади; 56-Мала Тумба; 57-Голема Тумба; 58-Могила-Сенокос; 59-Али Чаир; 60-Градиште-Дебреште; 61-Комарчани; 62-Прчинога; 63-Ѓерамиди; 64-Тумба Радобор; 65-Кутлине-Ракле; 66-Бегово Поле-Дреново; 67-Мрамор; 68-Ѕунивер: 69-Анзабегово; 70-Цоцев Камен; 71-Градиште-Коњух; 72-Млака; 73-Агино Село; 74-Долен Шамак-Катланово; 75-Орловица; 76-Церје; 77-Тумба-Брвеница; 78-Доње Врање; 79-Павловац-Коваче Њиве; 80-Гумниште

### 3.1. Населбите и материјалната култура од доцниот неолит

Како што ќе каже големиот Милутин Гарашанин во една пригода „*смислата на поедини (праисториски) култури, била, сигурно, да си создадат услови за живот, и да преживеат...*“. Условите за живот подразбираат, помеѓу другото и населување на позиции каде што постојат добри природни поволности за преживување, односно за земјоделтство и сточарство. Веќе стана збор за географските карактеристики на нашата територија, во која можеме да забележиме дека се издвојуваат неколку поголеми географски целини (кар. 8). Веќе погоре беа презентирани основните податоци за тие географски зони, така што овде само би сакале да нагласиме дека и обработката на населбите и материјалната култура во ова поглавје ќе се обработува во рамките на секоја зона посебно, како би можеле да направиме една сублимација на податоците во последниот пасус.

Доцнонеолитските култури на оваа територија ќе се развиваат на темелите од претходните среднонеолитски населби, така што во „сржта“, односно во генезата на доцнонеолитските населби стојат постарите традиции. Тенденцијата на населување или продолжување на животот на постарите позиции може да се забележи кај голем број населби од оваа територија, со исклучок на зона 2 и источниот дел на зона 3, кои биле населени во текот на доцниот неолит. По зголемувањето на бројот на населби во текот на фаза Ib, дошло до стабилизирање на животот во следните 4-5 векови, во кои се развива доцниот неолит, за што сведочи и развојот на населбите, односно нивната разноврсност (сл. 12). Веќе во фаза IIb ќе дојде до постепено опаѓање на бројот на населби, проследени со промени во населбинскиот систем, како и во материјалната култура. Кон крајот на неолитот, на територијата на зона 1 и зона 4, како и северно од овде, ќе дојде до речиси целосно напуштање на старите позиции, и населување на повисоки платоа, сместени во

ридско-планинските региони (Milanović et. al. 2023). Населбите од останатите географски зони покажуваат континуитет на голем дел од населбите, иако и овде е забележано опаѓање на интензитетот на живот во крајните фази од доцниот неолит.




Карта 8. Карта со позиционирани доцнонеолитски локалитети, со обележани географски зони (1-6; W-west, C-central, E-east)

Во продолжение уште еднаш ќе ги разгледаме и двете гледишта за генезата и развојот на доцниот неолит на овие простори, односно автохтоната и миграционата теорија за која веќе стана збор претходно. Доколку ја прифатиме автохтонистичката теоријата ќе мораме да се согласиме дека населението кон крајот на средниот неолит целосно ја напуштило својата материјалната култура и традиција, и започнало да произведува/употребува сосема различни садови, различни антропоморфни фигурини, жртвени масички и други секојдневни предмети. Оваа појава е добро документирана на целата територија која овде ја обработуваме, каде во средниот неолит доминираат црвените садови со бело или црно сликање на нив, кои ќе бидат заменети со нова материјална култура со црно печена керамика, како дел од т.н. монохромен хоризонт на

доцниот неолит. Доколку се согласиме со автохтонистичката теорија тогаш тоа значи дека населението кое продолжило да живее на истите позиции како претходно, ја прифатило новата материјална култура и технолошкото знаење од соедните населби и територии. Базирајќи се на оваа теорија, многу потешко може да се објасни појавата на новите населби, кои како што видовме се јавуваат во претходно ненаселени региони. Таквата ситуација единствено може да се објасни со зголемување на популацијата и пренаселување на одредени региони, што резултирало со населување на нови позиции. Во таа насока, интересна паралела можеме да забележиме кај некои италски племиња во праисторијата и антиката, кои го почитувале обичајот на света пролет (vea sacrum), во кој млади луѓе со животните заминувале од заедницата во потрага по нови позиции на населување.[17] Посматрајќи ги работите во тој правец, би можеле да претпоставиме дека заедниците кои ќе се населат во зона 2 и источниот дел на зона 3, можеби потекнуваат од зона 4 и зона 1, односно под засилено влијание на заедниците од север, да се спуштиле кон долното течение на Струма. На другата страна пак на Вардар кон запад, можеме да претпоставиме дека заедниците од зона 5, некаде на средината од 6 мил. започнале извесни миграции кон југ, кон средното течение на Халијакмон, каде што во доцниот неолит ќе дојде до појава на нови населби.

Од друга страна пак, доколку ја прифатиме миграционата теорија, тогаш појавата на монохромниот слој со црно печена керамика на целата територија и населувањето на нови региони би требало да го препишеме на директни упади на население, пред сè од северните региони кон југ, како и од Блискиот Исток и Анадолија кон северозапад, односно кон северниот брег на Егејското Море. Веќе кажавме дека некои населби имаат континуитет на населување од претходната фаза, така што во овој случај тоа би значело окупирање на населбите и протерување на населението и негова потполна асимилација. Иако се работи за две сосема различни гледишта, сепак тие се доста поткрепени со голем број на факти и докази кои одат во прилог и на едната и на другата теорија.

Сепак, мораме да се согласиме дека не можеме и не смееме да се базираме само на едно гледиште. Се работи за една поголема територија на која во втората половина на 6 мил. започнале да се одвиваат постепени општествени и културни процеси и промени, кои се одразиле и врз населбинскиот систем, каде е забележано постепено населување на нови територии. Се чини дека постепената културна асимилација на населението била

[17] Види: Машкин 1995, 82; https://en.wikipedia.org/wiki/Ver_sacrum

проследена и со повремени миграции, дефинирани како т.н. *сукцефивна миграција,* односно низа на взаемни активности и контакти помеѓу населението кои предизвикале суштински културни промени кај автохтоното население на почетокот на доцниот неолит. Исклучок прават неколку региони, како на пример Пелагонија во којашто после интензивниот живот во првата половина на 6 мил. е забележана голема криза во населбинскиот систем и хијатус на населување од неколку векови.

Не можеме да отфрлиме ниту едно од претходните гледишта и теории, пред сè поради тоа што овде станува збор за една поголема територија во која не можеме да очекуваме идентичен општествено-културен развој на заедниците. Следствено тоа, не можеме да очекуваме ниту идентичен крај на доцнонеолитските заедници. За нас овде значајно е тоа што во периодот од околу 5300 до 4900 год. (крај на I и почеток на II фаза), ќе бидат стабилизирани културните вредности на населението, како и населбинскиот систем, кои ќе послужат како добра основа за проучувањето на развиената IIb фаза, односно последните етапи од доцниот неолит. Имајќи предвид дека повеќето локалитети ни се познати од рекогносцирања, понатамошните анализи ќе се насочат кон проучување на ископуваните населби за кои имаме доволно добро обработени и објавени податоци.

### 3.1.1. Населбински систем (топографија, архитектура и стратиграфија на населбите)

***Зона 1***

Сместена помеѓу поголемите географски и култирни целини од Подунавјето кон север, Тракија кон исток и Егејот кон југ, оваа географска територија покажува интересен културен развој на заедниците, особено во последните фази од доцниот неолит. Во текот на доцниот неолит, што е време на големи раздвижувања на Балканот, населбите од зона 1 ќе се развиваат со интензивни контакти со населбите од споменатите области и култури (кар. 7), кои пак ќе бидат клучни врз креирањето на првите енеолитски вредности. Доколку ја погледнеме ситуацијата на карта 1, ќе можеме да забележиме дека животот на овие населби се врзува за реката Струма, покрај која ќе бидат подигнати и првите населби уште во раниот неолит. Во текот на раниот неолит, во зона 1 населбите се позиционирани најчесто на ниските речни тераси на Струма и нејзините притоки (сл. 12). Поголемите населби од раниот неолит, кои го продолжиле животот и во текот на доцниот неолит, сега ќе доживеат вистински процут, развивајќи се најчесто низ двете хронолошки фази кои овде беа предложени. Континуитет на живот

од претходната фаза е документиран кај Ваксево, Сепарева Бања, Мурсалево и Балгарчево, поголеми населби каде во постарите слоеви доминирале сликаните орнаменти со бела или црна боја, кои ќе бидат заменети со црно печената и black-topped керамиката.




Слика 12. Застапеноста на типовите населби во сите шест зони (RT-River Terrace; HT-High Terrace; H-Hill; F-Flat; T-Toumba; LS-Lake Settlement)

Еден од позначајните и подобро истражени локалитети во оваа зона е ***Балгарчево*** кој е сместен на една поголема речна тераса (сл. 13), со континуитет на живот во текот на шест фази (I-VI), почнувајќи од раниот неолит, преку доцниот неолит, енеолитот и бронзеното време. Почетоците на населбата се врзуваат за крајот на раниот неолит кога била подигната една населба со големина од околу 1 хектар, за да во доцниот неолит се

прошири на површина од околу 1.7 хектари. На доцниот неолит припаѓаат II, II/III и III фаза од населбата, развивајќи се во текот на последните 2-3 века од 6 мил. (Pernicheva-Perets, Kulov 2011). Населбата од III фаза била подигната директно врз постарата II фаза, без документиран хијатус. Објектите кои биле пронајдени при ископувањата покажуваат доста густа населеност, со меѓусебно растојание до 1 метар (сл. 14). Димензиите на пронајдените објекти се доста големи, зафаќајки површина и до 70 м², внатре поделени во две или три простории. Помеѓу објектите биле пронајдени и поголеми отпадни јами кои биле во функција на заедницата (Pernicheva-Perets, Kulov 2011; Baneva 2019).



Слика 13. Населбата Балгарчево од исток (фото: Гребска-Кулова М.)




Слика 14-Распоред на објектите од Балгарчево III (Pernicheva-Perets, Kulov 2011, fig. 2.12.)

Во околината на Кочериново е регистриран локалитетот ***ГаневиНиви*** кој е сместен на една ниска тераса над Рилска река, лева притока на Струма. На ова место при теренскиот преглед биле пронајдени остатоци од неолитскиот период на површина од околу 4 хектари. Со ископувањата спроведени за потребите на магистралата, биле документирани два неолитски слоја, од раниот и доцниот неолит. Од доцниот неолит се пронајдени два надземни објекти кои страдале во пожар, со помали димензии (околу 10-12 м²), направени од потенки странични ѕидови (8-12 см). Археомагнетните анализи и датирањето на остатоците од лепежот го позиционираат едниот објект во периодот од 5324-5227 год., што одговара на хронолошката фаза Ib. Покрај овие надземни градби пронајдени се и голем број на вкопани структури, кои имале површина од околу 16-27

м², вкопани во земјата најмногу до 0.90 м. Во три вкопани објекти се пронајдени остатоци од термичка структура, што ја потврдува намената на самите објекти како живеалишта (Вандова 2016).

На левиот брег на реката Струма, неколку километри северно од Балгарчево и ГаневиНиви се наоѓа населбата кај с. Мурсалево-***Деве Барган*** која се простира на површина од околу 2.5 хектари. Оваа населба во последните неколку години беше интензивно ископувана за потребите на магистралата, при што се добиени значајни податоци за развојот, големината, архитектурата и материјалната култура на населбата. Во текот на ископувањата, во доцнонеолитскиот слој биле пронајдени неколку објекти, меѓу кои и шест двоспратни живеалишта кои биле поставени на меѓусебно растојание од 1 до 6 метри. Организираноста на внатрешноста на населбата, како и откриените остатоци од објектите доволно јасно зборуваат за тоа дека овде во текот на доцниот неолит опстојувала една многу добро организирана населба, со прекрасни архитектонски остатоци кои сведочат за извонредните градителски способности на луѓето во доцниот неолит. Карактеристично за овој локалитет е што објектите и од раниот и од доцниот неолит биле изгорени во пожар (Вандова 2016. после Николов и др. 2015).

Вториот локалитет кој бил ископуван во с. Мурсалево е ***Герена***, која се наоѓа северозападно од Деве Барган. Населбата е распостелена на површина од околу 2.6 хектари, со истражена површина од околу 8500 м² на источната страна од населбата. Доколку на оваа површина ги додадеме и гео-магнетните скенирања кои биле направени на поврина од 10680 м², ќе можеме да забележиме дека се работи за еден доста добро истражен локалитет, со примена на мултидисциплинарен научен пристап. Доцнонеолитскиот слој има дебелина до 1.80 м., вклучувајќи ги и вкопаните структури. На периферијата од населбата биле пронајдени остатоци од две оградни линии кои биле изградени од камења, структури кои имаат ширина од 0.30 м., па сѐ до 1.60-1.70 м. Во истражената површина се документирани 7 опожарени објекти, од кои се сочувани делови од ѕидовите, кои имат дебелина до 0.40 см Во внатрешноста се пронајдени остатоци од печки, огништа, камени мелници и големо количество на керамика. Во просторот помеѓу куќите биле регистрирани 16 печки и огништа, многу камени мелници, а голема е концентрацијата и на вкопани јами со дијаметар од 0.90 до 1.20 метри. Со методот на археомагнетно датирање на една камена мелница таа била датирана во периодот 5410-5340 год. (Вандова 2016). Овие пронајдоци сведочат за

интензивниот живот на ова место на почетокот на доцниот неолит, односно на почетните етапи на фаза I. Оваа населба, заедно претходните, за кои веќе стана збор, биле главни центри во оваа регија, позиционирани на главната трансверзала по реката Струма, низ која минувале и влијанијата во правец север-југ, и обратно.

Нешто посеверно од овие населби се наоѓа локалитетот ***Ваксево*** кој е лоциран на една тераса на реката Елешница, лева притока на Струма. Овој локалитет е распростанет на околу 1 хектар, со дебелина на културен слој до 2.2 метри, во кој се наслоени 7 развојни фази (I-VII). Фазите од I до III припаѓаат на раниот неолит, фазата IV на доцниот неолит, и фазите од V до VII на енеолитот и бронзеното време. За нас овде значајна е IV фаза, во која се пронајдени остатоци од неколку куќни подови и четири печки. За жал немаме подетални податоци за архитектурата во оваа населба, која сепак ги има истите карактеристики како останатите населби по Струма (Baneva 2019).

Во доцниот неолит по течението на Струма ќе се појават и населби на повисоки позиции, во еден планински амбиент (сл. 15), меѓу кои се издвојува локалитетот ***Слатино***, кој ги опфаќа населбите *Чардако* и *Каро*, позиционирани во непосредна близина еден со друг. Со ископувањата на двете позиции се документирани две помали населби кои биле оформени во текот на доцниот неолит. Населбата кај Чардако имала големина од 0.5 ха., со 6 развојни фази од кои првата фаза I припаѓа на доцниот неолит, додека пак останатите фази од II-VI припаѓаат на раниот енеолит. Архитектонските остатоци пронајдени при ископувањата на Слатионо-Чардако сведочат за остатоци од вкопани структури-земјанки кои имале неправилна овална форма со големина до околу 20 $м^2$. При истражувањата на Слатино-Каро биле пронајдени 14 отпадни јами во кои биле пронајдени керамички фрагменти, семиња, коски и друг отпаден материјал. Првиот, доцнонеолитски слој бил покриен со околу 50-60 см песок кој настанал со ерозијата, предизвикана од силните врнежи и поплави. Понатамошниот живот продолжил во текот на раниот енеолит и понатаму низ останатите праисториски периоди (Чохаджиев 2006; 2007; Baneva 2019).



Слика 15. Природниот амбиент околу Логодаж (Baneva 2019, fig. 15)

***Зона 2***

Оваа географска регија се јавува како гранична (прелазна) зона помеѓу источниот дела на зона 3 кон југ, и средното и горно течение на Струма од север (кар. 7; 8). Се работи за Струмичко-санданската Котлина која е доста ниска и мочурлива, каква што била и околу средината на 6 мил., време кога оваа регија била речиси потполно ненаселена. Таквата ситуација драстично ќе се промени во текот на доцниот неолит, односно во последните 2-3 векови од 6 мил., и особено првите 2-3 векови од 5 мил. Во текот на тие неколку векови, како развиени фази на доцниот неолит, бројот на населби се зголемува на околу 30, и тоа е период со најгуста населеност на овие простори. Населбите Промахон-Тополница и Дамјаница ќе се издвојат како водечки во културниот развој на населбите овде, со силни влијанија и кон соседните области, особено кон населбите од зона 1. Овие населби, идентично со Балгарчево и Мурсалево биле сместени на специфични позиции покрај течението на реката Струма. Таквата географска поставеност го диктирала и културниот и економски развој на населението овде, кое се јавува како прелазна територија помеѓу северните *графитни* култури, и *црносликаните* култури на југ (сл. 11; 16).

Населбинскиот систем во зона 2 покажува нешто поразлична слика за разлика од зона 1 каде што доминираат населбите на речните тераси. Овде се јавува поголема

застапеност на населбите подигнати на повисоки позиции во ридско-планинските региони, со просечно растојание помеѓу себе од околу 3-4 км, најчесто населени покрај рамницата и малите речни притоки на Струмешница и Струма (кар. 1; сл. 12). Најголема населеност е забележана во источниот дел од географската целина каде се регистрирани 13 населби од доцниот неолит, наспроти централниот дел по Струма каде се забележани 6 населби. Во западниот дел од оваа зона, од доцниот неолит потекнуваат 10-тина населби, со речиси апсолутна доминација на населбите на повисоките позиции, во ридско-планински региони. Археолошки истражувања се вршени на неколку локалитети од коишто дел ќе бидат обработени за целите на нашиот труд. Редоследот по кој ќе бидат обработени се базира врз основа на сознанијата и значењето за секоја населба посебно.




Слика 16. Промахон-Тополница-хронологија, материјална култура и географска позиција (https://www.researchgate.net/publication/270577111_PROMACHON-TOPOLNICA_Contacts_and_communication_breakdowns_in_the_distant_past_at_the_modern_Bulgarian-Greek_border)

Археолошкиот локалитет ***Промахон-Тополница*** се наоѓа на интересна географска позиција, на самиот влез во котлината од југ. Сместена на една тераса покрај Струма, оваа населба имала контрола на сите движења во правец север-југ, а во природната околина ги имала и сите неопходни ресурси за долг развоен период од околу 600 год., односно во периодот од околу 5300 до 4700 год. Во текот на неколку кампањи во периодот од 80-тите години на минатиот век, па сѐ до ден-денес, Бугарски и Грчки археолози вршат разни интердисциплинарни проучувања на овој локалитет.

Се работи за две соседни тераси каде при истражувањата е забележано присуство на идентични културни слоеви, поради тоа овој локалитет е третиран под заедничко име. Населбата се простира на површина од околу 5 хектари, со дебелина на културниот слој од 0.50-0.70 м. Во овој културен слој се документирани 4 развојни фази, од I до IV, почнувајќи од најстарата. Фазите од I-III припаѓаат на доцниот неолит, додека пак IV фаза припаѓа на раниот енеолит (сл. 3; 16; таб. 2). Пронајдените архитектонски остатоци сведочат за доминација на плитките земјанки кои биле пронајдени на целата ископувана површина. Се работи за објекти со помали димензии кои, судејќи според откриените структури и предмети внатре служеле како живеалишта или можеби како занаетчиски работилници (сл. 17). Посебно внимание привлекува еден вкопан објект со кружна форма со радиус од 12 и длабочина од 7 метри, целосно вкопан во постарите слоеви. Според Вајсов, вкопаните објекти-земјанки биле карактеристични за II фаза од населба, која била уништена со горење. Веќе во фаза III ќе започнат да се градат надземни објекти со дрвени конструкции, а за истата фаза се врзува и одбрамбената палисада која била изградена од подебели колци (Vajsov 2007; Baneva 2019).

Таквата ситуација многу речито ни зборува за можните движења и насилни судири на заедниците, што резултирало и со уништување на населбата од II фаза и населување на една поголема површина во фаза III. Промената на живеалиштата од земјанки во надземни објекти се одразила и врз внатрешната организација на населбата, а тие промени биле проследени и со доминација на сликањето на керамичките садови во т.н. Тополница-Акропотамос стилот. Како што ќе видиме во продолжение, идентични промени се забележани и кај голем број на населби од зона 3, особено во керамичката продукција.



Слика 17. Реконтрукција на објект 2 од Промахон-Тополница (Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007. fig. 22)

Следниот локалитет за кој имаме повеќе сознанија е населбата ***Дамјаница*** која се наоѓа на околу 20 километри северно од Промахон-Тополница. Оваа населба била истражувана во повеќе наврати во 80-тите години, а последните истражувања беа спроведени пред неколку години за потребите магистралата. Се работи за една огромна населба со распространетост од околу 50 хектари, со интензивен развој низ три фази (I-III) во доцниот неолит, во времето од 5300-4900 год. Културните напластувања имаат дебелина од 1.20-1.80 метри. Оваа населба се развивала во исто време со Промахон-Тополница I-III, развивајќи се во вистински културни и економски центри центри во текот на целиот доцен неолит. Што се однесува пак до архитектонските остатоци, со ископувањата се утврдени надземни објекти кои биле градени од лепеж. Посебно се издвојуваат два објекти кои биле изградени на различни позиции и имаат интересни ситуации кои ќе бидат од голема корист за синхронизацијата на Цоцев Камен 1 со оваа

населба. Имено, едната куќа (203.1) била изградена на најјужната страна од населбата, од која била одделена со ров, а се наоѓа помеѓу голем број на јами и фрагменти на керамика. Поради таквата позиција се претпоставува дека станува збор за некаков полски имот на одредена група луѓе од населбата. Голем број на керамички садови биле пронајдени внатре во објектот меѓу кои доминираат фрагментите од Акропотамос-Тополница стилот, орнаментирани најчесто со црна боја, а се среќаваат и фрагменти орнаментирани со кафеава, црвена и многу ретко полихромните садови. Според оваа материјална култура објектот е датиран во првите 1-2 векови од 5 мил., а идентична датација е предложена и за другиот објект (212.1) кој се наоѓа на околу 250 метри северно од претходниот објект, односно на една позиција каде се откриени десетина други објекти, како и 12 печки за керамика, што ја прави населбата главен керамички центар во овој регион (Grebska-Kulow 2017; Grebska-Kulow et. al. 2017).

Интересен е податокот дека втората фаза на населбата завршила со уништување на објектите во пожар, идентично како кај Промахон-Тополница II. Опожарениот слој од Дамјаница, кој може да се датира околу 5000 год., несомнено оставил длабок траг во понатамошниот културен развој на населението, што е добро документирано и со движниот материјал. Крајот на оваа населба е сместен на самиот почеток на 5 мил., односно во IIа хронолошката фаза според нашата хронологија (таб. 1). За жал немаме податоци за континуитет на живот и низ следниот енеолитски период, како би можеле да ја следиме транзицијата кон металните времиња.

По течението на Струмешница, односно во Струмичко-радовишкото Поле се наоѓаат три населби на кои биле вршени археолошки ископувања. Одејќи од Струма кон исток првата населба е ***Голема Трпеза***, се работи за помала населба која се наоѓа на една повисока тераса. При ископувањата на овој локалитет пронајдени се остатоци од два објакта со различна архитектура. Имено, на централниот дел од населбата се документирани остатоци од надземен објект со правоаголна форма и големина од околу 42 м². Другиот објект е земјанка која има далеку помали димензии од речиси 7 метри квадратни, вкопан во земјата околу 1.20 метри. На овој локалитет имаме интересна ситуација со присуство на две различни градби, од коишто за надземниот објект може да се верува дека бил живеалиште, додека пак земјанката има многу мали димензии за да може да одговори на потребите на една мала група (Rujak 2011; Стојанова Канзурова 201). Овде, посебно внимание привлекува појавата на надземни објекти кои може да се

поврзат со промените во Промахон-Тополница, каде во третата фаза доаѓа до доминација на надземните објекти.

Следниот локалитет за кој имаме подетални податоци за стратиграфијата и архитектурата е ***Страната-Ангелци.*** Населбата се наоѓа на една блага, речиси рамна падина, со површина од околу 3 ха., развивајќи се низ две фази во текот на доцниот неолит, со дебелина на културните слоеви до 1.80 м., со издвоени две развојни фази именувани како Ангелци I и Ангелци II. Во оваа населба се пронајдени остатоци од три различни објекти за живеење. Имено, во текот на првите истражувања документирани се остатоци од надземен објект граден со лепеж, додека пак со последните истражувања е документирана земјанка во постариот слој. Во помладиот слој се пронајдени голем број на јамички од дрвени колчиња, за кои е изнесена претпоставка дека се работи за објекти подигнати на столбови (Санев, Стаменова 1989; Стојанова Канзурова 2011; Rujak 2017). Врз основа на пронајдените остатоци можеме да претпоставиме дека оваа населба се развивала интензивно низ доцниот неолит, а како што можеме да видиме, и овде се застапени двата типа на објекти како кај претходните населби, потврдувајќи го фактот дека дошло до значајни промени во архитектонската практика кај населението и населбите на преминот од 6 кон 5 мил.

На западниот крај на Струмичко-радовишката Котлина се наоѓаат населбите ***Канли Чаир***, ***Тополничка Река*** и ***Бојковци,*** сместени во непосредна близина еден до друг, чиишто археолошки остатоци се среќаваат на површина од околу 15 ха. Со истражувањата на месноста Канли Чаир кои се одвивале во неколку сезони во 80-тите години, се документирани три културни слоеви од раниот и доцниот неолит. Во 2015 година повторно беше ископуван еден дел од населбата каде се потврдија најмалку 2 културни слоја. Во помладиот слој, кој се врзува за доцниот неолит, беа пронајдени остатоци од дебел слој од лепеж кои потекнуваа од надземен објект (Stojanova Kanzurova 2017). Сликата за оваа целина беше значајно надополнета со последните заштитни ископувања во 2018 година кога биле пронајдени остатоци од два надземни објекти, градени од дрвена конструкција и лепеж. Куќа 2 била подобро истражена при што се утврдени нејзините димензии од 8x5.6 метри, со огниште во внатрешноста (Tolevski 2022). Откриените архитектонски остатоци на овие позиции јасно говорат за традицијата на градење на живеалиштата на населнието, покажувајќи различна практика од Ангелци и Голема Трпеза каде биле  пронајдени остатоци од земјанки.

***Зона 3***

*Источен дел*

Овој географски регион можеме слободно да го наречеме „доцнонеолитски" поради фактот што овде првите позначајни населби кои ги подигнал човекот се јавуваат токму во тој период. По речиси тоталниот хијатус во текот на раниот и среден неолит, во доцниот неолит ќе бидат подигнати околу 30-тина населби, со главна концентрација околу долниот тек на Струма, во Серескатa, како и во Драмската Котлина кон исток, каде биле населени периферните зони од низината. Кон крајот на 20-тиот век на овие простори ќе започнат поголеми археолошки ископувања на неколку населби од кои ќе ги добиеме и првите позначајни научни сознанија. Истражувањата продолжуваат и до ден-денес со зголемен интензитет и интердисциплинарен пристап, значително надополнувајќи ги сознанијата од претходно. Овде може да се издвојат неколку населби кои се подобро истражени и кои служат како главни научни центри во денешната археолошка наука, особено за периодот на доцниот неолит (кар. 7; сл. 12).

Локалитетот ***Крионери*** е сместен на јужниот дел од Серескатa Котлина, на самиот влез на Струма во клисурата, после која се влева во Егејското Море. Голем дел од населбата е уништена, а според површинските остатоци, документирана е населба на површина од околу 0.3 ха. Од доцниот неолит се регистрирани две различни фази, именувани како Крионери I и Крионери II, хронолошки сместени на почетокот, односно на крајот од доцниот неолит. Во постариот слој е пронајдена една интересна вкопана структура која според авторите припаѓа на печка за керамика. Во втората фаза од населбата дошло до значителна експанзија и поинтензивен живот, за што сведочат и неколку фрагментирани подови од надземни објекти со помали димензии. Пронајдени се и голем број на вкопани јами со различни димензии, кои според истражувачите биле направени од копањето на земја за изградба на надземните објекти, за потоа да бидат користени како отпадни јами, настрана од населениот простор. Идентична ситуација и организираност на просторот е пронајдена и кај Лименарија на Тасос. Во Крионери се регистрирани и остатоци од долги камени структури на крајот од населбата, формирајќи терасесто зарамнување.

Имајќи ги предвид овие податоци за организираноста на просторот во населбата, како и откриените објекти и структури, можеме да забележиме интересна внатрешна органицазија на просторот. Ископувањето на земја за објектите било правено на

однапред предвидена површина која подоцна би требало да служи за одредени дејствија (одлагање отпад-коски, семиња, керамика итн.), додека пак оградувањето на населбата со камена структура исто така јасно говори за означувањето и издвојувањето на внатрешноста на населбата од надворешниот простор (Malamidou 2007; Malamidou 2016).

Источно од вливот на Струма во Егејското Море се наоѓа локалитетот ***Акропотамос*** кој бил директно отворен кон морскиот брег на запад. Се работи за локалитет кој е сместен на еден рид со зарамнето плато, развивајќи се на две соседни тераси. Врз основа на керамичкиот материјал пронајден на двете тераси, било забележано дека јужната страна била прво населена, а потоа северната, која се наоѓа во непосредна близина на јужната. Во текот на ископувањата бил констатиран неолитски слој со дебелина од 0.40 до 0.90 метри. За жал не се октриени позначајни архитектонски остатоци од населбата, иако таа е доста значајна според откриената материјална култура на ова место, и дефинирањето на „Акропотамос" стилот на орнаментирање на садовите, во склоп на Акропотамос-Тополница културната група (Mylonas 1941; Чохаджиев 2007).

Следниот локалитет за кој ќе стане збор е ***Ситагрои***, кој е сместен во централниот дел на Драмската Котлина. Самата позиција на населбата на едно тумбесто возвишение на левата страна од реката Ангитис, над низинскиот дел во околината, како и поволните услови за живот во оваа регија, биле пресудни за населување на ова место, кое ќе се развива во текот на 5500-4500 год. На овој локалитет се пронајдени голем број на подови од надземни објекти, неколку огништа и вкопани јами. Иако немаме позначајни остатоци од архитектура од доцнонеолитските фази, сепак оваа населба ќе остави длабоки траги во материјалната култура кај населбите од поголемиот дел на зона 3 кон запад и Тесалија кон југ. Оваа населба, заедно со Дикили Таш се главните пунктови преку кои ние денес можеме да согледаме одредени проблеми поврзани со појавата на неолитот и неговиот развој во Драмската Котлина (Blouet 1986; Andreou et. al. 2001)

Населбата **Дикили Таш** е сместена во јужниот крај на Драмската Котлина на една повисока тумба, контролирајќи ја низината кон запад и преминот кон Егејското Море на југ, кај Кавала. Во текот на неколку истражувачки кампањи биле потврдени 4 развојни фази, од коишто фазите I-II припаѓаат на доцниот неолит, фазите III и IV спаѓаат во раната, односно доцната бронзена епоха. Овде ќе бидат обработени првите две фази во кои биле пронајдени голем број на недвижни остатоци во интересни

ситуации со други, движни наоди. Во постарата фаза I се документирани остатоци од надземни објекти и подови премачкувани со течна глина, како и остатоци од масивни ѕидови од лепеж, со ориентација С/З-Ј/И. Голем број на фргментирани печки и огништа биле пронајдени, како во куќите, така и надвор од нив. Забележано е дека во првата фаза супструкцијата на печките била од керамички фрагменти, додека пак во втората фаза таа била формирана од камења. Овде посебно внимание привлекува јамата за печење керамика која била делумно вкопана во подот, заедно со останатите придружни садови и материјал околу неа. Покрај ова, за издвојување е објектот со букраниум, кој бил пронајден во една целина со други садови, камени мелници и масивни фрагменти од ѕиден лепеж (сл 18).



*Fig. 2. Bucranium and ceramic vessels in situ on the floor of a 5000 B.C. habitation unit in sector V (phase Dikili Tash I).*

Слика 18. Објект со Букраниум од Дикили Таш I-5000 год. (Darque et al. 2006, fig. 2)

Овој објект, заедно со останатите структури од последната фаза на првиот слој настрадале во пожар, односно биле уништени во одредени околности околу 5000 год. Според анализите на откриените остатоци, а пред сè на букраниумот, истражувачите дошле до заклучок дека контактите со западните делови на зона 3, како и средното течение на Вардар и Струма биле доста интензивни во текот на последните 2-3 векови од 6 мил.

Врз урнатините од првиот слој биле фундирани темелите на втората развојна фаза од локалитетот. Населбата од втората фаза најверојатно била оградена со масивна структура од камења, дефинирајќи го внатрешниот простор. Немаме позначајни податоци за архитектурата од првите фази од II слој, на кој припаѓаат неколку фрагментирани остатоци од под, како и јамички од дрвени колчиња. Во последната развојна фаза IIC (4400-4200) биле пронајдени остатоци од четири објекти кои биле градени паралелно еден до друг. За оваа фаза, односно за периодот околу 4400 год. се врзуваат и остатоците од винова лоза кои биле пронајдени во првиот објект, а кои сведочат за првата изработка на вино на овие пошироки простори. Третиот објект бил целосно истражен и има димензии од 9x5 метри, со присуство на едно огниште директно прилепено до централниот дел на северниот ѕид. Четвртиот објект има димензии од 11x6 метри, внатре поделен на три еднакви делови кои имале посебен влез, како и огниште поставено до ѕидот, наспроти влезот во просториите.

На крајот можеме да заклучиме дека во сите фази се среќаваат надземни објекти кои биле градени од дрвена конструкција и земја, за што сведочат добро сочуваните фрагменти од ѕидните платна. Доколку се земат предвид сите тие пронајдоци, како и големината на населбата од околу 4-5 ха., можеме слободно да заклучиме дека се работи за еден интересен занаетчиски и економски центар во Драмската Котлина во кој се потврдени остатоци од печка за керамички садови. Оваа населба по интензивниот развој во текот на 5500-4200 год. ќе доживее значаен хијатус од околу 1000 години, сѐ до почетокот на раното бронзено време (Andreou et. al. 2001; Darque et. al. 2007; Чохаджиев 2007).

Други позначајни локалитети на кои биле вршени археолошки ископувања се населбите ***Аркадикос-Драма*** и локалитетот ***Димитра***. Населбата Аркадикос е сместена на една отворена позиција во близина на денешниот град и зафаќа површина од околу 15 ха. Во текот на ископувањата е документиран доцнонеолитски слој, со неколку фази на обновување на објектите. Значително помала, но со поинтензивен развој е населбата Димитра која се наоѓа на преминот од Серската кон Драмската Котлина, зафаќајќи површина од околу 2 хектари. Иако немаме позначајни архитектонски остатоци, овој локалитет е значаен особено поради неговата хронолошка поврзаност со Ситагрои и Дикили Таш, населби кои се наоѓаат источно од овде (Andreou et. al. 2001).

Ова се неколкуте поголеми, или подобро кажано позначајни населби од источниот дел на зона 3 на кои биле вршени археолошки ископувања. Овде може да се забележи најголема концентрација на тумбите кои сочинуваат околу 40% од населбите во Драмската Котлина (кар. 8; сл. 12). Интересен е фактот што кај повеќето населби се пронајдени остатоци од камени или дрвени обѕидија околу населбите, кои имале заштитнички карактер. Според архитектонските структури откриени при истражувањата, можеме да забележиме дека доминираат надземните објекти кои биле правени од дрвена конструкција и лепеж, како во постарите, така и во помладите доцнонеолитски слоеви. Кај повеќето локалитети се откриени остатоци од печки или огништа кои може да се најдат во внатрешноста на објектите или помеѓу нив, на отворено. Овде би сакале да ги спомнеме откриените печки/јами за печење керамика од Дикили Таш и Крионери кои многу добро сведочат за раните занаетчиски практики на керамичарите во текот на втората половина од 6 мил. Значењето на населбите од овој регион ќе биде дополнително нагласено во следниот пасус при обработката на керамичкиот материјал, поради тоа што оваа регија ќе се претвори во еден вистински занаетчиски центар со документирани влијанија и контакти со останатите населби, особено од југ и запад.

*Централен дел*

Населбите од централниот дел на зона 3 ќе покажат интересен развој и континуитет на живот, проследен со појава на големи економски и културни центри. На слика 1 може многу добро да се забележи дека населбите најчесто се позиционирани на периферијата на рамницата и морскиот брег, а како најзастапени се јавуваат рамните (отворени) населби кои најчесто се спуштаат од ниските, благи падини од планините во позадината. Имајќи предвид дека денешното поле било мочурливо и непристапно во текот на 6 и 5 мил., воопшто не е тешко да се разбере населбинскиот систем во оваа регија. Со цел да го задржиме географскиот редослед на обработка на податоци, ќе започнеме од Лангадашкиот Басен кој ги поврзува населбите од долното течение на Вардар и Струма.

На јужниот дел од оваа регија е сместен локалитетот ***Загливери***, кој потекнува од доцниот неолит. Населбата е од типот на отворени населби кои се карактеристични за централниот дел на зона 3. На овој локалитет биле преземени ископувања на површина од околу 50 м², со што се регистрирани остатоци од три јами, кои според движните наоди

се датирани на почетокот на доцниот неолит. Едната вкопана структура има димензии од 5.50х4.40 метри, а била вкопана во земјата околу 0.50-0.60 метри со речиси правоаголна основа. Според големината и начинот на градење, оваа земјанка е идентична како тие од Ставрополи и Макриалос, кои подолу ќе бидат обработени. Покрај земјанката се пронајдени уште две помали јами, позиционирани на околу 1 метар до неа (Kotsos and Urem-Kotsou 2006).

Локалитетот ***Ставрополи*** е сместен на источната периферија на Солунското Поле на една отворена висорамнина, во границите на денешниот Солун. Се работи за една поголема населба од околу 10 ха. која била подигната во средниот неолит (I фаза-5890-5640). Со ископувањата јасно се дефинирани две развојни фази од кои првата припаѓа на средниот и почетокот на доцниот неолит, додека пак втората е датирана во доцниот неолит.

Во првиот стамбен хоризонт (Ia) биле откриени земјанки со кружна или неправилна форма со дијаметар до 5 м. кои биле вкопани во земјата од 0.50-0.80 м. (сл. 19). Во просторот околу нив биле пронајдени остатоци од огништа и печки кои биле користени на отворен простор. Исто така во близина на земјанките биле пронајдени по една или две вкопани јами кои биле протолкувани како отпадни. Земјанките како објекти за живеење во доцниот неолит ќе бидат заменети со надземни правоаголни објекти, без трагови од ѕидовите, кои најверојатно биле гадени од дрвја. Во еден случај се забележани остатоци од објекти градени од непечени земјени тули. Промената во архитектурата се врзува за почетокот на доцниот неолит овде, кога овој локалитет ќе доживее вистински процут и експанзија, со градење на објектите на поголемо растојание помеѓу себе, простор кој бил користен за секојдневни активности на луѓето. За почетокот на доцниот неолит се врзува и ровот кој бил ископан околу населбата, а се користел најверојатно и во втората развојна фаза (II). Во оваа фаза се пронајдени остатоци од надземни објекти со правоаголна форма, градени од земјени тули, фундирани врз основа од камења (Grammenos 2006; Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Kotsos 2012; Urem-Kotsou, Kotsos 2020; Mitsakos 2020).

Таквата организација на населбата била возможна само поради географската поставеност на локалитетот кој можел да се шири по хоризонтала, за разлика од тумбите, речните тераси или високите платоа каде внатрешниот простор е доста ограничен.



Слика 19. Земјанка од Ставрополи (Urem-Kotsou 2020, fig. 7.3)

Населбата ***Терми*** е уште една населба од отворен тип, со големина од околу 12 ха., сместена на самиот раб од низината, најверојатно во близина на тогашниот морски брег. Овде при истражувањата се пронајдени остатоци од земјанки и надземни објекти. И кај оваа населба е забележано дека во почетните фази на населбата биле употребувани земјанките кои биле заменети со надземни правоаголни објекти. На неколку позиции при ископувањето е забележано дека објектите биле оградувани со мали камени ѕидови, во кои биле вршени секојдневни обврски околу домаќинството, како и за обработка на камени орудија, за кои се чини, оваа населба била главен трговски центар (Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou, Kotsos 2020; Mitsakos 2020).

Југоисточно од Терми, во внатрешноста на котлината, на една отворена позиција се наоѓа локалитетот ***Василика***. Оваа населба се развива низ три различни фази, одонсно во средниот неолит, доцниот неолит и најверојатно финалниот неолит. Се работи за релативно голема населба која се простира на површина од околу 18 ха. Големината на населбата е условена од природното окружување, како и од внатрешниот распоред на објектите, со добро документиран паралелен развој на хоризонталната и вертикалната стратиграфија, односно ширење на населбата по хоризонтала, како и градење на објектите еден врз друг, искористувајќи ги остатоците од постарите градби за супструкција на новите живеалишта. Таквиот начин на градење на објектите со текот на времето предизвикал напластување на повеќе слоеви и формирање на тумбесто возвишение. И овде е забележано дека во доцниот неолит земјанките ќе бидат заменети

со надземни објекти, најчесто градени од тули од непечена земја, поставени на поголемо меѓусебно растојание, оставајќи поголем простор помеѓу себе во кој биле пронајдени остатоци од печки и огништа (сл. 20) (Pappa, Nanoglou, Efthimadou 2016; Pappa, Nanoglou 2019; Urem-Kotsou  2020).




Слика 20. Остатоци од термички конструкции и камени мелници (Pappa, Nanoglou 2019, fig. 4)

На северниот крај од Солунско Поле, во регионот Јаница позначаен локалитет од доцниот неолит е ***Мандало***, кој бил датиран на крајот од доцниот неолит или почетокот на финалниот неолит. Забележано е дека објектите биле градени од глина и дрвена конструкција, на поголемо растојание помеѓу себе. Кон крајот на неолитот околу населбата бил подигнат поголем камен ѕид со сочувана висина од околу 1.40 м. и ширина од 2.5 м. (Maniatis, Kromner 1990; Andreou et. al. 2001).

Кон југ, на западниот брег на Егејското Море се сместени неколку позначајни неолитски населби за кои овде ќе стане збор повеќе. Најпрво ќе започнеме со ***Палиамбела Колиндрос*** каде при истражувањата биле пронајдени остатоци од неолитска населба која се развивала од раниот до финалниот неолит (EN-MN-LN-FN). Населбата најпрво била позиционирана на една помала тумба, постепено ширејќи се кон рамницата во текот на раниот и среден неолит, за подоцна, во доцниот неолит да се повлече само на повисокиот дел од тумбата.

Од раниот неолит потекнуваат остатоци од земјанки, кои ќе бидат заменети со надземни четириаголни градби веќе во средниот неолит. Во доцниот неолит продолжила традицијата на градење на надземни објекти, најчесто со една просторија, иако на овој локалитет, како и кај Неа Никомедија се документирани објекти со две внатрешни простории. Објектите се градени од дрвена конструкција, преплет и земја, многу ретко со камења во супструкцијата на ѕидовите. И овде е забележано поставување на објектите на поголема раздалеченост помеѓу себе, оставајќи голем слободен простор во кој биле вршени секојдневни активности. Во доцниот неолит околу населбата се наоѓал кружен ѕид, направен од камења кој го дефинира внатрешниот простор на населбата, оградувајќи го од надворешниот свет (Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou 2020; Kotsos 2020; Mitsakos 2020).

Одејќи кон југ, следниот локалитет кој заслужува посебно внимание е населбата ***Макриалос***. Оваа населба била подигната на еден рид со блага падина кон полето и отворената површина околу себе, на која дури на 28 ха. се развивала првата населба-Макриалос I. Се работи за една од подобро истражените населби, со истражена површина од 300x500 метри, во кои се евидентирани остатоци од доцниот неолит, развивајќи се низ две развојни фази (Макриалос I и II) во периодот од 5400-4500 год.

Во најраната фаза биле подигнати неколку групации на земјанки кои имаат дијаметар до 5 метри. Во просторот помеѓу земјанките биле пронајдени голем број на огништа и печки, а околу секоја земјанка имало и по неколку вкопани јами, протолкувани како складишни или отпадни. За оваа фаза се врзува и една поголема јама од околу 30 метри во дијаметар, во која според истражувачите се пронајдени остатоци од гозби, односно од масовна консумација на храна и пијалоци. Освен земјаките, биле пронајдени и остатоци од надземни објекти, од кои се издвојува еден објект со должина од 15 метри, поделен во внатрешноста на две половини. Просторот околу населбата бил

граден со два канали кои биле документирани на истражената површина со должина од 470 метри, со ширина до 5 метри и длабочина до 4 метри. Овие канали се чини биле напуштени во текот на Макриалос II, кога постепено биле покриени со земја. Населбата од втората фаза, или Макриалос II зафаќала нешто помала површина од постарата, но со поголема густина на објектите во внатрешноста на населбата, што значи дека најверојатно бројот на единки во заедницата не бил нарушен (Pappa, Besios 1999; Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006).

Освен овие локалитети кои се подетално истражувани, постојат уште неколку доцнонеолитски населби од централниот дел на зона 3 кои ни се познати од помали ископувања или од рекогносцирања. Генерално земено и останатите населби се вклопуваат во општата слика за населбинскиот систем и архитектурата на овие простори. Според податоците кои ни беа достапни можеме да забележиме доминација на рамните-отворени населби, како и на тумбестите возвишенија, населби кои најчесто биле позиционирани на периферијата на Солунското Поле (сл.1; таб. 2). Посебно внимание привлекува големината на населбите и нивната специфична внатрешна организација. На табела 2 може да се забележи дека овде се документирани неколку населби со површина од неколку десетици хектари кои несомнено биле вистински економски и културни центри кои знчајно влијаеле врз културниот развој на останатите населби во поблиската и подалечна околина. Големината на населбите секако е условена и со внатрешната организација каде како што видовме објектите најчесто се градени на поголемо растојание меѓу себе, што сведочи за внатрешната организација на луѓето во еден ограничен простор. Поволностите кои ги пружа овој регион биле максимално искористени од човекот во текот на доцниот неолит, создавајќи големи и економски моќни населби кои биле активно вклучени во сите движења и влијанија по морски пат кон внатрешноста на Балканот.

*Западен дел*

Доколку населението од централниот дел живеело во големи, отворени населби, населението од западниот дел се развивало во различна природна околина. Оваа регија претставува вистинска раскрсница помеѓу населбите од исток од морскиот брег, и тие од Тесалија на југ, Пелагонија на север и областа кај езерата кон запад, од каде се комуницирало со јадранскиот брег. Во едни такви околности настанеле и првите населби на овие простори во раниот неолит кои формирале една силна комуникациска мрежа,

која ќе дојде до израз особено во доцниот неолит. Доколку се земе како една целина оваа територија, од Кожани на југ, па сѐ до Леринско на север, ќе се добие речиси идентична географска целина како Пелагонија, како по големина, така и по морфологија. Помали разлики помеѓу овие микро целини можат да се воочат во топографијата и хидрографијата на регионите, односно низината во Пелагонија и од друга страна поразновидната географија со пониски ритчиња кои се среќаваат во јужниот дел. По средното течение на Халијакмон во доцниот неолит ќе дојде до појава на околу 22 населби, што сведочи за фактот дека овде ќе се случи вистинска експанзија во втората половина на 6 мил. Интересно е тоа што на север од овде, во Пелагонија, после интензивниот живот во раниот и среден неолит, ќе дојде до голема демографска криза токму во втората половина на 6 мил., што не тера да си го поставиме прашањето за евентуалната миграција на населението од Пелагонија кон југ, кон Халијакмон.

Овде прегледот ќе го започнеме со најјужниот локалитет ***Сервиа***, кој бил поставен на теснецот на Халијакмон. Од доцниот неолит овде се документирани остатоци од подни нивоа, кои биле премачкани со глина, како и неколку јами. Најверојатно објектите биле градени на идентичен начин како во средниот неолит (Wijnen M. et. al. 1979; Andreou et. al. 2001; Papaioannou 2022).

Следниот локалитет за кој ќе стане збор е ***Василара Рачи*** кој е сместен на една повисока позиција, со површина од околу 8.1 ха. На овој локалитет се регистрирани хоризонти од доцниот и финалниот неолит, како и од бронзеното време. Од неолитскиот период се пронајдени остатоци од ѕидови и подови од објекти, кои во внатрешноста може да имаат печка или огниште (Papaioannou 2022). Таквата внатрешна организација на просторот покажува сосема различна пракса за разлика од населбите од централниот дел на зона 3 каде што огништата и печките се наоѓаат надвор од објектите.

Следната населба која има континуитет на живот во текот на средниот, доцниот и финалниот неолит е ***Пала Рачи-Аиани***. Се работи за помала населба сместена на едно тумбесто возвишение каде се пронајдени остатоци од фрагменти од лепеж и подни премачкувања, како и едно огниште на отворено. Судејќи според откриените фрагменти на лепеж може да се каже дека објектите биле надземни, градени од дрвена конструкција премачкана со земја и глина (Papaioannou 2022).

Населбата ***Кремастос Книди*** била подигната во раниот неолит, а подоцна, после одреден хијатус, во доцниот неолит била повотрно окупирана. За жал овој слој не е

стратиграфски документиран во истражената површина, така што немаме подетални информации за организацијата на животот во доцниот неолит во оваа населба (Papaioannou 2022).

Следниот локалитет е ***Анаргири IXb*** која се наоѓа западно од Лериснко, кај езерската област Аминдеон. Се работи за езерска населба која била доста интензивно ископувана во последните неколку децении при што биле документирани две доцнонеолитски фази во периодот од 5300-4900 год., односно од 4800-4400 год. Во текот на истражувањата се пронајдени голем број на остатоци од дрвени колчиња, носители на конструкцијата над водата, врз која биле подигнати објектите. Во доцниот неолит се датирани неколку патеки и огради кои го означувале и поврзувале внатрешниот простор на населбата со брегот на езерото (Giagkoulis 2020).

Средното течение на Халијакмон, вклучувајќи ја и областа Китрини-Лимини, во доцниот неолит ќе доживее вистински процут, со регистрирани повеќе од 30 локалитети. Населбите во доцниот и финалниот неолит се позиционирани на тумби или повисоки речни тераси, со тенденција на населување на повисоки места во финалниот неолит. Во Китрини-Лимини регионот ни се познати околу 20-тина населби од доцниот неолит, од кои ископувања се вршени на локалитетите: Тумба-Мевродендриоу, Понтокоми, Дрепано, Акрини, Мегали Тумба Агиоу, Керамида Акринис и Мегало Ниси Галанис (Papaioannou 2022. после Karamitrou-Mentasidi 2014). Повеќето од населбите од доцниот неолит биле подигнати врз постари слоеви од раниот или средниот неолит, најчесто со надморска висина од 200-300 метри, додека пак во доцниот и финалниот неолит се регистрирани населби на повисоки позиции до 950 н.м.в., како што е примерот со Касиами Лава. Овде, интересен е податокот и за појавата на поголеми населби во доцниот и финалниот неолит кои зафаќаат површина од 5 до 10 хектари. Кај повеќе населби се пронајдени и огништа на отворено, помеѓу објектите, кои биле користени за секојдневни активности, идентично како кај населбите од централниот дел на зона 3 (Andreou et. al. 2001; Papaioannou 2022).

***Зона 4***

Оваа географска територија се наоѓа по средното и горно течение на реката Вардар, во која спаѓаат и неговите леви притоки Брегалница и Пчиња, како и Бабуна и долното течение на Црна Река, како десни притоки. Овде поминуваат неколку значајни патишта кои го поврзуваат овој регион со населбите од соседните зони, а како

најзначајна трансферзала се издвојува вардарската преку која се комуницира со заедниците од зона 3 кон југ, и преку Јужна Морава со територијата на север, кон Дунав (Milanović et. al. 2023). Населбинскиот систем во оваа зона покажува доминација на населбите кои имаат континуитет од средниот неолит, со тоа што кај мал број населби е регистриран континуитет во следниот раноенеолитски период. Таквиот соднос на доцнонеолитските и раноенеолитските локалитети, доколку во иднина драстично не се промени, ќе значи дека и во оваа зона, како и во зона 2, кон крајот на неолитскиот период ќе настапи голема криза во населбинскиот систем, проследен со промена и во керамичката продукција.

Прегледот на локалитетите ќе го започнеме од северните предели, односно кај Врањенско Поле. Ќе започнеме со локалитетот ***Павловац-Ковачке Њиве*** кој се наоѓа на една поголема тераса на Јужна Морава. Стратиграфијата на локалитетот покажува континуитет од средниот неолит, кој продолжува и во доцниот неолит. Во постарата фаза од доцниот неолит на овој локалитет не се пронајдени подобро сочувани остатоци од објекти, освен неколку фрагменти од лепеж кој сведочи за конструкцијата на ѕидовите. Сосема поразлична е сликата за помладата фаза од населбата во која се пронајдени остатоци од неколку надземни објекти кои биле градени од дрвена конструкција и лепеж, а освен на еден објект од 24 м², не се познати димензиите на другите. Покрај овие надземни структури, пронајдени се и делови од поголеми јами кои можеби служеле како објекти за одредени активности (Vuković et. al. 2016).

Во централниот дел на Врањенско-бујановачката Котлина се наоѓа населбата ***Павловац-Гумниште***, која е сместена на една повисока падина-тераса, која се спушта кон Јужна Морава. На оваа населба биле вршени археолошки истражувања во неколку кампањи, почнувајќи од 1955 год., кога Милутин и Драга Гарашанин започнале археолошки ископувања, па сè до последните ископувања во 2011 год. Тука се регистрирани три неолитски слоеви од коишто првиот припаѓа на средниот неолит-Гумниште I, додека пак вториот и третиот припаѓаат на доцниот неолит-Гумниште II и III. Населбата од постарата фаза на доцниот неолит, односно Гумниште II била оградена со ров на помала површина, додека пак во следната фаза-Гумниште III таа ќе се прошири и надвор од границите на ровот, на една поголема површина.

Во постарата фаза биле пронајдени остатоци од надземни објекти, како и јами со различни димензии. Во текот на истражувањата бил дефиниран еден објект со димензии

7.5x5 м., кој бил граден од лепеж и дрвена конструкција, а страдал во пожар. Со идентична технологија и изглед биле и останатите делумно ископани објекти, за кои е наведено дека во внатрешноста не биле пронадени огништа, а најверојатно немало и печки. Огништата се наоѓале надвор од објектите, како и печките кои не секогаш имаат јасен сооднос со објектите во ископаната површина. Пронајдени се и неколку јами со различни димензии, меѓу кои за издвојување се поголемите, кои имаат од 15 до 30 м². Во внатрешноста на овие јами биле пронајдени фрагменти керамика и животински коски, што можеби укажува на тоа дека тие служеле за одредени активности или за привремен престој на човекот. Во помладата фаза, населбата Гумниште III ќе се прошири надвор од рововите на една поголма површина, која била документирана на целиот истражен простор. Во овој слој се регистрирани остатоци од неколку надземни објекти кои имале поголеми димензии, со должина на ѕидовите од 7 до 11 м. и ширина од 5 до 7 м. Начинот на градење е во духот на неолитската архитектура, односно од дрвена конструкција и лепеж, а објектите може да имаат по една или две простории, со едно или две огништа внатре. Откриените архитектонски остатоци на оваа населба сведочат за традицијата на живот во надземни објекти кои може да имаат и по 50-60 м² (Булатовић 2007; Перић и др. 2016).

Податокот дека во помладата фаза дошло до проширување на населбата, како и дека во таа фаза се пронајдени голем број на остатоци од објектите, јасно зборува за фактот дека овде дошло до интензивирање на животот, проследен најверојатно и со демографски пораст на населението.

Кон југ, во Кумановско се наоѓа населбата ***Млака*** кај с. Шупли Камен, на околу 200 метри оддалеченост од Пчиња. Населбата се простира на површина од околу 2 ха., а беше ископувана во текот на 2017 год., кога овде беа истражени околу 500 м². При ископувањата била пронајдена земјанка којашто има три фази на живот и била двапати обновувана. Земјанката е со димензии од 13-14x10 м. со вкупна површина од околу 150 метри квадратни, и максимална длабочина од 0.80 м. во северозападната просторија. Пронајдени се два влеза во земјанката, на С-З страна и на Ј-И страна, но не е сосема сигурно дали биле користени истовремено или во различни фази. Внатрешниот простор бил поделен на неколку помали простории, во кои биле откриени остатоци од печки. На работ на вкопување на земјанката биле пронајдени остатоци од колци кои ја држеле кровната конструкција од надворешната страна, а неколку поголеми јами од колци наредени во низа биле пронајдени и во внатрешноста кои ја држеле целата конструкција.

При ископувањата пронајдени се и слоеви од горење на објектот којшто потоа бил обновуван. Во надворешниот простор биле пронајдени неколку јами-силоси за чување на храна, како и отпадни јами. Интересно е тоа што надвор од земјанката биле пронајдени печки кои најверојатно биле користени во одреден период од годината, што ни зборува за организација на пределот околу самите објекти (Синадиновски 2019).

Следниот локалитет ***Тумба-Брвеница*** се наоѓа во Полошката Котлина, непосредно до реката Вардар. Овде при истражувањата е документирана интересна ситуација, каде покрај слоевите од раниот (I) и среден (II) неолит, бил регистриран и доцнонеолитски слој со две развојни фази (IIIa-b). Населбата од постарата фаза IIIa била подигната врз среднонеолитската населба и припаѓа на Зелениково 2 културата. Оваа фаза завршува со слој од ситни камчиња од излевањето на Вардар, врз кој биле пронајдени остатоци од помлада населба од доцниот неолит-фаза IIIb, која културно и хронолошки се врзува со втората фаза од доцниот неолит во Пелагонија, односно со Мала Тумба-Трн, Устие на Дрим, Тумба-Сенокос и други локалитети, под силни влијанија од културите од јадранскиот брег (Abazi, Tolevski 2017).

Еден од позначајните локалитети од оваа зона е населбата ***Барутница-Анзабегово*** која се наоѓа на една ниска речна тераса над Светиниколска Река. На овој локалитет досега се вршени долгогодишни истражувања, почнувајќи од 50-тите години на минатиот век, па сè до денес. Доцниот неолит на овој локалитет е именуван како Анзабегово IV според Гимбутас (1976), или како Винчански слој со јами според Гарашанин (1979; 2009). И покрај големите истражувачки кампањи на населбата, сепак не се откриени некои позначајни структури од доцниот неолит. Од страна на Американскиот тип биле откриени објекти градени од дрвена конструкција, премачкана со земја. Големината на објектите според сочуваните остатоци се движела од 42-50 м², а дебелината на лепежот од 0.15-0.20 м. Ниту ископувањата на Југословенскиот тим не донеле поголеми сознанија за архитектурата во доцнонеолитската фаза, односно биле пронајдени неколку јами со различни димензии на една поголема површина (сл. 21).




Слика 21. Основа на т.н. Винчански јами откриени од Југословенскиот тим во Барутница Анзабегово (Гарашанин, Гарашанин, Санев 2009, план IX)

Доцниот неолит овде завршува околу 5000 год., што е потврдено и со апсолутни датуми, но и според релативната хронологија. Во најмладите неолитски фази биле пронајдени и ситни остатоци од бакар којшто датира доста рано во оваа населба. Базирајќи се на теренските проспекции на површината на теренот забележано е дека во доцниот неолит на ова место опстојувала населба со големина на еден мал град, со најмалку 4000 жители (Gimbutas 1976; Garašanin 1979; Гарашанин и др. 2009).

Имајќи ги предвид овие податоци ќе се согласиме дека оваа населба во текот на доцниот неолит претставувала еден вистински економски и културен центар, кој заедно со Балгарчево, Мурсалево, Промахон-Тополница и Дамјаница од зона 1 и зона 2, биле значајна културно-економски пункт, со голема улога во формирањето на доцнонеолитската култура, како во самите населби, така и врз помалите населби во непосредното окружување.

Западно од реката Вардар, во регионот Азот се наоѓа единствениот култен објект од доцниот неолит кој потекнува од населбата ***Сунивер***, с. Извор. И покрај тоа што во неколку кампањи се правени обиди да се дефинира во целост објектот, тој не е целосно откриен. Врз основа на остатоците од дрвени јами кои биле пронајдени, изнесена е претпоставка дека надворешните ѕидови на објектот биле долги 12 м. Во внатрешноста

на објектот биле пронајдени вкопани јами во кои бил изведен ритуал со палење. Исто така била пронајдена и композиција од три камења, а во непосредна близина до нив и еден голем камен со правоаголна форма. Пронајдени се и антропоморфни фигурини и една глинена глава од бик. На јужната и на северната страна на објектот каде што најверојатно се наоѓал влезот, откриени се две јами. Во северната јама на површината имало бледожолтеникава глина, под која се наоѓал слој од гареж, а под него мал обработуван камен. Во јужната јама била пронајдена идентична ситуација, со две фрагментирани фигурини. Во друга јама пронајдени се остатоци од силен оган, посведочени со присуство на гареж и пепел (Јовчевска 2006; 2008).

На територијата на Тиквешијата за жал не се вршени археолошки истражувања на локалитети од доцниот неолит. Овде како позначаен локалитет се издвојува населбата ***Бегово Поле*** која е сместена на вливот на Раец во Црна Река. Населбата е концентрирана на самиот агол од парцелата која има форма на ¼ од тумба, отворена кон полето околу неа (сл. 22-1). Со рекогносцирањата кои беа извршени на овој локалитет се потврди населба од средниот и доцниот неолит, која зафаќа површина од околу 4-5 ха. Според типолошките карактеристики на керамичкиот материјал, оваа населба припаѓа на Зелениково 2 културата (Синадиновски 2014; 2016).




Слика 22. Позиција на населбите: 1-Бегово Поле; 2-Прчинога; 3-Комарчани

***Зона 5***

Териоторијата на Пелагонија се издвојува како една специфична, затворена географска регија која била особено популарна за живот во текот на раниот и среден неолит во рамките на т.н. Велушко-породинска културна група (6300-5500). Овде ќе дојде до појава на неколку десетици населби кои најчесто се позиционирани на тумбите во рамницата. Интензитетот на живот во оваа котлина ќе биде драстично променет во доцниот неолит, особено во неговата прва фаза, кога ќе дојде до речиси целосно напуштање на оваа географска регија. Веќе во следната втора фаза од доцниот неолит-фаза II ќе дојде до повторно населување на оваа регија и појава на материјална култура која се врзува со заедниците од јадранскиот брег, и како што видовме, на север со населбите од Полог. Населбинскиот систем во доцниот неолит значајно ќе се промени во северниот дел, каде покрај населбите на тумби, ќе се појават и населби на повисоките ридести површини низ Мариово (сл. 22. 2-3), како што е примерот со: Прчинога, Ѓерамиди, Стари Лозја, Тумба Боротино, Комарчани и др. За жал овие населби ни се познати само преку рекогносцирања, така што немаме никакви податоци за стратиграфијата и недвижните објекти во нив (Mitkoski 2017). Во продолжение ќе бидат презентирани досегашните сознанија за дел од доцнонеолитските населби во зона 5, нивната топографија и архитектонски остатоци.

Почнувајќи од север, најпрво ќе започнеме со населбата ***Кутлине,*** с. Ракле, која иако се наоѓа во Раечката Клисура, ќе биде обработена овде како дел од зона 5. Се работи за населба со подобро сочувана стратиграфија, во која се регитрирани две фази од доцниот неолит, именувани како Кутлине I-II. Во постариот хоризонт се пронајдени остатоци од објект со под од набиена земја, врз кои биле пронајдени остатоци од куќен лепеж, како и дупчиња од дрвената контрукција. Пронајден е уште еден слој од набиена земја за кој се претпоставува дека бил дел од некоја градба, но за жал немаме подетални информации за оваа појава. Остатоци од објект биле пронајдени и во помладиот слој, кој имал под од набиена земја и лепеж врз неа (Темелкоски, Митkоски 2008).

Во прилепскиот дел од котлината се издвојува локалитетот ***Могила-Сенокос*** кој бил подигнат на една тумба. Локалитетот е доста оштетен од изградбата на живинарска фарма, но и од земјоделските работи на ова место. Во текот на истражувањата биле истражени вкупно 65 м$^2$ во кои биле откриени два типа на стамбени објекти, земјанки и надземно живеалиште. Земјанките кои се документирани во постариот слој имаат

кружно-валчеста форма и вкопани се во здравицата во длабочина од околу 0.50 м. Внатрешноста била поделена на две приближно еднакви простории со мал преграден ѕид. Внатре се откриени остатоци од куќен лепеж кој лежи врз слој од гареж, што укажува на тоа дека овој објект најверојатно бил уништен во пожар. Во помладиот хоризонт откриено е надземно живеалиште коешто било изградено од дрвена конструкција и лепеж, со под поплочен со неправилно обработени камени плочи. Внатре се пронајдени остатоци од огниште со кружна форма, оградено со кружни плочи и подница премачкана со слој од глина (Темелкоски, Митkоски 2006: Стојанова-Канзурова 2011).

Како најсеверна точка на Пелагонија се наоѓа локалитетот ***Градиште-Дебреште*** кој е сместен на една доминантна позиција, контролирајќи го преминот кон Треска на север. Со ископувањата на ова место, покрај одбрамбениот ѕид кој потекнува од поновите периоди, биле пронајдени и остатоци од доцниот неолит во најстариот хоризонт на живот. На ова место биле пронајдени три хоризонти со живеалишта градени во духот на праисториската архитектура, односно со дрвена контрукција и лепеж (Атанасоски 2016).

Од Битолскиот дел на Пелагонија за нашиот труд најзначајни се Мала и Голема Тумба кај с. Трн. Овде најпрво ќе ја обработиме населбата ***Мала Тумба-Трн*** која се простира на едно тумбесто возвишение со пречник од околу 200 м. (3-4 ха.). Во текот на истражувањата регистрирани се два неолитски слоја на живеење, од кои постариот датира во средниот, додека пак помладиот во доцниот неолит. Во доцнонеолитскиот слој биле откриени повеќе групи мали парчиња лепеж, кои биле дислоцирани, без одреден контекст, а врз основа на остатоците од подното ниво изнесена е претпоставка дека објектот имал правоаголна форма (Симоска, Санев 1977)

Во близина на Мала Тумба се наоѓа соседната ***Голема Тумба*** која има пречник од околу 200 м. и висина околу 5.70 м. (3-4 ха.). Ископувањата на оваа тумба се вршеле во централниот дел, каде е констатиран културен слој со дебелина од околу 2.20 м., во кој се издвоени два хоризонти на живеење, со објекти кои биле датирани околу 4800 и 4500 год. (Симоска, Санев 1977; Наумов 2016)

***Зона 6***

Оваа географска зона се наоѓа на западната граница на нашата територија, на една специфична географска положба со разновидна топографија и хидрографија на целиот

регион. Овде се наоѓаат Охридското и Преспанското Езеро, помалите езера Мала Преспа и Костурско Езеро кое се наоѓа на границата со зона 3, како и пресушеното Маличко Езеро кое денес не постои. Овој поширок географски регион е опкружен со повисоки планински масиви низ кои се пробиваат реките Девол и Црн Дрим кон Јадранот, како и Халијакмон кон исток, преку кој се поврзува со егејското крајбрежје и Тесалија на југ. Населбите овде покажуваат интересен развој којшто е карактеристичен само за овој регион, каде што во доцниот неолит ќе бидат подигнати неколку наколни населби. Од друга страна пак, останатите населби се подигнати на периферијата од Корчанската Котлина, со тенденција на населување на повисоките позиции кон крајот на неолитот, идентично како и населбите од исток, од средното течение на Халијакмон. Голем дел од населбите имаат континуитет од претходните неолитски фази, покажувајќи извесен континуитет на населување на одредени позиции, прилагодувајќи се на хидрогеолошките промени кои се одразувале на нивото на езерата и мочуриштата.

Првата палафитна населба која овде ќе биде обработена е ***Диспилио*** во која се регистрирани три неолитски фази, од коишто првата припаѓа на средниот неолит, додека пак останатите две фази се од доцниот неолит (сл. 23). Во првата доцнонеолитска фаза се откриени неколку објекти кои биле подигнати на дрвена платформа, а биле градени со дрвена конструкција премачкана со земја и глина. Освен градбите на платформа, во западниот сектор при ископувњата се пронајдени и остатоци од надземни објекти, директно на земјата, следејќи ја традицијата на градење од претходно (сл. 23). Огништата и печките од првата фаза најчесто се наоѓаат внатре во објектите, додека пак во втората фаза е забележано дека тие биле правени и на отворениот простор помеѓу објектите (Karkanas et. al. 2011; Kalogiropoulou 2013; Papaioannou 2022).

На околу 10-тина км југозападно од Диспилио се наоѓа населбата ***Авги***, која е сместена на една повисока позиција, а била оградена со два ровови кои биле вкопани во земјата (сл. 24). Со идентична стратиграфија како и Диспилио, населбата Авги се развива низ три развојни фази во неолитот-Авги I (5700-5200/5100), Авги II (5200/5100-4900) и Авги III (4900-4500/4300). Во најстарата фаза-Авги I се пронајдени 10-тина надземни објекти, градени со дрвена конструкција премачката со земја, а според сочуваните остатоци од подно ниво, забележано е дека може да имаат големина од 50 до 80 м². Куќите биле градени на одредено растојание помеѓу себе, оставајќи поголем слободен простор во кој биле пронајдени остатоци од огништа, печки и јами, кои најверојатно служеле за извршување на секојдневни активности. Во следната фаза-Авги II

забележано е дека објектите биле градени врз постарите објекти, а откриени се и повеќе печки и огништа на отворениот простор. Во третата фаза-Авги III се пронајдени остатоци од неколку објекти кај кои е забележано вкопување на основата на ѕидовите и формирање на правоаголни градби кои може да бидат со големина од 70 до 90 м², следејќи го распоредот на тие од постарите фази. Во просторот помеѓу објектите во сите три фази се откриени поголем број на јами со разни димензии (Stratouli, Kloukinas 2020; Straupoli et. al. 2020; Kalogiropoulou 2013).

**Figure 6. 2** Evolution of the natural and architectural environment of Dispilio prehistoric mound fror ca. 5500 to 2300 B.C. (Karkanas *et al* 2011, 108)




Слика 23. Развојот на населбата Диспилио и односот со нивото на езерото (Karkanas et. al. 2010, fig. 12




Слика 24. Лево-основа на објекти од Авги I и Авги III; десно-местоположба и ископувана површина (https://www.neolithicavgi.gr/wp-content/uploads/image/site.jpg)

Најзначаен и најпознат локалитет од Корчанско е неолитската езерска населба ***Малиќ*** која има две развојни фази во доцниот неолит, со континуитет на живот и во следниот енеолитски период (сл. 24а). Со ископувањата на овој локалитет се документирани остатоци од наколна населба, како и остатоци од надземни објекти кои биле градени на брегот на езерото чијашто површина често варирала. Од првата фаза потекнува еден објект со правоаголна основа и површина од околу 55 м². Внатрешноста на објектот е поделен на две соби во кои има по една печка и огниште со кружна форма во основата. Покрај овој подобро сочуван објект, биле пронајдени и остатоци од други структури кои имале идентична форма, со кружна печка или огниште во средината (Elezi 2020; 2020a).



Слика 24а. Позиција на населбата Малиќ (Elezi 2020. fig. 4.1)

Североисточно од Малиќ, на бреговите од Преспанското Езеро се наоѓа локалитетот ***Каламас*** кој покажува интересен хронолошки развој, каде што најстарата (среднонеолитска) фаза-Каламас III е датирана во периодот од 5400-5200 год., додека пак доцниот неолит од 4800-4500 год., развивајќи се низ две развојни фази-Каламас I-II. Во најстариот слој биле пронајдени остатоци од надземни градби градени од дрво и земја, со под од набиена земја и печка во внатрешноста. Остатоците од доцнонеолитските слоеви сведочат за јами од колци, како и фрагменти од лепеж на кој се забележуваат отисоци од дрвената конструкција (Elezi 2020; 2020a).

### 3.1.2. Материјална култура-керамика

Самиот наслов на ова поглавје кажува дека овде главен акцент ќе биде ставен на проучување на керамичкиот материјал, односно садовата керамика. Овде би сакале да нагласиме дека доколку биде потребно, за аргументирање на одредена теза ќе бидат земени предвид и останатите движни наоди, кои ќе бидат вклучени во расправата.

Керамичкиот материјал од неолитскиот период за нас археолозите претставува писмо преку кое се обидуваме да препознаеме и реконструираме одредени општествени и културни вредности на праисториските заедници. Покрај технолошките и типолошки анализи на керамиката, во последните неколку децении се повеќе се актуелни и разните хемиски и минералошко-петрографски анализи кои ни даваат егзактни податоци за производството, употребата и распространетоста на одредени технолошки групи на садови. Во овој труд покрај технолошките карактеристики на керамиката, поголемо внимание ќе биде посветено на типологијата на садовата керамика и орнаментите кои се карактеристични за доцниот неолит.

Врз основа на неколку значајни карактеристики кои можеме да ги воочиме во керамичката продукција во доцниот неолит, ние можеме појавата и првите етапи од доцниот неолит да ги следиме преку појавата на т.н. *монохромен хоризонт* како дел од хронолошката фаза I. Овој хоризонт се карактеризира со доминација на црно-печената и black-topped керамиката, како и поголема застапеност на црните биконусни садови, најчесто декорирани со канелури, врежани полиња или пунктирања. Овде во овој труд поголемо внимание ќе биде посветено на локалитетите од фаза II, каде се среќаваат разновидни сликани мотиви, особено во јужните предели на оваа територија. И овде ќе го задржиме редоследот од претходните поглавја, така што обработката на населбите ќе го започнеме со зона 1.

*Зона 1*

Првите значајни културни промени кои ставиле крај на традицијата со црно или бело сликање на садовите се одбележани со појавата на црно печената керамика, најчесто декорирана со пунктирања наредени во една или две колони, кои може да бидат комбинирани со канелури (сл. 25). Во оваа фаза се застапени и разни врежани мотиви кои може да формираат неправилни форми на баклава, врежани полиња со пунктирања, импресо, организиран барботин кој може да биде комбиниран со мазнет или полиран појас под устието итн. (сл. 26). Како форми се издвојуваат биконусните садови, како и отворените чинии, кои ќе продолжат и низ следните фази (сл. 27). Појавата на оваа керамика овде, се поврзува со културната група Балгарчево II-Долна Рибница која доминира во зона 2. Понатамошниот развој на доцниот неолит на овие простори во голема мера се одвива под силни влијанија на Винчанската култура и нејзините јужни варијанти, мислејќи пред сè на црно печените садови со полирана површина, украсени со канелури, врежани мотиви во комбинација со пунктирање, black-topped, како и појавата на разновидни држалки на садовите.

Кај населбите од зона 1 доминантни се влијанијата од северните култури, иако се среќаваат и директни влијанија и од јужните култури, најдобро документирано во доцниот неолит од ***Балгарчево*** (Тодорова 1993а; Grebska-Kulow, Kulov 2007; Grebska-Kulow 2017). Со досегашните истражувања на оваа населба се извлечени неколку главни карактеристики на керамичкиот материјал кои се типични за доцниот неолит на овие простори, и преку кои можеме да ја креираме општата културолошка слика на овој период. Ова се однесува на фазите Балгарчево III и III-IV, каде можеме континуирано да го следиме развојот на доцниот неолит во зона 1. Оваа фаза се издвојува како посебна поради неколку значајни промени во материјалната култура, пред сè кај керамиката, кои ќе се развиваат кон крајот на фаза I и почетокот на фаза II според нашата периодизација.

Керамичкиот материјал од Балгарчево III покажува еден интересен развој на садовата керамика со доминација на црно печената керамика, иако доста чести се и нијансите на сива, црвеникава или кафеава. Површината на садовите најчесто е сјајна, и добро полирана, многу ретко со црн премаз, а како основна карактеристика на оваа фаза се јавува black-topped керамиката која ќе го продолжи својот развој и во втората етапа од фаза III (сл. 28). Што се однесува до формата на садовите покрај топчестите садови со помалку или повеќе извлечен обод, доста честа форма се и биконусните садови кои

може да бидат со остра биконичност, но и со цилиндрично изведена горна половина, со рамно дно или на повисока конусна нога (сл. 29). Овде за прв пат се јавуваат и чиниите со вертикална држалка која се спушта од ободот кон стомакот на садот, како новост во доцниот неолит, но исто така форма којашто ќе доминира низ следните праисториски периоди (сл. 30, 31). Отворените конусни чинии со организиран барботин во комбинација со замазнета зона под устието на садот продолжуваат и во оваа фаза, развивајќи се паралелно со широко отворените чинии кои исто така своите корења ги имаат во претходната фаза (сл. 32, 33). За издвојување се отворените чинии кои имаат вертикално извлечена држалка и задебелување на устието од надворешната страна (сл. 34). За оваа фаза се врзува и појавата на разновидните држалки, меѓу кои доминираат вертикалните со разни јазичести, роглести или дугмести апликации (сл. 35). Исто така, карактеристични за оваа фаза се канелурите, пунктирањата, разновидните врежани мотиви, врежани полиња и триаголници исполнети со пунктирања итн. (сл. 29; 36; 37; 38). Во Балгарчево III за првпат се појавува и сликањето со црни орнаменти врз црвена основа од типот Акропотамос-Тополница или Струмско стилот (сл. 31, 39), односно во мода повторно се враќа сликањето со црна боја кое овде беше застапено и во последните фази на раниот неолит.

Развојот на населбата низ фазата Балгарчево III-IV може да се протолкува како преодна фаза кон енеолитот, додека пак Балгарчево IV веќе претставува една сосема нова оформена култура во која доминираат разните врежани линии во прави или заоблени линии, како и доминација на нијанси на црвена и кафеава керамика (сл. 40). Овде на местото на црно сликаната керамика за првпат ќе дојде до појава и на графитното сликање кое ќе доживее вистински процут во следните фази на енеолитскиот период (сл. 41). Таквите промени хронолошки припаѓаат на фаза IIb според нашата периодизација, време кога на овие простори ќе дојде до доминација на новата материјална култура, која својот процут ќе го доживее во втората половина на 5 мил.



Слика 25. Керамички фрагменти од Балгарчево II-тип Долна Рибница (Grebska-Kulow 2011, Pl. VI



Слика 26. Импресо и барботин во комбинација со замазнета површина од Балгарчево II (Grebska-Kulow 2011. Pl. V)




Слика 27. Широко отворени чинии со огрубена површина под устието на садот од Балгарчево II (Grebska-Kulow 2011. fig. 4.68)



Слика 28. Black topped керамика од Балгарчево III (Grebska-Kulow 2011, Pl. 10)



Слика 29. Биконусни садови со канелури од Балгарчево III (Grebska-Kulow 2011, fig. 4.105)




Слика 30. Типови на подлабоки садови од Балгарчево III (Grebska-Kulow 2011, Fig. 4. 129)




Слика 31. Садови со црно сликање Акропотамос-Тополница стил-Балгарчево III (Grebska-Kulov 2012, fig. 4.)




Слика 32. Конусни чинии со барботин на телото на садот од Балгарчево III (Grebska-Kulov 2011, fig. 4-85)




Слика 33. Широко отворени чинии со огрубување на површината на садот од Балгарчево III (Grebska-Kulov 2011, fig. 4-100)




Слика 34. Широко отворени чинии со вертикални држалки над ободот (Grebska-Kulov 2011, fig. 4-101)




Слика 35. Разновидни типови на држалки од Балгарчево III (Grebska-Kulov 2011, fig. 4-108)




Слика 36. Типови на орнаменти од Балгарчево III (Grebska-Kulov 2012, fig. 4-108)




Слика 37. Комбинации со врежувања и пунктирања од Балгарчево III (Grebska-Kulow 2012, fig. 4-114)



Слика 38. Врежувања и пунктирања на садова керамика од Балгарчево III (Grebska-Kulov 2012, Pl. IX)



Слика 39. Акропотамос тип орнаментирање од Балгарчево III-IV (Grebska-Kulov 2012, Pl. XIV)



Слика 40. Декорации со врежани геометриски мотиви од Балгарчево IV (Grebska-Kulov 2012, Pl. XVII)



Слика 41. Фрагменти со графитно сликање од Балгарчево IV (Grebska-Kulov 2012, Pl. XV)

Идентичен културолошки и хронолошки развој на доцниот неолит во зона 1 е забележан уште кај неколку локалитети меѓу кои за издвојување се: Дренково-Плоштеко, Слатино-Чардако I, Сапарева Бања, Галабник и Перник, локалитети кај кои се забележани идентични форми на садови, орнаменти, како и black topped керамиката, како главна карактеристика на доцниот неолит во зона 1. Населбата ***Дренково-Плоштеко*** хронолошки е сместена кон крајот на неолитскиот период врз основа на керамичкиот материјал, односно појавата на сивата керамика.

Овде припаѓа и населбата ***Сапарева Бања*** со фазите I и II, каде е пронајдена black-topped керамика, заедно со керамика со графитен премаз, како и керамика декорирана со канелури. Застапени се и отворените чинии со задебелен обод, како и садовите со две држалки на горниот дел од садот кои паѓаат од устието кон телото на садот (амфори). Овде се пронајдени фрагменти орнаментирани со кафеаво сликани мотиви, кои потсеќаат на т.н. Акропотамос стил на орнаментирање од населбите од долното течение на Струма (Чохаджиев 2007; Grebska-Kulow 2011; 2017).

На истиот културен комплекс припаѓаат и населбите ***Слатино-Каро*** IV и VI кои се развиваат паралелно со Балгарчево IV, како и ***Слатино-Чардако*** I, синхронизирана со Балгарчево II-III. Во фазите Каро IV и VI керамичкиот материјал се карактеризира со отворени конусни, биконусни чинии, како и садови со две симетрични вертикални држалки. Орнаментите најчесто се изведени со канелури, пунктирања во комбинација со црвена боја, како и сликањето со кафеава боја врз црвена или бежова основа од Каро VI. Овде се забележува недостаток на black-topped керамиката, што го датира овој локалитет кон самиот крај на неолитот и почетокот на раниот енеолит. Кај населбинскиот комплек Слатино можеме да забележиме еден интересен културен развој низ речиси сите фази од доцниот неолит, продолжувајќи го животот и во раните фази на енеолитскиот период. Хронолошкиот развој на последните фази од доцниот неолит и енеолитот кај овие населби можеме да го сместиме во предложената фаза IIa, b. Врз основа на промените и развојот на материјалната култура овде, можеме да забележиме дека се случува една постепена транзиција од доцниот неолит кон енеолитскиот период, покажувајќи притоа свои културни белези, најдобро документирани преку појавата на кафеавите орнаменти кај керамичкиот материјал (Чохаджиев 2006, 2007; Grebska-Kulow 2011, 2017).

Сумирајќи ги податоците од доцнонеолитските населби од зона 1 можеме да кажеме дека во фаза 1 доминира црно печената керамика која своите корења ги има кај населбите од север, каде што орнаментите може да бидат изведени со канелури, врежувања и пунктирања во разни комбинации. Во периодот на фаза Ia ќе дојде до појава на black topped керамиката која својот развој кај одредени локалитети ќе го продолжи и во текот на раниот енеолит. Во текот на фаза IIa, на овие простори ќе се појават и нови техники на орнаментирање изведени со црна или кафеава боја врз црвена или бежова основа, културни појави кои пак потекнуваат од заедниците од јужните предели. Сликаната керамика од населбите од оваа регија е доста ретко застапена, а споредено со центрите од долното течение на Струма се карактеризира со погруба фактура, разни нијанси на црвеникава боја на садовите, мотиви изведени со црна боја, која во зависност од квалитетот може да има сивкасти или кафеави нијанси. Мотивите се најчесто едноставни линиски со 2-3 паралелно насликани линии, формирајќи разни заоблени или праволиниски форми (Malamidou 2011).

Веќе во раниот енеолит, односно фаза IIb ќе дојде до значителна промена во материјалната култура со појава на сива керамика со цементна боја, како и доминација на графитното сликање кое најчесто е изведено во разни комбинации со спирални мотиви. Покрај тоа ќе се зголеми процентот и мотивите на врежаните орнаменти тип Градешница или Марица, како дел од поголемиот културен комплекс Градешница-Слатино-Дикили Таш. Керамичкиот материјал, како и населбинскиот систем, покажува една постепена транзиција во промените, односно појава на нови културни елементи кои продолжуваат и во првите енеолитски фази.

***Зона 2***

Во следната *зона 2* како што кажавме претходно се издвојуваат неколку населби за кои овде ќе стане збор подетално. Со идентичен културен и хронолошки развој како со Балгарчево се јавуваат населбите Промахон-Тополница и Дамјаница каде можеме да го следиме целокупниот развој на дицниот неолит и преминот кон енеолитскиот период. Источно од овие населби подетални податоци имаме за локалитетите Ангелци и Голема Трпеза, населби кои сведочат за ширењето и влијанијата на Акропотамос-Тополница културата. На западните краеви од оваа зона се наоѓа населбинската целина Канли Чаир-Бојковци каде што може да се каже дека доминираат влијанијата од зона 4.

Населбата ***Промахон-Тополница*** покажува интересен културен развој и специфични промени во керамичката продукција кои се наоѓаат под силни влијнија на населбите од југ, од долното течение на Струма, најдобро документирани преку појавата и доминацијата на црно сликани орнаменти врз црвена основа. Керамичкиот материјал од овој локалитет е детално обработен и презентиран, следејќи ја типологијата на садовите и орнаментите на нив, врз основа на кои се определени неколку керамички групи поделени според орнаментиката (сл. 42).

Прегледот ќе го започнеме со врежаните орнаменти кои биле определени како тип А, и поделени на 4 подфази (А1-А4). Првиот тип А1 најчесто се јавува кај култните масички и антропоморфни фигури. Вториот тип А2 (Лариса стил) се карактеризира со подебели и подлабоки врежани линии, најчесто како цик-цак мотиви изведени под ободот на садот. Најзастапен во овој локалитет е типот А3 или Градешница стилот кој се карактеризира со врежување на 2-3 паралелни линии кои може да оформуваат спирални или меандрести мотиви, начин на орнаментирање кој се појавува во раните енеолитски фази на овие простори. Истото се однесува и за четвртиот тип А4, односно Марица стилот на врежување каде што исто така доминираат спиралните мотиви изведени најчесто од 2-3 паралелни линии кои се поврзани со врежани линии помеѓу себе, создавајќи мали квадратчиња. Овој тип на врежување исто така може да се забележи и кај жртвените масички од Цоцев Камен 1, како дел од раните енеолитски фази на овие простори. Втората керамичка група или тип В се карактеризира со разчичи техники на обработка на површината на садот. Издвоени се вкупно три подгрупи именувани како: В1-црвен премаз на садовите; В2-графитен премаз на површината и В3-black-topped керамиката. Следната група-тип С или уште попозната како битумен декорација, се издвојува со разни техники на сликање со битумен формирајќи аголни или најчесто спирални мотиви (сл. 43). Сликањето на садовите е главната карактеристика за тип D групата која е поделена на четири под групи-D1-D4. Поделбите се направени генерално врз основа на техниката и мотивите насликани на садовите кои може да бидат изведени со кафеава или црна боја, разликувајќи се како Акропотамос стил (сл. 44; 45), Струмско стил (сл. 46), Димитра тип, и на крајот графитното сликање како посебна категорија (сл. 47). Типот Е се карактеризира со втиснување на поголеми дупчиња кои може да бидат комбинирани и со врежани линии. Следниот тип на орнаменти тип F претставува релјефни држалки кои може да имаат кружна, овална или издолжена форма. Овие држалки, покрај нивната декоративна функција имаат и

практична примена за постабилно држење на садовите. И како последна група-тип G се издвоени канелурите кои се наоѓаат на горната половина на садовите, најчесто изведени на black-topped керамиката.

Тука посебно се издвојува Акропотамос стилот кој доминира над останатите групи, особено во III фаза од локалитетот Промахон-Тополница. Крајот на неолитот и почетокот на енеолитот овде ќе биде одбележан и со пораст на графитното сликање на садовите, појава која го најавува следниот енеолитски период кога графитот ќе доминира на овие простори како дел од Слатино-Дикили Таш културата (Vajsov 2007; Koukouli-Chryssanthaki et. al. 2007; Grebska-Kulow 2017).




Слика 42. Типови на разни техники на орнаменти од Промахон-Тополница (Vajsov, 2007, fig. 3)




Слика 43. Декорации изведени со битумен од Промахон-Тополница II (Vajsov 2007, fig. 21B. 1-7)




Слика 44. Фрагменти со кафеаво сликани орнаменти-Акропотамос стил (Vajsov 2007, fig. 16)




Imitation Akropotamos style from Promachon-Topolnica 1:3

Слика 45. Акропотамос тип на керамика од Промахон-Тополница (Bonga 2013, fig. 19)



Promachon-Topolnica: Black-on-red Strumsko Style Jars 1:3



Promachon-Topolnica: Black-on-red Strumsko Stlye Jars 1:2

Слика 46. Фрагменти орнаментирани со црна боја врз црвена основа-Струмско стил (Bonga 2013, fig. 30)




Слика 47. Графитно сликање од Промахон-Тополница (Bonga 2013, fig. 60)

Следниот локалитет којшто ќе биде обработен е ***Дамјаница***, населба која се развива низ три фази (I-III) во текот на доцниот неолит (5300-4900). Во фазата Дамјаница I доминираат фрагментите со црна, сива или кафеава површина, биконусните и конусните садови се најбројни, а како орнаменти најзастапени се врежувањата и канелурите. Овде доаѓа и до појава на првите black-topped или gray-topped садови, како и сликањето со битумен кое ќе стане позастапено во следната II фаза. Иако во Промахон-Тополница во втората фаза доаѓа до зголемена застапеност на Акропотамос типот на

керамика, ова не може да се каже и за Дамјаница каде што се пронајдени само неколку фрагменти од тој тип. Оваа ситуација значајно ќе се промени во текот на Дамјаница III, кога ќе се појават и нови форми на садови, пред сè отворени чинии со одвнатре задебелен обод, како и садови со вертикални држалки кои паѓаат од ободот кон телото на садот. Сликањето на садовите со тенки линии со кафеава или црна боја, локална варијанта на Акропотамос сега ќе стане водечка техника на орнаментирање на садовите, а континуитет покажува и Струмско стилот. Во оваа фаза ќе продолжи и технологијата со битумен орнаментирањето, како и полихромното орнаментирање на садовите (сл. 48).




Слика 48. Доцнонеолитска керамика од Дамјаница (Grebska-Kulow 2017, fig. 10)

Врз основа на синхронизацијата на керамичкиот материјал, забележано е дека Дамјаница III има силни врски со населбата Дреновица која се наоѓа на реката Струмешница. Освен овде, одредени влијанија се регистрирани и со доцнонеолитската населба кај Анзабегово, Ангелци, Балгарчево, како и со населбите од југ од Серес и Драма (Grebska-Kulow 2017; Grebska-Kulow et. al. 2017).

Две фази на развој од доцниот неолит се документирани кај населбата ***Страната-Ангелци***, каде што при ископувањата во 80-тите години, како и последната кампања во 2015 год. е откриена голема количина на керамички фрагменти кои потекнуваат од доцниот неолит, а се поделени во неколку групи. Најпрво што се однесува до фактурата, забележано е дека целата керамика е доста квалитетно изработена, а биле определени три групи, односно груба, осредна и фина керамика, со особена доминација на осредната керамика.

И во двата хоризонти доминира керамиката со темна боја, темно-сива, кафеава и поретко црвена, а регистрирано е присуство и на black-topped керамиката уште во првата фаза. Во постариот хоризонт се среќаваат грнестите садови кои може да бидат изведени во неколку варијанти, конусните, како и биконусните чинии кои може да имаат и мала држалка во горниот дел од садот. Доста бројни се и садовите со заоблен профил, меѓу кои и пехарестите, кои исто така имаат неколку варијанти. И овде се пронајдени разновидни држалки кои имаат разни јазичести, роглести, брадавичести, како и антропоморфни и зоомирфни форми. Орнаментите во оваа фаза се застапени преку канелурите, пунктирањето (со разни предмети), врежување, импресо итн. Керамичкиот материјал од помладиот хоризонт покажува генерално идентични карактеристики како керамиката од постариот слој. Во оваа фаза е забележан пораст на амфорестите садови, како и на садовите со заобен профил, на сметка на конусните и биконусните садови, каде е забележано опаѓање на застапеноста. Држалките може да бидат декорирани, исто така и овде ги има во разни форми и варијанти. Орнаментите продолжуваат од претходната фаза, но со помал интензитет, а како новина во оваа фаза е графитното сликање кое е забележано на два фрагменти, како и орнаментирање во Акропотамос стилот (Санев, Стаменова 1989; Rujak 2017).

Оваа населба со првиот слој припаѓа на фаза Ib според нашата периодизација, додека пак помладиот слој можеме да го сместиме на почетокот од фаза IIa, односно на самиот почеток од 5 мил.

Како најзападен пункт од оваа зона се јавува локалитетот ***Канли Чаир*** или ***Бојковци***. Керамичкиот материјал од оваа населба, барем што се однесува до постариот слој покажува јасни паралели со населбите од Зелениково 2 групата која се развива во зона 4. Од доцниот неолит овде се документирани две развојни фази кои покажуваат извесни разлики во керамичката продукција. За постарата фаза карактеристична е доминацијата на црвената керамика со тенки ѕидови и добро обработена површина, а доста често се среќава и керамика со окерастата или кафеава боја. За оваа фаза се врзуваат подлабоките конусни чинии кои најчесто имаат пластични апликации на телото, лентести или роглесто изведени држалки кои може да бидат и хоризонтално пробиени. Овој постар слој е датиран паралелно со Винча-Тордош I-II, Зелениково 2 и Ангелци I.

Керамичкиот материјал од помладата фаза покажува извесни разлики од претходно, со видни промени во технологијата и типологијата на садовите. Во оваа фаза се јавуваат повеќе разновидни форми и орнаменти на керамичкиоте садови, зголемемување на црно печените садови и појава на black-topped керамиката. Од разноврсниот керамички материјал може да се издвојат разни типови на конусни чинии, чинии со помалку или повеќе заоблена профилација, биконусни чинии кои може да имаат и цилиндрично извлечен горен дел, амфорестите садови кои најчесто имаат мали пластични апликации на најширокиот дел од садот и биконусна профилација. И овде се среќаваат разни видови на јазичести, дугмести, роглести и други типови на држалки, карактеристични и за останатите населби од доцниот неолит, а се издвојува еден примерок на сад со голем цилиндричен врат и вертикална држалка. Орнаментите најчесто се изведени со канелури кои може да бидат различни според дебелината и ширината, како и според поставеноста, односно се среќаваат хоризонтални, вертикални, цик-цак мотиви, како и барботин орнаментиката која може да биде изведена под устието на садот. Керамичкиот материјал од овој хоризонт е синхронизиран со Градачката фаза, Зелениково 2, Ангелци II, како и со Караново IV кон запад (Tolevski 2022).

Во зона 2, исто како и кај зона 1 можеме да забележиме значајни културни влијанија од северните култури, како и од населбите од југ, од долното течение на Струма кои се особено препознатливи преку црно сликаните орнаменти врз црвена основа. Појавата и доминацијата на црно печената керамика орнаментирана со канелури, врежувања и пунктирања ќе ги дадат основните белези на керамичкиот материјал на почетокот на доцниот неолит. Веќе кон крајот на фаза I и почетокот на фаза II кај

населбите од зона 2 ќе дојде до доминација на садовите сликани со црна или кафеава боја врз црвена основа, како локални варијанти на Акропотамос-Тополница културата. Овие културни вредности ќе ги дадат последните белези на доцниот неолит кај населбите од зона 2, каде што веќе во следната фаза IIb, односно раниот енеолит, ќе дојде до промена на материјалната култура и доминација на графитното сликање и врежаните орнаменти, најчесто разновидни комбинации на спирални и меандрести мотиви. Таквите новости во науката се препишуваат на Градешница-Слатино-Дикили Таш културниот комплекс кој се развива на една поголема територија на Балканскиот Полуостров.

***Зона 3***

*Источен дел*

Поради тоа што керамичката продукција е главна цел на обработка во ова поглавје, прегледот на населбите во зона 3 ќе го започнеме токму со еден керамички центар од долното течение на Струма, кој остварувал активно контакти со населбите од внатрешноста, како и со тие по морскиот пат.

Благодарение на поволната местоположба на населбата ***Крионери***, таа се претворила во своевиден трговски центар за продукција на керамички садови. Населбата Крионери се развива во две фази-Крионери I и Крионери II, кои може да се синхронизираат со фаза I и фаза II во нашиот хронолошки систем, со тоа што треба да се нагласи дека Крионери II го продолжува својот живот и после 4500 год. која е референтна во нашиот труд за крајот на неолитскиот период. Керамиката од првата фаза од Крионери се карактеризира со доминација на црно печената керамика, black-topped керамиката и канелурите како декоративни техники. Од првата фаза потекнува и вкопаната печка за керамика, која сведочи за долгата традиција на керамичко произвдство во населбата, имајќи предвид дека во втората фаза, тука ќе се произведуваат керамички садови кои се наоѓаат и кај други неолитски населби од зона 3. Керамичкиот материјал од првата фаза може да се синхронизира со населбите од зона 1 и зона 2, каде, како што видовме е документирана идентична материјална култура.

Работите кај овој локалитет значајно ќе се променат на почетокот на 5 мил., односно во фаза II, кога ќе дојде до доминација на сликаните орнаменти, кои се развиваат во неколку технолошки и типолошки групи, со доминација на црно сликаните мотиви (сл. 49). Процентуално најзастапена е керамиката со црвена површина декорирана со црно сликани орнаменти (70%), по неа следува кафеаво сликаните

орнаменти врз кремаста основа (13%). Овде изненадува малата застапеност на графитното сликање (11%) во текот на 5 мил., што е сосема различно од населбите од зона 1 и зона 2, каде во текот на фаза IIb ќе дојде до целосна доминација на графитното сликање. Интересна е разликата со населбата Парадеисос која се наоѓа источно од Крионери, по течението на Места каде доминира графитното сликање со 56% над црното сликање со 6% и врежувањето со 38% застапеност. Што се однесува пак до формите на садовите од Крионери, се среќаваат отворени чинии кои може да бидат и на висока нога, биконусните чинии, длабоките чинии меѓу кои се издвојуваат тие на четири високи нозе, амфорите со две вертикални држалки кои спаѓаат под вратот кон најширокиот дел од стомакот на садот, и други поретки форми и орнаменти на садовите (Malamidou 2007; Malamidou 2016; Papadopoulos, Nerantzis 2014; Baneva 2019).



Слика 49. Садови со црно сликани мотиви врз црвена основа од Крионери (Malamidou 2016, fig. 12-14)

Со идентична хронологија и културен развој се јавува и населбата ***Ситагрои*** која исто така се наоѓа во Драмската Котлина. Првата развојна фаза Ситагрои I може да се синхронизира со фаза I од предложената периодизација, како дел од т.н монохромен хоризонт. Имено, и овде доминираат црно печените садови, како и садовите со црн премаз. Исто така доста често се среќава и керамика во нијанси на сива, кафеава или црвена боја кои може да бидат добиени со печењето или со дополнителен премаз. Овде се јавува и black-topped керамиката која се среќава кај неколку типови на садови. Што се однесува пак до типологијата на садовите, доминираат биконусните садови кои може да имаат и мал цилинтричен врат (сл. 50), како и топчестите садови со помалку или повеќе извлечен обод-амфорести садови. Од останатите форми застапени се широко отворените чинии, а како карактеристични и овде се јавуваат разновидни типови на држалки (сл. 51). Орнаментите најчесто се изведени со втиснување на ноктите или прстите, како и барботин орнаментиката (Marriott Keighley 1986; Gardner 2003). Овие карактеристики на керамичкиот материјал од Ситагрои I се вклопуваат во целокупниот развој на материјалната култура и кај населбите од останатите региони на територијата на Централен Балкан.

Веќе во следната фаза на Ситагрои II ќе дојде до значајни промени во керамичката продукција со појава на нови форми на садови и орнаментални техники. Керамичкиот материјал од оваа фаза иако ја задржува генерално типологијата од постарата фаза (сл. 52), сепак се јавуват нови варијанти на садови. За издвојување се амфорестите садови со една или две вертикални држалки, коишто паѓаат од устието кон телото на садот (сл. 53). Покрај тоа што продолжува керамиката со црна површина, за оваа фаза карактеристична е појавата на садови со светла портокалова или црвена основа, декорирани со кафеаво сликани орнаменти, како доминантни на овој локалитет. Покрај кафеавите мотиви се среќаваат и орнаменти со црвена, портокалова или кремаста боја, а кон крајот на оваа фаза се среќаваат и црно сликани и графитни орнаменти. Мотивите најчесто се криволиниски, брановидни, цик-цак паралелни линии, спиралоидни итн., а може да бидат насликани на целата површина на садот и на држалките (сл. 52; 53). Таквиот равој на керамичката продукција на овој локалитет ги следи локалните, односно регионалните керамички трендови, покажувајќи идентичен културен развој со Дикили Таш, Димитра, Акропотамос, Крионери и многу други населби од зона 3, но исто така и од југ, од Тесалија (Marriott Keighley 1986; Gardner 2003).




Слика 50. Типологија на биконусни и конусни чинии од Ситагрои I (Marriott Keighley 1986, fig. 11.1)




Слика 51. Типови на држалки од Ситагрои I (Marriott Keighley 1986, fig. 11.6)




Слика 52. Конусни и Биконусни чинии декорирани со сликани орнаменти од Ситагрои II (Marriott Keighley 1986, fig. 11.14)




Слика 53. Типови на држалки декорирани со сликани мотиви од Ситагрои II (Marriott Keighley 1986, fig. 11.15)

Следниот локалитет којшто одиграл голема улога во формирањето на културните вредности во доцниот неолит, особено по течението на Струма е населбата ***Акропотамос***. Керамиката од Акропотамос нуди голем репертоар на разни типови на црно сликани орнаменти, кои се поделени на 5 групи врз основа на технологијата и типовите на орнаменти кои биле насликани. Типологијата на садовите доста често е застапена преку отворените конусни чинии кои најчесто имаат задебелување во горниот дел од садот, под устието. Се среќаваат и подлабоки садови со „S" профилација, кои може да имаат држалки што се спуштаат од ободот кон телото на садот (Mylonas 1941; Bonga 2013; Чохаджиев 2007).Што се однесува пак до  орнаментите на садовите, може да се забележи доминација на разни спирални и праволиниски мотиви со различна форма и дебелина на линиите, а како карактеристични за овој локалитет, односно тип Акропотамос се земаат тенките линии насликани паралелно една до друга, формирајќи различни форми, триаголници, полукружни полиња, разни меандри и други мотиви (сл. 54; 55).




Слика 54. Акропотамос стил на сликање (Bonga 2013, fig. 20)



Слика 55. Црно сликани фрагменти од Акропотамос (Mylonas 1941, fig. 2, 3)

Како и кај Крионери, вкопана јама за печење керамика е пронајдена и во ***Дикили Таш*** I, што потврдува дека на овие простори керамичкиот занает бил сериозно третиран и застапен, што секако се одразило и врз материјалната култура од оваа населба и нејзините влијанија кон соседните региони. Откриениот керамички материјал од Дикили Таш целосно се вклопува во културните традиции на заедниците од доцниот неолит по долното течение на Струма.

Формите на садовите исто така покажуваат извесен континуитет во текот на доцниот неолит, а најзастапени се разните типови на отворени чинии, кои може да имаат и биконусно прекршување во горниот дел, под устието, поставени на помалку или повеќе нагласена нога. Покарактеристични за оваа населба се амфороидните садови со една вертикална држалка која започнува од ободот и паѓа на телото на садот. Овие форми ќе го продолжат својот развој и понатаму во текот на енеолитскиот период, кога ќе дојде до вистински процут на формите и мотивите на графитните орнаменти. И овде сликањето со црна или кафеава боја врз црвена или кремаста основа се смета како карактеристично за керамичарите од доцниот неолит, особено во фаза II. Мотивите се најчесто подебели линии кои може да бидат поставени по 2-3 паралелно една до друга, најчесто брановидно изведени во разни насоки и должина. Специфични се сферичните

кругови изведени од подебели линии кои формираат интересни форми, како и потенките линии во комбинација со квадрати, кругови итн. (сл. 56). Кај овој локалитет, кон крајот на фаза IIb ќе дојде до се почеста застапеност на графитното сликање, кое во втората половина на 5 мил. ќе го даде главниот белег на керамичката продукција кај Дикили Таш (сл. 57). Во исто време доаѓа и до поголема застапеност на врежаните орнаменти на садовите кои своите паралели ги имаат кај населбите од горниот тек на Струма, како и од Тракија (Darque et. al. 2007; Чохаджиев 2007; Bonga 2013).




Слика 56. Црно сликани фрагменти од Дикили Таш I (Bonga 2013, fig. 29)




Слика 57. Графитно сликање од Ситагрои и Дикили Таш (Bonga 2013, fig. 62)

Остатоци од печка за керамика, покрај населбите Крионери и Дикили Таш се пронајдени и во населбата Кокинохори, керамички центри во источниот дел на зона 3. Во овие населби се произведувале садови декорирани со разни техники и мотиви на сликање, чиишто директни и индиректни влијанија се забележуваат на една поширока територија по Струма и долното течение на Вардар (Malamidou 2011). Карактеристични се неколку форми на садови кои биле орнаментирани, а се среќаваат кај повеќе локалитети од источниот дел на зона 3 (сл. 58). Таквата ситуација само ја потврдува значајната улога што ја имале овие населби при креирањето на општите културни вредности на населението во текот на првата половина на 5 мил. Контактите со населбите од Тесалија укажуваат на тоа дека најверојатно околу 5000 год., овде дошло до директни влијанија, можеби проследени и со упад на население од југ, кои зад себе оставиле длабоки промени во материјалната култура, а како што видовме влијаеле и врз населбинскиот систем и архитектурата.




Слика 58. Типологија на садовите со црно сликани орнаменти од источниот дел на зона 3 (Malamidou 2011, fig. 6)

Генерално земено, кај повеќето локалитети во текот на фаза I доаѓа до доминација на црно печената керамика, како и black-topped керамиката, најчесто декорирана со канелури или врежани орнаменти. Ситуацијата сосема ќе се промени во текот на фаза II, кога во оваа регија ќе се појават првите керамички центри, кои имале значајни влијанија и кон соседните региони (сл. 59).

Во текот на фаза IIa овде ќе дојде до појава на т.н. Акропотамос-Тополница културна група, издвоена врз основа на сликаните орнаменти на садовите. Од оваа култура, која се јавува по долното течение на Струма, ќе се забележат доста влијанија и кај населбите Балгарчево и Струмско, како и со неколку населби од горното течение на Струма. Определени се неколку различни мотиви и техники на сликање на керамичкиот материјал кај одредени локалитети кај кои може јасно да се следи појавата, развојот и крајот на сликањето со црни или кафеави мотиви врз црвеникава основа. Керамиката од оваа група била изработена од добро прочистена глина, и се карактеризира со извонредна цврстина и високи технолошки знаења при обработката и орнаментирањето на садовите. Доколку ги погледнеме сликите од 42 па сè до 57 ќе можеме да забележиме неколку карактеристики на керамичкиот материјал. Овде се издвојуваат фрагментите насликани со црна боја врз црвена основа, со присуство на разни форми и мотиви. Сликањето кај садовите во доцниот неолит било најчесто изведувано со црна или кафеава боја, традиција која ќе биде прекината со зголемената употреба на графитното сликање во една развиена енеолитска фаза, кога ќе дојде и до интензивирање на спиралните мотиви. Забележано е дека мотивите насликани со графит, на почетокот покажуваат идентична ликовна и симболичка шема како мотивите насликани со црна боја од доцниот неолит.

Според истражувачите најверојатно се работи за изработка и орнаментирање на садовите од едни исти керамичари кои оставиле длабок траг во културниот развој на заедниците. Што се однесува пак до дистрибуцијата на садовите, врз основа на недостатокот на керамика од Галепсос стилот во Ситагрои III, дојдено е до претпоставка дека некои типови на садови и орнаменти на нив не биле дистрибуирани кај одредени населби поради различните социјални и економски вредности и традиции (Papadopoulos 2007).




Слика 59. Четири производствени групи A-D на црно сликана керамика (Malamidou 2011, fig. 15)

Крајот на неолитскиот период овде главно се поврзува со интензивирање на контактите со населбите по течението на Места, и понатаму со Тракија, како и со населбите од средното и горно течение на Струма. Се чини дека во тој период ќе се намали интензитетот на контактите по морскиот пат кон југ, односно населбите од Тесалија, а за сметка на тоа ќе се зголемат контактите и движењата на населението по течението на Струма и Места, односно со населбите од внатрешноста на Балканот. Интензивните комуникации и влијанија помеѓу населбите, кои се одвивале главно преку овие две реки, резултирале со појава и доминација на графитното сликање на керамиката, како и врежувањата тип Марица и Градешница. Овие два главни елементи се јавуваат како дел од еден поголем културен комплекс, во науката познат како Градешница-Слатино-Дикили Таш, кој своите корења ги има во текот на фазата IIb. Веќе видовме во зона 1 дека влијанијата од исток и север оставиле длабоки траги кај населението од последните етапи од доцниот неолит, кое постепено ќе ги напушти старите технолошки и делумно типолошки традиции, со постепено прифаќање на нови

форми на садови, орнаменти, култни предмети итн. Таквата ситуација ја потврдува *преодната* улога на фаза IIb од неолитското време кон новиот енеолитски, или финален неолит според грчката терминологија, време кога ќе бидат „усвоени“ нови социјални и културни вредности кои го дефинираат т.н. бакарно време во текот на втората половина на 5 мил.

*Централен дел*

Централниот дел на зона 3 зафаќа една специфична географска регија низ која минувале сите позначајни влијанија и патишта поврзувајќи ги долните теченија на Струма, Вардар и Халијакмон. Преку тие контакти и движења била формирана и доцнонеолитската култура овде која има еден специфичен развој, проследен, како што видовме, со појава на огромни населби кои претставуваат своевидни центри, креирајќи интересна материјална култура преку која може да се извлечат неколку интересни податоци и заклучоци.

Со цел да го задржиме редоследот при обработката на населбите, овде ќе започнеме со локалитетот ***Загливери*** кој се наоѓа во Лангадашкиот Басен на потегот од централниот кон источниот дел на зона 3. Керамичкиот материјал од овој локалитет се карактеризира со најголема застапеност на садови за припрема на храна, како и складишните садови кои најчесто се црно печени, а поретко со црвена боја. Орнаментиката иако поретко, е застапена со барботин техниката (Kotsos and Urem-Kotsou 2006). Керамиката од оваа населба својот развој го има во фаза Ib, делумно вклопувајќи се во целокупната слика за керамиката од оваа фаза, како дел од т.н. монохромен хоризонт, кој се појавува речиси на целата територија која е цел на овој труд.

Со идентичен културно-хронолошки развој како Загливери се јавува и населбата ***Ставрополи*** каде што првата фаза е поделена на две подфази-Ставрополи Ia-Ib и Ставрополи II, кои се синхронизираат со фаза I и II според нашата периодизација. Керамиката од првата фаза се карактеризира со доминација на црно печената керамика над црвената керамика. Формата на садовите е претежно со заоблена профилација со различна изведба на устието и димензиите на сасдовите. Што се однесува пак до орнаментиката, пронајдени се мал број на фрагменти насликани со црвена боја врз бела површина, како и бело сликање врз црна основа. Покрај тоа, присутна è и инкрустрацијата, односно врежувања исполнети со бела боја. Во следната фаза

Ставрополи Ib, покрај црно печената керамика доаѓа и до појава на black-topped керамиката, а како форми се издвојуваат конусните чинии и *carinated* формата, односно садови со биконусно прекршување и издолжено цилиндрично тело и врат. Оваа форма ќе се задржи и во следната фаза Ставрополи II, кога ќе се случат значајни промени и појава и доминација на садови со црвена боја, кои може да бидат насликани и со црна боја добиена од минерални или органски примеси (Andreou et. al. 2001; Kotsos and Urem-Kotsou 2006).

Како дел од овој керамички комплекс се вбројува и населбата ***Терми*** која се наоѓа југоисточно од Ставрополи. И овде првата фаза потекнува од средниот неолит, а се карактеризира со црвено или кафеаво печени садови кои може да бидат насликани со бела боја. Во следната фаза на населбата која припаѓа на доцниот неолит доаѓа до доминација на црно печената керамика, со бело насликани орнаменти, како и појава на white-topped керамика. Последната фаза од овој локалитет според еден датиран примерок е сместена во периодот од 5300-5000 год. (Kotsos and Urem-Kotsou 2006).

Во непосредна близина на Терми се наоѓа населбата ***Василика*** која била формирана во средниот неолит, а својот развој го има во доцниот неолит и најверојатно во финалниот неолит. Керамиката од доцниот неолит се карактеризира со поголема застапеност на црно печените садови, кои најчести може да бидат широко отворени чинии, или пак садови со високо цилиндрично тело. Орнаментите може да бидат изведени со бела боја во разни брановидни и прави линии, насликани паралелно една со друга. И овде се пронајдени садови со црно сликани орнаменти врз светла основа, застапени преку разни линеарни мотиви (сл. 60). Покрај овие сликани декорации се среќаваат и врежаните мотиви. Дел од керамичкиот материјал од последниот слој покажува хронолошки паралели со финалниот неолит во втората половина на 5 мил. (Pappa et. al. 2016; Pappa, Nanoglou 2019).



Слика 60. Типови на садови и орнаменти од Василика (Pappa et. al. 2016, fig. 12-15)

Од другата страна на морскиот брег кон запад, најпрво ќе ја обработиме населбата ***Палиамбела,*** која има интензивен развој низ неолитскиот период, почнувајќи од раниот, па сè до финалниот неолит. Керамиката од доцниот неолит се карактеризира со доминација на црно печената керамика, како и black-topped керамиката, како дел од монохромниот хоризонт на Балканот. И овде најзастапени се отворените чинии и длабоките садови со високо цилиндрично тело. Што се однесува пак до орнаментирањето на садовите, тука се забележува присуство на сликана керамика од „Димини“ стилот од Тесалија, којашто е доста застапена во втората фаза кај соседната населба Макриалос (Kotsos and Urem-Kotsou 2006; Urem-Kotsou 2020; Kotsos 2020).

Следниот локалитет кој ќе биде обработен е ***Макриалос***, населба која зафаќа импресивна површина од околу 50 ха, сместена на западниот брег од Егејското Море. Со ископувањата на овој локалитет јасно се издвоени две фази од доцниот неолит, именувани како Макриалос I-II. Во првата фаза доминира црно печената, како и black-topped керамиката, карактеристични за постарите фази на доцниот неолит. Овде доста често застапена форма се чашките кои може да имаат една држалка (сл. 61), а исто така се среќаваат и подлабоки чинии со заоблена профилација со помалку или повеќе извлечено устие, како и биконусните садови (сл. 62). Карактеристично за оваа фаза е појавата на разни типови на јазичести и зооморфни држалки кои се извлечени од ободот на садот (сл. 63). Орнаментите се застапени преку пластичните мотиви, врежувањата и канелурите, додека пак сликањето со бела боја врз црна или црвена основа е регистрирана само кај неколку фрагменти.




Слика 61. Форми на садови од Макриалос I (Bonga. 2013. fig. 102)




Слика 62. Разни типови на садови и декорации Макриалос I (Urem-Kotsou and Kotsakis 2007, fig. 14.5)




Слика 63. Разни видови на зооморфни држалки од Макриалос I (Urem-Kotsou and Kotsakis 2007, fig. 14.7)

Веќе во следната II фаза ќе дојде до доминација на садовите со сликани орнаменти од „Димини“ стилот од Тесалија (сл. 64), кои се среќаваат или како директен увоз или како локална имитација. Сето тоа го прави овој локалитет единствен по својата материјална култура со јасни влијанија од Тесалија, што е резултат на раздвижувањата и контактите со населбите кон југ по морскиот брег. Кон крајот на доцниот неолит кај овој локалитет е забележано зголемено производство и употреба на кујнската керамика за приготвување и обработка на храна. На овој локалитет се пронајдени голем број на садови за консумирање на храна и течности, особено на отворениот простор помеѓу куќите, што најверојатно е последица на разни церемонии и гозби за заедничкото консумирање на храна и пијалоци внатре во населбата (Pappa, Besios 1999; Bonga 2013; Pappa et. al. 2013; Vlachos 2019).




Слика 64. Сликање со црна боја врз црвена основа од Тесалија (Bonga. 2013. fig. 23)

Ако ги сумираме сознанијата за керамичкиот материјал од централниот дел на зона 3, ќе можеме да извлечеме неколку значајни податоци. И овде, како и кај населбите од останатите региони кои ги обработивме, може да се забележи дека во почетните фази на доцниот неолит, особено во фаза Ib доаѓа до доминација на црно печената керамика, како и black-topped керамиката кои се карактеристични за т.н. монохромен хоризонт на

доцниот неолит. Таквата ситуација многу јасно ни говори за тоа дека оваа керамика, која се среќава и на останатиот дел од внатрешноста на Балканот, ќе доминира и кај населбите од егејскиот брег. Веќе во следната фаза II таквата ситуација ќе биде целосно променета со појава и доминација на сликање со бела боја, или пак со црна боја врз црвена основа, со очигледни стилски паралели со населбите од Тесалија од т.н. Димини и Оцаки стиловите (сл. 64). Што се однесува пак до формите, може да се забележи идентична типологија како кај населбите од источниот дел, односно разновидни отворени чинии со права или заоблена профилација, садови со една или две вертикални држалки кои се спуштаат од устието кон телото на садот, како и присуство на биконусните садови, кои може да бидат со цилиндрично изведен горен дел од садот.

Кај населбите од морскиот брег, особено од западната страна се забележува јасно и силно влијание од јужните култури од Тесалија. Веќе видовме дека во источниот дел на зона 3 ситуацијата е сосема спротивна од овде, односно заедниците таму се ориентираат кон населбите од внатрешноста на Балканот по Струма и Места. Според тоа, можеме да заклучиме дека во првата половина на 5 мил. доаѓа до различен културен развој на заедниците од овие две области. Населбите од централниот дел во тоа време ќе формираат директни контакти со јужните населби, што ќе влијае, како врз нивната материјална култура, така и кај заедниците од западниот дел на зона 3, кои исто така ќе покажат силни контакти со Тесалија од југ.

*Западен дел*

Од оваа регија имаме помалку податоци за доцниот неолит, како за архитектонските остатоци, така и за керамичкиот материјал. Веќе видовме дека повеќето од доцнонеолитските населби имаат континуитет од претходните неолитски фази. Овој податок е значаен за нас поради тоа што овде, покрај населбите кои имаат постари слоеви, ќе дојде и до појава на голем број на нови населби во доцниот неолит кои ќе создадат една специфична материјална култура, преку која можеме да ги детектираме контактите со останатите заедници од запад и исток, и пред сè со Тесалија од југ.

Токму на една гранична позиција помеѓу Халијакмон и Тесалија, се наоѓа населбата ***Сервиа***, која исто така има континуитет од раниот и средниот неолит, а чијашто материјална култура покажува силни паралели и со населбите од Тесалија. Керамичкиот материјал од доцниот неолит покажува значително присуство и пораст на садови со фина фактура, како и постепено напуштање на среднонеолитските традиции.

Во постарата доцнонеолитска фаза сè уште доминираат среднонеолитските елементи, особено кај сликаната керамика, како и *grey on grey* керамиката. Нешто поразлична е ситуацијата со црно печената керамика која ќе го даде основниот белег на садовата керамика, придружувана и овде со black-topped керамиката. Овие две технолошки групи ќе продолжат да се развиваат и низ понатамошните фази од доцниот неолит, давајќи ги главните карактеристики на керамичкиот материјал. Како форми се издвојуваат подлабоките чинии со заоблена профилација или пак со цилиндрично извлечен горен дел од садот, како и помалите чашки кои може да имаат и една вртикална држалка која паѓа од устието кон телото на садот. Орнаментите на садовите биле изведени со сликање со бела боја, иако се среќаваат и фрагменти со црвена боја. Сликаните мотиви најчесто се тенки прави линии постевени паралелно една до друга, формирајќи коси или вертикални полиња (сл. 65). Поразновидни мотиви биле насликани во техниката „grey on grey", како и орнаментите изведени со црна или кафеава боја врз црвена основа. Се забележуваат разни праволиниски мотиви кои може да бидат комбинирани помеѓу себе, висечки триаголници кои најчесто се спуштаат од ободот итн. (сл. 66).

Своите паралели оваа керамика според истражувачите ја има со заедниците од Тесалија, додека пак црно печената и black-topped керамиката, како што видовме се карактеристични за т.н. монохромен слој од доцниот неолит на територијата во внатрешноста на Балканот (Wijnen M. et. al. 1979). Ова е само уште еден локалитет кој бил зафатен од бранот со црно печена керамика кон крајот на 6 мил., веќе во следните векови овде ќе се развие една специфична, локална керамичка група, во која може да се забележат влијанија од јужните и источните краеви.




Слика 65. Форми на садови и декорација на керамиката од Сервиа (Wijnen M. et. al. 1979 fig. 12)




Слика 66. Сликани орнаменти од Сервиа (Wijnen M. et. al. 1979 fig. 13)

Идентична материјална култура покажува и населбата ***Василара Рачи*** каде што исто така е пронајдена црно печена керамика, како и black-topped керамиката. Орнаментите се јавуваат како црно сликани мотиви врз црвена основа, како и врежувањето, кое исто така е честа појава кај населбите од доцниот неолит (Papaioannou 2022).

Интересна е ситуацијата кај населбата ***Мегало Ниси Галанис***, каде што во доцнонеолитската фаза (5200-5080), исто така е забележано зголемено присуство и разновидност на black-topped керамиката. Садовите изработени во оваа техника може да бидат отворени конусни, или пак длабоки чинии со биконусно прекршување на телото и повеќе или помалку извлечен врат, додека пак орнаментите се изведени со релјефни-ребрасти мотиви во форма на вертикално поставени брановидни линии. Во следните фази од доцниот и финалниот неолит се јавуваат врежувањата (сл. 68), како и цедилките (сл. 69). Покрај тоа забележано е присуство и на сликани орнаменти во повеќе бои, на различна основа (сл. 70). Доста присутна е и црно печената керамика со идентични форми како black-topped керамиката, а документирани се и садови со груба фактура и поголеми димензии меѓу кои се издвојуваат поголемите чинии (Fotiadis et. al. 2019).




Слика 67. Форми и орнаменти на black-topped керамика од Мегало Ниси Галанис (Fotiadis et. al. 2019. fig. 13)




Слика 68.  Врежани фрагменти од Мегало Ниси Галанис-финален неолит (Fotiadis et. al. 2019. fig. 14)




Слика 69. Фрагменти со ребрасти мотиви и цедилки од Мегало Ниси Галанис-финален неолит (Fotiadis et. al. 2019. fig. 15)




Слика 70. Фрагменти декорирани со сликање од Мегало Ниси Галанис-финален неолит (Fotiadis et. al. 2019. fig. 16)

Врз основа на овие податоци, можеме да забележиме дека населбите од оваа територија се развиваат под силни влијанија од соседните населби. Зголемувањето на бројот на населбите од доцниот неолит може да се поврзе со појавата на монохромниот хоризонт, кој овде се карактеризира со црно печена керамика и black-topped керамиката, декорирани со канелури, врежувања или пунктирања. Влијанијата од Тесалија ќе се интезивираат во втората фаза кога ќе дојде до појава на керамика со црвена или друга светла основа декорирана со црни, кафеави, бели или црвени сликани мотиви на неа. Оваа материјална култура ќе ја обележи втората фаза од доцниот неолит, иако паралелно со неа продолжуваат декорациите со врежување и пунктирање (инкрустрација), кои своите корења ги имаат кај населбите од јадранскиот брег. Во текот на првата половина на 5 мил. низ средното течение на Халијакмон ќе поминуваат главните патишта низ кои се комуницирало од Тесалија со заедниците од Јадранот, за што најдобро сведочат ритоните, кои доста често се јавуваат во оваа територија, а регистрирани се и на територијата на Пелагонија. Идентично како кај централниот дел, и овде во текот на втората половина на 5 мил. (финален неолит) ќе дојде до хијатус на населување, делејќи ја судбината со заедниците од Тесалија (сл. 7)

***Зона 4***

Од оваа зона потекнуваат неколку десетици населби во кои се пронајдени остатоци од доцниот неолит. Сознанијата за доцниот неолит кај локалитетите главно доаѓаат од уништени археолошки слоеви или од рекогносцирања, па поради тоа има доста потешкотии во интерпретацијата и обработката на материјалот кој најчесто нема цврста стратиграфска позиција. Подетални сознанија добиени од археолошки ископувања имаме од неколку локалитети кои овде ќе бидат подетално обработени.

Најпрво ќе почнеме со населбата ***Доње Врање*** која се наоѓа на северните краеви на зона 4. Керамичкиот материјал од овој локалитет покажува типично „балкански“ карактеристики, со доминација на црно печената керамика и биконусните форми кои може да се поделат на повеќе типолошки групи. Покрај тоа доста присутни се и конусните чинии кои може да имаат јазичеста држалка под устието од садот (сл. 71), а голема е застапеноста и на длабоките чинии кои најчесто имаат топчеста форма со помалку или повеќе извлечен обод (сл. 72). За доцниот неолит од овој локалитет се врзуваат и разновидните држалки кои се наоѓаат најчесто на подлабоките чинии со биконусна профилација. Се среќаваат јазичести и цилиндрични држалки, мали лентести,

како и зооморфни држалки, културни елементи кои се карактеристични за Винча-Тордош II фазата и јужните варијанти на Винча, особено Зелениково 2 културата (сл. 73). Орнаментите најчесто се изведени со канелури, иако доста застапени се врежувањата во комбинација со пунктирања, како и барботинот и огрубувањето на површината (сл. 71-73). Овие садови најчесто се произведени од добро прочистена глина, а површината може да биде во повеќе нијанси на црно-сивкаста и кафеава боја, добиена од нееднаквото печење на глината. Овој локалитет е датиран во последните два векови од 6 мил., вклопувајќи се целосно во предложената хронологија за Зелениково 2 културата која се поврзува со Винча-Тордош II фазата (Капуран и др. 2016).




Слика 71. Типови на чинии и декорации од Доње Врање (Капуран и др. 2016. Т. I)




Слика 72. Керамички садови од Доње Врање (Капуран и др. 2016. Т. II)




Слика 73. Разновидни држалки и орнаменти од Доње Врање (Капуран и др. 2016. Т. III)

Неколку десетици километри северно од Доње Врање се наоѓа локалитетот ***Павловац-Ковачке Њиве***, кој има две развојни фази од доцниот неолит, синхронизирани со Винча-Плочник I-II фазата, односно на фаза II според нашата периодизација. Во постариот хоризонт доминираат садовите со претежно фина фактура во која се среќаваат и примеси од ситен песок, додека пак многу поретко се присутни садовите со груба фактура. Површината на садовите најчесто била посебно третирана со интензивно мазнење или полирање, додека пак грубата површина е поретко застапена (сл. 74).




Слика 74. Керамички садови од Павловац-Ковачке Њине (Vuković et. al.. 2016. T. I)

Што се однесува пак до формата на садовите, доминираат биконусните и конусните чинии и амфорите, додека пак многу ретко се среќаваат и пехарите, чашките, минијатурните садови итн. Орнаментите на садовите иако се многу ретки, најчесто се изведени со канелури, а многу ретко и врежани полиња со пунктирања. Слична е ситуацијата и во помладиот слој каде што се среќаваат идентични типолошки и технолошки групи на садови. И овде доминираат чиниите со биконусна форма, подлабоките и конусните чинии, додека пак амфорите се втори по процентуална застапеност. Кај дел од садовите се забележуваат вертикални држалки кои се спуштаат од ободот врз телото на садот (сл. 74). И овде е мал бројот на декорирани фрагменти, а најзастапени се канелурите и врежувањата. Веќе беше кажано дека керамичкиот материјал од овој локалитет припаѓа на фаза II или Винча-Плочник I-II, со тоа што е забележано дека одредени форми на садови го најавуваат следниот енеолитски период (Vuković, 2016).

Од селото Павловац потекнува и населбата ***Гумниште***, каде што при истражувањата се документирани културни слоеви од средниот и доцен неолит. Керамичкиот материјал од среднонеолитската фаза-Гумниште I, целосно се вклопува во Старчевачката култура. Од доцниот неолит потекнуваат два културни слоја-Гумниште II и III, во кои биле пронајдени остатоци од недвижни објекти, како и голем број на керамички фрагменти. Керамиката од постариот доцнонеолитски слој, односно Гумниште II, покажува типично доцнонеолитски карактеристики кои се синхронизирани со населбите од Винча-Тордош II фазата-монохромен хоризонт. Како и кај претходните локалитети, и овде доминираат чиниите кои најчесто може да бидат со биконусна профилација, а доста бројни се и конусните садови со задебелен обод. Од останатите форми се јавуваат неколку типови на амфори, како и пехари на повисока нога, минијатурните садови итн. Орнаментите се ретко застапени, а најчесто биле изведени со разни форми и комбинации на канелури, поставени на горната половина од садовите, под ободот, многу често комбинирани и со Black-topped керамиката (сл. 75; 76).




Слика 75. Керамички фрагменти од Гумниште II (Перић и др. 2016. Т. II)




Слика 76. Форми на керамички садови од Гумниште II (Перић и др. 2016. T. III)

За керамичкиот материјал од следната Гумниште III фаза се забележани неколку технолошко-типолошки промени кои јасно ја издвојуваат оваа фаза од керамиката од претходниот слој. Разликата од претходниот слој е воочена најпрво во фактурата на керамиката, каде доаѓа до зголемување на минералните примести од камен и ситни камчиња во глинената смеса. Истото се однесува и до бојата, односно печењето на керамиката, каде доаѓа до доминација на садовите со нијанси на океraста или кафеава боја. Недостатокот на конусни чинии во оваа фаза исто така потполно изненадува, за разлика од постарата каде овие садови беа доминантни. Покрај тоа, овде доаѓа до појава на неколку основни типови на садови, меѓу кои се издвојуваат поголеми амфорести садови со две вертикални држалки на најширокиот дел од телото, како и повисоките садови со издолежно тело и врат. Како посебни типови на садови кои може да се датираат во нашата фаза IIb се издвојуваат аскосите на две или три нозе, цедилките и амфорите со една вертикална држалка која паѓа од устието врз телото на садот (сл. 77). Врз основа на керамичкиот материјал и синхронизацијата со останатите локалитети, оваа фаза на Гумниште е синхронизирана со Винча-Плочник I (Перић и др. 2016).




Слика 77. Керамички садови од Гумниште III (Перић и др. 2016. Т. IV)

Керамичкиот материјал од Гумниште III покажува идентични технолошки и типолошки карактеристики со керамиката од ***Орловица 2***.[18] Керамичкиот материјал којшто беше пронајден во истражениот објект покажува сосема нови технолошки и типолошки карактеристики на материјалот, потполно различни од постарата доцнонеолитска фаза. Значајни промени се забележуваат со зголеменото присуство на минерали-песок и ситни камчиња во глинeното тесто, како и доминација на црвеникави, окерасти и кафеави нијанси на керамичкиот материјал од помладата фаза.

Директни паралели со Гумниште III може да се забележат кај амфорестите садови со поширок обод и две вертикални држалки на најширокиот дел од телото на садот, како и со аскосите поставени на мали нозе. За разлика од Гумниште, овде при ископувањето беа пронајдени неколку конусни чинии кои имаат едноставна форма и изглед (сл. 78). Од другите наоди се издвојуваат керамичките модели на печки и антропоморфните фигурини кои покажуваат сè уште доцнонеолитски елементи (Mitrevski 2017). Без разлика која терминологија ќе биде употребена за хронолошката определба на населбата, дали *доцен неолит* или *ран енеолит*, Орловица 2 и Гумниште можеме слободно да ги сместиме во нашата фаза IIb, време во кое полека но сигурно ќе дојде до појава на нова материјална култура која го најавува следниот енеолитски период, кој ќе продолжи да се развива во втората половина на 5 мил.



Слика 78. Керамички садови од Орловица 2 (Mitrevski 2017. fig. 15-16)

[18] Поради тоа што имав прилика да учествувам во ископувањата во 2012 и 2013 год., но и благодарение на рекогносцирањата кои ги направивме во неколку наврати во околината на оваа населба, населбинската целина Орловица, заедно со Цоцев Камен ќе бидат обработени во посебно поглавје

На западниот дел од зона 4 интересна ситуација е откриена на локалитетот ***Тумба-Брвеница*** каде уште во среднонеолитскиот слој се појавуваат првите доцнонеолитски елементи во керамичкиот материјал. Регистрирани се две подфази на доцниот неолит кои покажуваат специфичен културен развој, сведочејќи за различните културни влијанија од соседните региони. Во постариот слој од доцниот неолит доминира керамиката со црна или темно сива боја, како и разните типови на држалки кои се среќаваат и кај останатите локалитети од оваа зона (сл. 79. 1, 2). Истото се однесува и за формата на садовите, каде се среќаваат садови со сферична или биконусна форма, како доминантни типови од оваа фаза. Орнаментите најчесто се изведени со вертикални или коси канелури кои се карактеристични за Зелениково 2 културата, а се среќаваат и пунктирања.




Слика 79. Керамички фрагменти од Тумба-Брвеница-влијанија од јадранските култури и Пелагонија (Abazi, Tolevski 2017. Pl. III)

Во помладата фаза керамиката покажува сосема нови културни елементи кои се поврзуваат со заедниците од Јадранот. Ова се однесува пред сè на врежаните триаголни полиња исполнети со пунктирања, керамика која своите директни паралели ги има и кај населбите од Пелагонија за кои ќе стане збор во следниот пасус (сл. 79. 4-9; 81а) (Abazi, Tolevski 2017). Според тоа, можеме да заклучиме дека животот на населбата во првата фаза се одвивал во постојани контакти со населбите од Скопско, а завршил со голема поплава која нанела дебел слој од речен нанос. По извесниот хијатус на живот на ова место, тоа било повторно населено најверојатно од одредена група која мигрирала од Пелагонија, каде во тоа време опстојувале населбите Могила-Сенокос, Кутлине, Мала Тумба, Градиште-Дебреште и други населби кај кои е регистрирана идентична материјална култура. Таквите контакти се можни по течението на р. Треска која го поврзува северниот дел на Пелагонија со Полог и Скопско понатаму кон север.[19]

Следниот локалитет за кој ќе стане збор е ***Барутница-Анзабегово***, кај Св. Николе. Керамичкиот материјал покажува несомнено присуство на влијанија од северните културни варијанти на Винчанската култура, покажувајќи идентичен развој како и кај останатите населби од т.н. монохромен хоризонт кој се развива во последните 2-3 века од 6 мил. Доминацијата на црни и темно сиви садови овде, зголемената застапеност на биконусните садови, канелурите и појавата на black-topped керамиката, се главните карактеристики кои ќе го дадат основниот белег на керамичката продукција од доцнонеолитските слоеви. Биконусните садови може да имаат и цилиндричен горен дел, а се разликуваат и по степеност на прекршување на телото на садот. Подлабоките чинии исто така може да имаат биконусна профилација, а на најширокиот дел се среќаваат и мали роглести држалки, вертикално или хоризонтално продупчесни, кои може да бидат поставени и на амфорестите садови (сл. 80). За оваа фаза се врзуваат и пехарестите садови на повисоки нозе, како и одредени типови на аскоси со рамно дно. И овде, како и кај останатите локалитети од Централен Балкан се застапени разновидни типови на роглести, јазичести, дугмасти, зооморфни и други видови на држалки. Што се однесува пак до орнаментиката, покрај канелурите, поретко застапени се и врежаните полиња, исполнети со пунктирања, како и организираниот барботин (Mount-Williams 1976; Garašanin 1979; Гарашанин, Гарашанин 2009).

[19] Синадиновски и др. 2024. Неолитската пештера „Матка 1“. *Патримониум* 22. *(во печат)*



Слика 80. Форми на керамички садови од Анзабегово (Mount-Williams 1976)

Материјалот од останатите населби, овде ќе биде сублимиран на едно место поради тоа што недостасуваат подетални податоци за повеќето локалитети. Керамиката од повеќето населби покажува идентични технолошки и типолошки карактеристики. Како најкарактеристични се јавуваат биконусните садови со темно-сива или црна полирана површина кои можат да бидат поставени на мала нога или со нагласено дно. Понатаму следуваат разни варијанти на конусни и широко отворени топчести садови со заоблен профил со или без извлечен врат, како и длабоки садови или амфори кои може да имаат и држалки. Гавни техники на украсување се канелурите и врежувањето на ленти исполнети со убоди, а за ова фаза од неолитот се поврзува и појавата на black-topped керамиката, која, како што видовме е застапена речиси на целата територија која овде ја обработуваме (Mount-Williams 1976; Гарашанин, Спасовска 1976; Garašanin 1979; Гарашанин 2009, Здравковски, Шурбановска 1983; Санев, Стаменова 1989; Санев 1989б; Здравковски 1993; Санев 1994).

Керамиката од населбите од оваа територија многу јасно покажува поврзаност со населбите од северните региони, од Винчанската култура, кои се силно манифестирани и кај населбите од зона 1. Доколку ги анализираме повнимателно формите на садовите, орнаментите, и начинот на обработката на површината, веднаш можеме да забележиме големи сличности со наслебите од зона 1, најдобро документирани во Балгарчево II-III фазите. Интересно е тоа што за разлика од населбите од зона 1, на територијата на зона 4 досега не се откриени фрагменти со црно или кафеаво сликани орнаменти врз црвена основа, освен на неколку фрагменти од локалитетот Цоцев Камен 1 кои најверојатно спаѓаат во доцниот неолит, за што ќе стане збор подолу.

***Зона 5***

Промените во керамичкиот материјал кај населбите од Пелагонија, генерално може да се поделат на две етапи, односно *рана фаза*-бело сликани орнаменти врз црвена основа и *доцна фаза*-доминација на црно печена керамика декорирана со врежувања, пунктирања и канелури.

На северниот дел од зона 5 досега се регистрирани повеќе доцнонеолитски населби кои покажуваат интересна материјална култура, со очигледни влијанија од Јадранот, но и од Централниот Балкан. Позначајни резултати за доцниот неолит во Прилепско имаме од ископувањата на ***Могила*** кај село Сенокос, ***Али Чаир*** во Прилеп и ***Кутлине*** кај с. Ракле.

Керамичкиот материјал од овие населби покажува идентични карактеристики помеѓу себе, а во постарите фази се забележуваат поголеми сличности со Трнската култура на југ, што зборува за една културна унифицираност кај населбите од Пелагонија. Овде може да се забележи извесен континуитет и низ помладите фази, кога продолжува доминацијата на црната керамика, со тоа што веќе започнуваат да се јавуваат и фрагменти со црвеникава или кафеава основа (сл. 81). Што се однесува пак до формата на садовите, застапени се полутопчестите чинии, биконусните чинии во повеќе варијанти со повеќе или помалку нагласена биконичност (сл. 81а. 5-12; 82. 1-8) конусните чинии во повеќе варијанти со рамно или подигнато дно (сл. 82. 1-4; 83. 3-4). Како новина во овој период се појавуваат грнињата со една или две држалки кои се спуштаат од устието до најширокиот дел од стомакот на садот, садови кои ќе станат препознатлив белег во следниот енеолитски период (сл. 82. 9, 10; сл. 83. 1, 2). Кај сите типови на садови се среќаваат разновидни дугмести, јазичести или брадавичести држалки.

Орнаментиката на садовите е застапена преку канелурите, пунктирањето и врежувањето. (сл. 81; 81а. 5-7, 9, 12; сл. 82. 2, 4, 9). Врз основа на синхронизација со населбите од Јадранот и Винчанската култура, оваа фаза е датирана во времето на Винча-Плочник II (Темелкоски-Миткоски 2006; Темелкоски-Миткоски 2008; Mitkoski 2017).




Слика 81. Орнаменти типични за доцниот неолит од Пелагонија (1-8) и Полошко (9-10) (1-8 Mitkoski 2017; 9-10 Abazi, Tolevski 2017)




Слика 81а. Конусни и биконусни форми на садови (1, 2, 5, 6, 8, 11-Темелкоски, Митковски 2006; 3, 7-Темелкоски-Миткоски 2008; 4-Китаноски и др. 1987; 9, 10, 12-Mitkoski 2017)




Слика 82. Подлабоки садови со биконусно тело и амфори со вертикални дршки (1, 3-5, 8, 10-Темелкоски, Митkoски 2008; 2-Симоска и др. 1979; 6, 7, 9-Темелкоски, Митkoски 2006)

Влијанијата пак од Јадранот се добро потврдени со ископувањата на локалитетот ***Мала Тумба*** кај с. Трн, при што била определена т.н. Трнска култура. Според материјалните остатоци кои биле откриени на овој локалитет може да се забележи појава на нови форми на садови и доминација на црната керамика, како и нови култни објекти, сосема различни од претходниот период. Керамичкиот материјал од овие населби покажува извесна унифицираност што се однесува до техниките и типологијата на садовите, кои се застапени во неколку форми на конусни чинии, а може да бидат поставени и на повисока нога (сл. 83. 5-6). Покрај оваа основна форма, се среќаваат и биконусни чинии, чашките, грнињата, амфорите, садовите со *S* профилација итн. Во фактурата на керамиката е забележана доминација на примеси од ситни камчиња, песок и мика, што е карактеристично за доцниот неолит на овие простори. За разлика од претходниот период кога доминира белото сликање во еден долг континуитет, во доцниот неолит кај овие населби доминираат орнаментите изведени со врежувања на разни полиња со бела или црвена инкрустрација (сл. 83. 7, 8), како и боење со црвена (crusted) боја на одредени зони од садот (Симоска, Санев 1977; Benac 1979; Митревски 2013).

Карактеристично за доцниот неолит од оваа зона е слабата застапеност на black-topped керамиката, како и недостатокот на одредени типови на канелури кои се главна одлика за керамиката од овој период во зона 4. Оваа ситуација најверојатно се должи на две причини. Првата причина се јасните влијанија во керамичкиот материјал од Јадранот во текот на хронолошката фаза II, и втората, хронолошкиот однос со заедниците од зона 4, коишто својот најсилен развој го постигаат во фаза Ib. Втората се однесува на речиси целосниот хијатус на населување во втората половина на 6 мил. во Пелагонија, време во кое доаѓа до појава на една специфична керамика без декорации, со доминација на црно печените фрагменти. Крајот на неолитот и почетокот на енеолитскиот период и овде се чини дека поминува низ една постепена транзиција која ќе кулминира во текот на втората половина на 5 мил., време кога кај заедниците ќе се забележат типични енеолитски културни вредности, како дел од еден поголем културен комлекс Бубањ-Салкуца-Криводол.




Слика 83. 1-2 амфори, 3-6 конусни чинии на висока и ниска нога, 7 врежани мотиви од Пелагонија (1-3-Темелкоски, Миткоски 2006; 4, 7-Темелкоски Миткоски 2008; 5, 6-Симоска, Санев 1977; 7-лок. Мала Тумба)

***Зона 6***

Веќе во претходниот текст неколкупати беше нагласена поврзаноста на зона 6 со населбите од Тесалија и оние од запад, од јадранскиот брег. Тие влијанија најдобро се воочливи преку керамичкиот материјал пронајден кај неколку локалитети, кој покажува интересен развој со појава на низа локални белези кои ќе ги дадат главните карактеристики на доцниот неолит на овие простори.

Прегледот ќе го започнеме со насеблата ***Авги*** од каде што имаме подетални податоци за керамичката продукција. Како и кај повеќето локалитети од останатите региони, и кај оваа населба почетокот на доцниот неолит (фаза Ib) се карактеризира со појавата на black-topped керамиката и црно печените садови, како дел од еден поголем културен комплекс на доцниот неолит на Балканот. Оваа керамика доминира над керамиката со кафеава боја, а како најслабо застапена се јавува керамиката со црвена боја.

Формите на садовите се поделени во неколку групи меѓу кои доминираат чиниите кои може да бидат отворени конусни, биконусни со затворено или пак цилиндрично извлечено устие (сл. 84). Исто така доста честа форма се и садовите со заоблена профилација, како и отворените чинии на висока нога. Покрај оваа керамика која има претежно фина фактуа, се среќаваат и амфорести садови, питоси и други поголеми садови кои имаат најчесто осредна или груба фактура. Декорацијата на садовите најчесто била изведена со подлабоки ребрасти канелури, врежувања, а се среќаваат и пластични декорации на површината на садот. Во текот на втората фаза ќе дојде до појава и развој на керамика декорирана со сликани орнаменти. За разлика од останатите населби од зона 3, овде доминира полихромното сликање на садовите во разни геометриски мотиви со црна, црвена, мат или кафеава боја, насликани врз црвена, кремаста или бела површина. Орнаментите од оваа населба се разликуваат од Димини стилот во Тесалија, односно Акропотамос стилот во источниот дел на зона 3, покажувајќи интересен локален развој на сликаните мотиви (Stratouli et. al. 2020).

Таквата разновидност на форми и декорирање на садовите несомнено се должи на самата географска местоположба на населбата, која е сместена помеѓу зона 3 од исток и зона 6 од запад, на местото каде се судираат влијанијата од Тесалија и Јадранот.




Слика 84. Типови на садови од Авги (Stratouli et. al. 2020. fig. 34-35)

Следен е локалитетот ***Диспилио***, каде што исто така се вршени големи истражувачки кампањи, кои овозможиле дефинирање на основните технолошки и типолошки карактеристики на керамичкиот материјал. Овде најпрво би сакале да го објасниме развојот на керамиката, односно еволуцијата на садовите со сферични или полусферични форми во раните фази, до доминација на биконусните форми, садовите со биконусна профилација и цилиндрично изведен горен дел, како главен белег на доцниот неолит овде (сл. 85-А).

Како карактеристична форма на садови од овој локалитет се сметаат отворените чинии поставени на висока нога, најчесто декорирани со сликани мотиви и од

надворешната и од внатрешната страна (сл. 85-В). Исто така застапени се и амфорестите садови со поширок врат и обод, како и питосите со поголеми димензии. Што се однесува пак до орнаментите, забележани се неколку техники на декорирање меѓу кои се издвојуваат сликањето со бела боја (сл. 85-А), канелурите, врежувањата, пунктирањата, а забележани се и фрагменти со black-topped керамиката. Кон крајот на средниот и почетокот на доцниот неолит, во оваа населба ќе се појават едни специфични антропоморфни насликани мотиви на керамички чинии во разни форми (сл. 86-А), како и антропоморфните садови (сл. 86-В).

Керамичката продукција од Диспилио, како што можеме да забележиме покажува едни интересни и специфични појави поврзани со технологијата на изработка и типологијата на садовите. Како посебен наод од овој локалитет се издвојува дрвената плоча со врежани линеарни симболи (писмо), која е датирана во текот на фаза Ib според нашата периодизација, плоча која многу силно говори за цивилизацискиот развој на човекот во неолитот, односно доцниот неолит (Facorellis et. al. 2014; Voulgari 2017; 2020).




Слика 85. А-разни форми на садови од Диспилио со биконусна профилација и цилиндрично извлечен горен дел, декорирани со бело сликани орнаменти; В-отворени чинии на висока нога со сликани мотиви од надворешната и внатрешната страна (Voulgari 2017. fig. 2.7; 2.8)




Слика 86. Керамички фрагменти од Диспилио со антропоморфни мотиви. А-сликани со бела боја; В-релјефно изведени и сликани мотиви (Voulgari 2017. fig. 2.4; 2.5)

Кон запад, во Корчанско најпозната населба е ***Малиќ I***, со две развојни фази од доцниот неолит. Керамиката од Ia фазата според фактурата е поделена на груба и фина керамика. Грубата керамика се карактерисира со садови со сферична, како и садови со конусна и биконусна профилација. На дел од садовите се забележуваат вертикални држалки во горниот дел од садот или на самиот стомак (сл. 87). Орнаментите овде се доста ретки, а се среќаваат како пластични лепенки, барботин, импресо, врежувања итн. Фината керамика се карактеризира со поголема застапеност и разновидност, како на формите на садовите, така и на декоративните мотиви. Садовите од оваа категорија се подобро печени и со подобар третман на површината, за разлика од погрубите варијанти. Во оваа фаза бројот на темно сиви или црни садови е значително помал, додека пак доминираат садовите со нијанси на кафеава, црвена или жолтеникава боја. Најзастапени се садовите со средна големина коишто најчесто може да бидат конусни, биконусни со или без извлечен горен дел на садот, како и топчестите садови кои може да имаат и помалку или повеќе извлечен обод (сл. 88). Поретко се среќава и black-topped керамиката која може да биде со разни нијанси на црвена боја, а може да биде декорирана и со канелури.




Слика 87. Форми на садови од Малиќ Ia (Elezi 2020. app. 2. Pl.  I)




Слика 88. Форми на садови од Малиќ Ia (Elezi 2020. app. 2. Pl.  II)

Орнаментите кои се среќаваат на керамиката од локалитетот Малиќ I може да бидат изведени со врежани линии, пунктирања во разни форми, импресо, а како доминантна техника овде се јавува сликањето. Доминираат мотивите насликани со мат или црна боја врз црвена основа. Овде е забележана и една нова технологија на орнаментирање со изгорени мотиви кои може да бидат комбинирани во разни геометриски, линиски, спирални и други мотиви. Иако поретко, овде се пронајдени и

фрагменти со полихромно сликање изведено со кафеава, окераста или црвена боја врз садови со посветла основа (сл. 89-долен дел). Во втората фаза од населбата Малиќ Ib е забележано продолжување на дел од старите форми и декорации, особено црно печената керамика или керамиката со црн премаз, како и на black-topped керамиката, чијшто процент се зголемува во помладата доцнонеолитска фаза. На сметка на сликаните орнаменти, во оваа фаза се забележува доминација на пунктирањата и врежаните орнаменти кои може да бидат изведени во разни полиња, внатре исполнети со пунктирања (сл. 89-горен дел) (Elezi 2020).



Слика 89. Декоративни техники од Малиќ I (Elezi 2020)

Следната, и последна населба која овде ќе биде обработена е населбата ***Каламас*** која се наоѓа на југозападниот крај од Преспанското Езеро. Стратиграфијата на овој локалитет јасно покажува постоење на три неолитски слоја, од коишто I и II фаза потекнуваат од доцниот неолит (4800-4500), додека пак III слој е определен како среднонеолитски (5400-5200 год. ).

Кај керамичкиот материјал од постарата фаза II доминира керамиката со црна боја добиена од печењето или со дополнителен премаз. Таквата ситуација значајно ќе се промени во помладите етапи кога ќе дојде до постепена доминација на кафеавите и садовите со светла или црвена површина. Керамиката од постариот слој најчесто е без декорации, иако ретко се среќаваат барботинот, релјефните орнаменти, како и black-topped керамиката. Развојот на овие елементи ќе продолжи и во текот на подоцнежните доцнонеолитските фази, кога ќе се појави и сликањето со црвена боја врз кремаста основа.

Во помладите доцнонеолитски етапи од слој I, како што напоменавме, доаѓа до појава на садови со посветла боја, со посебна доминација на садови со разни нијанси на кафеава боја. Врз основа на ширината на ободот на садовите, тие биле поделени во четири групи на мали садови-до 14-16 см; средни-14-27; големи 14-27; многу големи-35+ см. Формите на садовите генерално се идентични како и кај останатите локалитети, се среќаваат разни варијанти на чинии со повеќе или помалку заоблен профил и извлечено устие, понатаму присутни се конусните, како и биконусните чинии кои може да бидат со извлечен горен дел од садот. Декорациите и во оваа фаза покажуваат една вистинска разноликост на разни техники на орнаментирање. Имено, присутни се сликањето со црвена боја на кремаста или кафеава основа, како и сликање со бела (светло сива) боја врз црна основа, а се среќаваат и мат сликаните орнаменти. Останатите техники се застапени преку врежувања кои може да бидат исполнети со боја-инкрустрација, пунктирања, барботин, врежувања, канелури, а во овој слој се провлекува и black-topped керамиката која се појавува и во постарите фази на населбата (сл. 90). Овде можеме да забележиме присуство на повеќе видови на орнаменти и типови на садови, типични за повеќето населби од зона 6 и западниот дел на зона 3 (Elezi 2020).




Слика 90. Фрагменти од керамички садови од Каламас (Elezi 2020. А-4)

Голем проблем претставува слабата истраженост на доцниот неолит северно од Преспанското и Охридското Езеро, од каде што единствено од локалитетот ***Устие на Дрим*** имаме нештo подетални информации. Со скромните истражувања на овој локалитет била откриена интересна мателијална култура, односно керамички фрагменти кои културолошки се врзуваат со населбите од јадранскиот брег. Овие елементи најдобро се видливи преку врежаните полиња исполнети со пунктирања, шрафираните

врежани полиња и други карактеристични појави кои според авторите дошле на овие простори како резултат на миграција на население од Јадранскиот Брег кон езерата и Пелагонија (Benac 1979). И овде, на територијата северно од езерата недостасигаат фрагменти со сликани орнаменти, кои пак од друга страна се застапени кај заедниците јужно од езерата.

На крајот ќе изнесеме неколку основни, општи карактеристики за керамичкиот материјал од зона 6, кој покажува еден специфичен развој во текот на доцниот неолит. Доколку сликањето со црна боја го дефинираше доцниот неолит на територијата на зона 3, особено во источниот дел, ситуацијата е доста поразлична во зона 6. На оваа територија ќе се појават повеќе техники на сликање со мат, црна, бела или црвена боја врз садови со црвеникава, кафеава или светлоокераста основа. Таквата разноликост во орнаментирањето ја издвојува оваа зона како посебна, во која поретко се забележуваат влијанија од зона 3 и Тесалија од југоисток, но преовладуваат локалните техники и мотиви. Иако се работи за една релативно мала територија, сепак може да се забележат повеќе локални специфичности на населбите кои се разликуваат помеѓу себе. Тука пред сè се мисли на појавата и развојот на врежаните декорации кои своите корења ги имаат кај населбите од Јадранскиот брег, односно Цакран културата. Интересен е фактот што иако овде сликаните орнаменти се доста чести и разновидни, сепак тие недостасуваат кај населбите северно од Охридското и Преспанското Езеро, како и кај населбите од зона 5. Овде уште еднаш би сакале да ја нагласиме и важноста на ритоните кои се доста чести кај овие населби и сведочат за транзитната улога на оваа зона преку која комуницирале културите од југоисток со оние од јадранскиот брег (сл. 11).

Имајќи ги предвид податоците кои беа изнесени за керамичкиот материјал за заедниците од зона 5 и зона 6, можеме да забележиме дека на оваа територија доаѓа до една унифицирана употреба на црната керамика со врежани орнаменти, исполнети со пунктирања и инкрустрација. Таквите влијанија како што можевме да видиме стигнале до Полог, односно кај Тумба, с. Брвеница. Керамичкиот материјал од оваа поголема територија многу јасно ни зборува за унифицираноста на одредени форми и декоративни техники кои доминираат кај повеќето доцнонеолитски населби. Од друга страна, пак, сликаните садови покажуваат една разноврсност, како технолошка така и типолошкаа која го дава главниот белег на заедниците од зона 6, особено на тие јужно од големите езера.

### 3.2. Најиндикативни примери од поновите истражувања за крајот на неолитскиот период во зона 4

Изборот на темата и подготовките на овој докторски труд беа директно условени од теренските активности кои беа преземени во последните 10-тина години. Разбирајќи ја, и поврзувајќи ја археологијата, односно нејзините методи на ископување или рекогносцирање со хируршките методи во медицината, беше неопходно да се одберат соодветните локалитети кои требаше да бидат истражувани и да бидат презентирани за целите на овој труд. Овде накратко ќе направиме еден хронолошки преглед на истражувањата на доцниот неолит во текот на академските студии на авторот, како вовед во изборот на темата.

Првите истражувања на локалитет од доцен неолит беа превземени со рекогносцирањата на локалитетот Бегово Поле, с. Дреново, којшто беше обработен за дипломскиот труд со наслов „Рекогносцирања на праисториски локалитети по Раечката Клисура", одбранет во 2014 год. Во текот на магистерските студии покрај присуството на ископувања на неолитски локалитети во кои беа регистрирани и слоеви од доцниот неолит, беа рекогносцирани и неколку десетици локалитети, од коишто дел беа обработени во магистерскиот труд „Доцен неолит во Република Македонија" одбранет во 2019 год. Со запишувањето на докторските судии на катедрата за археологија при УКИМ-Скопје, беше сосема јасно дека главен услов за одбирање на темата ќе биде реализација на археолошки ископувања, како главна и основна метода со која се користи археолошката наука. За таа цел, предвид беа земени археолошките ископувања од 2020 год. на локалитетот Цоцев Камен каде беа потврдени 4 развојни фази, од кои најстарата фаза I припаѓа на раниот неолит, фазите II-III потекнуваат од средниот, додека пак фаза IV може да се смести во доцниот неолит-фаза Ib според предложената хронологија во овој труд. Во тој момент не можеше да се дефинира точна тема под која би се обработил материјалот од оваа кампања, пред сè поради тоа што имаше доста недоумици околу интерпретацијата на најмладиот слој. Дилемата околу насловот на овој докторски труд беше отстранета после двете истражувачки кампањи на локалитетот Цоцев Камен 1, кој се наоѓа на околу 500 метри јужно од Цоцев Камен. Имено, со ископувањата кои беа преземени во 2022 и 2023 год.[20] на Цоцев Камен 1 беше откриена една интересна и

[20] Во оваа прилика сакам да изразам огромна благодарност до прекрасната екипа со која беа реализирани истражувањата, во која спаѓаат колегите и другари: Наталија Марчевска, Јовица Ристов, Дамјан Донев, Далибор Ристовски, Сашко Василевски, Буњамин Џемаили, Ненад Пивко и Никола Трпковски.

специфична ситуација во која беа заробени остатоци од доцниот неолит и раниот енеолит. Со цел овие истражувања да бидат подобро вреднувани и пласирани во научниот свет, со мојот ментор, проф. д-р Драги Митревски се одлучивме за темата „Крајот на неолитскиот период на територијата на Централен Балкан“.

Локалитетите кои овде ќе бидат обработени се Цоцев Камен и Цоцев Камен 1, како и Орловица 1 и 2, од коишто главен акцент ќе биде ставен на првите два, кои беа ископувани од самиот автор и обработени за целите на овој докторски труд. Од друга страна, пак, во текот на ископувањата на населбата Орловица 2 имав чест да земам директно учество, запознавајќи се подетално со керамичкиот материјал од овој локалитет. Покрај тоа, во неколку наврати беа посетувани и двете позиции на Орловица 1 и 2, при што беа документирани голем број на керамички фрагменти, кои заедно со керамиката од Музејот на Филозофски Факултет ќе бидат обработени во ова поглавје.

### 3.2.1. Населбински комплекс Цоцев Камен, с. Шопско Рударе

Археолошкиот локалитет, односно културната целина ***Цоцев Камен*** е сместена помеѓу поголеми карпести ридови создадени главно од андезитски игнимбрити и стратификувани туфови, на околу 20 км западно од денешно Кратово. Месноста Цоцев Камен претставува една интересна природна карпеста формација, со висина од околу 61 м над реката Врлеј, којашто доминира над околината, издигајќи се во една истакната денудациска форма. Карпата се протега во правец СИ-ЈЗ во должина од 136 м, додека пак најширокиот дел има 66 м (Милевски, Димитровска 2011). Природниот амбиент околу карпата била провокативна за населување уште на почетокот на 6 мил., после што се забележува континуитет на одредени активности на ова место сѐ до претходниот век, или во археолошки жаргон кажано „од неолита до Тита“.

Неолитскиот локалитет околу карпата е сместен на самиот влив на Цоцев Дол во Врлеј (сл. 91; 92), која продолжува кон север и на околу 2 км се влева во Крива Река. Сместена на оваа позиција, населбата можела да комуницира преку Крива Река со Кумановско Поле и Пчиња кон запад, односно накај Крива Паланка и Струма кон исток. Населбата *Цоцев Камен 1* е сместена на околу 500 метри јужно од карпата на едно повисоко карпесто возвишение (сл. 92). Хронолошката рамка на слоевите кои беа документирани во текот на истражувањата делумно се поклопува со културните фази од Цоцев Камен.




Слика 91. Распространетост на неолитската керамика западно и северозападно од карпата (Донев, Синадиновски 2019. мапа 3)




Слика 92. Поглед на Цоцев Камен од север, со позиција на сондите на Цоцев Камен и Цоцев Камен 1

***Цоцев Камен***

За оваа карпа се поврзуваат доста локални мистични и историски приказни, верувања, како и обичаи. Самата карпа во минатото, па и до ден-денес е цел на разни аматерски истражувања и проспекции, обиди за туристичка презентација на оваа целина и норално, цел и на дивите копачи кои не ја испуштиле можноста да си ја пробаат среќата и на ова место. Археолошките истражувања на Цоцев Камен до пред неколку години беа доста скромни, иако таквата слика во поново време е доста поразлична. Првите сознанија за овој локалитет, односно литичкиот материјал е објавен од страна на Василка Димитровска во 2010 год. кога се дадени првични видувања за технолошката, типолошката и хронолшката припадност на овој материјал. Првите археолошки ископувања беа изведени во 2013 год. на западното плато, каде што се регистрирани остатоци од железно време и доцната антика.[21] Поради различните цели на нашето истражување, овие ископувања нема да бидат обработени овде.

Првите детални рекогносцирања на овој локалитет беа преземени во 2018 год.[22] кога под раководство на д-р Дамјан Донев, на долниот дел под карпата, од западната и северната страна беа документирани бројни фрагменти од неолитскиот период, меѓу кои можеа со сигурност да се издвојат среднонеолитските фрагменти, додека пак доцнонеолитскиот материјал беше потешко воочлив. Рекогносцирањата околу карпата беа од интензивен карактер, односно со детален преглед на целата површина, изведен по претходно поделени трансекти. По обработката на материјалот беше јасно дека неолитската населба овде се протега околу вливот на Цоцев Дол во Врлеј, на западниот и северозападниот дел од карпата (сл. 91). На слика 91 може да се види дека на крајните северни трансекти има голема густина на керамички материјал, таквата ситуација е последица од уништените неолитски хоризонти на тоа место (Донев, Синадиновски 2019; Донев, Синадиновски 2021). Веќе во 2020 год. беа преземени археолошки истражувања ове под раководство на авторот, кога беа истражени две сонди со вкупна површина од околу 50 м$^2$ (сл. 93).

---

[21] Податоците се делумно преземени од извештајот од ископувањата и од директниот увид во дел од керамичкиот материјал

[22] Овде во мое име, и во име на мојот драг колега д-р. Дамјан Донев би сакал да изразам благодарност до господата Б. Стевковски и М. Мисевски кои ги финансираа тие истражувања и што до ден-денес се отворени за секаков вид на соработка која ќе продолжи и во иднина




Слика 93. Јужен (горе) и источен профил (долу) на Цоцев Камен-2020 год.

Со ископувањата на тоа место беа документирани 4 културни слоеви кои припаѓаат на неолитскиот период (сл. 93). Првата, најстара фаза Цоцев Камен I (4 културен слој) најверојатно припаѓа на раниот неолит, во времето на Анзабегово-Вршник I фазата, за која се поврзува белото сликање, потврдено и на Цоцев Камен. Следните две фази Цоцев Камен II- III (3 и 2 културен слој) припаѓаат на средниот неолит во рамките на Анзабегово-Вршник II-IV.[23] Последната, најмлада фаза Цоцев Камен IV (1 културен слој) може да се датира во доцниот неолит, во рамките на Зелениково 2 културата (Винча-Тордош II), за што најдобро сведочи црната биконусна керамика и антропоморфните фигурини со т.н. „птичјо лице“ (сл. 94; 95; 119). Оваа позиција била напуштена во одреден период, кон крајот на 6 мил., кога најверојатно била основана населбата кај Градиште-Коњух, која се наоѓа на една речна тераса на Крива Река, на околу 3 км северно од Цоцев Камен (сл. 96).

[23] На слика 95 може да се види црносликаниот сад со црвена боја-лев агол долу, кој беше пронајден непосредно до печката во третиот културен слој



Слика 94. Фрагменти од подлабоки чинии од Цоцев Камен



Слика 95. Фрагменти со сликана орнаментика и подлабоки биконусни чинии од Цоцев Камен




Слика 96. Позиција на Градиште-Коњух, Цоцев Камен и Цоцев Камен 1 (Google Earth 2024)

На локалитетот Градиште-Коњух исто така се пронајдени остатоци од доцниот неолит кои според истражувачите биле датирани во Винча-Тордош II фазата, а керамичкиот материјал може да се синхронизира со Зелениково 2 културата.[24] Овде се поставува прашањето за потеклото на населението кое ја населило терасата кај градиштето во Коњух, односно дали населението од Цоцев Камен имало некаква улога во формирањето на оваа населба. Врз основа на досегашните сознанија за материјалната култура на овие два локалитети можеме да изнесеме неколку претпоставки.

Прво, доколку се согласиме со датацијата на последниот неолитски слој од Цоцев Камен, можеме да претпоставиме дека населението од овој локалитет, или пак само дел од него, ја населило терасата кај Градиште на Црна Река. Тоа би значело или дека Цоцев Камен бил или сосема напуштен, или дека овие две населби во одреден период егзистирале во исто време, со исто население. Од друга страна, пак, не се исклучува можноста на локалитетот кај Коњух да била доселена сосема нова популација која можеби живеела паралелно со населбата кај Цоцев Камен. Во тој случај оваа нова популација би била носител на новата материјална култура која постепено била преземена и од населението кај Цоцев Камен. Третото прашање се однесува на тоа каде

[24] За податоците поврзани технолошките и типолошки карактеристики на керамиката од доцниот неолит од Градиште, с. Коњух му благодарам на д-р Дамјан Донев којшто имаше прилика делумно да го обработи тој материјал. Исто така за овој локалитет види повеќе во: Синадиновски 2019

заминало населението од Градиште кај Коњух, односно дали можеме да го поврземе со подигањето на населбата кај Цоцев Камен 1, која биле подигната на самиот крај на неолитот(сл. 92)?

***Цоцев Камен 1***

Овде најпрво ќе се навратиме на прашањето каде отишле луѓето по напуштањето на Градиште и Цоцев Камен, и дали можеме да го следиме нивниот следен пункт за живеење? Одговорот на овие прашања најверојатно можеме да го лоцираме кај населбата Цоцев Камен 1, која е сместена јужно од карпата, на една повисока, карпеста тераса, над Цоцев Дол (сл. 97).[25] Најпрво ќе направиме еден краток преглед за откривањето, почетокот и текот на истражувањата на овој локалитет кои беа преземени последните неколку години.

За овој локалитет, за жал, или за среќа, дознавме благодарение на одредени градежни активности кои требаше да бидат реализирани, но беа сопрени поради појавата на археолошки слоеви. Имено, во 2019 год. со директорот на Музеј на Град Кратово, м-р Илија Митевски и д-р Дамјан Донев направивме увид на местото каде што беше ископувано, и при прегледот на земјата можеше да се забележи присуство на праисториска керамика која не можевме точно да ја определиме хронолошки. Со археолошките ископувања на овој локалитет беа документирани три културни слоја. На најстариот трет културен слој-Цоцев Камен 1-I фаза, припаѓаат остатоците од јами кои најверојатно може да се датираат во текот на средниот неолит врз основа на среднонеолитската грнчарија која беше откриена при ископувњето, како и раката од антропоморфен модел на куќа, попознати како богинка мајка (сл. 97; 98). Во вториот културен слој, односно Цоцев Камен 1-II фаза беа пронајдени остатоци од две земјанки (сл. 97), додека пак во најмладиот културен слој Цоцев Камен 1-III фаза беа документирани остатоци од подно ниво и огниште, како и керамички материјал кој припаѓа на раниот енеолит.[26]

---

[25] Голема благодарност до мојот другар Виктор Митевски и „Гранит“ коишто ни помогнаа во техничкиот дел при поставувањето и техничкото документирање на сондата во прецизни географски вредности

[26] Со цел да се доистражи сондата од 2022 год.повторно беше поднесен проект до Министерство за Култура на Македонија, но за жал беше одбиен. Овде би сакал да изразам огромна благодарност до директорот на Музеј на Град Кратово, м-р Драган Георгиевски, како и до мојот другар Даниел Димитров (Геопроспект) коишто финансиски го поддржаа овој проект и овозможија негова реализација во 2023 год.




Слика 97. Основа на сонда од Цоцев Камен 1 со двете доцнонеолитски земјанки и јами од среден неолит



Слика 98. Рака од антропоморхен модел на куќа-Богинка Мајка од Цоцев Камен 1

*Стратиграфија на Цоцев Камен 1*

Истражената сонда има ориентација со правец СИ-ЈЗ, како продолжение на веќе започнатиот ископ на оваа позиција (сл. 99). Стратиграфијата на ова место е доста интересна, со остатоци од активности низ вкупно четири праисториски периоди. За првата фаза се врзуваат остатоци од четири јами кои речиси целосно биле уништени со вкопувањето на земјанката 2 од помладиот слој (сл. 97). Керамичкиот материјал од овие јами бил разнесен на целата површина и можеше да се забележи во сите откопи, со поголема застапеност во втората земјанка (Т. II, 5).



Слика 99. Сондата од 2022 година пред ископување фотографирана од северозападна страна

За нас овде позначајни се следните два културни слоја кои потекнуваат од доцниот неолит, односно раниот енеолит. Во постарата фаза II на Цоцев Камен 1 беа пронајдени остатоци од две земјанки и една вкопана јама со керамички сад во неа, кои беа датирани кон крајот на неолитскиот период. Овој културен слој е вкопан околу 40 см директно во жолта, карпеста земја која има мека структура. Внатрешноста на земјанките беше исполнета со тврда, црна земја со голем процент на ситни карпести камчиња.

Помладиот, енеолитски слој-Цоцев Камен 1-III фаза, беше застапен на целата површина којашто ја истражувавме. Во овој слој, на северниот агол од истражената површина беа пронајдени остатоци од набиен под со жолтеникава земја. Најверојатно се работи за подно ниво од одреден објект којшто во горниот дел бил граден од дрвја и кожа, материјали кои биле изедени од забот на времето. На околу 6-7 метри западно од

ова подно ниво беа откриени остатоци од две огништа, со една целосно сочувана камена мелница непосредно до огништето од западниот агол. Остатоци од огниште со подница беше откриено и на околу 2-3 метри јужно од подното ниво. Земјата во текот на ископувањето имаше иста цврстина и фактура како претходно. Во продолжение ќе бидат подетално обработени недвижните и движните наоди од Цоцев Камен 1 од слоевите од доцниот неолит и раниот енеолит (фази II-III) со цел да ги проследиме развојот на материјалната култура и неговата културно-хронолошка припадност, кои се главна цел на овој труд.

***Цоцев Камен 1-II фаза (доцен неолит)***

*Архитектонски остатоци и структури*

Како што кажавме претходно, во овој слој беа откриени остатоци од три вкопани структури од коишто две земјанки (1 и 2) и една вкопана култна (?) јама. Најпрво ќе ја обработиме *земјанка 1*, за која можеме да кажеме дека го истраживме само нејзиниот источен агол кој беше сочуван на површина од околу 2.5 м². Овој дел од земјанката беше вкопан во карпата, а врз основа на откриените јамички од колчиња можеме да претпоставиме дека таа овде завршувала со стеснување во овој агол (сл. 97; 100). На овој дел од земјанката може да се види дека таа била вкопана околу 30 см во карпата, а нејзиниот западен ѕид продолжува кон северозапад, дефинирајќи ја внатрешноста на објектот. Имајќи предвид дека не беа пронајдени остатоци од лепеж, можеме да претпоставиме дека горниот дел од земјанката бил изграден од конструкција од колчиња кои биле вкопани во карпата и прекриени со дрвја, кожа или друг распадлив органски материјал. Во внатрешноста на земјанката изненадува големиот број на керамички фрагменти кои бројат околу 350 примероци. Меѓу керамичките фрагменти се издвојуваат неколку позначајни примероци кои ни помогнаа во одредувањето на културно-хронолошката припадност на овој слој, кој можеме да го датираме во фазата IIа, односно на почетокот на 5 мил. Таквата датација ќе биде предложена и аргументирана во следното поглавје посветено на движниот археолошки материјал.



Слика 100. Остатоци од земјанка 1 со обележани јами од дрвени колчиња од Цоцев Камен 1-II фаза

Вториот, истовремен објект, кој беше именуван како *земјанка 2* се наоѓа на околу 3 метри јужно од земјанка 1 (сл. 97). Земјанката има неправилна ромбоидна основа со должина на ѕидови од околу 5 метри, затворајќи целосна површина од околу 25 м² , на кои треба да се додадат уште 2 м² од помошната просторија која се наоѓала на западната страна. Горниот дел на земјанката најверојатно бил подигнат од дрвена конструкција која била поставена врз површината на земјата, додека пак кај помошната просторија колчињата биле вкопани во земјата (мека жолтеникава карпа). Единствено непознато е решението на северниот ѕид, кој најверојатно бил издвоен од помошната просторија со дрвена конструкција, за што сведочат јамичките од самите колчиња. Помошната просторија има димензии од 1x2 метри, и преку неа, низ помал отвор се влегувало во објектот (сл. 101; 102). Откако била подигната дрвената конструкција, врз неа била нанесена слама, кожа или друг распадлив материјал. Во внатрешноста на земјанката беа пронајдени остатоци од огниште со пречник од околу 1 м кои се наоѓа на северниот агол од објектот. Покрај огништето беа пронајдени две целосно сочувани мелници, кои ја потврдуваат резидентната улога на овој објект.




Слика 101. Земјанка 2 со помошна просторија од западната страна-Цоцев Камен 1-фаза I-II



Слика 102. Реконструкција на можен изглед на земјанка 2 (цртеж: Наталија Марчевска)

На овој втор културен слој припаѓа и една јама која се наоѓа на околу 1.5 метри западно од земјанка 1, најверојатно со култен карактер. За жал јамата е уништена во северозападниот дел и за неа немаме целосни податоци за димензиите и првичниот изглед, како и за наодите внатре во неа (сл. 103, 104). Но и покрај тоа, за среќа сочуван е можеби поголемиот дел од јамата во кој беше пронајден еден поголем керамички сад-аскос, со осредна фактура (група 3) и сивкаста боја, која се меша со кафеава боја во долниот дел на самиот сад. На предниот дел на телото од аскосот се наоѓаат две косо постевени поголеми држалки, додека пак третата била поставена на задниот нагласен дел. На долната половина, на задниот дел на садот се изведени орнаменти во форма на организиран барботин, нанесен во разни правци, кој завршива со лачест завршеток на најширокиот дел од садот, изведен со превлачење со прсти. Орнаментиката на садот е изведена на задниот, поширок дел од садот, додека пак предниот дел под устието кој треба да стои под грбот, како и горната половина од целиот сад се поинтензивно мазнети со што е добиена речиси полирана површина. Тој бил поставен со устието кон долу, а внатре во самиот сад, најверојатно како култни прилози биле оставени една фрагментирана чинија (сл. 105. 1), фрагментирана фигурина (сл. 105. 2), еден керамички тег скршен на половина, како и еден целосно сочуван керамички тег (сл. 105. 3, 4).



Слика 103. Земјанка 1-концентрација на керамички фрагменти; јамата со вкопан сад



Слика 104. Керамички сад вкопан со устието кон долу во јама




Слика 105. Аскосот и предметите кои беа пронајдени во него, изложен во Музеј на Град Кратово

Култните јами во праисторијата претставуваат интересна и комплексна проблематика, пред сè поради нивниот континуитет, интерпретација и симболика. На локалитетот Винча, од доцниот енеолит е откриена јама со неколку садови превртени со устието кон долу, идентично како во Цоцев Камен 1, што сведочи за извесен континуитет на таквата пракса на Балканот (Булатовић 2015. после Tasić Tasić 2003). Праксата на складирање на одредени предмети во поголеми садови е документирана и на локалитетот Дамјаница III, каде се откриени два поголеми садови во кои биле положени неколку камени секирки и предмети од коска (сл. 106, 107). Садовите припаѓаат на поголеми амфорести садови за чување и консумирање на течности, кои според одредени карактеристики и функција потсеќаат на садот од Цоцев Камен 1 (Grebska-Kulow et. al. 2020).



Слика 106. Керамички сад од Дамјаница орнаментиран во Акропотамос стилот, со камени и коскени одурија кои биле пронајдени во него-Дамјаница (Grebska-Kulow et. al. 2020. fig. 3)



Слика 107. Керамички сад од Дамјаница орнаментиран во Securing Тополница стилот, со камени одурија кои биле пронајдени во него (Grebska-Kulow et. al. 2020. fig. 3)

Иако се работи за садови кои потекнуваат од различни археолошки контексти, сепак несомнено можеме да го поврземе ритуалот на положување на одредени предмети во поголем керамички сад. За жал не можеме да го реконструираме целосно контекстот на садот од Цоцев Камен 1 поради тоа што одреден дел од јамата беше уништен, но и покрај тоа, можеме овој ритуал да го препишеме на една поголема културна традиција која била практикувана на различни начини, во различни региони. Таквото објаснување е разбирливо доколку се земе предвид далечината помеѓу овие два локалитети и нивните локални традиции. На крајот, врз основа на предложените синхронизации и паралели, можеме вториот културен слој од Цоцев Камен 1 да го позиционираме во текот на првите 1-2 века од 5 мил., односно во фаза IIa.

*Движни наоди-керамика*

Како најзастапен движен материјал кај секоја неолитска населба се јавува садовата керамика. Методолошкиот пристап при обработката на керамичкиот материјал од Цоцев Камен 1 се одвиваше во неколку чекори со макро анализа на фактурата, бојата и технологијата на производство на садовите. Техничката и фотодокументацијата беше комбинирана со цел да се добие подобра реконструкција типологијата на садовите, како и за нивната површина и боја. Во текот на ископувањата, керамичкиот материјал беше собиран по откопи и целини во различни кеси, што ни овозможува увид во застапеноста и појавата на керамичките групи во одредени целини. По миењето на фрагментите се пристапи кон нивна анализа и студирање. Фрагментите од секоја кеса беа посебно третирани и анализирани во неколку чекори. Најпрво секој фрагмент беше прегледан детално и од него беше скршено мало парче (0.5-1 см) за да може да се види составот на глинението тесто, како и процесот на печење на садовите. По определувањето на керамичката група, секој фрагмент беше соодветно селектиран во една од групите, по што следуваше понатамошната обработка на фрагментите. Откако беа селектирани по керамички групи, фрагментите беа запишани во специјален образец (сл. 108) во кој се наоѓаа неколку основни технолошки и типолошки карактеристики на керамиката. Од секоја група посебно беа издвоени по неколку специфични фрагменти најчесто од устието, држалките или дноата, кои беа документирани со техничка и фото документација. Во текот на обработката на материјалот од двете истражувачки сезони беа документирани околу 350 фрагменти од садова керамика, од коишто дел ќе бидат презентирани овде, додека пак останатиот дел ќе биде публикуван во монографијата која

се спрема по повод 5 години археолошки истражувања на неолитската населба Цоцев Камен.

Со овој методолошки пристап успеавме барем делумно да одговориме на повеќе прашања поврзани со технолошките пракси на керамичарот во неолитскиот и енеолитскиот период, како и да навлеземе подлабоко во типологијата на садовата керамика и нејзините варијанти. Врз основа на примесите во глинената тесто, односно фактурата на садовите, керамичкиот материјал беше поделен на *четири технолошки групи*, за коишто ќе стане збор во продолжение.

| Керамички групи | Г1 | Г2 | Г3 | Г4 | Г? | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | | | | | |
| Површина | | | | | | |
| *Груба* | | | | | | |
| *Мазнета* | | | | | | |
| *Полирана* | | | | | | |
| Орнаменти | | | | | | |
| *Барботин*<br>*Пунктирање* | | | | | | |
| *Сликање* | | | | | | |
| *Импресо* | | | | | | |
| *Врежување* | | | | | | |
| *Пластична лента* | | | | | | |
| Типолошки фрагменти | | | | | | |
| *Ободи* | | | | | | |
| *Држалки* | | | | | | |
| *Дноа* | | | | | | |
| Типови на садови (описно) | | | | | | |
| Дебелина на ѕидови | | | | | | |
| Вкупно садови<br>Коски | | | | | | |

Слика 108. Образец кој беше користен при обработката на керамичкиот материјал од Цоцев Камен и Цоцев Камен 1

***Првата група*** (сл. 109) ја сочинуваат садовите коишто се направени од добро прочистена глина којашто може да има и многу мал процент на ситни камчиња и мика. Дебелината на ѕидовите на садовите со оваа фактура се претежно од 0.3 до 0.6 см, со ретки исклучоци кои може да имаат ѕидови и од околу 0.8 см. Најчесто се застапени црните и темни фрагменти, наспроти окерастите, кафеавите и црвените кои се многу ретки. Кај неколку фрагменти се забележува црно сликање на црвена или портокалова основа. Што се однесува пак до формата на садовите може да се каже дека најзастапени се топчестите садови кои имаат најчесто извлечен кон надвор обод, како и биконусните и подлабоките чинии со заоблена профилација.



Слика 109. Прелом на керамички фрагменти од Г1 и Г2

***Втората група*** (сл. 109) претставува погруба варијанта на првата група. Овде во фактурата се забележува зголемено присуство на камчиња и мика кои биле додавани во добро прочистена глина, која е идентична со фактурата од првата група. Тука доминираат садовите со поголеми димензии со дебелина на ѕидот од 0.6 до 1.2 см. И овде најзастапена е црната и темна боја над окерастата и кафеавкаста керамика. Садовите од оваа група се со поголеми димензии, а застапени се конусните и топчестите садови со краток, кон надвор извлечен обод. Фрагментите од оваа група на допир се забележува дека се цврсти и добро печени, поради што и тешко се кршат за време на обработката на материјалот. Кај голем број на фрагменти од оваа група се забележуваат траги од горење, односно фрагменти кои биле изложени на отворен оган. Се работи за една специфична фактура, односно садови кои биле доста добро печени, со дополнителна обработка на нивната површина. За разлика од следните две групи каде

има разни варијации на црвеникави, кафеави, океrasти нијанси, кај Г1 и Г2 може да се забележи извесна стандардизација на печење и конечен изглед на садовите, барем што се однесува до постариот слој каде доминираат црните фрагменти, за разлика од помладиот кога доаѓа до поголема застапеност на кафеавата и океrasта керамика.



Слика 110. Прелом на керамички фрагменти од Г3

***Третата група*** (сл. 110) се карактеризира со присуство на поголема количина на ситен песок во глинаното тесто, односно како преодна група помеѓу Г2 и Г4. Во фактурата од оваа група многу поретко може да се забележат и ситни остатоци од органски материи. Во постариот слој минералните примеси се доста помалку застапени, за разлика од помладиот слој каде што во фактурата на садовите може да се забележи драстично зголемување на минералните примеси. Овде доминираат садовите со кафеава, темна или црна боја во постариот слој, додка пак во помладиот доаѓа до доминација на една специфична садова керамика со океrasто-кафеава боја. Што се однесува пак до формите на садовите, може да се каже дека доминираат поголемите конусни чинии кои може да имаат дијаметар од 14 до 30+ см. Доста често застапени се исто така и топчестите садови со помал или поголем извлечен обод, а поретко и биконусните садови. Дебелината на ѕидовите од оваа група најчесто се движи од 0.8-1 см, а поретко и 1.3-1.5 см, што сведочи за големината и функцијата на садовите. Орнаментите се најзастапени преку барботинот кој најчесто е организиран со превлаки од неколку прсти кои може да бидат изведени лачно, хоризонтално, вертикално или пак комбинација помеѓу овие три врсти. Минералните примеси во глиненото тесто, како и дебелината на садовите ги прават садовите од оваа група отпорни на термички шок, односно ја определува функцијата на дел од нив како кујниски садови во кои била приготвувана и консумирана храна и пијалоци.

***Четврта група*** (сл. 111) се карактеризира со доминација на органските и минералните примеси во глиненото тесто. Примесите од органски материи со поситни зрна на песок и камчиња доминираат во постарата II фаза, додека пак во подоцнежната III фаза доаѓа до значаен пораст на минералните додатоци, кои може да бидат од песок или помали и поголеми ситни кмчиња, следејќи ја оваа тенденција како и кај Г3. Се работи за садови со поголеми димензии со дијаметар на устието најчесто 25+ см и дебелина на ѕидовите од околу 1 см, па сè до 2 см, најчесто со идентични форми како Г3.



Слика 111. Прелом на керамичкит фрагменти од Г4

Анализата на остатоците од *технолошките* процеси за формирање на садовите подразбира идентификување на одредени морфолошки карактеристики на фрагментите кои можеме да го реконструираме процесот на создавање на еден керамички сад. Кај неколку фрагменти може да се забележи обликувањето на садот со спојување на глинени колбаси, технологија која доминира над садовите обликувани со извлекување на глината од една поголема глинена топка, останатите техники иако се застапени, многу тешко може да се извојат и идентификуваат. Овде би сакале да посветиме повеќе внимание на една специфична технолошка група на керамика, која најверојатно овде стигнала како резултат на директни контакти со заедниците по Струма. Имено, се работи за садови со дополнително обработена површина (црн или црвен премаз или полирање) кои речиси секогаш имаат одредена декорација на нив (сл. 112). Карактерисична појава овде се фрагментите насликани со црна или кафеава боја врз црвеникава основа. Како главни мотиви се јавуваат паралелно поставени криви линии кои може да имаат дебелина од 0.7-1 см (сл. 112. 3-5). Вториот начин на декорирање е изведен врз керамика со црна полирана површина, а се работи за врежани полиња исполнети со пунктирања (сл. 112.

2). Кај некои фрагменти од оваа технолошка група може да се забележи и огрубување на површината која се употребува во текот на целиот неолит (сл. 112. 1). Надворешната страна на садот најчесто бил посебно третиран со интензивно мазнење или пак со црвен премаз кај сликаните садови. Карактеристична овде е обработката на внатрешната страна на садот каде што се забележуваат јасни линии и рабови настанати како резултат на одземањето на глината, односно оформирањето на внатрешноста на садот со одредена алатка.

Сите фрагменти потекнуваат од орнаментирани садови кои најверојатно биле донесени од страна, издвојувајќи се од останатиот керамички материјал. Синхронизирајќи ги овие орнаменти со населбите од Струма, доцниот неолит од Цоцев Камен 1 можеме да го поврземе со Балгарчево III-IV, Дамјаница III, Промахон III и други населби од долното течение на Струма (сл. 37, 39). Се чини дека во тоа време, на овие простори се случиле извесни миграции од југ кон север по течението на Струма, навлегувајќи, односно пренесувајќи ја својата материјална култура кон планинските региони околу течението на оваа река. Покрај овој краток осврт на трагите од технолошките процеси, овде поголемо внимание ќе биде посветено на типологијата на садовите и орнаментите на нив преку кои ќе се обидеме да го вреднуваме културно-хронолошки локалитетот Цоцев Камен 1.

***Типологијата*** на керамичкиот материјал беше изведена врз основа на неколку морфолошки карактеристики на фрагментите. Документирани беа речиси сите фрагменти од устието на садот или неговото дно, како и дел од држалките преку кои можеше делумно да се реконструира и формата на садовите. Врз основа на обработениот материјал од двете истражувачки сезони, можеме да кажеме дека формите покажуваат извесна типолошка хомогеност од неколку различни форми на садови кои се повторуваат кај сите керамички групи, со единствена разлика во димензиите на садовите и дебелината на ѕидовите. Како доминантни форми во двата културни слоеви се јавуваат конусните чинии, топчестите амфорести садови со помалку или повеќе извлечен врат и устие кон горе, и како трети биконусните садови со помалку или повеќе нагласена биконусност. Обработката на керамичкиот материјал овде ќе биде презентиран во три целини, од коишто земјанка 1 и земјанка 2 од постариот слој, и керамиката од помладиот слој како една посебна целина.




Слика 112. Декорации на фрагменти од доцнонеолитски слој-земјанка 1 и земјанка 2

Најпрво ќе започнеме со обработката на керамиката од *земјанка 1* во која беа откриени околу 400 керамички фрагменти. Почнувајќи од Г1 и Г2, односно садовите со фина фактура, може да се издвојат неколку основни видови на подлабоки чинии. Овде се забележува доминација на црно печената керамика и *биконусните* садови кои може да имаат повеќе или помалку нагласена биконусност (Т. I. 1-6). Се работи за садови кои имаат најчесто полирана, со црн или црвен премаз површина, со дијаметар на устието од 12-16 или од 18-24 см. Кај еден фрагмент се забележуваат косо изведени плитки канелури кои биле поставени на горната половина на садот (Т.I. 3). *Конусните* чинии исто така се застапени во овој постар слој, а доминираат поголемите садови со дијаметар

над 30 см, со заоблена или права профилација на ѕидовите. Кај овие садови се забележува најчесто декорирање со организиран барботин на телото на садот кој завршува со заоблени линии под ободот, каде се наоѓа една хоризонтална полирана зона (Т. I. 7, 8). Следната типолошка група се *топчестите* садови кои може да имаат затворен, или помалку или повеќе извлечен обод (Т.II. 1-4). Овие садови, кои имаат функција за консумација на течности и храна, многу често биле декорирани во разни техники. Механичките техники биле изведени со врежани коси линии кои се вкрстуваат, создавајќи неправилни ромбоидни форми (Т. II. 1). Овде как интересна појава е поголемиот сад со топчесто тело, со груба површина на телото на садот. на која биле изведени мали брадавичести апликации, поставени во хоризонтални редови, кои завршувале во горниот дел од садот кој бил полиран до устието (Т. II. 2). Кај неколку фрагменти се забележува и импресо орнаментиката која била изведена со нокти или некоја алатка (Т. II. 3). Еден од најзначајните фрагменти од овој слој потекнува од топчест сад со мала, хоризонтално пробиена држалка, околу која биле насликани четири концентрично поставени линии со кафеава боја. Овие мотиви, како и технологијата на производство на овие садови не се познати кај среднонеолитскиот материјал. При ископувањето на земјаката, особено на нивото на вкопување беа пронајдени среднонеолитски фрагменти, од кои се издвојуваат насликаните со црна боја врз црвена или окераста површина  (Т. II. 5).

Идентични типолошки карактеристики се забележани и кај керамичкиот материјал од *земјанка 2*, во која беа пронајдени и обработени околу 1200 фрагменти керамика. Врз основа на типолошката поделба на садовите и овде се забележуваат три основни типови на садови како кај земјанка 1. *Биконусните* садови од Г1 и Г2 се доста застапени и овде, а најчесто се цилиндрично изведени во горниот дел, со диаметар на устието од 16-24 см (Т. III. 1-5). Подлабоките чинии може да имаат и *топчеста* форма, со навнатре вовлечен обод (Т. III. 6), со мал нагласен обод (Т. III. 7-10). Доста честа појава се амфорестите садови со нагласен, извлечен кон надвор обод (Т. IV). Овде се издвојува еден фрагмент од устие од амфорест сад на кој биле насликани две линии со бела пастозна боја (или бел графит), подебелата вертикално поставена под ободот, а тенката хоризонтално поставена. Околу хоризонталната линија биле изведени со графитно сликање концентрични кругови, од кои осум се делумно сочувани (Т. IV. 1). Кај останатите фрагменти најчесто се забележува организираниот барботин кој завршува со извлекувања со прсите под устието на садот (Т. IV. 3). Последната,

најбројна типолошка група се *конусните* чинии кои се среќаваат во неколку варијанти, изведени врз основа на профилацијата на ѕидовите. Имено, овие садови може да се поделат во две групи, односно со прави или заоблени ѕидови. Садовите со права профилација по правило имаат потенки ѕидови (<0.6 см) и различна профилација на ободот (Т. V. 2-5, Т. VI. 2-3). Овде се издвојуваат широко отворените конусни чинии со тенки ѕидови, со огрубена надворешна површина која завршува под ободот на садот, од кој е извлечена голема јазичеста држалка која се издига вертикално над ободот (Т. VI. 4-5). Садовите со заоблена профилација може да имаат подебели ѕидови (0.8-1 см) (Т. V. 1, 6; Т. VI. 1), иако и овде се среќаваат садови со потенки ѕидови од 0.6 см (Т. V. 6). Врз основа на ширината на ободот, овие садови може да се поделат исто така на две групи, односно околу 20 см ширина, и 30+ см ширина, што значи дека се работи за поголеми садови кои имале кујнска и складишна функција. Освен огрубувањето на површината, се среќаваат и барботин орнаментите, најчесто изведени на телото на садот (Т. V. 1, 2; Т. VI. 2, 3), или врежани вкрстени линии кои исто така завршуваат под ободот на садот од кој е издвоен со полирана површина (Т. V. 3).

***Завршни размислувања***

На крајот останува да извлечеме неколку главни карактеристики за културно-хронолошката припадност на керамичкиот материјал од земјанка 1 и земјанка 2. Дел од керамичкиот материјал од земјанка 1 покажува доста сличности со населбите од Струма, што најдобго може да се забележи преку сликањето на линеарни мотиви со кафеава или црна боја (Т. II. 4). Овде се издвојуваат и фрагментите со врежани полиња исполнети со пунктирања (сл. 112. 2; Т. II. 5), како и врежаните линии, кои најчесто се прави, паралелно една до друга, или поставени косо, вркстени помеѓу себе (Т. II. 1, 5). Доколку ги погледнеме сликите од керамиката од Балгарчево III ќе можеме да забележиме директни паралели со врежаните мотиви од земјанка 1 од Цоцев Камен 1 (сл. 36 и 37 спореди со сл. 112. 2; Т. II. 5). Од втората земјанка потекнуваат неколку интересни фрагменти, декорирани со црна, бела или графитна боја (сл. 113). Веќе стана збор за фрагментот насликан со бела и графитна боја, за којшто овде би сакале де кажеме дека врз основа на изведбата на концентричните кругови, овој фрагмент своите паралели ги има исто така кај населбите од Струма (сл. 41; 42; 47). Истото важи и за фрагментот со бело сликани брановидни, потенки линии кои завршуваат со една попречно поставена, права линија (сл. 113. 5). Такви мотиви, изведени со графитно сликање се забележани кај населбата Промахон-Тополница, каде што исто така се забележуваат и

концентричните кругови (сл. 47). Организираниот барботин или огрубувањето на телото на конусните чинии, со оставање на една мазна зона под ободот на садот, биле честа појава и кај керамичкиот материјал од Балгарчево III (сл. 32-34). Кај овие садови надворешната површина најчесто е огрубена до појасот под ободот, од каде површината била најчесто интензивно мазнета или полирана. За нас, од типолошки аспект значајна е директната поврзаност на чиниите со голема јазичеста држалка која излегува вертикално од ободот од Цоцев Камен 1 со идентичните примероци од Балгарчево III (сл. 34 спореди со Т. VI. 4). Доколку на сето тоа го додадеме и аскосоидниот сад од јамата, за кој веќе беа изнесени паралели со Дамјаница III, ќе стане сосема јасно и оправдано постариот слој од Цоцев Камен 1 да биде датиран во периодот на првите 1-2 века од 5 мил., односно фаза IIа според предложената периодизација во овој труд. Можеби на тој начин ќе може да се објасни отсуството на black-topped керамиката која е доста често застапена кај заедниците од зона 1 и зона 4 во последните 2-3 века од 6 мил., во времето на Зелениково 2 и Балгарчево III фазите.




Слика 113. Фрагменти од зомјанка 2 населикани со црна боја (1-3); графитно и бело пастозно сликање (4), бело (графитно?) сликање (5)

***Цоцев Камен 1-III фаза (прв културен слој-ран енеолит)***

*Архитектонски остатоци и недвижни структури*

Овој културен слој се наоѓа веднаш под површината на земјата, и практично со првите два откопи тој веќе беше истражен, односно стигнавме на подното ниво. На слика 114 може да се забележи соодносот помеѓу постариот слој, односно земјанка 1 и вкопаната јама, и подното ниво со концентрација на наоди од помладиот слој (сл. 114). Имено, во северниот дел од истражената површина, непосредно до карпата беа откриени остатоци од подно ниво од набиена земја со жолтеникава боја и порозна структура, која беше сочувана на површина од околу 7 м² (сл. 115). Освен 2-3 мали фрагменти од лепеж, не беа откриени други поголеми фрагменти од ѕидно платно, што не води кон претпоставката дека овој објект бил изграден од распадливи материјали како што се дрвјата, сламата, кожата и други материјали кои би можеле да се искористат за таа намена. Парчињата од лепеж можеби потекнуваат од одредени делови на градбата кои евентуално биле премачкани со земја, заради зацрвстување на структурата. Јужно од подното ниво, на околу 3 м беше откриена *in situ* фрагментирана подница, чиишто остатоци се среќаваа при ископувањата на повеќе места во сондата. Западно и југозападно од подното ниво беа пронајдени остатоци од интензивно горење и запечена земја, меѓу кои и една цела сочувана мелница.




Слика 114. Односот помеѓу културните слоеви на Цоцев Камен1




Слика 115. Ниво на прв културен слој со место на наоѓање на позначајните наоди

Според откриените остатоци од помладиот слој, можеме да претпоставиме дека на оваа површина што беше истражена, во текот фаза IIb постоел еден објект кој имал под од набиена земја, а во горниот дел најверојатно бил изграден од огрански материјали кои со текот на времето потполно исчезнале. Подницата јужно од објектот најверојатно била дел од некоја печка која била уништена и разнесена наоколу при обработката на земјата во минатото. Запечената земја западно од објектот, можеме да кажеме дека е остаток од силен оган кој горел овде во одреден период. Камените мелници, како и фрагментите од нив сведочат за активности поврзани со подготовката на храна. Само една камена мелница беше целосна и пронајдена *in situ* покрај горењето западно од објектот, останатите фрагменти беа пронајдени главно околу подното ниво од објектот. За начинот на подготовка и консумација на храна сведочи и керамичкиот материјал, каде се среќаваат фрагменти на кои се гледаат траги од горење, како и одредени форми кои се поврзуваат со приготовка, консумација и складирање на прехрамбени производи.

*Движни наоди-керамика*

Иако може да се забележи мешање на керамиката од постариот и помладиот слој, сепак при обработката на керамичкиот материјал и поделбата по фактурните групи (сл. 109-111) беа извлечени неколку главни карактеристики за фрагментите од помладиот слој. Имено, овде се забележува опаѓање на црната или темна керамика и доминација на една специфична група со кафеаво-окераста боја која се разликува од останатиот

материјал и по самата структура на глиненото тесто (Т. VIII. 2-8; Т. IX. 1-3). Исто така при обработката на керамичкиот материјал можеше да се забележи дека во помладиот слој доаѓа до зголемување на минералните додатоци во глиненото тесто. Оваа појава најдобро се одразила кај керамичките групи 3 и 4, каде што во помладиот слој се намалува процентот на органски примеси, на сметка на минералните додатоци кои во одредени случаи процентуално доминираат над самата глина, што најверојатно е поврано со функцијата на садовите.

Таквата технолошка промена во керамичкиот материјал не се одразила силно врз типологијата на садовите, каде што главно се забележуваат старите форми (Т. VII-Т. IX). И во овој слој се документирани фрагменти од *биконусни* садови со дијаметар на устие од 18-24 см (Т. VII. 1-6), најчесто со нагласена биконусност кои може да бидат и цилиндрично изведени во горната половина на садот (Т. VII. 1, 2). Ретка појава се садовите со прекршување во горниот дел под устието на садот, каде се забележуваат врежани линии, кои се среќаваат и во бронзеното време (Т. VII. 4). Како позастапена форма од биконусните садови во овој слој се издвојуваат *топчестите* садови, најчесто со дијаметар на устие од 12-16 см, поставени на рамно дно, со доста заоблена профилација на ѕидовите, кои може да имаат помалку или повеќе извлечено устие (Т. VII. 7-8; Т. VIII. 1-4), или навнатре затворен обод (Т. VIII. 5-6). Кај овие садови се среќаваат и мали вертикално пробиени држалки кои се поставени на најширокиот дел од телото на садот (Т. VIII. 4). Овде се издвојува еден мал топчест сад со кафеавкаста боја, со дијаметар на телото на садот од 12 см, и мало извлечено устие на горниот дел. Под устието, во зоната од каде тоа е нагласено била поставена една хоризонтална врежана линија, додека пак на телото на садот, на сочуваниот дел се забележуваат две врежани паралелни линии како „М“ мотив, помеѓу кои површината била исполнета со поголеми кружни пунктирања (Т. VIII. 3), идентичен пример како во Балгарчево IV (сл. 40). И врежаните линии, и пунктирањата се изведени подлабоко, односно се добро нагласени, за разлика од овој тип на декорации од првиот слој (спореди со: Т. V. 3; Т. II. 1, 5). Третиот тип на садови којшто исто така е доста присутен се *конусните* чинии кои може да имаат заоблена (Т. VIII. 7, 8; Т. IX. 1) или права профилација (Т. IX. 2-6). Кај некои примероци се забележува задебелување на ободот од надворешната страна, идентично како кај отворените чинии од постариот слој (Т. IX. 3, 4). Орнаментите најчесто се изведени како организиран барботин, нанесен на површината на телото и долниот дел на садот, завршувајќи под една мазнета зона под устието (Т. VII. 6; Т. IX. 1,

2), или пак како имитација на канелури кај помалите биконусни садови (Т. VII. 1). Извесен континуитет се забележува и кај пунктирањето и врежаните орнаменти кои во првиот слој се изведени подлабоко, односно со поголема алатка, а како главна техника на орнаментирање се јавуваат и кај жртвените масички (Т. VIII. 3; сл. 116.).




Слика 116. Жртвеници од прв културен слој од Цоцев Камен 1-III фаза

*Жртвени масички и антропоморфни фигурини*

Со цел подобро да ја аргументираме културно-хронолошката определба на првиот и вториот културен слој од Цоцев Камен 1, овде накратко ќе ги обработиме т.н. култни предмети, односно *жртвените масички* кои покажуваат еден интересен континуиран развој уште од средниот неолит. Во текот на двете истражувачки кампањи

беа пронајдени голем број на фрагменти од жртвении масички, особено во слој I, односно раноенеолитскиот хоризонт. Врз основа на типолигијата на орнаментирање, откриените масички можеме да ги поделиме на доцнонеолитски и раноенеолитски, со особена доминација на вторите.

Фрагментите од доцниот неолит се карактеризираат со црно и црвено боење на врежаните зони (сл. 116. 10), идентични како тие што беа откриени во последниот слој од Цоцев Камен кој е датиран во доцниот неолит (сл. 116а. 3, 5, 8, 10, 12) (Синадиновски и др. 2021). Овде посебно внимание ќе биде посветено на еден специфичен тип на жртвени масички којшто можеме да го наречеме ***тип Цоцев Камен***, пред сѐ поради тоа што се доста бројни, и многу тешко може да се најдат идентични примери кај останатите локалитети. Имено, се работи за жртвени масички кои покажуваат идентични технолошки карактеристики со садовата керамика од раниот енеолит, барем што се однесува до фактурата и печењето на предметите, кои најчесто имаат окерасто-кафеава боја. Жртвениците се на четири нозе, а може да имаат и мал испуст на средината, помеѓу двете нозе. Најчесто се со димензии од околу 12 см ширина и околу 7-8 см висина, со или без испакнати агли на реципиентот во горниот дел. Декорациите се изведени со врежани орнаменти, а се среќаваат и комбинирани мотиви со врежување и сликање со црвена или жолта боја. Врежувањето е изведено со потенка или подебела алатка, а доминираат спиралните мотиви кои се поставени на надворешната страна на ѕидовите и нозете, одделени од ободот со една хоризонтална врежана линија (сл. 116. 1-7). На една страна од жртвеникот може да има две или три спирали, кои може да бидат изведени во еден, два или повеќе концентрични кругови. Се издвојуваат неколку примероци на жрвеници на кои врежаните спирали биле насликани со жолта боја, додека пак останатиот дел од површината со црвеникава боја (сл. 116. 1-3). Овде треба да се издвои фрагментот на кој се забележуваат две спирали кои биле издвоени од ободот со две хоризонтални линии, поврзани помеѓу себе со мали линии, формирајќи квадратчиња (марица стил) (сл. 116. 7). Покрај спиралните мотиви се забележуваат и хоризонтални аглести меандри, поврзани помеѓу себе, изведени на ѕидовите на садовите, фрагменти кои најверојатно потекнуваат од доцниот неолит (сл. 116. 8, 9). Интересна е појавата на фрагмент од модел на куќа кој бил поставен на четири нозе, отворен од надворешната, предна страна (сл. 117). За жал не можеме да го реконструираме останатиот дел од садот за да го добиеме целосниот изглед на жртвеникот.




Слика 116а. Среднонеолитски (1,2,4,6,7), доцнонеолитски (3,5,8,10-12) и енеолитски (9) жртвени масички од Цоцев Камен



Слика 117. Модел на куќа на четири нозе кој бил отворен од предната страна (лево-надворешен дел; десно-внатрешен ден)

*Антропоморфните фигурини* покажуваат идентичен развој како и останатиот материјал, задржувајќи одредени технолошко-типолошки карактеристики и традиции, како во доцниот неолит, така и во раниот енеолит. Врз основа на глиненото тесто, печењето и типологијата на фигурините, овие наоди можеме да ги поделиме на доцнонеолитски и раноенеолитски, иако не постојат некои драстични разлики. Ова пред сѐ се однесува на изведбата на лицето на фигурините, каде доминираат тие со т.н. птичјо лице (сл. 118. 4, 6, 8, 9-11). Преку синхронизација со фигурините од соседната населба Цоцев Камен, можеби како доцнонеолитски би можеле да ги определиме фигурите под број 4, 8, 9 и 11 на слика 118 (спореди со сл. 119). Овде можеме да забележиме дека иконографијата кај фигурините од Цоцев Камен и Цоцев Камен 1 е идентична при представата на лицето, со единствена разлика во големината на фигурините, коишто кај Цоцев Камен се поголеми, додека пак кај Цоцев Камен 1 се со помали димензии-минијатурни.

Орнаментите најчесто се изведени со мали врежани линии кои се поставени во форма на V на предниот дел и мали вертикални вражани линии на страничните и задниот дел од нагласениот дел (сл. 118. 6, 12-20). Горниот дел најчесто бил цилиндрично изведен и горе завршува во форма на птичјо лице, со нагласување на горниот дел од главата (сл. 118. 6). Кај едни се забележуваат кружни налепки кај пределот на бедрата и врежани хоризонтални линиии на предната страна на нозете (сл. 118. 1), додека пак кај парот нозе се изведени декорации со цик-цак орнаменти, поврзани помеѓу себе хоризонтално, на најширокиот дел од бедрата, идентична технологија на врежување како кај жртвените масички (сл. 118. 5). На еден пример од стапало се забележуваат прсти изведени со мали вертикални линии, а пронајдени се исто така и примероци без никаква декорација на нив (сл. 118. 2, 7). Можеме да забележиме дека антропоморфните фигурини покажуваат континуитетот на претставување на човечкото тело од доцниот неолит, со мали изменувања и во раниот енеолит. Иако според одредени типолошки карактеристики, дел од фигурините потсеќаат на некои среднонеолитски примери, сепак, врз основа на фактурата и печењето на фигурините, можеме да забележиме дека се идентични, како со садовата керамика, така и со жртвените масички од помладата III фаза на Цоцев Камен 1.



Слика 118. Антропоморфни фигурини од Цоцев Камен 1



Слика 119. Антропоморфни фигурини од Цоцев Камен

***Завршни размислувања***

Доколку прифатиме дека дел од сликаните фрагменти со црна, кафеава, бела или графитна боја од Цоцев Камен 1 припаѓаат на земјанките, односно на доцниот неолит, тогаш несомнено овој локалитет би требало да се смести во првите 1-2 века од 5 мил., односно во фаза IIa според нашата периодизација. Потеклото на оваа култура би можела да се препише на контакти со заедниците од Струма, кои во тоа време ќе се најдат под засилени влијанија од заедниците од долното течение на оваа река, каде што покрај директниот увоз на керамички садови од Акропотамос-Тополница културата, овие нови техники и мотиви се одразиле и врз локалното производство, каде се забележани локални копии со разновидност во насликаните мотиви. Тие влијанија, како што можевме да видиме се среќаваат и кај населбите од горното течение на Струма, со кои,

несомнено комуницирале луѓето од Цоцев Камен 1 низ планинските, прастари рути, кои му биле многу добро познати на човекот во минатото. Тука би требало да се бараат и контактите со раното графитно сликање, кое се појавува по течението на Струма, интересна тема која во иднина треба дополнително да се разработува.

Фрагментите од помладиот слој покажуваат одредени разлики од керамиката од земјанките, најдобро документирано преку изборот на глинено тесто и технологијата на печење, односно појава и доминација на посветла керамика, најчесто со кафеава, и нијанси на окерасто-кафеава боја. Имено, фрагментите кои се појавуваат во овој слој се карактеризираат со зголемено присуство на минерални додатоци во глинeното тесто, како и избор на различна глина, која е печена најчесто до нијанси на окерасто-кафеава боја. Врежаните орнаменти кај неколку примероци покажуваат идентична изведба како кај жртвените масички, мислејќи пред сѐ на подлабоките врежувања и пунктирања (спореди Т. VIII. 3. со сл. 116. 2-9). Керамичкиот материјал и жртвениците од овој помлад слој, свои директни аналогии наоѓаат со населбите по Струма, за што сведочи и керамиката од Балгарчево IV и Промахон-Тополница IV (сл. 40), каде што се среќаваат идентични форми на садови и врежани орнаменти.[27] Со идентична датација, како дел од фаза IIb може да се смести и населбата Градиште кај с. Трново, Крива Паланка, кој се наоѓа на околу 40-тина км од Цоцев Камен. И кај овој локалитет е регистрирана специфична материјална култура, со присуство на црна керамика добиена од неквалитетен премаз, и доминација на керамиката со нијанси на црвеникава и кафеава боја (Митовски и др. 2023).

Овде би сакале накратко да продискутираме за рутите низ кои се движеле, како и релацијата која можеле да ја преминат едни праисториски луѓе во текот на еден ден. Веќе неколку пати, уште на почетокот беше кажано дека доцниот неолит е време на постојани раздвижувања на овој дел од Балканот, како локални, така и на поширока територија. Главните комуникациски вени преку кои комуницирале јужните култури од егејскиот брег со тие од Централен Балкан и Дунав несомнено минувале по течението на Вардар од запад и Струма од исток. Во текот на доцниот неолит веќе видовме дека

[27] За културно-хронолошката определба на керамичкиот материјал, жртвениците и антропоморфните фигурини главно беше консултирана следната литература: Тодорова, Вайсов 1993. Чохаджиев 2006; Чохаджиев 2007; Pernicheva-Perets, Kulov 2011; Вандова 2016; Grebska-Kulov 2017.

населбите од средното и горно течение на Вардар немале никакви контакти со заедниците од долното течение на оваа река. За разлика од овде, кај населбите од горното течение на Струма комуникациите со јужните култури биле доста поинтензивни, особено на почетокот на 5 мил. Наоѓајќи се покрај овие главни трансверзали, населбите од повисоките планински предели како Логодаж, Дренково, Ваксево, Невестино, Слатино, Мал Камлеш (Митовски, Крстевски 2019) и Цоцев Камен како најзападна точка, во текот на неолитскиот период ќе создадат силна комуникациска мрежа низ ридско-планинските региони, која се одразила и на нивната керамичка продукција, каде се забележува извесна конзервативност, барем што се однесува до формите на садовите.

Контактите помеѓу Цоцев Камен и населбите од Струма можеме да го поделиме во три правци на исток, кон Ќустендилско (Невестино, Слатино, Ваксево), кон Благоевградско (Балгарчево, Мурсалево, Логодаж), и на крајот кон зона 2 (Дамјаница, Промахон-Тополница, Ангелци). Оддалеченоста на Цоцев Камен 1 од Ќустендилскиот регион е околу 70 км по течението на Крива Река, должина која може да се помине за 1 ден пешачење. Благоевградскиот регион се наоѓа на околу 90 км кон југоисток од Цоцев Камен, односно 2 дена пешачење низ јужните падини од Осоговските Планини кон Влаина, преку која се излегува кон исток, односно кон населбите кај Логодаж, Балгарчево, Мурсалево итн. И на крајот, како најдалечни кон југоисток се наоѓаат заедниците од зона 2, којашто е оддалечена околу 130 км југоисточно од Цоцев Камен, што би значело пешачење од околу 3-4 дена. Со цел да ги објасниме овие контакти, подолу ќе посветиме посебен дел за етно-археолошките истражувања кои беа направени за целите на овој труд, чијашто главна цел беше „разбирање и реконструкција на можните праисториски рути помеѓу горното течение на Струма и Вардар“.

### 3.2.2. Населбински комплекс Орловица, с. Ракотинци-Скопје

Следниот локалитет, односно населбинска целина која ќе биде обработена е комплексот населби Орловица 1 и 2, која се наоѓа во атарот на село Ракотинци, Скопско, односно на територијата на зона 4. Комплексот населби се наоѓа на околу 1.7 км јужно од селото, по течението на Чифличка Река, од левата страна, или на околу 8 км воздушна линија јужно од центарот на Скопје (N 41º55'35'32; E 21º25'43'59). Се работи за еден интересен микро регион доста богат со вода, плодна почва и шумски предели во околината. Таквите природни поволности биле препознаени уште во најраните неолитски етапи на овие простори. Доколку ја анализираме оваа микро регија низ призмата на културно-хронолошката припадност во неолитот, ќе можеме да забележиме континуитет на населување од раниот неолит (Церје-ран, среден и доцен неолит) до раниот енеолит (Орловица-доцен неолит, ран енеолит) (сл. 120).




Слика 120. Позиција на локалитетите Церје и Орловица

За целите на овој труд подетално ќе бидат обработени населбите кај Орловица кои се именувани како ***Орловица 1*** и ***Орловица 2***. Овие населби се истражувани преку два археолошки методи, односно теренски рекогносцирања во повеќе наврати, како и археолошки ископувања во 2012 и 2013 год.[28] Со методот на рекогносцирање, на ова место се потврдени остатоци од доцниот неолит на две локации, едната на мала речна

[28] Рекогносцирањата беа извршени најпрво од студентите на институтот за Историја на Уметност и Археологија-Скопје, Игор Алексовски и Дарко Каралсларидис, а подоцна локалитетот во неколку наврати беше посетен и од авторот на овој труд. Ископувањата на оваа населба беа реализирани под менторство на проф. д-р Драги Митревски и студенти од институтот за Историја на Уметност и Археологија-Скопје, во текот на 2012 и 2013 год. (Митревски 2013; Mitrevski 2017)

тераса на левата страна од реката-Орловица 1 (сл. 121), а другата на околу 500 метри североисточно, на другата страна на ридот именуван како Орловица 2 (сл. 121).




Слика 121. Хоризонтална стратиграфија на локалитетот Орловица

***Орловица 1 и 2-доцен неолит (хронолошка фаза Ib-IIa)***

Керамичкиот материјал од доцниот неолит од Орловица 1 и Орловица 2 покажува идентични технолошко-типолошки карактеристики, односно доминација на црно печената керамика, која најчесто е мазнета, а може да има полирана или со црн премаз површина. Формите на садовите овде покажуваат интересни варијанти на подлабоки чинии со права или заоблена профилација, како и садови со конусна или биокнусна форма. Подлабоките чинии со заоблена профилација најчесто имаат кон надвор извлечено устие (Т. X. 1-7), или поретко, право, вертикално иведено (Т. X. 8-12; Т. XII. 3-6, 7-10). Се работи за садови со дијаметар на ободот од 12-18 см, или поретко околу 24 см, на кои може да бидат изведени мали држалки поставени на ободот или на најширокиот дел од садот. Вториот тип на садови се пошироките конусни чинии кои може да имаат права или благо заоблена профилација (Т. XI), а кај некои примероци се забележуваат и две мали вертикални држалки поставени на горниот дел од садот (Т.XII.

1, 2). Овие садови се поголеми за разлика од претходните и најчесто имаат дијаметар од 25-35+ см, а може да имаат и мали јазичести држалки изведени на ободот или поретко на телото на садот. Чиниите со биконусно прекршување на телото на садот и цилиндрично изведен горен дел се доста застапени овде, а се издвојуваат едни фрагменти кои имаат мала, вертикална пластична лента изведена од ободот кон телото на садот (Т. XII. 6-8). Овде посебно внимание привлекуваат конусните садови со тенки ѕидови, огрубена надворешна површина и проширување на ободот од надворешната страна, сосема идентични како садовите од Цоцев Камен 1 (види: Т. VI. 4-5). Помеѓу фрагментите може да се забележат и поголеми топчести садови со извлечено устие (Т. XII. 11).

На овој локалитет, како и на останатите локалитети од монохромната фаза на доцниот неолит се пронајдени разни типови на држалки во јазичеста, брадавичеста, роглеста и други форми (сл. 122). Што се однесува пак до орнаментиката на садовите, овде доминираат канелурите кои најчесто се поставени на горната половина на садовите, изведени во разни правци и дебелина (Т. X. 1-5, 10; сл. 123-А). Како втор тип на орнаменти од овој локалитет може да се набројат пунктирањата со кружна алатка, најчесто изведени во две паралелни хоризонтални линии, иако се забележува и групирање на одредена површина (Т. XI. 2; сл. 123-Б). За забележуваат и врежаните линии, најчесто цик-цак или рибја коска мотиви, изведени од една или две линии (Т. XII. 10). Сите овие декоративни техники се доста застапени кај останатите населби од зона 4, но и по течението на Струма, како дел од монохромниот хоризонт на доцниот неолит, кој се развива во последните 2-3 века од 6 мил. Овде за издвојување се декорациите со пунктирања кои најверојатно може да се поврзат со Долна Рибница-Балгарчево II културата од зона 1 и зона 2 (сл. 25).

***Орловица 2-ран енеолит (фаза IIb)***

Со археолошките истражувања на локалитетот Орловица 2, на една доминантна позиција над речното корито во подножјето (сл. 121), при ископувањата во 2012 год. беше откриен објект, најверојатно со култна намена. Керамичкиот материјал којшто беше пронајден во истражениот објект покажува сосема нови технолошки и типолошки карактеристики, потполно различни од постарата грнчарија, за којашто стана збор претходно. Садовите од овој објект се карактеризираат со зголемено присуство на минерали-песок и ситни камчиња во глиненото тесто, како и доминација на црвеникави,

окерасти и кафеави нијанси, добиени со печењето на садовите. Овде при ископувањето беа пронајдени неколку конусни чинии кои имаат едноставна форма и изглед (сл. 78). Од другите наоди се издвојуваат керамичките модели на печки и антропоморфните фигурини кои покажуваат доцнонеолитски елементи. Културниот слој од Орловица 2 беше датиран во раниот енеолит според терминологијата кај Македонските и Бугарските археолози (Mitrevski 2017). Според Српската терминологија видовме дека ова е време на доцен неолит, односно Винча-Плочник фазата (сл. 77), а идентична периодизација се користи и во Грчката археологија, според која, ова се крајните фази на доцен неолит II (LN-II). Со цел да се синхронизираат овие различни терминолошки принципи, ние овде оваа фаза ја сместивме во IIb фазата, која се развива во периодот од околу 4800/700-4500 год.



Слика 122. Разни типови на држалки од доцниот неолит од Орловица 2




Слика 123. А-фрагменти декорирани со канелури; В-декорации со пунктирања

***Завршни размислувања***

Овој локалитет е само уште еден пункт во кој се потврдува присуство на монохромниот хоризонт на доцниот неолит, вклупувајќи се целосно во културната локална група Зелениково 2. При споредбата на керамичкиот материјал од населбите Долен Шамак, Кременица и населбата кај Агино Село, може да се каже дека црната керамика, изработена со фина фактура, со мазнета, полирана или со црн премаз површина, декорирана најчесто со канелури и пунктирања, ќе ја даде главната карактеристика на оваа култура во зона 4. Овде треба исто така што се истакне и

застапеноста на black-topped керамиката која се среќава кај повеќето доцнонеолитски локалитети од Скопско, односно зона 1. Врз основа на тоа, можеме да кажеме дека населбата од доцниот неолит се развивала кон крајот на 6 мил., односно фаза Ib, паралелно со Балгарчево III и останатите населби од зона 1, каде што црно печената керамика, орнаментирана со канелури, како и black-topped керамиката ќе ги дадат главните белези на локалитетите од оваа фаза (сл. 28, 29), иако, како што кажавме не се исклучува можноста оваа населба да има некаква поврзаност со Долна Рибница и Балгарчево II. Синхронизацијата со населбите од северните региони ќе ја смести оваа фаза во времето на Винча-Тордош II, време кога оваа територија ќе се најде под силни влијанија на Винчанската култура.

Керамиката од помладиот слој го следи трендот како и повеќето населби од целокупната територија која овде ја обработува, односно доаѓа до преовладување на посветло печена керамика, во нијанси на кафеава или црвеникава боја. Оваа практика е документирана кај Гумниште, како и кај Цоцев Камен, Градиште-Трново и многу други населби од крајните фази на неолитскиот период. Според тоа, можеме накратко да заклучиме дека развојот на керамичката продукција во овој населбински комплекс сосема се совпаѓа во целокупната слика на територијата на Централен Балкан. По доминацијата на црната керамика во претходните фази, од фаза IIb ќе започне појава и доминација на посветли тонови на керамичкиот материјал. Таквите промени биле проследени и со промена во типологијата и орнаментирањето на садовите, промени кои го наговестуваат животот во новиот енеолитски период, кој продолжил да се развива на населбите Скопско Кале и Врањак кај с. Варвара.

## 4. *ЗОШТО* ЗАВРШИЛ НЕОЛИТСКИОТ ПЕРИОД?

Ова е клучното прашање кое следува после обработката на соодветната библиографија, како и на археолошкиот материјал кој беше цел на ова истражување. Прашањето „зошто?“ се однесува на причините поради кои се случиле одредени промени, од каде дошле новините, како влијаеле врз автохтоното население итн. Овие, и уште многу други прашања ќе бидат подетално разработени во ова поглавје, во кое ќе бараме соодветни аналогии и паралели со остнатите праисториски и историски периоди. Комплексноста на самото прашање, како и големата територија и временската рамка која овде се обработува, го диктираат и самиот правец на истражување. Едно мора да ни биде јасно, а тоа е дека не постои една причина, односно еден единствен одговор или случка, која може да даде еден и задоволителен одговор за целата територија. Проблематиката е доста комлексна и неопходен е еден поширок пристап и анализа на повеќе аспекти од животот на човекот во доцниот неолит, но и понатаму низ помладите епохи.

### 4.1. Анализа и интерпетација на претходните поглавја

Неолитскиот период претставува време во кое човекот ќе ги трасира првите насоки по кои тој се движи во ден-денес. Најпрво би сакале да ја нагласиме појавата на керамиката во неолитскиот период, односно откритието на технолошкиот процес за создавање на керамички садови, фигурини и други утилитарни или култни предмети. Иако неолитскиот период се смета, и во превод значи „младо камено време-neo-lithic“, сепак, не камените орудија, туку керамиката е главниот материјален белег на овој период, барем што се однесува до човечките продукти и знаење. Следните три придобивки на човекот во неолитскиот период се:

1. припитомувањето на животните;

2. доместификацијата на одредени житни растенија кои му овозможиле на човекот постојан извор на храна, а со тоа и можност да окупира и насели одредена географска регија, со што е овозможена и

3. појавата на првите населби и села, од кои произлегле и првите градски центри, бележејќи ги почетоците на развојот на урбанизацијата и архитектурата.

Овие три придобивки го сочинуваат т.н. *Неолитски Пакет,* проследен со низа економски, социјални и културни процеси, кои засекогаш ќе го променат, но и трасираат човековиот развој на патот кон вечноста. За таквиот позитивен тек на настаните, несомнено најголема улога имала климата, односно природните и еколошки

потенцијали кои директно влијаат врз начинот на живот и развојот на една заедница, култура или држава. Од климатските и еколошките поволности во одреден период и одредена географска регија, зависи и внатрешната организација на една заедница, распоредот и типот на секојдневните обврски, како и нивната економија, која исто така е условена и од контактите со останатите заедници.

Во првото поглавје имавме можност да видиме дека во текот на 5 мил. ќе дојде до постојан пораст на температурите, кои ќе стигнат до +3-4ºC повисоки од денешните просечни температури, што ќе предизвика огромна населбинска криза кај одредени региони на јужниот Балкан (сл. 1; 7). Таквите услови не биле попријатни ниту за заедниците од Централниот Балкан, каде што во текот на последните неолитски фази исто така е забележано значајно намалување на бројот на населбите, како и одредени промени во материјалната култура. Напуштањето на низинските позиции и населувањето на повисоки локации ќе започне уште кон крајот на неолитот, а ќе продолжи со засилен интензитет и во енеолитскиот период, односно втората половина на 5 мил., време кога настапува голема населбинска криза кај речиси сите географски зони кои се дел од овој труд.

### 4.1.1. Населби и населбински систем

Територијата која овде ја обработуваме беше поделена на неколку зони, кои заокружуваат одредена географска регија. Обработката на населбите беше направена за секоја зона посебно, сѐ со цел да се заокружат сознанијата на едно локално ниво, односно да се реконструира населбинскиот систем. Овде посебно внимание ќе биде посветено на една интересна појава која се забележува речиси кај сите зони. Имено, се работи за неколку локалитети кои со својата големина и стратиграфија се издвојуваат од останатите помали и краткотрајни населби околу нив, коишто културно и економски се издигнале над останатите населби околу нив. Овие населби несомнено се јавуваат како први прототипови на поголемите градски центри подоцна од праисториските и историските епохи, градови од кои ќе се изродат и денешните, модердни метрополи.

#### *Зона 1*

Почнувајќи од зона 1, овде може да забележиме доминација на населбите на повисоки или пониски речни тераси, поставени покрај Струма или на некоја од помалите притоки. Поретко се забележуваат и населби подигнати на доминантни позиции, кои ќе се јавуваат почесто веќе во енеолитскиот период (кар. 2). Големината на населбите

најчесто е ограничена од големината на терасата која е населена, па така се среќаваат населби од околу 0.2, па сè до 7 ха., со тоа што може да се забележи доминација на населбите од околу 4 хектари, како и тие помали од 0.5 хектари (таб. 2). Овде според големината, но и според степенот на истраженост, се издвојуваат Балгарчево, Деве Барган и Герена кај Мурсалево, Слатино, Ваксево и др. Со истражувањата на тие населби е документиран континуитет, како од претходниот ран/среден неолит, така и од подоцнежниот ран енеолит, што јасно ни покажува дека на тие позиции постоеле позначајни населби кои опстојувале во текот на целиот доцен неолит.

Покрај овие повеќеслојни населби, почесто се среќаваат помали еднослојни населби од доцниот неолит, или пак двослојни населби, во кои покрај доцнонеолитскиот слој, е документирана најчесто и раноенеолитска фаза. Тие населби најчесто се сместени во одредени мали, микро регони, поставени на помали речни тераси или повисоки позиции. Животот на овие помали населби се врзува главно за одредени фази од доцниот неолит, додека пак поголемите населби покрај Струма имале силен континуитет низ целиот доцен неолит, создавајќи силна комуникација со населбите од соседните региони. Комуникациите со населбите од јужните предели е најдобро документирана преку појавата на црно сликаната керамика од доцниот неолит изразени преку Акропотамос, Тополница или Струмско стиловите. Несомнено овие населби биле главните центри преку кои оваа материјална култура била пренесена кај населбите од зона 1, а се среќава инцидентно и кај помалите, еднослојни населби кои, како што рековме опстојувале во одредена фаза од доцниот неолит.

***Зона 2***

Речиси идентична е ситуацијата и со населбите од зона 2, каде што може да се забележи постоење на два типа на наслеби, односно населбите на високи, доминантни позиции во ридско-планинските региони, и од друга страна населбите на речни тераси, покрај Струма или покрај нејзина некоја притока (кар. 1). Овде многу очигледна е разликата според големината на населбите, односно на високите позиции се наоѓаат помали населби до 0.5 ха., додека пак одредени населби кои се наоѓаат на речните тераси имаат големина до 5 ха., со исклучок на Ковачево и Дамјаница кои имаат неколку десетици хектари (таб. 2).

Од оваа регија за нас значаен е податокот за опожарувањето на вторите фази од Дамјаница и Промахон-Тополница, кои биле датирани околу 5000 год. Новите населби

кои биле подигнати врз опожарениот слој со себе донеле и промена во архитектурата, проследена со напуштање на земјанките и подигање на надземни објекти. Овие случувања ќе ги трасираат новите културни елементи кои ќе ги обележат последните неолитски фази, што е добро документирано кај овие две населби, кои ќе прераснат во културно-економски и занаетчиски центри, произведувајќи своја керамичка продукција, следејќи ги тогашните ликовни и симболички критериуми. Додека овие поголеми и повеќеслојни населби биле изложени на разни контакти со заедниците од горното и долно течение на Струма, во планинските предели живееле повеќе помали, еднослојни населби, особено на падините на Огражден и јужните падини на Пирин Планина. Идентично како и кај зона 1, овие населби главно се движат низ ридестите предели, создавајќи своја комуникациска мрежа, а најчесто биле подигани на поцизии кои можеле да ги задоволат потребите на животните, односно сточарството, како главна стопанска гранка. Овие населби несомнено имале силни врски со поголемите населби покрај Струма, со кои биле во постојани контакти кои имале и економски и културолошки карактер.

***Зона 3***

На територијата на зона 3, особено во источниот и централниот дел, во текот на доцниот неолит ќе се појават вистински регионални центри, претходници на подоцнежните историски градови. Во *источниот дел* на оваа регија доаѓа до доминација на населбите подигнати на тумби, кои речиси потполно недостигаат во претходните две зони, а како што ќе видиме и во зона 4 и зона 6 овие населби се доста ретки. Поголемиот дел од населбите имаат поголема површина од 1 ха., движејќи се најчесто до околу 7 ха., со исклучок на Драма која се простира на површина од околу 25 ха. (таб. 2). За разлика од населбите од средното и горно течение на Струма каде што имавме јасна диференцијација помеѓу помалите планински населби и поголемите низински, терасести населби, овде ситуацијата е нешто поинаква. Имено, се работи за извесна воедначеност, барем што се однесува до големината на населбите, со што се оправдува улогата на културни и занаетчиски центри кои ја имаат одредени населби од оваа зона во текот на првите неколку векови од 5 мил. Со досегашните ископувања во оваа регија, кај населбите Дикили Таш и Крионери се пронајдени голем број на јами за печење на керамика, што јасно сведочи за масовно производство на садови кои се карактеризираат со црно сликање врз црвена основа во т.н. Акропотамос стил, кој потекнува токму од оваа територија. Веќе видовме дека влијанијата на овие населби се забележуваат кај

населбите од горното течение на Струма кон север, во централниот дел на зона 3 кон исток, и во Тесалија кон југ. Сите овие факти за населбите од долното течение на Струма многу јасно ни говорат за нивното локално, но и регионално значење.

Експанзијата на оваа култура околу 5000 год., ќе остави зад себе спалени хоризонти и значајно ќе го промени демографскиот и културниот развој на заедниците по долината на Струма, ќе предизвика извесни раздвижувања и интензивирање на контактите помеѓу заедниците во оваа поголема регија, како и ќе ги дефинира културните вредности на последните неолитски фази. Раната појава на обработката на бакарот исто така се поврзува за преминот од 6 кон 5 мил. време кога се случиле и останатите промени во населбинскиот систем и керамичката продукција (Malamidou et. al. 2022). Овде може да се постави прашањето дали рудното богатство на оваа регија било дел од интересите на заедниците кои навлегле овде во тој период, каков што е случајот во античките времиња (5-2 век пр. н.е.), кога исто така ќе дојде до појава на разни интереси за оваа територија? Прашање кое во моментот не можеме да го одговориме со сигурност, но во секој случај овие природни богатства во овој регион ќе бидат и тоа како значајни за понатамошниот развој на праисториските заедници, кралствата и првите државни творевини.

Интересен е овде податокот дека деструктивен слој со опожарување бил документиран кај Дикили Таш, а бил датиран околу 5000 год., синхронизирано со случувањата од Промахон-Тополница и Дамјаница со своите втори развојни фази. Доколку овие опожарени културни слоеви се резултат на насилни напади, тогаш можеме да претпоставиме дека од југ, преку морскиот брег навлегло население, носител на културата со црно сликани садови-Акропотамос-Тополница стилот. По извесната инвазија кон населбите од зона 2, па можеби и кон зона 1, оваа материјална култура ќе доминира овде во првите 2-3 века на 5 мил., со појава на локални варијанти на оваа култура, добро документирано по целото течение на Струма. Доколку се согласиме да дадеме насилен карактер на настаните околу 5000 год., тогаш ќе мора да се повикаме и на фактот што кај повеќе населби се пронајдени остатоци од дрвена или камена палисада, која несомнено имала заштитнички карактер. Толкувајќи ги работите на овој начин, тоа би значело упад на население југ, од Тесалија или од Турскиот дел на Мала Азија. Поврзаноста помеѓу овие географски региони во медитеранот е добро документирана и со подоцнежните, историски извори уште од Хомер кај Тројанската војна, па сè до античките кралства на Македонија, Персија и Хеленските градови-држави

од југ. Токму поради тоа, не треба да изненадува фактот што тие контакти биле воспоставени токму во доцниот неолит, а ќе продолжат со посилен или послаб континуитет до денешно време.

Населбите од *централниот дел* на зона 3 ќе се издвојат од останатите по неколку различни параметри. Најпрво овде треба да се нагласи доминацијата на рамните, отворени населби, позиционирани на ниските падини на околните планини, кои може да имаат континуитет од претходната фаза на средниот неолит, како и понатаму низ финалниот неолит според Грчката терминологија. Иако за поголемиот дел од локалитетите немаме достапни сознанија, сепак, според нивната поставеност на карта 1 може да се забележи дека тие најчесто се позиционирани на ивиците на мочурливата рамница пред нив, или во близина на морскиот брег. Овде се издвојуваат населбите поставени непосредно до тогашниот морски брег, меѓу кои најзначајни се Ставрополи (10 ха.), Терми (6 ха.) и Василика (18 ха.) од источниот, како и Макриалос (50 ха.) од западниот брег. Исто така, доста значајна населба од оваа територија, која го контролира преминот од Пиериа кон долното течение на Халијакмон е населбата Палиамбела Колиндрос која се простира на површина од 28 ха.

Огромната површина на овие населби е овозможена од отворениот тип на самите нив, како и нивната внатрешна организација, каде објектите се поставени на поголемо растојание помеѓу себе. Печките, огништата, јамите и движниот археолошки материјал кој бил пронајден помеѓу живеалиштата, јасно сведочат за социјалниот живот и внатрешната организираност на населбите, која сведочи за секојдневните активности кои ги имале луѓето во доцниот неолит. Имајќи ја предвид големината на населбите и нивните докажани контакти со заедниците од југ, можеме да заклучиме дека овие приморски центри биле главната конекција помеѓу заедниците од Тесалија, како носители на Димини стилот на орнаментирање, и оние од запад и север. Важноста на контактите со заедниците од Тесалија многу добро се забележуваат кон крајот на неолитскиот период овде, односно во втората половина на 5 мил., кога ќе дојде до опаѓање на интензитетот на живеење кај овие населби, делејќи ја судбината со нивните современици од југ (сл. 7). Културната разлика помеѓу заедниците од централниот дел на зона 3 и оние од зона 4 била условена од природната граница кај Демиркаписката Клисура која била доста тешко проодна за човекот во неолитскиот период.

Влијанијата од населбите од централниот дел подобро може да се забележат кај заедниците од средното течение на Халијакмон, односно *западниот дел* на зона 3. За жал и за повеќето од населбите од оваа регија немаме подетални податоци за позицијата и големината на населбите, сепак доколку погледнеме на карта 1 ќе можеме да забележиме поголема концентрација на тумби во Китрини Лимини регионот, кој ќе биде интензивно населен во доцниот неолит, проследен и со појавата на езерската населба Анаргири IX. Континуитет на живот од претходните неолитски фази е документиран кај повеќе локалитети од оваа регија, иако во доцниот неолит ќе дојде до појава на поголем број на населби, особено во средното течение на Халијакмон. Врз основа на податоците од таб. 2 можеме да забележиме дека и овде доаѓа до опаѓање на животот кај повеќето населби во текот на втората половина на 5 мил., идентично како и кај останатиот дел од зона 3. Интересно е овде тоа што кон крајот на неолитот се забележува тенденција за населување на повисоките позиции, следејќи го населбинскиот систем на населбите од средното и горно течение на Струма и Вардар.

***Зона 4***

Населбите од зона 4 во доцниот неолит покажуваат специфичен развој, под силно влијание на културите од север, и особено од североисток кон крајот на неолитскиот период, контакти кои најдобро ќе се почуствуваат во следниот, енеолитски период. Во доцниот неолит, на оваа територија доаѓа до доминација на населби на речни тераси, над тумбите и населбите на високи, доминантни позиции. За жал, немаме подетални податоци за големината на доцнонеолитските населби од оваа регија, но врз основа на посетата на неколку локалитети во текот на студиите, може да се забележи дека најчесто се работи за помали, краткотрајни населби. Исклучок прави населбата Барутница кај Анзабегово којашто според Американските археолози кои истражувале овде во 70-тите години на минатиот век, во доцниот неолит броела од 4000 до 7000 жители. Овие населби сведочат дека и на оваа територија, идентично како кај останатите зони од исток и југоисток, доаѓа до издвојување на неколку поголеми населби кои биле своевидни културни и економски центри.

***Зона 5***

Веќе неколкупати погоре беше нагласен проблемот за првите доцнонеолитски фази кај заедниците од зона 5, односно Пелагонија. Овде, по интензивниот живот и населеност во текот на раниот и среден неолит ќе дојде до речиси целосен хијатус на

населување во текот на втората половина на 6 мил., освен кај 3-4 населби за кои стана збор претходно. Овие населби нема да бидат посебно обработени овде, поради тоа што излегуваат од нашите интереси, кои пак ќе бидат насочени кон населбите од фаза II, односно од првата половина на 5 мил., време кога повторно ќе дојде до поинтензивно населување на Пелагонија, особено во нејзиниот северен дел. Доколку се погледне таб. 2 и карта 1 веднаш може да се забележи дека најбројни се населбите на тумби во рамницата, и на повисоки тераси во повисоките ридски предели кои за првпат ќе бидат населени токму во доцниот неолит. За жал и овде имаме многу оскудни податоци за големината на населбите, но имајќи ја предвид целокупната ситуација во доцниот неолит, не би требало да се очекуваат поголеми населби, како што е случајот со останатите региони, особено од зона 3. Се чини дека населбите од Пелагонија гравитирале кон западните и северните региони, од каде што може да се најдат директни аналогии во материјалната култура, за што ќе стане збор подолу.

***Зона 6***

Населбинскиот систем од зона 6 покажува интересни карактеристики, разликувајќи се од останатите региони. Тука пред сè се мисли на појавата на езерските наколни населби кои опстојувале овде во текот на доцниот неолит. Позицијата и откриените остатоци од наколни населби во доцниот неолит овде, јасно говорат за зголеменото ниво на водените површини во тоа време, кои служеле како добар извор на храна. Човекот својот живот го организирал над површината на водата на дрвени платформи на кои ги извршувале секојдневните обврски. Наколните населби во овој регион, како и материјалната култура, јасно сведочат за една интересна етно-културолошка целина, во којашто животот главно бил организиран околу мочуриштата и езерските површини. Како посебна населба овде се издвојува Авги која се простира на површина од околу 5.5 ха., а се наоѓа на една повисока позиција, на еден доминантен рид (сл. 24). Таквите заедници покажале интензивен развој во текот на средниот и доцниот неолит, со повторно окупирање на местото во енеолитскиот период.

***Завршни размислувања***

Доколку се навратиме на поглавјето за архитектонските и комуналните градби кај населбите, ќе можеме да забележиме дека кај голем број населби се јавуваат разни структури изградени од камен, дрвја или пак обични ровови ископани околу населбите. Таквата појава е забележана на целата територија, со особена нагласеност кај населбите

од централниот дел на зона 3. Прво би сакале да нагласиме дека се работи за повеќенаменски, комунални структури, чијашто примарна цел е заштитата на населбата, како од човек, така и од животни, како и издвојување на внатрешниот од надворешниот простор. Силни индикации за насилни влијанија, како и појава на поголеми одбрамбени структури се документирани и кај неколку населби од Винчанската култура во првата половина на 5 мил. (Borić et. al. 2018; Балабан 2013).

Веќе погоре во поглавјето за зона 1 можевме да видиме дека во последната неолитска фаза доаѓа до појава на повеќе населби на повисоки места, стратешки поставени, на тешко достапни позиции. Истото може да се каже и за останатите територии, каде што кон крајот на неолитот е забележана тенденција на населување на повисоките позиции и подигање на помали населби (Милановић 2016). Овде ќе дојде до појава на поголеми вкопани ровови околу населбата или пак масивни ѕидови изградени од камен кои ја заштитуваат населбата. Таква ситуација е регистрирана кај Крионери, Дикили Таш, Ставрополи, Мандало, Палиамбела, Макриалос и други помали населби. Изградбата на овие силни одбрамбени структури кај повеќе населби се поврзува со преминот од фаза I и фаза II, односно околу 5000 год. Доколку се погледне повнимателно хронолошката рамка која овде се обработува, можеме да забележиме дека на преминот од 6 кон 5 мил. се случиле доста крупни промени, како во населбинскиот систем и архитектурата, така и во материјалната култура.

Кај неколку локалитети е документирано ширењето на нова материјална култура по течението на Струма, од југ кон север, продирајќи сè до горното течение на Струма. Овие влијанија ќе ја дефинираат последната неолитска фаза кај населбите од горното течение на Струма, каде што во исто време се забележува и населување на повисоките, стратешни позиции. Преку овој пример можеме да согледаме дека во првите 2 века од 5 мил. на овие простори дошло до одредено раздвижување на населението и кај останатите региони, особено во зона 4, зона 5 и источниот дел на зона 3, каде доаѓа до постепено населување на повисоките ридско-планински региони низ кои ќе продилжи животот и во слендиот енеолитски период.

Дали овие промени настанале како резултат на насилни упади, сè уште останува отворено прашање, иако, врз основа на одбрамбените структури и опожарените хоризонти, можеме да им дадеме извесен насилен карактер. Појавата на поголеми населби во зона 3 би можела да се поврзе со миграција и упад на население од јужните

и југоисточните краеви, конекции кои ќе продолжат и во следните праисториски и историски епохи. Овде се поставува и прашањето за тоа дали искачувањето на повисоките ридско-планински предели кај заедниците од внатрешноста може да се поврзе со подигањето на одбрамбените фортификации кај населбите покрај Егејското Море? Иако овие две крупни промени се поклопуваат хронолошки, сепак рано е да се носат таков тип на заклучоци. Во секој случај промените во материјалната култура покажуваат јасни правци на влијанија, како од југ, од Егејот, така и од Јадранското Море кон Пелагонија и зона 6 кои започнале најверојатно околу 5000 год. Тие влијанија ќе ги дефинираат последните неолитски етапи на овие простори, пред да навлезат нови промени во керамичката продукција кои го одбележуваат енеолитскиот период.

### 4.1.2. Материјална култура-керамика

Керамичкиот материјал, идентично како и населбинскиот систем, покажува свои засебни белези и карактеристики во текот на доцниот неолит, преку кои, во ова поглавје ќе се обидеме да го проследиме развојот и трансформацијата на керамиката од неолитот во енеолитскиот период. Доколку се анализира керамичката продукција од нашата територија како дел од една поширока територија на Балканот и Блискиот Исток, ќе можат да се извлечат неколку општи карактеристики кои ги даваат главните обележја на материјалната култура. Со еден таков поширок пристап ќе се обидеме да регистрираме одредени локални влијанија кои јасно сведочат за миграцијата, односно за културните контакти помеѓу заедниците.

Како што кажавме уште во воведниот дел, некаде околу 5500 год. на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров ќе дојде до појава и постепена доминација на црно печената керамика, којашто подоцна ќе ги даде главните белези на керамичкиот материјал. Таквата ситуација ќе „ескалира“ во последните 2 века од 6 мил., кога на целата територија овде ќе дојде до доминација на црната керамика, како дел од т.н. монохромен хоризонт којшто беше дефиниран овде (сл. 11). Како главни типови на орнаменти од овој хоризонт се среќаваат пластично изведените декорации, како што се импресото, барботинот, пунктирањето и канелурите како типичен и најзастапен тип на орнаментирање. Појавата и времетраењето на овој хоризонт се разликуваат од една до друга зона во зависност од развојот на материјалната култура во текот на хронолошката фаза Ib. Населбите од јужните делови на Балканот веќе во следната IIa фаза (5000-4700) ќе покажат различен културен развој, со појава и доминација на садови со црни, кафеави, бели или полихромно насликани мотиви. Таквиот различен културолошки развој на

заедниците во последните неолитски фази, ќе го диктира и понатамошниот тек на настаните, во текот на раниот енеолит. Во продлжение ќе се обидеме да ги синхронизираме овие промени и да ги заокружиме културните вредности на населението од овој дел од Балканот.

Со цел подобро да ги разбереме културните процеси во текот на доцниот неолит на оваа територија, овде ќе пристапиме со еден поширок пристап, заокружувајќи одредени културни целини. Најпрво ќе посветиме повеќе внимание на монохромниот слој, кој како што видоме се јавува во последните 2-3 века од 6 мил. кај речиси сите региони истовремено. Појавата на овој хоризонт кај неолитските населби секогаш се дефинира како дел од доцниот неолит, прекривајќи ја постарата материјална култура од раниот и среден неолит, која се карактеризира со црно или бело сликани мотиви на црвена површина. Развојот и доминацијата на црно печената керамика е особено изразено кај населбите од зона 1, зона 4 и зона 5, кои биле и природно одделени со населбите од останатите јужни региони кои гравитираат кон морскиот брег. Во јужните зони ќе се појават неколку поголеми керамички центри за производство на црно сликана керамика, чиешто влијание е документирано на поголемиот дел од јужен Балкан.

***Зона 1***

Напрво ќе започнеме со населбите од зона 1 кои покажуваат специфична материјална култура со присуство на силни влијанија од север, од Винчанската култура, како носечка на монохромниот слој во фаза Ib, и од друга страна јужните култури со црно или кафеаво сликани мотиви врз садови со црвена основа, кои се јавуваат овде во последните неолитски етапи или фаза IIa. Во текот на 5400/5300 год. на оваа територија ќе дојде до доминација на црно печена керамика, орнаментирана во т.н. Долна Рибница стилот со пунктирања во еден или два хоризонтални редови, изведени на најширокиот дел од садот (сл. 25, 25а). Во оваа фаза продолжуваат и орнаментите изведени со барботин или импресо техниките, како и огрубувањето на површината кое се практикувало кај поголемите садови (сл. 26).

Во последните 2-3 векови од 6 мил., односно фаза Ib, се забележува доминација на садовите со повеќе или помалку нагласена биконусност, како и на подлабоките чинии со една или две вертикални држалки кои паѓаат од устието кон телото на садот (сл. 30, 31). За оваа фаза исто така се карактеристични и разновидните дугмести, јазичести, роглести или тунелести држалки, најчесто вертикално поставени (сл. 35). Друга значајна

појава во керамичката продукција од оваа фаза претставува и black-topped керамиката која е застапена речиси кај поголемиот дел од населбите (сл. 28). Овде ќе дојде до појава на една нова материјална култура која своите корења ги има кај населбите од Винчанската култура и нејзините јужни варијанти, а се карактеризира со полирана површина, декорирана со канелури, врежувања и пунктирања, три главни техники на орнаментирање на садовите. Канелурите најчесто се плитки и се поставени на горната половина од садот, изведени во разни форми (сл. 29). Врежаните орнаменти исто така може да бидат изведени во разни, најчесто праволиниски мотиви, кои може да бидат комбинирани во форма на триаголни полиња или пак линии вкрстени помеѓу себе, добивајќи неправилни четириаголни форми (сл. 36). Како карактеристични орнаменти за оваа фаза се јавуваат полињата изведени во форма на висечки триаголници или пак со паралелни линии, полиња кои се исполнети во внатрешноста со пунктирања изведени во различни форми (сл. 37, 38). Од останатите пластични орнаменти се среќаваат организираниот барботин најчесто изведен во долниот дел од садовите, како и огрубената површина, техники кои биле изведени на садови со поголеми димензии, односно складишна функција (сл. 32-34). За синхронизирање на керамичкиот материјал од оваа фаза со Цоцев Камен 1, неопходно е овде да ги обработиме накратко и широките чинии со права или благо заоблена провилација, тенки ѕидови и задебелен од надворешната страна врат. Од ободот на овие садови биле извлечени по две големи вертикални, јазичести држалки, специфични само за овој тип на чинии. Димензиите на ободот најчесто се над 25 см, а површината од надворешната страна е огрубена со оставање на еден хоризонтална, мазнета или полирана зона под устието, која продолжува и на внатрешната страна од садот (сл. 34). Доколку ги разгледаме повнимателно фрагментите од Балгарчево III кои овде беа презентирани, и ги споредиме со постариот, втор слој од Цоцев Камен 1 (Т. I.-Т. VI.), може да се забележат идентични технолошки и типолошки карактеристики на материјалот.

Во текот на фазата IIа кај населбите од зона 1 ќе дојде до појава на нова материјална култура со црно или кафеаво сликани орнаменти на црвена основа во т.н. Акропотамос, Промахон и Струмско стиловите, проследени со локални копии. Оваа појава најдобро е документирна во третата фаза од Балгарчево каде ќе дојде до појава на садови со црвен премаз на површината, а како доминантни се јавуваат амфорите со две држалки, кои биле орнаментирани најчесто во зоната околу и врз држалките, со тенки или подебели праволиниски или заоблени линии (сл. 31, 39). Од земјанките од Цоцев

Камен 1 потекнуваат неколку орнаментирани фрагменти кои се издвојуваат од среднонеолитските, а посебно внимание привлекува фрагментот со мала вертикално продупчена држалка околу која се насликани три концентрични кружни линии (Т. II. 4), кои се идентични како кај дел од садовите од слика 39 од Балгарчево III. Влијанијата од Струма се гледаат и преку фрагментот со графитното сликање (Т. IX. I) од Цоцев Камен 1 кој потекнува од постариот слој, односно од земјанка 2, која највероjатно припаѓа на самиот крај на неолитот овде, некаде во хронолошката фаза IIa.

Доколку во иднина овие претпоставки за комуникациите помеѓу Цоцев Камен 1 и населбите од Струма се докажат со петрографско-хемиски анализи на керамичкиот материјал, ова би значело дека со пробивањето кон север на заедниците од долното течение на Струма, околу 5000 год., новата материјална култура ќе биде пренесена и кај заедниците од горното течение на Струма, навлегувајќи кон запад до Цоцев Камен 1. Поврзаноста помеѓу овие регии била возможна преку повеќе планински рути кои се користени од човекот и во подоцнежните периоди. Тука пред сè се мисли на трасата по Крива Река, од каде се комуницирало со горното течение на Струма, со населбата Слатино, како и кон југоисток низ јужните падини на Осоговските Планини кон Пијанец, од каде може да се продолжи на исток кон Логодаж и Балгарчево, или пак на југ кон средното течение на Струма кај Дамјаница или Тополница. Низ оваа регија комуницирале заедниците кои биле населени во овие ридско-планински простори, кои доста често ја менувале својата позиција за живеење, во зависност од сезонските природни прилики на одредена позиција, главно следејќи ги потребите на животните, кои биле нивен главен извор на храна.

Крајот на неолитскиот период, односно фазата IIb (халколит според Бурарската терминологија) кај населбите од зона 1 се карактеризира со појава на врежани орнаменти тип Градешница или Марица (сл. 40), како и раната појава на графитното сликање, кое е добро документирано кај Балгарчево и Слатино (сл. 41). Исто така за одбележување е и фактот што во оваа фаза преовладуваат светлите нијанси на бои на керамичкиот материјал. Во орнаментирката можеме да забележиме дека доминираат спиралните мотиви или концентричните кругови, како кај врежаните орнаменти, така и кај тие со графитно сликање. Идентична материјална култура е пронајдена и на локалитетот Цоцев Камен 1 кај материјалот од помладиот, рано енеолитски слој. Имено, овде се појавуваат жртвените масички со врежани спирални орнаменти на ѕидовите во повеќе варијанти (Т. X).

*Зона 2*

Подигањето на првите неолитски населби околу 5400/5300 год. на територијата на зона 2 било проследено и со појава на нова материјална култура како дел од т.н. Долна Рибница-Балгарчево II култура. Веќе стана збор за основните карактеристики за керамичкиот материјал од оваа култура, чијшто развој ќе биде прекинат и овде со појавата на монохромниот хоризонт и black-topped керамиката, најчесто со канелури на површината, кои, како што видовме доминираат кај населбите од зона 1 и зона 4. Овој хоризонт ќе се развива на овие простори во периодот на последните 2-3 века од 6 мил., после што, околу 5000 год., ќе дојде до прекин на оваа култура. Таквите промени ќе се случат паралелно со опожарените слоеви од Дамјаница и Промахон-Тополница. По опожарувањето на овие населби ќе дојде до силна експанзија на црвената керамика со црно или кафеаво насликани мотиви во т.н. Акропотамос, Тополница или Струмско стиловите (сл. 43-48), кои се среќаваат и по долината на Струмешница, во населбата кај Ангелци, каде што е пронајден фрагмент насликан во Акропотамос стилот. Веќе беше кажано дека во Дамјаница биле пронајдени остатоци од 12 печки за садова керамика, што го прави ова место главен занаетчиски центар во кој, покрај тоа што стигала разна керамичка роба од населбите од југ, овде биле правени и локални копии на Акропотамос стилот. Овој локалитет се јавува како најсеверна точка пред влезот во Креснанската Клисура од југ кон север, сместен на самиот пат кој водел кон Балгарчево и останатите населби од зона 1, со кои несомнено имале доста интензивни контакти. Истото може да се каже и за керамичкиот материјал од Промахон-Тополница III, каде ќе се забележи мешање на неколку различни стилови на орнаменти (сл. 42). Имено, при обработката на материјалот забележана е доминација на сликаните мотиви во Акропотамос (сл. 44, 45) и Струмско (сл. 46) стиловите, кои се карактеризираат со потенки, односно подебели линии. Кај овој локалитет во IV фаза многу јасно се следи и појавата на графитното сликање, кое се јавува во исто време со врежаните мотиви тип Градешница, означувајќи го почетокот на енеолитскиот период, кој се развива во текот на фазата IIb.

Се чини дека влијанијата од југ биле полесно пренесувани накај заедниците од север, по течението на Струма, за разлика од западните региони на зона 2 каде што освен погоре споменатиот фрагмент од Ангелци, не се пронајдени други остатоци од Акропотамос-Тополница културата. И покрај сите очигледни контакти со заедниците од соседните региони, пред сè од север, сепак главна улога за формирањето на материјалната култура кај заедниците од зона 2 одиграле директните контакти и

населување на население од долното течение на Струма кон север. Сите погоре изнесени аргументи јасно говорат дека појавата на оваа култура е резултат на упад на население, кое најверојатно ги окупирало поголемите населби покрај Струма, додека пак останатите продолжиле да живеат по ридско-планинските региони. Окупацијата на клучните точки по долината на Струма им овозможила на новите заедници поинтензивни контакти со населбите од север. Во една таква ситуација може да се забележи дека главните рути низ кои се комуницирало се наоѓале по течението на Струма, поврзувајќи ги заедниците, односно ширејќи ги културните вредности од населбите од југ, кон северните региони. Тие контакти ќе се продлабочат и во текот на раниот енеолит кога ќе дојде до една културна унифицираност на овој регион во рамките на Градешница-Слатино-Дикили Таш културниот комплекс.

***Зона 3***

Веќе стана јасно дека во *источниот дел* на зона 3, по долното течение на Струма ќе се појават неколку населби кои биле керамички, односно занаетчиски центри, поделени на четири производствени региони, од коишто три во долното течение на Струма, и една кај населбата Дикили Таш во Драмската Котлина (сл. 59). Црното сликање врз садови со црвена основа кај овие керамички центри било аплицирано на неколку основни видови на конусни, отворени чинии кои може да бидат на повисока или пониска нога, со профилирана површина, како и на амфорестите садови со две вертикални држалки (сл. 58). Директни влијанија од овие центри се пронајдени кај некои населби од централниот дел на зона 3 од запад, како и во Тесалија кон југоисток, што јасно сведочи за моќта на овие населби и нивната улога во креирањето на севкупната слика за материјалната култура од доцниот неолит на овие простори.

Во текот на првите 100-200 год. од 5 мил., населбите од оваа регија ќе доживеат вистинска експанзија, особено препознатливи преку т.н. Акропотамос стил кој потекнува токму од овде (сл. 54-56). Покрај контактите со заедниците од запад и југоисток, голема улога во понатамошниот развој на населбите од оваа регија ќе одиграат комуникациите, односно влијанијата од населбите од средното и горно течение на Струма, кои најдобро ќе се забележат со појавата на графитното сликање и врежаните орнаменти како дел од Градешница-Слатино-Дикили Таш комплексот. Во текот на IIb фазата, црното сликање продолжува со употреба, паралелно со графитното сликање, многу често со идентични мотиви како црно сликаните (сл. 57). Постепеното замирање

и напуштање на традициите за производство на црносликана керамика многу јасно сведочи за силната традиција која ја имале заедниците од источниот дел на зона 3. Сепак, кон крајот на оваа фаза ќе дојде до значајни промени во керамичката продукција, каде што, покрај графитното сликање, ќе дојде и до појава на разни врежани орнаменти кои ќе ги дадат основните белези на керамичката продукција во енеолитот.

Заедниците од *централниот дел* на зона 3 покажуваат посебен културен развој, определен пред сè од нивната географска позиција, односно отвореноста кон југ, кон Тесалија, од каде навлегувале културните влијанија, најдобро документирани со појавата на Димини стилот на сликање (сл. 11; 60; 64). Погоре веќе видовме дека кај населбите Ставрополи, Терми, Василика, Палиамбела Колиндрос, Макриалос и други населби од оваа зона, многу добро се издвојува монохромниот хоризонт со црно печена и black-topped керамиката, културна појава во фаза Ib. И овде овој хоризонт ќе биде прекриен со нова материјална култура околу 5000 год., на почетокот на фаза II, обележана со доминација на црвените садови кои најчесто биле насликани со црни или бели мотиви, а се среќаваат и црни садови со бело сликање. Како добар пример каде што можеме да го видиме културниот развој во текот на фаза I и II од доцниот неолит се издвојува населбата Макриалос (сл. 61-63), каде што постариот слој припаѓа на монохромниот хоризонт, со доминација на црно печената и black-topped керамиката. Во помладиот слој пак доминираат садовите насликани со црна или поретко бела боја на црвена основа, како директни влијанија од Димини културата од Тесалија. Оваа керамика овде се јавува како увозна, или пак како локална копија, претварајќи ја оваа населба во еден трговски и економски центар. Влијанијата од оваа населба се документирани и кај останатите локалитети од оваа регија, каде што исто така доаѓа до развој на сликаните техники со црна или бела боја. Оваа културна појава можеме слободно да ја препишеме на интензивирањето на контактите во рамките на зона 3, пред сè со јужните култури од Тесалија, со кои биле во директни контакти преку приморските населби. Големината на населбите, како и керамичкиот материјал пронајден внатре, многу добро ни говорат за високиот културен развој, но и за секојдневниот живот кај овие заедници. Користењето на просторот помеѓу објектите за извршување на секојдневни обрвстки, поврзани пред сè со приготовка и консумација на храна, е потврдено и со керамичкиот материјал кај неколку локалитети, каде е забележана доминација на кујнската керамика. Сите овие значајни фактори, и факти, не водат до заклучокот дека во текот на фазата II од нашата периодизација, овде ќе дојде до развој

на поголеми населбински центри, кои биле главниот линк помеѓу морскиот брег и населбите од внатрешноста.

Иако и овде е забележан континуитет на населување од раниот или средниот неолит кај неколку населби, сепак на таб. 2 може јасно да се забележи дека од доцниот неолит потекнуваат голем број на населби, кои настанале како резултат на континуираниот пораст на населението во текот на доцниот неолит на овие простори. Имено, имајќи ги предвид горенаведените податоци за населбите и нивната големина, можеме прво да претпоставиме дека во текот на доцниот неолит некои населби настанале едноставно како резултат на пренаселеност на одредена друга населба, од која дел од заедницата заминала и мигрирала на некоја блиска позиција. Другата опција се однесува на миграциите, односно населувањето на овие простори од страна на новодојдено население. Имајќи го предвид развојот на материјалната култура во доцниот неолит, односно појавата на монохромниот хоризонт во првата фаза, како и појавата на сликаните садови во втората фаза, може да се претпостави упад на население кое било носител на новите културни елементи. Во тој случај во првата фаза тоа би значело миграции на заедници од Централениот Балкан и од Анадолија, како носители на црно печената керамика, додека пак во втората фаза доаѓа до директни упади на население од јужните и југоисточните краеви, особено од населбите од Тесалија, како носители на сликаната керамика (сл. 11). Се работи за период во кој на оваа територија опстојувале голем број на населби, кои го достигнале својот културен и економски максимум во текот на фаза IIa од нашата хронологија. Зголемувањето на населбите во текот на фаза IIa, се поизвесно е дека е резултат на одредени миграции од југ кон морскиот брег. Ситуацијата драстично ќе се промени веќе во втората половина на 5 мил. кога ќе настане вистинска населбинска криза во текот на целиот финален неолит, сè до почетокот на раното бронзено време (таб. 2; сл. 7).

При краткиот преглед на керамиката од населбите од *западниот дел* на зона 3, можевме да видиме дека црно печената и black-topped керамиката ќе се појават како главни носители на доцнонеолитските култури. Кај повеќето населби од оваа зона се забележани неколку типови на декорации изведени со канелури, врежани и ребрасти мотиви, пунктирања, како и импресото и организираниот барботин нанесен со прстите. Овие елементи во материјалната култура потсеќаат на населбите од внатрешноста на Балканот, од т.н. Винчански круг, но покрај нив овде се среќаваат јасни и силни врски и со населбите од Тесалија кои најдобро се согледуваат преку сликаните орнаменти со

црна, кафеава и бела боја, или пак полихромните мотиви. Од запад пак влијанијата може да се следат преку присуството на врежаните мотиви кои биле исполнети со бела инкрустрација, културни елементи кои своите корења ги имаат кај заедниците од јадранскиот брег, односно Цакран културата. Доколку на ова се додадат и ритоните на четири нозе кои се честа појава кај населбите од Тесалија и Јадранот, тогаш ќе ни стане сосема јасно дека од овде поминувала главната рута преку која комуницирале заедниците во доцниот неолит.

Во текот на фаза IIb кај повеќе локалитети се порнајдени остатоци од обработката на бакарот, една од технолошките новости кои ќе го одбележат крајот на доцниот неолит (Maniatis 2014). Финалниот неолит кој се развивал низ втората половина на 5 мил., е одбележан со појава на сосема нова материјална култура, нови форми и орнаменти. За оваа фаза се карактериситчни врежаните орнаменти кои може да бидат потенки или подлабоки линии, а како мотиви најчесто се среќаваат праволиниските и спиралните (сл. 68). Овде доаѓа до појава и на цедилките кои се карактеристични за енеолитскиот период кај културите од Балканскиот Полуостров (сл. 69). Сликањето во финалниот неолит кај Мегало Ниси Галанис е застапено со црвена боја врз бела основа, или кремаста боја врз црвена основа (сл. 70). За одбележување е фактот што овде недостасуваат графитните орнаменти, кои, како што видовме ќе го дадат главниот белег на керамичката продукција кај заедниците од источниот дел на зона 3, и особено кај тие од средното и горно течение на Струма. За разлика од графитот, врежувањето ќе се интензивирана низ целата територија на зона 3 кон крајот на неолитот, и особено на почетокот на енеолитот (финалниот неолит), што јасно зборува за една културна доминација на овој тип на орнаменти на поголемиот дел од нашата територија.

***Зона 4***

Влијанијата од јужните медитерански култури, како што можевме да видиме ќе пенетрираат во внатрешноста, односно во централниот дел на зона 3, како и по течението на Халијакмон. Кон север, се чини дека Демиркаписката Клисура била главната, во случајот непроодна порта кон средното и горно течение на Вардар, регија овде дефинирана како зона 4. Со досегашните (скромни) истражувања на доцниот неолит на населбите од оваа зона, не се регистрирани никакви наоди кои би сугерирале на поврзаност со населбите од долното течение на Вардар, особено не во фаза II.

Континуитетот на населување во текот на Анзабегово-Вршник II-IV, од претходниот период на средниот неолит, овде ќе биде прекинат со појавата на монохромниот хоризонт чијшто носител е Зелениково 2 културата. Керамичкиот материјал од оваа фаза се карактеризира со доминација на црно печената керамика, black-topped керамиката, биконусност на садовите, а како орнаменти се издвојуваат канелурите кои доминираат над врежувањата и пунктирањата (сл. 71-76). Таквата материјална култура овде ќе се издвои околу 5300/5200 год., и ќе остане доминантна во следните 2-3 века, односно во фаза Ib. Населбите од оваа зона во текот на доцниот неолит ќе развијат силни врски со заедниците од Централниот Балкан, од Винчанската култура, развивајќи се во текот на Винча-Тордош I и II. Што се однесува пак до синхронизацијата на населбите од зона 4 со оние од зона 1, може да се забележат доста заеднички културни вредности помеѓу заедниците, особено преку керамичкиот материјал. Имено, и во двете зони е забележана појава на идентични технолошки и типолошки карактеристики, пред сè преку црната керамика, black-topped керамиката, разните видови на држалки, и канелурите како водечка техника на орнаментирање во последните 2-3 века од 6 мил. Единствена драстична разлика со досегашниот степен на истраженост на фаза IIa, се јавува црното или кафеаво сликање на садови со црвена површина, културна појава која недостасува во зона 4. Насликани орнаменти се документирани кај населбите по целото течение на Струма, река која се јавува како главна комуникациска вена низ која е распространета оваа, нова керамичка традиција. Веќе стана збор за керамичкиот материјал од доцниот неолит од Цоцев Камен 1, којшто беше синхронизиран со населбите од зона 1 и зона 2. Слична ситуација е документирана и кај Тумба-Брвеница, каде врз основа на керамичкиот материјал, помладиот слој од доцниот неолит се поврзува со заедниците од Пелагонија, како носители на различна материјална култура која потекнува од јадранскиот брег. Таквите повремени упади, како на различна материјална култура, така и на одредена група на луѓе уште повеќе го заинтигрира прашањето за контактите со јужните населби од централниот дел на зона 3, оставајќи ни задача во иднина да посветиме повеќе внимание во истражување на оваа проблематика.

***Зона 5***

Југозападно од зона 4 се наоѓа Пелагонија, односно зона 5, географски региони кои комуницираат помеѓу себе преку неколку главни премини, како што се клисурите по течението на Раец, Бабуна и Треска. Идентично како кај заедниците од зона 4, и кај населбите од Пелагонија недостигаат сознанија за сликани орнаменти од доцниот

неолит, што најверојатно е резултат на свртувањето на заедниците од Пелагонија кон запад и јадранскиот брег, како и кон север и исток, кон зона 4. Кризните времиња по завршувањето на Велушко-породинската култура околу 5500 год., ќе бидат прекинати со појавата на т.н. Трнска култура, која се појавува во оваа регија кон крајот на 6 мил. Според керамичкиот материјал од оваа култура, можеме да забележиме дека и овде монохромниот хоризонт одиграл главна улога во креирањето на културните белези на заедниците во текот на првата половина на 5 мил. Доцниот неолит овде покажува силни контакти со заедниците од Цакран културата од запад, најдобро синхронизирана преку врежаните полиња исполнети со пунктирања или шрафирани триаголници, многу често изведени во инкрустрација, односно исполнување на орнаментите со бела боја (сл. 81, 82а). Ова се однесува пред сè за населбата Мала Тумба, односно за јужниот дел на Пелагонија каде што влегувале тие влијанија од Јадранот, преку Охридско-преспанскиот регион, по трасата на идната Виа Егнатија. На северниот дел на Пелагонија пак можевме да видиме дека покрај тие типични појави во керамиката од Јадранот, се појавуваат и низа појави, како што се канелурите, биконусноста на садовите, различните типови на држалки, и други елементи кои се врзуваат за населбите од зона 4 (сл. 81а, 82).

Досегашните истражувања ја потврдуваат интерпретацијата на оваа територија како *преодна/прелазна зона* помеѓу јадранскиот брег и внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Разликите помеѓу населбите од северните и јужните делови на Пелагонија, се должат најверојатно на течението на Црна Река, која била тешко проодна, и широка река во 5 мил. Крајот на доцниот неолит кај заедниците од Пелагонија ќе биде обележан со една постепена транзиција и прифаќање на новите културни елементи кои потекнуваат од заедниците од Централниот Балкан, кои преку зона 4 навлегувале на оваа територија. Последните неолитски населби, односно археолошки слоеви, се чини дека згаснале околу средината на 5 мил., следејќи ја периодизацијата на населбите од зона 3 (таб. 1).

### *Зона 6*

Територијата на зона 6, како една преодна регија помеѓу Јадранот од запад, Тесалија од југоисток и северното Егејско крајбрежје од исток, ќе покаже еден интересен, локален културен развој на керамичката продукција. Како и на останатиот дел од Балканот, и овде во последните 2-3 века од 6 мил. ќе дојде до доминација на црно печената и black-topped керамиката. Паралелно со оваа керамика ќе се развиваат и разни

техники на сликање со бела, црвена или црна боја, врз основа на која може да има црна, бела, окераста или црвеникава боја (сл. 89). Значајни разлики може да се забележат и при изборот на мотивите, каде што доминираат тенките прави или брановидни линии, насликани една до друга во разни правци (сл. 85, 86). Таквите карактеристики на керамичкиот материјал од зона 6, само ја потврдуваат значајната улога на овој регион помеѓу Егејот и Јадранот, ставајќи ги заедниците од овие предели под постојани влијанија од соседните територии.

Овде би сакале само да изведеме една претпоствка којашто во иднина ќе треба да се разработува, а се однесува на бело сликаните орнаменти кои, како што кажавме се главен белег на керамичката продукција од средниот неолит од зона 5. Иако се работи за претежно различни мотиви и форми на орнаменти изведени со бела боја во доцниот неолит, сепак би го поставиле прашањето за евентуално раздвижување на заедниците од Пелагонија кон југозапад, односно кон зона 6, околу средината на 6 мил? Тука е интересен податокот дека бело сликаните орнаменти врз црно печени садови ќе се појават кај населбите од зона 3 во фаза II, додека пак кај Диспилио и други населби од зона 6, овој тип на орнаменти се јавуваат уште во текот на фаза I, што значи дека тие биле практикувани овде уште во втората половина на 6 мил., односно по напуштањето на заедниците на Пелагониската рамница. Иако досега многу ретко е дискутирано за оваа проблематика, сепак би требало да се земат предвид и таквите размислувања, пред сè поради тоа што мораме некако да го објаснуме згаснувањето на моќната среднонеолитска Велушко-породинска културна група. Што се случило со луѓето кои ја напуштиле Пелагонија околу средината на 6 век е едно од најпровокативните научни прашања на овој дел од Балканот во денешницата. Токму поради тоа, секоја претпоставка или размислување во одреден правец е добредојдено во научниот свет. Развојот пак на врежаните орнаменти, особено од Малиќ Ib јасно ги покажува врските со заедниците од Пелагонија, кои се совпаѓаат и хронолошки, опфаќајќи го периодот на фаза II, која завршува околу 4500 год.

### 4.2. (Пра)историски и етнографски компарации

Овде ќе биде направен еден краток дискурс за појавата на првите населби, нивната позиционираност, како и континуитет на живот низ целата праисторија, сè со цел да детектираме слични економски и културни процеси во останатите тразнициски периоди. Преку анализата на останатите праисториски заедници, и изнаоѓање соодветни паралели со доцниот неолит, сметаме дека можеме да добиеме многу по автентични, односно

веродостојни податоци за крајот на оваа епоха. Животот на човекот во праисторијата не претрпува некои големи, пред сѐ економски промени во текот на целата праисоторија, сѐ до појавата на првите кралства. Земјоделитето и сточарството ќе останат главни стопански гранскi низ целата праисторија, во зависност од природното окружување и позиција на населбите, особено кај оние од конзервативните средини. Населувањето на повисоките позиции кон крајот на неолитот ќе биде клучна промена која ќе го трасира патот и на идните праисториски населби и локалитети. Пред да почнеме со патувањето во подоцнежните праисториски периоди, неопходно е да се вратиме на почетоците, да видиме *како?* и *кога?* започнала целата приказна.

Воспоставувањто на контакти помеѓу лугето претставува збир од дејствија кои создаваат нераскинливи врски и цела мрежа од патишта во која човекот несвесно е заробен, повторувајќи ги своите рути на движења стотици и стотици години. Таквото однесување на човекот е врежано во неговата колективна меморија, а најстарите траги и сведоштва за тоа ги имаме уште во текот на раниот неолит, време кога биле поставени, односно пробиени првите траси за движење и патување од една-до повеќе точки, и обратно. Без разлика кои биле причините за тие патувања, човекот отсекогаш се стреми да го пронајде полесниот пат, понекогаш следејќи ги дури и животните,[29] кои секако биле нивни сопатници и постојан извор на храна и млеко. Првите чекори на овие простори во раниот неолит пристигнале по морски и копнен пат, како резултат на раздвижувањето на заедниците од Анадолија и Блискиот Исток кон запад и северозапад. Покрај патиштата од морскиот брег, во нашата територија навлегувале и заедниците од Тесалија кај средното течение на Халијакмон, пробивајќи се кон северозапад, како и кон централниот дел на Егејска Македонија на североисток. Најчесто тие рути биле користени во текот на целиот праисториски период, преку антиката, па сѐ до ден-денес (Garašanin 1979; Borza 1990; Borza 1990; Николов 2008; Kotsakis 2007; Тасић 2009; Здравковски 2003; 2006; Митревски 2013).

### 4.2.1. Ран и среден неолит (6500-5500-5400 год.)

Неолитизацијата на Баканскиот Полуостров е директно поврзана со Егејот и неговите речни сливови од север. Тука поминале и се населиле првите земјоделци, носители на ранонеолитските култури, кои имале свои одредени приоритети и „барања“ од новите територии. Најстарите траги датираат уште од средината на 7 мил., време во

[29] Постојат преданија дека човекот во не така далечното минато, кога требало да оди низ одредена непозната територија го пуштал магарето да го избере најлесниот пат.

кое биле пробиени првите патишта по долините на Вардар и Халијакмон, кон Централен Балкан, односно кон Пелагонија. Се работи за формирање првите неолитски населби од т.н. *монохромна фаза*, регистрирана во повеќе географски целини кај локалитетите Краиници, Зластрана, Пештерица, Грнчарица, Палиамбела Колиндрос, Филострати Мавропигис (Garašanin 1979; Тодорова 1993; Здравковски 2006; Тасић, 2009; Наумов 2009; Митревски Д. 2013; Urem-Kotsou et. al. 2014). Не навлегувајќи во подетална обработка на оваа фаза, која според некои истражувачи е проблематична, можеме да забележиме дека на овие простори доста рано доаѓа до појава на првите помали, краткотрајни населби, со редуцирани керамички форми и орнаменти на керамиката. Овде интересна е појавата на Влаху кај Живојно, населба која се јавува на потегот на идната Виа Егнатија, што уште еднаш го потврдува континуитетот на патните траси и движењето на човекот. Токму тие се првите *авантуристи* кои стапнале и заседнале овде, го зачнале животот на овие простори, ги пробиле првите-и идни траси, и создале нераскинлива комуникациска мрежа со заедниците од Анадолија и денешна Турција, која ќе се користи низ целиот човечки развој.

Централниот дел на Егејска Македонија во тоа време бил мочуриште поради порастот на морското ниво, впрочем како и останатите низини и котлини, како на пример Драмско, Серско и Струмичката Котлина, каде што исто така недостигаат локалитети од раниот и среден неолит (Чохаджиев 2007; Grebska-Kulow 2017; Andreou et. al. 2001). Котлините од западните и северни краеви, како што се Пелагонија, Скопско, Полог, Маличко и Костурско, на почетокот на неолитот исто така имале мочурливи пространства, кои го диктирале и населбинскиот систем (Karkanas et. al. 2011; Naumov 2020; Urem-Kotsou 2020; Elezi 2020; Papaioannou 2022). Условени од таквите природни околности, првите населби биле подогнати најчесто на вештачки создадени возвишенија-*тумби* или *могили* (анг. tells, mound; грч. toumba; могила), кои настанале како резултат на подолгата окупација, односно континуитет на живот на едно место, а се карактеристични за Пелагонискиот неолит. Втор тип на населби се рамните населби кои се наоѓаат најчесто на периферијата на котлините, под ниските ограноци на околните планини, најзастапени во долното течение на Вардар. Како трет тип на населби ќе бидат земени речните тераси, најзастапени по горното течение на Струма и Вардар. Тука ќе се појават и голем број на населби на повисоки возвишенија и ридести ртови, како четврт тип населби, позиционирани по планинските региони, карактеристични за последните фази на неолитскиот период. Рамните населби кои се карактеристични за

централниот дел на Егејска Македонија, и најчесто имаат поголема површина со поголем, отворен простор меѓу објектите, односно хоризонтална стратиграфија. Останатите населби имаат ограничен простор за внатрешен развој и ширење на објектите, најчесто градејќи ги куќите една врз друга, оградувајќи ги со ровови или палисади (Garašanin 1979; Kotsakis 2007; Чохаджиев 2007; Grebska-Kulov 2017; Здравковски 2018; Mitsakos 2020; Urem-Kotsou 2020). Интересна е ситуацијата во раниот неолит по течението на Струма, каде по горното течение на реката се наоѓаат 80% од населбите, додека пак во долното течение се наоѓаат останатите 20%, што е резултат, или на ненаселеноста во ова време, или пак на можноста населбите да биле покриени со дебели алувијални наноси од излевањето на околните реки. Појавата на овие типови на населби во текот на раниот и средниот неолит е очигледно условена од еколошките услови во околината.

Во овој пасус ќе направиме една кратка, површна анализа на материјалната култура од овие населби, со главен акцент на карактеристичните форми на садови и нивните орнаменти, како и на нивниот понатамошен развој низ праисторијата. Со овој пристап на обработка на досегашните сознанија, ќе можеме да ги сумираме сознанијата за потеклото, населбинскиот систем и керамичката продукција од доцниот неолит. На тој начин би можеле да ја видиме нивната улога и влијанија во креирањето на понатамошните култури во текот на праисторијата, кои се јавуваат како легитимни „културни наследници“ на заедниците од доцниот неолит. Таквата улога на доцниот неолит е оправдана доколку се земат одредени форми на садови кои својот полн развој го имаат во енеолитот и бронзеното време, а истото важи и за населбинскиот систем од доцниот неолит, кога за првпат ќе се појават населби на повисоки, доминантни позиции. Таквите населби ќе се јават како доминантен тип во следните праисториски епохи на поголемиот дел од Балканот.

Благодарение на материјалната култура од неколку добро истражени населби, позиционирани во одредени региони, ние можеме да создадеме една генерална слика за условно кажано-раниот и среден неолит на овие простори. Доколку се земе предвид литературата која се однесува на овие фази, веднаш паѓа во очи појавата на белото сликање врз садови со црвена површина, кое ќе се појави во текот на раниот неолит на Балканот. Појавата и доминацијата на белото сликање во периодот од околу 6300 до 5900 год., можеме слободно да го синхронизираме со монохромниот хоризонт од доцниот неолит кој го прекрил овој дел од Балканот околу 1000 год. подоцна. Белото

сликање на садовите ќе доминира во Пелагонија до крајот на средниот неолит, без појава на црно сликање, кое пак епизодно ќе се јави и кај заедниците од Егејска Макеоднија, како и кај тие од Струма. Црното сликање е карактеристично за среднонеолитските локалитети од горното течение на Вардар, од Анзабегово-Вршник II-IV културата, односно зона 4. Населбите од оваа култура најчесто се повеќеслојни, со 3-4 хоризонти, развивајќи се во периодот од околу 5900-5400/5300 год., притоа создавајќи интензивни контакти со краткотрајните населби од Старчевачката култура на север.




Слика 124. Карактеристични форми на садови од раниот и среден неолит на територијата на Централен Балкан (ранонеолитска белосликана-жолта линија; бело сликање во ран и среден неолит-плава линија; црно сликање во среден неолит-црвен круг) (Синадиновски 2022, кар. 3)

Без разлика на сликаните мотиви и симболи на садовите, кои нормално, се разликуваат од една до друга географска целина, можеме да кажеме дека во раниот неолит доаѓа до извесна „глобализација" на овој простор. Ова се однесува главно на бело сликаните орнаменти, импресото и специфичниот црвен премаз на површината на садовите, појави карактеристични за поголемиот дел од Балканот (сл. 124). Во најголемиот процут на населбите од средниот неолит од Анзабегово-Вршник културата, во периодот околу средината на 6 мил., садови декорирани со црна и темна боја ќе се појават и во Солунско Поле кај неколку локалитети, како и кај неколку населби од средното и горно течение на Струма (Garašanin 1979; Чохаджиев 2007; Митревски 2013; Urem-Kotsou et. al. 2014; Urem-Kotsou 2016; Grebska-Kulov 2017; Здравковски 2018). Таквата материјална култура, културни појави и технолошки знаења, доминирале кај заедниците од оваа територија сè до средината на 6 мил., време кога ќе дојде до

зголемување на бројот на населби, а со тоа и зголемување на популацијата, проследена и со промена на материјална култура (Reingruber et al. 2017).

### 4.2.2. Енеолит/Бакарно време (Final Neolithic)

Првите промени кои го означиле почетокот на новата праисториска фаза се забележуваат кај населбите од горното течение на Вардар и Струма, кои се нашле на удар на новите културни појави и вредности. По горното течение на Струма, во текот на раниот енеолит (фаза IIb) ќе дојде до појава на голем број на населби, од коишто некои имаат континуитет од претходно, додека пак голем дел се ново формирани. Промената во населбинскиот систем, проследена со населување на повисоките позиции ќе го обележат овој транзиционен период од неолитот кон раниот енеолитски период, особено кај населбите од горен Вардар и Струма кои биле поблизу до Бубањ-Салкуца-Криводол културатра на север и североисток од оваа територија (Гарашанин 1973; Garašanin 1979; Srejović 1988; Jovanović 1995; Тасић 1998; Чохаджиев 2007). За разлика од овие региони, во Пелагонија и егејскиот дел на Македонија продолжува животот на неколку тумби или рамни населби во склоп на Шуплевац-Бакарно Гумно културата во Пелагонија, односно Градешница-Слатино-Дикили Таш културите во Егејска Македонија (Гарашанин, Спасовска 1976; Тодорова 1986; Andreou et. al. 2001; Митревски 2013; Синадиновски 2019). Самиот факт што на оваа територија од страна на истражувачите биле дефинирани повеќе локални културни групи, доволно јасно ни зборува за различниот културен развој на заедниците на територијата на Централниот Балкан. Доколку на овие културни групи се додаде и културата Малиќ II од енеолитскиот период, ќе можеме да забележиме дека културните групи од раниот енеолит во голем дел се поклопуваат географски со зоните кои беа дефинирани во овој труд. Токму таков ќе биде и пристапот кон истражување за развојот на населбинскиот систем, односно типологијата на населбите и нивниот стратиграфски однос со претходните, доцнонеолитски локлитети.

Периодот кој нас овде не интересира е токму почетокот на енеолитскиот период. Имајќи ја предвид сложената хронологија, на почетокот се согласивме дека втората половина од 5 мил. ќе биде земен како енеолитски период. Сепак од поголемо значење за овој труд е првата енеолитска фаза која следува, односно се надоврзува на доцниот неолит. Односот помеѓу доцнонеолитските и раноенеолитските локалитети може да биде клучен во разбирањето на почетоците на енеолитот. Заедничко за поголем дел од локалитетите, особено за тие од горните теченија на Вардар и Струма е нивната краткотрајност, што претставува посебен проблем во интерпретирањето на почетоците

и хронолошкиот развој населбите. Што се однесува пак до густината на населеност, треба да се напомене дека во првата енеолитска фаза доаѓа до намалување на бројот на населбите, особено по средното течение на Струма, и зона 4. Од населбите кои беа обработени како студии на случајот во овој труд, може да се забележи дека населбите Орловица 2 и Цоцев Камен 1 имаат континуитет на населување од доцниот неолит. Сепак, документирани се и јасни промени во керамичката продукција, така што најверојатно се работи за една прелазна фаза, добро документирана и кај неколку населби од Струма (Чохаджиев 2007). Овие промени кај заедниците од зоните 1, 2 и 4, хронолошки би требало да се сместат околу 4800 год., односно на прелазот од фаза IIa кон IIb фазата според нашата периодизација.

Паралелно со овие случувања, во зона 3, и на југ во Тесалија, е забележана зголемена густина на населбите како дел од втората доцнонеолитска фаза (LN 2). Драстични промени во населбинскиот систем на овие простори не се регистрирани, а голем дел од населбите од раниот неолит продолжиле да живеат и во доцниот неолит, на старите тумби или отворени населби. Ситуацијата драстично ќе се измени околу средината на 5 мил. кога ќе дојде до напуштање на голем број населби, проследено со долг населбински хијатус во следните векови, сѐ до почетокот на бронзеното време, добро документирано кај локалитетите Караново, Мандало, Дикили Таш и Ситагрои во перидот од околу 4200-3500 год. (Kotsakis 2007; Nikolov, Petrova 2016). Климатските промени во тоа време, односно климатскиот максимум или „6100-5200 cal. BP event“, влијаеле на заедниците од целата територија којашто овде се обработува, кога природните, односно еколошките услови повеќе не дозволувале „нормален“ неолитски начин на живот (сл. 7) (Weninger et. al. 2009).

Што се однесува пак до материјалната култура, може да се каже дека во првата фаза од енеолитот, покрај новите елементи, преовладуваат и старите доцнонеолитски традиции, што не е во толкава мера случај во следната, помлада енеолитска фаза која се развива во втората половина на 5 мил. Во раната енеолитска фаза кај сликаните садови се забележува присуство на црното и бело сликање, но со издвојување и постепена доминација на графитното сликање. Технолошки гледано многу е тешко да се изведат и да се комбинираат овие техники, што многу добро сведочи за високите занаетчиски и ликовни вештини на керамичарите од населбите од долното течение на Струма и Вардар. Во втората половина на 5 мил. како дел од веќе развиените енеолитски култури може да се забележи извесна унифицираност на орнаментиката и типологијата на садовите каде

преовладуваат широките отворени чинии, кои може да имаат и навнатре навлечен обод, како и грнињата со две држалки (Coleman 1992; Boyadziev 1995; Andreou et al. 1996; Чохаджиев 2007; Tsirtsoni 2016; Reingruber 2017; Reingruber et al. 2017). Посебен белег ќе остават врежувањата тип Марица и Градешница, кои се среќаваат по течението на Струма, како и во зона 4, каде доминираат елементите од Бубањ-Салкуца-Криводол културниот комплекс на енеолитот. Врежувањата ќе бидат посебно популарни во втората половина на 5 мил., особено кај антропоморфните фигурини кои биле декорирани со идентични линеарни мотиви како и керамиката. Доколку се земат предвид овие податоци за материјалната култура и се споредат со населбинскиот систем можеме да забележиме дека втората половина на 5 мил. е време на повторна, нова *глобализација* на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров, овојпат застапена преку графитното сликање и специфичните врежани мотиви.

По замирањето на енеолитските култури кон крајот на 5 мил., враќањето на животот на овој дел од Балканот е документиран повторно околу средината на 4 мил., време кога започнале да цветаат ранобронзенодопските култури. Покрај населувањето на нови позиции, одредени пунктови биле повторно населени продолжувајќи го животот на населбите, следејќи го стариот населбински систем, особено документирано во низинските котлини од зона 3.

### 4.2.3. Бронзено време

Според досегашните сознанија за културно-историските и хронолошките вредности на бронзенодопските населби на оваа територија, може да се заокружат и дефинираат неколку карактеристики. Дел од населбите биле подигнати на постарите позиции (зона 3), а дел од нив на нови доминантни, планиснки места, без претходен континуитет. И во оваа праисториска епоха, во првите фази не се регистрирани голем број на локалитети, ситуација која значајно ќе се промени во следните фази од бронзеното време, кога ќе дојде до појава и на првите организирани, урбани центри, особено на територијата на зона 3. Во материјалната култура, особено во керамичкиот материјал се забележува продолжување на одредени енеолитски форми, со опаѓање на технолошките знаења и вредности. Како најдоминантни форми од бронзеното време, кои ги имаат своите корења уште од доцниот неолит, се јавуваат бокалите со една или две рачки, длабоките чинии со две дршки на телото од садот, како и други форми кои имаат различни изведби на држалките (Kotsakis 2007; Митревски 2013; Папазовска Санев 2015; Митревски 2021).

Заедниците од оваа територија, во текот на раната и средна бронзена епоха, до првите векови на II мил. биле свртени кон север и северните култури од Подунавјето и Карпатскиот Басен, како дел од Балканско-подунавскиот комплекс на раната бронзена епоха (Митревски 2021). Таквиот општествено-културен развој на населението траело од околу 3000 год., се' до средината на 2 мил., време во кое ќе дојде до постепено свртување и отварање на овдешните населби кон јужните, моќни центри, најпрво на Критската, и особено кон Микенската култура и егејскиот свет. Во тие неколку векови, до почетокот на 12 век, населбите од течението на Вардар, Струма и Халијакмон, ќе се најдат под засилено влијаније од јужните култури, што ќе резултира со побрз културен развој, различен од културите од север. Таквиот развој на настаните се должи пред се' на блискоста и лесната комуникација со културите од југ, кои ќе бидат особено интензивирани во железното време и раната антика (Borza 1990; Митревски 2021).

Во потрага по соодветни паралели за крајот на неолитскиот период, неопходно е да се осврнеме на климатските услови и појавата на наколните живеалишта. Во доцната бронзена епоха (1600-1200) дошло до зголемување на температурите и поплавување на голем дел од ниските површини покрај езерата или поголемите реки (сл. 1). Таквата ситуација предизвикала напуштање на старите населби и подигање на палафитни населби кои се документирани во Охридско, Дојранско, Корчанско и други ниски котлини. Во бронзеното време за првпат на овие простори ќе се забележат и *стратешки* поставени пунктови кои се среќаваат по средното течение на р. Струма. Токму овде завршуваат и Микенските влијанија кои потполно недостасуваат во Ќустендилкската област, по горното течение на Струма (Кулов, Стефанович 2005; Митревски 2021).

Овде би сакале да посочиме три главни процеси од бронзеното време, преку кои ќе се обидеме да ги синхринизираме случувањата со доцниот неолит, не осврнувајќи се на населбинскиот систем за кој веќе стана збор. Најпрво би сакале да посветиме внимание на културните влијанија, односно доминацијата на северните култури во раната и средна бронзена доба, и доминацијата на јужните култури во доцната бронза. Таквиот тек на настаните може да се препознае и во текот на доцниот неолит, во фаза Ib, кога заедниците од горното и средно течение на Струма, Вардар, како и северниот дел на Пелагонија ќе бидат свртени кон северните населби од Винчанската култура, како носител на монохромниот хоризонт од доцниот неолит. Од друга страна пак се јавува црното сликање на садовите, кое се поврзува со заедниците од Медитеранот, а се јавува овде на почетокот на 5 мил., што сведочи за свртувањето кон јужните предели на дел од населението. Вториот аспект е повторната појава на палафитните населби кои ќе се јават

на овие простори кон крајот на неолитскиот период, најверојатно од исти причини-климата и покачувањето на нивото на водите. Третиот аспект е доста интересен и се однесува на појавата на стратешки пунктови во бронзеното време. Од страна на истражувачите на неолитските култури по Струма забележани се населби на високи, доминантни позиции по горното течение на Струма, кои можеби имале и „дефанзивна" улога (Чохаджиев 2007; Grebska-Kulov 2017). За населбите од бронзеното време е јасно дека се штителе од нападите од североисток, но дали може истото да се каже и за неолитските населби сѐ уште не сме во можност да тврдиме, иако има одредени индикации за упад во склоп на Бубањ-Салкува-Криводол културниот комплекс.

### 4.2.4. Железно време и првите историски извори во антиката

Споменувањето на Пајонците како сојузници на Троја, во борбата против хеленските племиња, не е ништо повеќе од потврда дека на овие простори во тоа време опстојувале првите организирани општества и протоградови. Таквиот развој на заедниците од овие предели завршува во периодот по 12 век кога на овие простори дошло до упад на население од северните региони, упади кои оставиле опожарени населби зад себе, денеска добро документирани и мапирани од страна на археолозите. Појавата на спалениот хоризонт е забележан кај многу населби, особено по трасата по Вардар, со што, уште еднаш се потврдува значењето на оваа трансверзала во правец север-југ. Овие настани се случувале во текот на 12 и 11 век пред Христа, кога на овие простори ќе дојде до конечно завршување на бронзеното доба и почеток на железното време, транзиционен период најдобро документиран преку погребувањата (Митревски 1995; 2021; Папазовска Санев, 2015).

Овде би сакале да споредиме една интересна појава од железното време, која свои паралели може да има и со одредени случувања во доцниот неолит. Имено, кај неколку населби по долното течение на Вардар е забележано дека по уривањето на населбите во кои имало големи огранизирани објекти од непечени тули, биле изградени објекти со потекло од север, односно „примитивни" градби од кал и дрво. Како паралела на овие настани може да се земат подоцнежните упади на Словените и Аварите во 5 и 6 век коишто ќе ги уништат високо развиените цивилизациски центри, со урбана архитектура и уметност, и врз нив ќе изградат примитивни „праисториски" објекти и земјанки. Овде се поставува прашањето дали овие настани можеме да ги синхронизираме со спалените слоеви кај Дамјаница, Промахон-Тополница, Крионери, Дикили Таш и други населби кои потекнуваат од околу 5000 год., кога исто така ќе дојде и до промена на

архитектурата, кога земјанките ќе бидат заменети со надземни објекти? Имајќи предвид дека дошло до крупни промени во тоа време, сосема легитимно е поврзување, односно синхронизирање на овие случувања со помладите праисториски епохи.

По бурните и немирни времиња во периодот на 12 и 11 век следувале векови на постепена стабилизација и формирање на новите железнодопски етно-културни елементи. Железнодопскиот развој на оваа територија бележи истовремен културно историски развој во периодот од 10 до 7 век. Овој период ќе биде обележан со голем пораст на населението и поголема густина на населбински систем, основна подлога за формирање на силен етнос од кој ќе се развијат македонското и пајонското кралство во раната антика (Borza 1990; Kotsakis 2007; Митревски 2013; 2021, 2021а; Папазовска Санев 2015).

Населбитнскиот систем во железното време има идентични карактеристики како и во бронзеното време, а најчесто бил условен од природните прилики во одредени региони. Населбите општо може да се поделат на два типа, *првите*-повеќеслојни со долготраен начин на живот подигани најчесто на тумби или доминантни позиции, и *вторите*-краткотрајни населби кои опстојувале краток период и се врзани за одредени стопански гранки како што се сточарството, рударството, палафитните езерски населби итн. Погребувањето кај заедниците подразбира два основни типа на некрополи, тумулите и рамните некрополи. Доста интересна ситуација се јавува кај погребувањето, каде во преодниот период доаѓа до појава на гробови-урни, во исто време, и на исто место со старите погребувања. Овие погребни обичаи настанале како резултат на случувањата од преодниот период под влијание на северните култури, но по завршувањето на тие процеси продолжуваат старите начини на погребување-инхумацијата**.** Во одредени региони се гледа јасна диференцијација на тумуларните и рамните некрополи, со тоа што тумуларните се повеќе застапени кај изолираните ридско-планински подрачја кои биле населени со мали сточарски или рударски населби (Митревски 2021). Тумуларните погребувања ќе заземат водечка улога кај железнодопските заедници од југозападните делови на нашата територија, кај Пелагонија, Корча и Епир (Атанасоска 2019). Тие исто така се врзуваат и за другите конзервативни региони, особено по течението на Брегалница, географски регион кој ќе биде посебно третиран во следниот пасус. Таквиот сооднос помеѓу погребувањата под тумули и рамните некрополи јасно укажуваат на културната различност помеѓу истовремените заедници.

Овде е интересно прашањето дали можеме овој модел да го синхронизираме со настаните од доцниот неолит, односно со културниот развој на големите населби во низините и помалите од планинските, конзервативни региони кои секогаш подолго ги негуваат своите локални белези?

Влијанијата во доцниот неолит на оваа територија главно стигнуваат од Анадолија и Тесалија, од каде, по течението на Струма и Вардар се шират кон север, или пак преку Халијакмон кон јадранскиот брег. Тие влијанија, како што можевме да видиме ќе се повторат и во текот на останатите праисториски предиоди, за што најдобро сведочи присуството на Пајонците во Тројанската војна, кои се бореле на страната на Тројанците. Таквата ситуација доволно јасно сведочи за силните врски кои ги имало населението од оваа територија со источните кралства, на тој начин повторувајќи ја судбинатаа од доцниот неолит каде што јасно се документирани влијанија од Анадолија, особено кај населбите од зона 3. За поврзаноста на Балканот со Анадолија, сведочат и настаните од раната антика кога овде ќе навлезе моќното Персиско Царство во времето на Грчко-персиските војни во 5 век., кога македонскиот крал Александар I ќе одигра значајна улога во овие немирни настани. Имено, тој со интересен политички потег ќе ги задоволи Персијанците за да не го нападнат, а од друга страна преку трговијата со дрвја со Атина ќе ги задржи добрите односи и со јужните градови-држави. Покрај тоа овде особено е интересен фактот дека после поразот од Персијците кон крајот на 6 век, дел од Пајонското население пребегало кон север, по течението на Струма и Вардар, а дел било заробено и пренесено во Персија кај Дариј, за подоцна повторно да биде вратено назад.

Освен овие директни влијанија од Анадолија, во текот на раноантичкиот период влијанијата од Тесалија и Атина ќе бидат доста силни, особено на културен и економски план, одразивајќи се врз урбанизацијата, погребувањата, материјалната култура кај населението, уметноста и многу други аспекти во човечкиот живот. Таквите влијанија многу силно ќе се рефлектираат особено врз појавата и развојот на населбите од егејскиот брег, преку кои тие влијанија биле ширени кон север, кон внатрешноста на Балканот, по трите речни сливови кои овде ги обработуваме. Во текот на 5 и 4 век населбите од егејскиот брег ќе се најдат на постојани удари на Атина, која овде ќе изгради доста приморски населби кои биле трговско-економски центри преку кои поминувала робата од југ кон север и обратно. Овде посебно ќе ја издвоиме населбата кај Амфиполис која била силен економски центар, контролирајќи ги патиштата до рудните региони на Тракија и Македонија по Струма. Околу Амфиполис доста често доаѓало до војни и борби за превласт и контрола на овој дел од егејското крајбрежје

(Borza 1990; Митревски 1995; Проева 2004; Саракински 2022). Овој пример доволно јасно сведочи за значењето на оваа територија за населбите од останатите соседни региони. Преку него можеме да го разбереме и развојот на настаните во текот на доцниот неолит на територијата на долното течение на Струма. Слични (пра) историски настани се случиле и околу 5000 год., кога население од јужните и југоисточни региони навлегло на оваа територија, оставајќи зад себе спалени хоризонти кај неколку населби, и предизвикувајќи промени во архитектурата, материјалната култура и делумно населбинскиот систем.

Овие случувања во антиката кои се аргументирани со археолошки и историски извори, одат во прилог на теориите според кои во доцниот неолит дошло до раздвижување на населението од Анадолија и Тесалија кон јужниот дел од Балканот, географски региони кои комуницирале помеѓу себе од создавањето на првите ранонеолитски населби, па сè до ден-денес, кога на територијата по долното течение на Струма и планинските области во околината сè уште има остатоци од турски села, кои не биле напуштени на почетокот на XX век од нашата ера, при заминувањето кон исток на поголемиот дел од турското население кое овде живеело.

Во потрага по соодветни паралели со историските времиња кои ќе ни помогнат да го објасниме крајот на неолитот, нашето истражување не одведе кон етнолошките карактеристики на населнието во текот на 19 и 20 век од нашата ера, на територијата помеѓу горното течение на Вардар и Струма, познато денес под името Шоплук, дефинирајќи го денешниот етникум овде.

#### 4.2.5. Етноархеолошки паралели со XVIII-XX век на територија помеѓу зона 1 и зона 4

Етноархеолошките студии може да бидат од голема корист при разбирањето и интерпретацијата на одредени праисториски случувања, особено доколку се споредат со културно-историскиот развој на заедниците. Еден од главните утемелувачи на *културно-историската* археологија на Балканот е академик и професор, д-р Милутин Гарашанин, кој во текот на неговиот професионален живот ќе развие разни археолошки научни методи преку кои успешно ќе ги дефинира културно-историските карактеристики на неолитските заедници на Балканот (Palavestra 2014. после Garašanin 1964). Неговите теории за миграциите во текот на неолитот кои ги дефинира на повеќе начини, поврзувајќи ги главно врз основа на материјалната култура и населбинскиот систем, и ден-денес се потврдуваат со поновите истражувања. Токму поради тоа нашиот пристап

овде ќе се заснова на споредба и синхронизација на културните елементи од доцниот неолит во зона 1 и зона 4, со етно-културните заедници од поновата историја, кои покажуваат еден интересен и специфичен развој во текот на последните 2 века. Дека се работи за силно конзервативни заедници сведочи и фактот што при истражувањата на Цвијиќ на населбите од Крајиште, населението немало развиено никаква национална свест, дефинирајќи се само според своите носии и обреди, како дел од Шопскиот етникум (Стаменковић, Гатарић 2006. после Цвијић 1987). Таквата конзервативност ги задржала овие заедници на еден примитивен културен и економски развој, врзани за скромно земјоделие и сточарство. Овој начин на живот по многу нешта може да се поврзе и со развојот на населбите во праисториските времиња, вклучувајќи го и доцниот неолит (Grebska Kulow 2013; Zidarov, Grebska-Kulow 2013).

Територијата која ќе ја обработиме во ова поглавје ги опфаќа високите Осоговски Планини со своите пониски ограноци, како и Влаина, Голак, Малешевските Планини, и како најјужна, планината Огражден. Од северната страна на Осоговските Планини се наоѓа ридскиот предел Краиште којшто исто така припаѓа на Шопската област. Оваа територија се наоѓа помеѓу две поголеми трансверзали кои се протегаат по течението на Струма и Вардар, кои пак комуницирале помеѓу себе токму преку овие ридско-планински предели. Конекцијата по течението на Крива Река и Брегалница отсекогаш била главна патна вена преку која комуницирале заедниците од Струма и Вардар. Овие две рути несомнено биле користени од човекот уште од најрани времиња, за што помеѓу другото сведочат и ископувањата на Цоцев Камен и Цоцев Камен 1, неолитски населби кои во својата материјална култура имаат многу јасни влијанија од заедниците од Струма. Покрај овие главни патишта, комуникациската мрежа низ овој регион е многу побогата низ планинските процепи, низ кои минуваат помалите патеки. Тие патишта главно поминувале низ планските теснеци каде што имало услови да помине и одреден број на грла од добиток, кои впрочем многу често биле и главната причина за одредени миграции, најчесто сезонски (Трифуновски 1973; Zidarov, Grebska-Kulow 2013).

Пронаоѓањето и првата експлоатација на рудните богатствата на овој регион значајно влијаеле врз ширењето на комуникациската мрежа на оваа територија, особено со подигањето на првите рударски населби. Со појавата на коњот и двоколката како превозно средство, главните патишта морале да бидат дополнително прилагодени на новите услови. На тој начин, само се „официјализираат“ претходните праисториски

рути, најчесто со пробивањето на римските патишта, за кои постојат и историски извори за нивните имиња.

*Краток историски преглед на патната мрежа во антиката*

Едно од позначајните историски настани во текот на раната антика, која е портвдена и со пишани извори е походот на Ситалк во 429 год. кога тој со својата војска поминал низ јужните ограноци на Малешевските Планини и Огражден, навлегувајќи од Струма кон Струмичко и долното течение на Вардар. Вториот историски настан се поврзува со враќањето на Александар III Македонски, кој спуштајќи се од север кон горното течение на Струма, ќе навлезе кон запад, кон реката Вардар, поминувајќи токму преку патот покрај Крива Река (Lilchikj Adams et. al. 2016). Во римскиот период низ овој предел по Крива Река ќе поминува трасата од Скупи кон Пауталија, на која кај Коњух се приклучува другиот пат од југ, од кај Астибо (Штип) кој поминува преку Овче Поле. Од Астибо се издвојува уште еден пат кој се приклучува на магистралата кон Пауталија, а тоа е трасата која  поминува низ планинските-рударски предели кај Пробиштип и Кратово. Ова се двата патишта кои идат кон север и североисток од Астибо, од друга страна пак од овде поминува и другиот пат кој се движи по течението на Брегалница до Пијанечко-малешевскиот крај, од каде што преку Влаина (премин Црна Скала) се излегува кон Струма и античната Скаптопара кај Благоевград. Од Астибо кон горното течение на Брегалница има уште еден пат, којшто поминува преку денешна Виница и навлегува кон планината Обозна, од каде што излегува кон малешевијата и продолжува на југ. Покрај овие главни патни вени кои ги поврзувале населбите од струмскиот и вардарскиот слив (зона 1 и зона 4), постоеле и голем број на помали локални патишта кои биле користени за комуникација помеѓу помалите селски или рударски населби (Микулчиќ 1999; Lilchikj et. al. 2016; Нацев, Хаджиангелов 2023). На одредени точки на овие два главни патишта уште во античко време биле подигнати поголеми утврдувања и воени логори-стражи.

Поголем дек од овие структури кои имаат пред сè одбрамбен карактер, биле користени и во следните историски епохи, особено во средниот век, од кога потекнуваат и последните обновувања на повеќето тврдини. Според местоположбата на утврдувањата може да се каже дека тие биле поставувани на гранични премини-стражи, како заштитни точки на одредени рударски области. Веќе кажавме дека со интензивирањето на рударството во оваа регија ќе бидат пробиени и голем број на нови

патни правци кои значајно ги промениле, односно надополниле веќе постоечките траси. Дел од патиштата од оваа регија се користат и ден-денешен при комуникациите од едно до друго село, особено во планинските региони, иако нивниот број и интензитет на користење бил далеку поголем пред 1-2 века. Ние овде ќе се обидеме да го објасниме комуникацискиот систем во неолитот преку етнографски паралели со 18-20 век, време кое исто така може да се нарече транзиционен период. Имено, во овие 2-3 векови ќе се случат низа економски и политички превирања во склоп на Османлиската империја кои ќе резултираат со протерување на Османлиите од овие предели и зголемена раздвиженост на локалното население, што ќе резултира со подигање на нови населби кои останале забележани во етнолошките „слоеви“ и историските списи (сл. 125).




Слика 125. Дел од потврдените рути низ кои мигрирале Шопите во текот на 19 и 20 век н.е. (1-од Босилеград кон Дурачка Река; 2-од Кривопаланечко кон Пијанец; 3-од Кривопаланечко и Кратовско кон Кумановско; 4-од Кочанско и Пробиштипско кон Радовишко; 5-од Малешевско кон јужни ограноци на Огражден) (Намичев 2005)

*Етноархеолошки истражувања*

Најлесните планински пролази и патеки кои биле активно користени од населението уште од раниот неолит, низ сите историски етапи, па сè до 20 век, му биле добро познати на човекот и во доцниот неолит, кога ќе започне населувањето на

повисоките позиции во овие региони, а како што видовме неколкупати претходно и до големи раздвижувања на населението. Територијата која во ова поглавје ја обработуваме е дел од поголемата етнографска целина на Шопите кои се населени во зона 1 и источниот дел од зона 4, односно помеѓу горното течение на Струма и Вардар (сл. 125). Во текот на теренските истражувања за целите на овој труд беа посетени голем број на села во Пијанечко-малешевскиот регион, Кочанско, како и во Кратовскиот регион. Се работи за една поголема географска регија на падините на Осоговските Планини од запад и југ, планински региони каде што во последните неколку векови опстојува еден специфичен тип на села од т.н. разбиен тип. Селата од разбиен тип се карактеризираат со населување на помали, најчесто фамилијарни заедници, на повеќе различни позиции, окупирајќи одредена поголема географска регија во која се одвива нивниот заеднички живот, создавајќи силна, традиционална врска помеѓу себе. Таквите врски најчесто се одржувале преку заеднички празници и собири, мешани бракови, економско-трговски врски и така натаму.

Веќе во претходното поглавје за населбинскиот систем во неолито можевме да видиме дека кај населбите од оваа регија се забележува развој на хоризонталната стратиграфија, со појава на повеќе краткотрајни населби во одредена микро регија. Таков е случајот и со населбинската целина Цоцев Камен, вклучувајќи ја и населбата Градиште-Коњух. Во оваа микро целина регистрирани се вкупно четири различни позиции на населување во текот неолитот и енеолитот. Имено, среден неолит е забележан на две позиции кај Цоцев Камен и Цоцев Камен 1, доцен неолит е документиран на три позиции, односно кај Цоцев Камен, Цоцев Камен 1 и Градиште-Коњух. Ран енеолит е документиран кај Цоцев Камен 1, додека пак развиен енеолит е пронајден на платото под карпата, над неолитската населба Цоцев Камен (сл. 96). Таквата организација на населбинскиот систем во оваа микро регија од околу 9 $км^2$, е резултат повеќе на внатрешни миграции, отколку на миграции од страна. Овие случувања во текот на фаза IIb (4800-4500) ќе донесат големи промени во материјалната култура кај населнието, промени кои ќе го одбележат крајот на неолитскиот период и почетокот на енеолитот. Дали и до кој степен овие промени влијаеле врз етничката структура на населението во тоа време не сме во можност да одговориме со досегашниот степен на истраженост на оваа проблематика. Доколку ја погледнеме и денешната населбинска слика на селото Шопско Рударе, ќе можеме да забележиме дека постојат

околу 40 различни маала,[30] односно мали фамилијарни заедници кои во последните неколку децении целосно замираат, започнувајќи го својот пат кон трансформација од *етнолошки* во *археолошки* процеси кои ќе ги заробат овие последни сведоци за селскиот живот во оваа регија. Патиштата и трасите низ кои минувал човекот во доцниот неолит, несомнено се повторувале и во понатамошниот праисториски и историски развој, а како што видовме и до ден-денешен.

При средбите со постарите луѓе и разговорите со нив, посебно внимание беше посветено на нивните движења во минатото и контактите со поблиските или подалечни населби или села. Од личните кажувања за нивните движења и авантури во текот на 20-тиот век, можевме да забележиме дека комуникацијата се одвивала со доста подалечни територии, особено свртени кон населбите од Струма, кон Пиринска Македонија, иако мора да се каже дека првенствено доминираат контактите со поблиските населби, со кои се развиваат посилни и поинтензивни односи. Доста интересно беше прашањето за напуштањето на живеалиштата и миграциите на други позиции, за коешто дел од испитаниците имаа и лично искуство, односно ја имаа доживеано таа судбина, да ги напуштат своите огништа и да се впуштат во потрага по нова, соодветна позиција којашто ќе ги задоволи нивните скромни барања за услови за живот. Изборот на новото место каде што требало да бидат подигнати новите објекти зависел пред сè од достапноста до вода, односно извор, кладенец или река, како и од условите за сточарство, како главна стопанска гранка во овие предели. Таквите движења и населувања на одредени позиции се одвивале најчесто во рамките на една микро регија, а според сведоштвата, миграциите може да бидат на оддалеченост најчесто до 20 км Доста чести се примерите каде што се забележуваат урнатини од постарите објекти непосредно до објектите во кои се живее. Доколку ја погледнеме оваа ситуација низ „археолошката призма" ќе можеме да реконструираме создавање на една археолошка целина додека сè уште е жива населбата околу него. Таквиот тазвој на настаните бил секојдневна појава и во текот на неолитот, за што многу добро сведочи населбата Цоцев Камен каде се регистирани 4 културни слоеви, со остатоци од најизменична употреба на местото, за надворешни активности, или за изградба на објектите и живеење.

Дека може да стане збор и за подалечни миграции, најдобро сведочи преселбата на една поголема заедница од Крива Паланка во Пијанец, притоа поминувајќи

[30] За имињата на маалата сведочат луѓето кои биле родени и ги поминале првите 20-тина години во тие населби, а најмногу податоци ни беа пренесени од Крстевска Ефремовска Верица од маало Шопови

оддалеченост од околу 60 км кон југ, низ падините на Осоговските Планини (сл. 125). За изборот да се тргне кон југ низ високите планини, а не кон поголемите центри во Кумановско по Крива Река или Ќустендил кон Струма, најголемо влијание одиграле природно-еколошките карактеристики на Пијанечкиот регион, кои ги задоволиле нивните потреби за нормален живот, сточарство, земјоделие и скромен стопански развој. Сето тоа јасно ни зборува за тоа дека заедниците кои живееле низ високите ридско-планински предели бараат посебни услови за живот, особено за сточарство, за разлика од поголемите населби од низините, околу кои главно се наоѓаат поголеми површини плодна земја погодна за земјоделие. Идентични преселби се регистрирани и по течението на Дурачка Река која се наоѓа јужно од Крива Паланка, каде што во втората половина на 19 век ќе дојде до населување на население од околината на Босилеград која се наоѓа на околу 50 км северно од Дурачка Река (Трифуновски 1973). Покрај овие два примери на класични миграции во оваа регија, постојат сведоштва и на разни движења и ширење на шопските села кон соседните региони, најчесто населени со друг доминантен етникум (сл. 125). По заминувањето на Турците од овие предели и нивното враќање на територијата на Мала Азија на почетокот на 20 век, ќе се интезивираат миграциите од планинските шопски села кон низинските котлини по Крива Река и Брегалница кон запад, како и преку планинските процепи кон Струма, односно кон Горна Џумаја (Намичев 2005). Тоа е период кога ќе се создаде и новата етничка слика на градовите во овие региони, каде што најчесто доминира шопскиот етникум.

Иако се работи за случувања од последните 100-150 год., сепак населбите и населбинскиот систем во 19 и 20 век може по многу нешта да се синхронизира со населувањето во доцниот неолит, и особено раниот енеолит кога биле подигнати повеќе помали населби низ планинските предели, особено во северниот дел на зона 1. Краткотрајноста на населбите од доцниот неолит е главна карактеристика во населбинскиот систем кај населбите од зона 1 и зона 4. Истото може да се забележи и кај заедниците од XIX век од нова ера, каде што, по окупацијата на одредено место од страна на 2-3 поколенија, доаѓа до проширување на населбите и подигање на нови објекти, најчесто подигнати во непосредна близина на старите објекти на некој соседен рид. Мигрирањето на населението е дополнително изразено кај сточарските заедници кои најчесто сезонски мигрираат од една до друга област, во потрага по подобри услови и храна за животните. Честите миграции и преселби низ овие предели, како што видовме биле силна одлика и на помалите заедници од доцниот неолит, што е добро

документирано со ширењето најпрво на црно печената керамика од северните култури, а подоцна и на црносликаната керамика од фаза IIa, особено кај населбите од зона 1 и зона 2.

Поврзаноста на археологијата со етнологијата и поновата историја, барем што се однесува до населбите/селата и меѓусебните влијанија може да биде од голема помош при разбирањето на одредени културно-историски процеси кои ги доживеал човекот во одреден праисториски период. Токму поради тоа истражувањата и методолошкиот пристап кон проучување на праисториските заедници во иднина треба, и мора да се повикуваат и на етнолошки и историски извори кои може да кријат одговори на многу интересни теми и проблематики, кои самите археолошки остатоци не можат да ни ги откријат.

**ЗАКЛУЧОК**

После повеќекратните прошетки низ територијата на географска Македонија, дојде ред да се извлечат неколку заклучоци за крајот на неолитскиот период на оваа територија. Пристапот кон обработувањето на оваа проблематика беше интердисциплинарен, повикувајќи се на неколку природни, општествени и хуманистички науки. Во потрага по одговори на прашањето *каде?*, преку анализата на географијата и географските целини се повикувавме на соодветна литература за таа проблематика, преку која беа дефинирани географските целини и групи. Во истото поглавје беше обработена климата во периодот од 6 до 4 мил. со што се здобивме со сознанија за климатските услови во доцниот неолит, кои несомнено одиграле клучна улога во културно-историскиот развој на заедниците во тој период. Веќе во следното поглавје кое се однесување на прашањето *кога?*, покрај археолошкиот пристап на синхронизација на материјалната култура беа консултирани и резултатите кои се добиени од природните науки, пред сè за апсолутните датации на локалитетите. Со таквиот пристап успеавме да ги сублимираме тие резултати и да ги вметнеме во предлог периодизацијата за доцниот неолит на оваа територија. При обработка на прашањето *како?* се случил неолитскиот период, истражувањата се базираа главно на археолошка литература која се однесува на локалитетите кои беа селектирани за обработка. Одговорите на ова прашање се бараа преку обработка на населбинскиот систем и керамичката продукција, два главни културолошки аспекти на човекот во неолитскиот период. Тука посебно беа третирани населбинските комплекси Орловица 1 и 2 од Скопско, како и Цоцев Камен и Цоцев Камен 1 од Кратовско. Овој пристап ни помага да ги реконструираме рутите и патиштата низ кои се движеле влијнијата помеѓу заедниците, и како тие комуницирале помеѓу себе, што ни беше од голема корист при обработката на прашањето *зошто?* завршил неолитскиот период. Во потрага по повеќе и подобро аргументирани одговори поврзани со ова прашање, покрај анализата на претходните поглавје, моравме да се повикаме и на некои други хуманистички и општествени науки, како што се историјата, етнологијата, социологијата итн.

По обработката на географијата и дефинирањето на географските зони, другиот природен фактор којшто го диктира понашањето и животот на човекот е климата, односно климатските услови кои владееле овде во текот на 5 мил., време кога ќе дојде до конечно замирање на последните неолитски културни вредности, но и на самиот начин на живот, проследен со крупни промени во населбинскиот систем и економијата

на населбите. На слика 1 може да се види дека во текот на 5 мил. ќе дојде до интензивно покачување на температурата кое ќе кулминира кон крајот на ова илјадолетие, кога ќе дојде до целосен колапс на голем број населби и културни групи. Таквата ситуација е најдобро документирана на слика 7, каде што може да се види како се развиваат населбите и населбинскиот систем во Тесалија во текот на раниот и среден неолит, потоа во доцниот неолит, каде што можеме да забележиме најголема концентрација на населби, која нагло ќе се промени веќе во следната фаза на финалниот неолит (халколитот). Тоа е период кој е одбележан со силен хијатус на населување, предизвикан од вистинската природна и климатска катастрофа која го уништила животот на оваа голема и доста значајна котлина. Ситуацијата која настанала од природните услови во текот на втората половина на 5 мил. значајно влијаеле и на заедниците од зона 3, кои биле во постојан контакт со населбите од Тесалија. На оваа територија исто така ќе дојде до намалување на интензитетот на живот и напуштање на голем број населби, што несомнено резултирало и со економска и културолошка криза во развојот на заедниците, кои пак сега ќе се свртат кон северните региони. Климатските услови во втората половина на 5 мил. се одразиле и кај заедниците од горното течение на Струма и Вардар, каде е документирано формирање на помали сезонски, најчесто сточарски населби на повисоки, доминантни позиции. Овие промени силно влијаеле и врз културолошкиот развој на заедниците, каде што се забележува појава на нова материјална култура, карактеристична за енеолитскиот период (финален неолит).

Хронолошката рамка која овде беше обработена опфаќа период од околу еден милениум, односно времето од 5500-4500 год. Ова е периодот на кој припаѓаат локалитетите беа обработени овде и беа аплицирани во табела 1. Доколку се посматра повнимателно оваа табела ќе можеме да забележиме дека на оваа територија на секои 200-300 год. доаѓа до одредени промени кои несомнени се одразиле и врз материјалната култура, која претрпува делумни или целосни измени, во зависност од тоа за кој географски регион се работи. Имајќи го сето тоа предвид, на истата табела е вметната и нашата предлог периодизација којашто беше главна цел при обработката на хронологијата на населбите. Целиот период кој го обработуваме овде беше поделен на две главни развојни фази, именувани како фаза I (5500-5000) и фаза II (5000-4500). За целите на нашиот труд позначајна е втората фаза која беше поделена на две подфази-IIa (5000-4800/4700), IIb (4800/4700-4500). Почетокот на фаза II на целата територија е одбележан со промени во материјалната култура, најдобро документирани преку

појавата на црно сликаната керамика од долна Струма и останатиот дел од зона 3, каде се забележуваат и директните влијанија од Тесалија и Димини-Оцаки фазата од доцниот неолит. Промените кои ќе ги донесат овие нови културни влијанија, ќе ги дадат главните карактеристики на керамичката продукција во текот на оваа фаза, особено кај заедниците од зона 3. Од друга страна пак, влијанијата од јадранскиот брег ќе навлезат на територијата на зона 5 и зона 6, и ќе ги дадат основните белези на керамичката продукција. Кај заедниците од зона 1 и зона 4, во текот на фаза II се забележуваат големи промени, како во материјалната култура така и во населбинскиот систем со подигање на населби на повисоки позиции. Во зона 4 во тој период јасно се потврдуваат и паралели со Плочничката фаза од Винча.

Вака накратко изгледала етно-културната слика на територијата на Централниот Балкан кон крајот на неолитскиот период. Според хронолошката интерпретација на доцнонеолитските заедници и нивниот развој, овие културни промени можеме да ги позиционираме во фаза IIb, односно во периодот од 4800-4500 год. Се работи за временски период во кој постепено биле напуштани „неолитските“ културни вредности, проследени со промени во населбинскиот систем и керамичката продукција. Која било географска зона да се земе предвид, генерално за сите, крајот на доцниот неолит можеме да го позиционираме околу средината на 5 мил., време во кое ќе дојде до целосна доминација на новите културни вредности, карактеристични за енеолитот, халколитот, бакарното време или финалниот неолит, без разлика како ќе го ословиме.

Населбинскиот систем ќе се стабилизира во текот на доцниот неолит, во периодот од 5300 год. па сè до околу 4800 год. кога ќе дојде до постепени промени и населување на повисоки позиции. Таква ситуација е забележана кај повеќето географски зони, со исклучок на источниот и централниот дел на зона 3, каде продолжува животот кај повеќето населби во рамнините. Почетокот на фаза II е доста специфичен и податлив, особено за зона 2 и источниот дел на зона 3, каде ќе дојде до експанзија на нова материјална култура со црно сликани садови, многу добро стратиграфски потврден кај неколку позначајни локалитети. Опожарувањето на слоевите од претходната фаза и промената на архитектурата, односно замената на земјанките со надземни објекти, ќе ги дадат главните белези што се однесува до населбите. Тоа е период кога пак заедниците од останатите предели ќе започнат да ги населуваат повисоките позиции, добро документирано кај населбите од зона 1 и зона 4. Таквите промени ќе го трасираат идниот развој на населбинскиот систем кон крајот на доцниот неолит, кога бројката на

повисоките населби драстично ќе се зголеми. За немирните времиња во текот на фаза II сведочат и одбрамбените структури околу населбите, особено добро документирано кај заедниците од зона 2 и зона 3, каде се среќаваат камени обѕидувања, дрвени палисади, ровови итн. Оградувањето на населбите со овие структури несомнено имало заштитен карактер, пред сѐ имајќи предвид дека најголемите прегради се документирани кај низинските, повеќеслојни населби, позиционирани во поголемите котлини. Помалите, краткотрајни населби многу ретко имаат некакви заштитни огради околу објектите, што е компензирано со населување на повисоките, доминантни позиции. Таквиот населбински систем и неговиот целокупен развој јасно ни говорат дека крајот на неолитот е обележан со три основни промени. Првата е подигањето на одбрамбени бедеми во текот на фаза II кај низинските населби, а втората се однесува на населувањето на повисоки позиции, речиси секогаш во непосредна близина на постарите населби. Третата се однесува на случувањата во втората половина на 5 мил., време кога се забележуваат големи кризи и хијатус на населување на поголемиот дел од нашата територија. Ова се трите основни карактеристики и промени во населбинскиот систем кои го обележуваат крајот на неолитскиот период и почетокот на металните времиња.

Керамичкиот материјал може да се каже дека се развива синхронизирано со населбинскиот систем, следејќи ги промените кои се среќаваат и кај населбинскиот систем и во архитектурата. Настаните од околу 5000 год. силно се одразиле и врз керамичката продукција, предизвикувајќи силни промени во керамичкиот материјал речиси на целата територија. Од тоа време најголемо внимание привлекува упадот на население од јужните и југоисточните краеви кои биле носители на културата со црно сликани орнаменти на керамичките садови. Генерално, може да се издвојат два поголеми керамички центри кои имале силно влијание кај неолитските заедници, што резултирало со производство на свои локални копии. Имено, се работи за источниот дел на зона 3, односно средното и долно течение на Струма каде ќе се појават три гравни стилови на сликање: Акропотамос, Тополница и Струмско. Влијанијата од овие центри се добро документирани по целото течение на Струма, како и во централниот дел на зона 3. Дека се работи за силни центри зборува и фактот што влијанија од оваа култура се забележани и кај населбите од Тесалија, каде што во текот на фаза II доминираат Димини и Оцаки стиловите на орнаментирање на садовите. Влијанијата од оваа култура од Тесалија во текот на првата половина на 5 мил. биле многу моќни, за што најдобро сведочи населбата Макриалос во која е документирана увезена роба од југ. Освен директниот упад на оваа

култура на територијата на централниот и западниот дел на зона 3, овде ќе се појават и доста локални копии и варијанти, кои ќе резултираат со појава на садови насликани со црна, бела, црвена боја, или полихромно со повеќе бои врз светла основа. Полихромното орнаментирање на садовите е особено карактеристично за заедниците од западниот дел на зона 3, како и за населбите од зона 6.

Ситуацијата е драстично поразлична на соседната територија на зона 5, каде што во фаза II керамичката продукција ќе се развива под силни влијанија од јадранскиот брег, кои ќе го дадат главниот белег на керамиката од последните неолитски фази. Тука доминира црно печената керамика, декорирана со врежани триаголни полиња исполнети со шрафури или пунктирања, како карактеристичен белег за западните култури. Овде се забележуваат влијанија и од заедниците од зона 4, каде што исто така недостигаат насликани садови. На територијата на зона 4, во текот на фаза IIb ќе дојде до промена на керамичката продукција со садови со посветла основа, обележувајќи ја преодната фаза од неолит кон енеолит. Во тој период доста нагласени се влијанијата, како од јужните Винчански култури, така и од населбите од зона 1, каде што ќе дојде до зголемување на населби во оваа фаза.

Доколку погледнеме на сето погоре презентирано за керамичкиот материјал, ќе можеме да забележиме дека развојот на керамичката продукција во доцниот неолит можеме да го пратиме преку:

● најпрво појава и речиси апсолутна доминација на монохромен хоризонт во периодот од 5500 до 5000 год.;

● околу 5000 год. почеток на крупни промени во керамиката, проследени со доминација на црно сликаните мотиви на садовите во зона 2, зона 3 и зона 6, кои се развиваат околу 2-3 века во зависност за која територија станува збор;

● во текот на фаза IIb, односно во последните 2-3 векови од неолитскиот период, на целата територија се забележани промени во керамичката продукција проследени со доминација на монохромни садови со црвена, окераста или други светли бои, декорирани со графитно сликање (источно од Вардар) или пак со врежани мотиви (на цела територија).

Ова се главните етапи на развој на керамичкиот материјал на нашата територија во текот на доцниот неолит. Врз основа на овие податоци можеме да забележиме дека

во текот на првата половина на 5 мил. дошло до крупни раздвижувања на населнието кои со себе носеле и одредени културолошки и економски промени. Доминацијата на садовите со светла боја во текот на последните неолитски етапи ќе биде само една најава за тоа што следи во втората половина на 5 мил. Таквиот развој на керамичката продукција беше добро потврден и со истражувањата на населбинските целини Цоцев Камен и Орловица каде што се документирани слоеви од фаза IIa и фаза IIb. Сето тоа претходело на промените кои ќе се случат околу средината на 5 мил., време обележано со доминација на културите од внатрешноста на Балканскиот Полуостров, односно Бубањ-Салкуца-Криводол културата, која ќе биде доминантна на една поголема територија на Централниот Балкан.

И сосема на крајот, компарацијата на културно-историските случувања во текот на доцниот неолит со останатите праисториски и историски периоди беа од голема корист при разбирањето на етнокултурните процеси кои довеле до крај на неолитскиот период. Анализирајќи ги поновите времиња, можеше многу лесно да се забележи дека комуникациите со соседните области биле постојани, и многу силно се одразиле врз културната и политичка слика на оваа територија во денешно време. Влијанијата од јужните Егејски култури, како и тие од Блискиот Исток кон зона 3, може да се следат уште од неолитизацијата на Балканскиот Полуостров, па сè до ден-денес. Таквата ситуација се должи најмногу на географската позиција на овој регион, околу долните теченија на Струма, Вардар и Халијакмон, кои живеат во нераскинлива врска со приморските заедници.

Ова е географијата, ова биле климатските услови, ова се главните влијанија на овој дел од Балканот, како низ помладите епохи, така и во доцниот неолит. Доцнонеолитските заедници од оваа територија претставуваат само уште една тула во историскиот ѕид на човековото минато овде. Судејќи според материјалната култура, големината на населбите и архитектурата (со кулните објекти), можеме да забележиме дека во периодот од 5200 до 4800 год., на територијата на Централен Балкан се развивала една силна култура, создадена од заедници со високо развиени уметнички и занаетчиски способности, како и силни религиски вредности. Во првата половина на 5 мил. тие биле жртви на покачувањето на средните температури, кои носат неповолни климатски и еколошки услови. Веќе во втората половина на 5 мил., после милениумскиот развој на доцниот неолит, овде ќе дојде до негово конечно замирање и раѓање на една нова епоха, одбележана со „модернизирањето“ на новиот природен ресурс за човекот-бакарот.

**ЛИТЕРАТУРА**

**Кирилична**


- Атанасоска Н. 2018. Прадисториските тумуларни пограбувања западно од реката Вардар. *Магистерски труд.* УКИМ. 2018
- Атанасоски Б. 2016. Доцноантичкиот кастел Градиште кај с. Дебреште. Непубликуван докторки труд. Филозофски Факултет Скопје. 2016 год.
- Балабан Р. 2013. Археолошки индикатори насиља и сукоба у касном Неолиту Централног Балкана-могућност идентификације. *Гласник Српског археолошког друштва.* Београд. 23-50
- Булатовић А. 2007. *Врање-културна стратиграфија праисторијских локалитета у Врањској регији.* Београд-Врање 2007
- Булатовић А. 2015. Феномен праисторијских ритуалних јама. *Старинар* LXV/2015. Београд. 7-35
- Вандова В. 2016. Нови проучавания на неолитни обекти в долината на Струма. *Studia. In honorem Professoris Borisi Borisov.* Veliko Turnovo MMXVI. 121-138
- Гарашанин М. 1973. Праисторија на тлу С.Р. Србија. Београд
- Гарашанин М. 2009а. Стратиграфија на теренот. *Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија.* Штип. 25-36.
- Гарашанин М. и Гарашанин Д. 1959. Ископавања на локалитету Вршник. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* I, 1958–1959. Штип: 61–65.
- Гарашанин М. и Гарашанин Д. 1961. Неолитска населба Вршник кај село Таринци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* II, 1960 – 1961. Штип:7–40.
- Гарашанин М. и Спасовска Г. 1976. Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. *Macedoniae Acta Archaeologica* 2. Прилеп: 85–118.
- Гарашанин М. и Симоска Д. 1976. Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец-Бакарно Гумно. *Macedoniae Acta Archaeologica* 2. Прилеп: 9-25
- Здравковски Д. 1993. Неолитска населба „Чубук Чешма“ – с. Никуштак, Куманово. *Macedoniae Acta Archaeologica*13, 1992. Скопје: 19–30.
- Здравковски Д. 2005. Неолитска населба „Под село – Тумба“ с. Стенче. *Зборник на Музејот на Македонија 2 (археологија).* Скопје: 25–31.
- Здравковски Д: 2003. Среден неолит во горновардарскиот регион. Магистерски труд. Универзитет св. Кирил и Методиј. Скопје

- Здравковски Д. 2006. Генеза и развој на Анзабегово – Вршничката културна група. Докторска дисертација. Скопје: 2006.
- Здравковски Д. 2008. Археолошки истражувања на локалитетот „Атици“ во с. Црничани. *Археолошки откритија на почвата на Македонија.* Скопје. 49-59
- Здравковски Д. 2018. *Генеза и развој на Анзабегово-Вршничката Културна Група во периодот на неолитот на територијата од Република Македонија.* Скопје 2018.
- Здравковски Д., Шурбановска М. 1983. Извештај од заштитното ископување на ХЕЦ „Мавровица“ во с. Немањици-Светиниколско. *Зборник на Археолошки музеј на Македонија* 10-11. Скопје: 111-123.
- Јовчевска Т. 2006. Светилиште на култот на плодноста: локалитет Ѕунивер, с. Извор. *Macedoniae Acta Archaeologica* 17. Скопје. 39-53
- Јовчевска Т. 2008. Наоди од Ѕунивер прилог кон духовниот живот во неолитот. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18. Скопје: 109-113
- Капуран А., Булатовић А., Милановић 2016. Доње Врање, насеље из неолита и касне антике. *Археолошки Истраживања на Аутопуту Е75 (2011-2014).* Београд 2016. 115-134
- Китаноски Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae Acta Archaeologica* 3. Скопје. 27-42
- Китаноски Б., Симоска Д., Тодоровиќ Ј. 1987. Радин Дол-Неолитска населба кај Прилеп. *Macedoniae Acta Archaeologica* 7-8. 7-31
- Колиштркоска-Настева И. 2006. Енеолитско наоѓалиште во Делчевско. *Macedonia Acta Archaeologica* 17. 2006. 81-92
- Кулов И., Стефанович М. 2005, Селищтен живот през кьсната бронзова епоха в Благоевградско полел *Земите на Бьгария Люлка на Тракийската култура.* II том. София. 27-39
- Кузман П. 2017. Од Зластрана до Пенелопа: неолитските локалитети во Охридско (II). *Неолитот во Македонија: чекор напред во проучувањето на првите земјоделски општества.* Скопје. 9-43
- Кузман П. 2017а. Хронолошките и географските патишта на најстарото население на Охрид. *Археолошки Информатор* 1. Прилеп. 147-157
- Микулчиќ И. 1999. *Антички градови во Македонија.* Скопје.

- Милановић Д. 2016. Централни Балкан у 5 миленијуму пре н.е.: обрасци насељавања и друштвено-економске промене: Непубликувана докторска дисертација. Филозофски факултет. Београд
- Милевски И. 2008. *Природно-географски карактеристики на Република Македонија.* Скопје.
- Милевски И., Димитровска В. 2011. Геоморфолошки и геоархеолошки карактеристики на Цоцев Камен. *Географски разгледи* (44-45). Скопје. 5-19
- Милекић А. 2015. Датовање неолитских налазишта у Босни и Херцеговини методом радиоактивног угљеника C14. Завршни рад-Мастер. Београд
- Митовски М. Крстевски Ц. 2019. Неолитот во Кривопаланечката Област-Славиште: Студија на случај од локалитетот Мал Камлеш. *Неолитот во Македонија: во чест на Воислав Санев.* Скопје: 35-64
- Митовски М., Крстевски Ц., Денковски К. 2023. Прелиминарни резултати од сондажните археолошки ископувања на локалитет „Градиште" с. Трново, Крива Паланка 2022 година. *Известия на исторически музей Кюостендил.* Том XXIII. Кюостендил 2023. 160-181.
- Митревски Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. *МАКЕДОНИЈА–милениумски културно–историски факти.* Скопје. 83-266
- Митревски Д. 2021. *На Север од Егејскиот Свет*. МАКЕДОНИКА. Скопје.
- Митревски 2021а. Културната основа на Македонија: од раната бронзена доба до првите политички заедници. *Прилози за историјата на Македонија и Македонската Култура.* МАНУ. Скопје. 39-60
- Миткоски 2010. Мариово во Праисторијата. *Macedoniae Acta Archaeologica* 19. Скопје. 1-36
- Намичев 2005. Народното градителство на Шопската етничка заедница во источна Македонија. *Етнолог* 11. Скопје
- Наумов Г. 2016. Калибрирана хронологија на неолитските тумби во Пелагонија. *Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи.* Скопје. 67-96
- Нацев Т., Хаджиангелов В. 2023. Античната пътна комуникация Астибо Шишманово Кале. *Известия на историчести музей Кюстендил.* Том. XXIII. Кюстендил. 2023.

- Николов В. 1998. *Проугавания върху неолитната керамика в Тракиа. Керамичните комплекси Караново II-III, III и III-IV. Северозапатна Анадолия и Юугоизточна Европа.* АГАТО.
- Панов М. 1976. Географија на СР. Македонија. Скопје. 1976
- Папазовска Санев А. 2015. Раното Железно време во Република Македонија. Непубликуван докторски труд. Филозофски Факултет. Скопје
- Перић С. 1995. *Бутмирска Култура*. Београд.
- Перић С., Бајчев О. Обрадовић Ђ., Стојановић И. 2016. Неолитско насеље Павловац-Гумниште: резултати заштитних археолошких ископавања 2011. Године. *Археолошки Истраживања на Аутопуту Е75 (2011-2014).* Београд 2016. 221-274.
- Проева Н. 2004. Историја на Аргеадите. *Historia Antiqua Macedonica* 8. Скопје.
- Рујак 2020. *Цареви Кули, Струмица. Од праисторијата до римското царство.* Книга 1. Струмица.
- Санев В. 1975. Неолитска населба Руг Баир кај с. Горобинци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* IV – V. Штип: 203 – 231.
- Санев В. и Стаменова М. 1989. Неолитска населба „Страната" во село Ангелци. *Зборник на трудови.* 9-63
- Санев В. 1989а. Средлесо, с. Мршевци, Arheološki pregled 28, 1987. Ljubljana: 41–42.
- Санев В. 1989б. Бојковци-Канли Чаир, неолитска населба. *Arheološki Pregled* 1987. Ljubljana. 36-37
- Санев В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија* 2. Скопје. 21-46
- Саракински В. 2022. Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II. *Пајонија и Пајонците. Извори, историја, археологија.* Скопје. 9-38
- Саржовски, С. Здравковски, Д. 1991. Тумба во село Долно Палчиште-Тетово. *Macedoniae Acta Archaeologica* 12. 131-144
- Симоска Д., Санев В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај село Трн, Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 3. 215-237
- Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј. 1979. Неолитска населба во село Могила кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 5. 9-30

- Синадиновски П. 2014. Рекогносцирање на неолитски локалитети во Раечката Клисура. Дипломски Труд. УКИМ. Скопје
- Синадиновски П. 2016. Рекогносцирање на неолитски локалитети во Раечката Клисура. *Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи*. Скопје. 55-66
- Синадиновски П. 2019. Доцен Неолит во Република Македонија. *Магистерски труд.* УКИМ. Филозофски Факултет-Скопје. 2019
- Синадиновски П. 2022. Доцен Неолит во Република Македонија. Скопје
- Синадиновски П., Донев Д. Митевски И., Пивко Н., Митевски Д., Доневски Ј., Ристов Ј. 2021. Археолошки ископувања на неолитската населба кај Цоцев Камен. *Зботник на научни трудови.* Кратово. 136-202.
- Стаменковић Ђ. С., Гатарић Р. Д. 2006. О антропогеографски истраживањима насеља Југоисточне Србије. *Гласник Српског Географског Друштва.* LXXXVI-бр. 1. Београд. стр. 85-96
- Стојанова Канзурова Е. 2011. Инвентарот на Неолитската куќа во Република Македонија. Непубликуван магистерски труд. Филозофски факултет. Скопје.
- Тасић Н. 1998. Енеолит. *Археолошко благо Косова и Метохије од неолита до раног средњег века*. Београд. 90-115.
- Тасић Н. 2009. *Неолитска квадратура круга*. Београд.
- Темелкоски Д. и Миткоски А. 2006. Праисториска населба Могила, Сенокос. *Macedoniae Acta Archaeologica* 17. Скопје. 55-80
- Темелкоски Д. и Миткоски А. 2008. Доцнонеолитска населба Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18. Скопје: 93-108
- Трифуновски Ј. 1973. *Кривопаланачка област.* Хрватска академија на науките и уметностите. Загреб. 90-91
- Тодорова Х. 1986. *Каменно-медната епоха в България*. София.
- Тодорова Х. 1993. Неолитизацията на Балканския Полуостров. *Ново-каменната епоха в България*. София: Наука и изкуство. 42–63.
- Тодорова Х. 1993а. Периодизация и абсолютна хронолология на новокаменната епоха на Балканския Полуостров. *Ново-каменната епоха в България*. София: Наука и изкуство. 64-93
- Тодорова Х., Вайсов И. 1993. Неолитните култури в България. *Ново-каменната епоха в България*. София: Наука и изкуство. 94-147

- Тодоровић Ј., Симоска Д., Китаноски Б. 1987. Осврт врз резултатите од археолошките истражувања на праисторијата во Пелагонија. *Зборник на трудови* 6-7-8. Битола. 5-24.
- Чохаджиев С. 2006. *Слатино праисториски селища.* Велико Тьново.
- Чохаджиев С. 2007. *Неолитни и халколитни култури в басейна на река Струма*. Велико Търново.

**Латинична**

- Abazi L., Tolevski I. 2017. The Neolithic along the Upper Course of the Vardar River (Preliminary Report of Archaeological Excavations ot the Site of "Tumba" near the Village of Brvenica, Tetovo Region, Republic of Macedonia). *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 99-118
- Andreou S., Fotiadis M., Kotsakis K. 2001. The Neolithic and Bronze Age of Northern Greece, Addendum: 1996-1999. *Aegean Prehistory. A Review.* Boston: 259-328
- Arandjelović-Garašanin D. 1954. *Starčevačka Kultura*. Ljubljana
- Baneva K. 2019. A Multiscalar model for the Strymon Neolithic. Cardiff University.
- Benac A. 1979. Prelazna zona. *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II, *Neolitsko doba.* Sarajevo. 363-472
- Benac A. 2008. Ohridko jezero i Južna Pelagonija. *Археолошките откритија на почвата на Македонија.* Скопје: 21-32.
- Bilbija M. 1986. Cerje, Neolitsko naselje. *Arheološki pregled* 26. 1985. Ljubljana. 35–36
- Blouet B. 1986. Development of the Settlement Pattern. In. *Excavations at Sitagroi A Prehistoric Village in Northeast Greece.* Vol. 1. University of California. Los Angeles. 133-143
- Boyadziev, Y. 1995. Chronology of Prehistoric Cultures in Bulgaria. *Prehistoric Bulgaria. No. 22*. 149-192
- Boyadziev J. 2007. Absolute Chronology of the Neolithic and Eneolithic Cultures in the Valley of Struma. *The Struma/Strymon river valley in prehistory.* Sofia 2007. 309-316

- Bonga L. A. 2013. Late Neolithic pottery from manland Greece, CA. 5300-4300 B.C. Phd thesis. Temple University Graduate Board.
- Borić D. 2009. Absolute Dating of Metallurgical Innovations in the Vinča Culture of the Balkans. *Metals and Societies, Studies in honour of Barbara S. Ottaway.* Band 169. 191-245.
- Borić D. 2015. The End of the Vinča World: Modelling the Neolithic to Copper Age Transition and the Notion of Archaeological Culture. *Neolithic and the Copper Age between the Carpatians and the Aegean Sea.* Budapest. 157-218.
- Borić et. al. 2018. Enclosing the Neolithic World. A Vinća Culture Enclosed and Forthified Settlement in the Balkans. *Current Anthropology.* Vol. 59. No. 3. Chicago. 336-346
- Borza N. E. 1990. *In The Shadow of Olympus The emergence of Macedon*. Princeton University Press. Princeton, New Jersey
- Brukner B. 1996. A Contribution to the Study of (Dis)continuity at the transition from the Starčevo to the Vinča culture group. *From Starčevo to Vinča culture. Current problems of the Transition Period, Proceedings from the International round table.* Zrenjanin. 165-178
- Brunneti M. and Prodi F. 2015. The climate system. *EPJ Web of conferences* 98. EDP Sciences-SIF. 2015. 1-16
- Chondroyianni-Metoki 2020. Outside the Residential Place at the Neolithic Settlement of Toumba Kremastis Koliadas, Northern Greece. *Making Spaces into Places. The North Aegean, the Balkans and Western Anatolia in the Neolithic.* BAR. Oxford. 53-72
- Coleman J. E. 1992. Greece, the Aegean, and Cyprus. *Chronologies in Old World Archaeology.* University of Chicaago Press, Chicago and London. 247-288-
- Dalezios R. N., Bartzokas A. 2009. Daily precipitation variability in semiarid agricultural regions in Macedonia, Greece. *Hydrological Sciences -Journal- des Sciences Hydrologiques*. 40:5. 569-585
- Darcque P., Koukouli-Chryssanthaki H., Malamidou D.,Trcul R.,Tsirtsoni Z. 2007. Recent Researches at the Neolithic Settlement of Dikili Tash, Eastern Macedonia, Greece: an Overview. *The Struma/Strymon river valley in prehistory.* Sofia 2007. 247-256

- Elezi G. 2020. By the Rivers they Settled: Settlement Patterns and the Neolithic Landscape in Albania. *Making Spaces into Places. The North Aegean, the Balkans and Western Anatolia in the Neolithic.* BAR. Oxford. 33-42
- Elezi G. 2020a. *Sociocultural dimensions of production, use, and circulation of Late Neolithic pottery from Southern Balkans*. PhD. University of California. Los Angeles.
- Elezi 2022. Manufacture and use of the Late Neolithic Pottery from Southeast Albania. *Iliria Reviste Arkeologjike.* Tirane. 107-125
- Garašanin M. 1964. Problem kontinuiteta u arheologiji. VI Kongred arheologa Jugoslavije I. Beograd. 9-45
- Garašanin M. 1979. Centralnobalkanska zona. *PraistorijaJugoslavenskihzemalja* II, *neolitsko doba*. Sarajevo: 79–213.
- Gardner E. 2003. Technical Analysis of the Ceramics. *Prehistoric Sitagroi: Excavations in Northeast Greece, 1968-1970.* Vol. 2: The Final Report. University of California, Los Angeles. 283-295
- Giagkoulis S. T. 2020. On the Edge: The Pile-field of the Neolithic Lakeside Settlement Anarghiri IXb (Amindeon, Western Macedonia, Greece) and the Non-Residential Wooden Structures on the Periphery of the Habitation. *Settling Waterscapes in Europe.* OSPA. Propylaeum. 137-156
- Gimbutas. M. 1976. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976
- Gimbutas M. 1976a. Chronology. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 29–77.
- Grebska Kulow M. 2011. *Ethnocultural affiliation according pottery characteristic. Balgarchevo II-V.* With Pernicheva-Perets and Kulov I. in: Balgarchevo. The Prehistoriv Settlement. Vol. I. Sofia 2011. 209-218
- Grebska Kulow M. 2017. The Neolithic Period in Southwest Bulgaria. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 243-279
- Grebska Kulow M., Kulow I. 2007. Prehistorical Sites in the Middle Struma River Valley Between the End of the VIIth mil. BC and the Beginning of the Ist mil. BC. *The Struma/Strymon river valley in prehistory. Sofia: 2007. 279-298.*

- Grebska-Kulow M., Kulov I., Gorczyk J. 2017. Cultural Traditions from the Prehistoric settlement at Damianitsa, Osmanitsa, Monicipality of Sandanski. *Sandanski and its territory during the prehistory, antiquity and middle ages.* Veliko Tarnovo. 17-31
- Grebska-Kulow M., Vajsov I., Whitford B. 2020. Stone Axes/Adzes and storage vessels-Evodence of domestic ritual at the prehistoric settlement od Damyanitsa. *Megalithic monuments and cult practices.* Blagoevgrad. 231-245
- Grammenos D. 2006. Conclusions from the rescue excavations at the Neolithic Settlement of Stavroupoli, Thessaloniki. *ANALELE BANATULUI, S.N., Arheologie – Istorie,* XIV. 1. 2006. 113-128
- Hafner A. et. al. 2021. First absolute chronologies of Neolithic and Bronze Age settlement at Lake Ohrid based on dendrochronology and radiocarbon dating. *Journal of Archaeological Science:* Reports. 38. 1-10
- Facorellis Y. Coleman J. E. 2012. Interpreting Radiocarbon Dates from Neolithic Halai, Greece. *Radiocarbon* 54. Cambridge. 319-330
- Facorellis Y., Sofronidou M., Hourmouziadis G. 2014. Radiocarbon Dating of the Neolithic Lakeside Settlement of Dispilio, Kastoria, Northerhn Greece. *Radiocarbon.* Vol. 56. Nr. 2. University of Arizona. 511-528
- Fotiadis M., Hondroyani-Metoki A., Kalogirou A. Ziota C. 2000. Megalo Nisi Galanis (Kitrini Limini Basin) and the Later Neolithic of Northwest Greece. *Karanovo.* Band III. Wien. 217-228
- Fotiadis M., Maniatis Y., Stroulia A. 2019. Megalo Nisi Galanis (6300-1800 bc): Cunstructing a cultural sequence for the Neolithic of West Macedonia, Greece. *The Annual of the British School at Athens.* Athens.
- Grebska Kulow M. 2017. The Neolithic Period in Southwest Bulgaria. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 243-279
- Jovanović B. 1995. Late Vinča settlement Divostin IIb. Cultural changes in the Early Eneolithic of the Central Balkans. *Mem. Museo Civ. St. Nat. Verona, Sez. Scienze Uomo 4.* 51-54
- Karkanas P., Pavlopoulos K., Kouli K., Ntinou M., Tsartsidou G., Facorellis Y., Tsourou T. 2011. Palaeoenvironments and Site Formation Processes at the Neolithic Lake Site Settlement of Dispilio, Kastoria, Nothern Greece. *Geoarchaeology: An International Journal,* Vol. 26. No. 1, 83-117

- Kalogiropoulou E. 2013. *Cooking, space and formation of social identities in Neolithic Northern Greece: evidence of thermal structure asamblages from Avgi and Dispilio in Kastoria.* PhD. University of Cardiff. School of Archaeology, History and Religion. Gardiff.
- Kilikoglou V., Bassiakos Y. Grimanis A. P., Souvatzis K. 1996. Carpathian Obsidian in Macedonia, Greece. *Journal of Archaeological Science* 23. 343-349
- Kotsakis K. 2007. Prehistoric Macedonia. *The history of Macedonia.* Musseum of Macedonian Struggle, Thessaloniki. 1-22
- Kotsos S., Urem-Kotsou D. 2006. Filling in the Neolithic Landscape of Central Macedonia, Greece. *Homage to Milutin Garašanin.* Belgrade. 193-206
- Koukouli Chrissanthaki C., Todorova H., Asslanis I., Vajsov I., Valia M. 2007. Promachon-Topolnica. A Greek-bulgarian archaeological project. *The Struma/Strymon river valley in prehistory.* Sofia: 2007. 43–78.
- Kokkinidou D., Trantalidou K. 1991. Neolithic and Bronze Age Settlement in Western Macedonia. *The Annual of the British School at Athens.* Vol. 86. Athens. 93-106
- Kotsos S. 2012. Settlement and housing durring the 6 millennium BC in western western Thessaloniki and the adjacent Langadas province. *A century of research in Prehistoric Macedonia.* 1912-2012. Thessaloniki. 315-322
- Kotsos S. 2020. Settlements and landscape in Neolithic of the Southern and Central Balkans. *Making Space Into Pots.* BAR. Oxford. 105-122
- Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasov V., Simonovski V., Adzievski F. 2016. *The Ancient kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia.* Skopje 2016.
- Maniatis Y., Kromen B. 1990. Radiocarbon dating of the Neolithic Early Bronze Age site of Mandalo, W. Macedonia. *Radiocarbon.* Vol. 32, No. 2, 1990. 149-153
- Maniatis Y., Pappa M. 2020. Radiocarbon dating of the Neolithic Settlement at Makriyalos, Pieria, North Greece. *Radiocarbon.* Vol. 62, No 2, 2020. 467-483
- Malamidou D. 2007. Kryoneri: a Neolithic and Early Bronze Age Settlement in the Lower Strymon Valley. *The Struma/Strymon river valley in prehistory.* Sofia 2007. 279-308
- Malamidou D. 2011. Late Neolithic Black-on-red painted pottery production and distribution in Eastern Macedonia, Greece. *Studia Praehistorica 14.* BAS. Sofia. 155-176

- Malamidou D. 2016. Kryoneri, Nea Kerdyllia: A settlementof the Late Neolithic and Early Bronze Age on the lowwer Strymon valley, Eastern Macedonia. *The human face of radiocarcon. Reassessing chronology in prehistoric Greece and Bulgaria, 5000-3000 cal. BC.* Lyon 2016. 299-316
- Malamidou D., Tsirtsoni Z., and Vaxevanopoulos M. 2022. The emergence of metal use in Greek Eastern Macedonia during the Neolithic Period (late 6th-5th milennia BC). *Documenta Praehistorica* XLIX. Ljubljana. 450-469
- Marinova E., Ntinou M. 2018. Neolithic woodland management and land use in south-eastern Europe: The anthracological evidence from Northern Greece and Bulgaria. *The Neolithic of Northern Greece and the Balkans-the environmental context of cultural transformation.* Quaternary International. Vol. 496. 51-67
- Marriott Keighley J. 1986. The Pottery of Phases I and II. In. *Excavations at Sitagroi A Prehistoric Village in Northeast Greece.* Vol. 1. University of California. Los Angeles. 345-392
- Milojčić V. 1949. *Chronologie der Jungeren Steinzeit Mittelund Sudosteuropas.* Berlin. 1949
- Milanović D., Antonijević M., and Živanović S. 2023. The transition from the Late Neolithic to the Early Eneolithic in northwestern Serbia: Reconsideration and suggestions for future work. *Studia Praehistorica* 17. 35-102
- Mitkoski A. 2017. The Late Neolithic Period in Pelagonia and Mariovo in the Prilep region. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 119-160
- Mitrevski D. 2017. The End of the Neolithic and the Beginning og the Eneolithic Age in Skopje Region. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 79-98
- Mitsakos P. 2020. *Settlements and dwellings in the Early and Middle Neolithic of Central and Western Macedonia.* MA thesis. School of Humanities. Thessaloniki-Greece.

- Mylonas E. G. 1941. The Site of Akropotamos and the Neolithic Period od Macedonia. *Archaeological Institute of America.* Vol. 45. No. 4. 557-576
- Mount-Williams L. 1976. Ceramics. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 117-158.
- Naumov G. 2020. Neolithic wetland and lakeside settlements in the Balkans. *Settling Waterscopes in Europe. The Archaeology and Bronze Age Pile-Dwellings.* OSPA. Band 1. 111-135.
- Näslund C. 2009. Neolithic Settlements on Balkan-a comparative study between Durankulat and Sitagroi. Uppsala University.
- Nikolov V., Petrova V. 2016. Tell Karanovo: the hiatus between the Late Copper and the Early Bronze Age. *The Human Race of Radiocarbon: Reassessing Chronology in Prehistoric Greece and Bulgaria, 5000-3000 cal.* BC. TMO 69, 271-297. Lyon: Maison de l'Orient et de la Mediterranee.
- Ozdogan M. 1993. Vinca and Anatolia: a new look at a very old problem (or redefining Vinca culture from the perspective of Near Eastern tradition), Anatolica 19. 1993. 173–193.
- Palavestra A. 2014. In service of continuity. *Ethno-archaeology in Serbia. Traditional pottery making from the ethnoarchaeological point of view.* Belgrade. 199-177
- Papadopoulos S., Nerantzis N. 2014. Eastern Macedonia during the 5 millennium BC: Stabbility and Inovation. *The Neolithic and Eneolithic in Southeastern Europe.* Rahden. 29-48
- Pappa M., Bessios M. 1999. The Neolithic Settlement at Makriyalos in Northern Greece. A Preliminary Report on the 1992-1995 Excavations. *Journal of Field Archaeology* 26. 177-195
- Pappa et. al. 2013. The Neolithic site of Makriyalos, northern Greece. *Diet, Economy and Society in the Ancient Greek World.* Paris. 77-88
- Pappa M., Nanoglou S., Efthimadou M. 2016. Vasilika Kyparissi: A Preliminary Report on the 2013-2015 Rescue Excavation Project. *The Anthemous Valley Archaeological Project. A preliminary report.* Poznan. 261-296
- Pappa M., Nanoglou S. 2019. The rescue excavation project at the Neolithic settlement of Vasilika Kyparissi in central Macedonia, Greece. *Antiquity 9 (369).* 1-7

- Papaioannou F. 2022. *Neolithic riverside and lakeside settlements in Western Macedonia.* Master thesis. International Hellenic University. Thessaloniki-Greece
- Pernicheva-Perets L., Il Kulov 2011. Stratigraphical characterization of the settlement. Archaeological levels and stratas (from up to bottom). *Balgarchevo. The Prehistory Settlement.* Vol. 1. Sofia. 22-68
- Perles C, Demoule J-P. 1993. The Greek Neolithic: A New Review. *Journal of World Prehistory.* Vol. 7, No. 4. 355-416
- Perić S., Bajčev O., Obradović Đ. Stojanović I. 2016. The Neolithic site of Pavlovac-Gumnište: results of the rescue excavations in 2011. *Archaeological Investigations along the highway route E75* (2011-2014). Belgrade. 221-274
- Prendi F., Bunguri A. 2014. *Studime për Prehistorinë e Shqipërisë.* Tiranë: QSA-Instituti i Arkaeologjisë.
- Prendi 2018. *The Prehistoric Settlement of Maliq.* Academy of Albanological Studies-Institute of Archaeology. Tirane
- Radivojević M., Rehren T., Pernicka E. 2021. Metallurgical knowledge and networks of supply in the 5$^{th}$ millennium BC Balkans: Belovode and Pločnik in their regional context. *The Rise of Metallurgy in Eurasia. Evolution, Organisation, and Consumption of Early Metal in the Balkans.* ARHEOPRESS. Oxford. 484-527
- Reingruber A. 2017. Graphite and carbon: Relative and absolute chronology between the Aegean and the Black Sea in the 5$^{th}$ millennium BC. *Comunities in transition. The Cirkum-Aegean Area during the 5$^{th}$ and 5$^{th}$ Millenia BC.* Oxford. 155-177
- Reingruber A., Toufexis G., Kyparissi-Apostolika N., Anetakis M., Maniatis Y., Facorrelis Y. 2017. Neolithic Thessaly: radiocarbon dates periods and phases. *Documenta Praehistorica* XLIV. Ljubljana 34-53
- Ruka R., Galaty M. 2022. Time, for an absolute chronology in Albanian Prehistory. *Iliria Reviste Arkeologjike.* Tirane. 27-70
- Rujak Z. 2011. Household in the Neolithic Period of the territory of southeast Macedonia. *Acta Musei, Tiberiopolitani* Vol.1. Strumica. 161-166.
- Rujak Z. 2015. Carevi Kuli. Skopje 2015
- Rujak Z. 2017. New Data about the Late Neolithic Settlement of Angelci-Stranata (Čaušov Kamen) in Southeastern Macedonia. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 205-220.

- Rujak Z. 2017a. The Transition between Neolithic and Chalcolithic in Southeastern Macedonia (through the prism of new results from a study of localities Angelci-Stranata and Carevi Kuli) *Acta Musei Tiberiopolitani.* Vol. 2. Strumica. 39-44
- Sanev V. 1996. The Anzabegovo – Vršnik group and the problems of the Late Neolithic in Eastern Macedonia. *From Starčevo to Vinča culture. Current problems of the Transition Period, Proceedings from the International round table.* Zrenjanin. 147–164.
- Silva T., Lymperaki M., Chondroyianni-Metoki A. and Urem-Kotsou D. 2020. Identifying Ritual at Late Neolithic Toumba Kremastis Koiladas: Ceramic assemblages of Representative Contexts. *Making Space Into Pots.* BAR. Oxford. 73-86
- Stojanova Kanzurova E. 2017. The Neolithic Settlement Kanli Čair in Radoviš (through Archaeological Excavations in 1987/88 and 2015). *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 183-204
- Stratouli G., Kloukinas D. 2020. Transformations of Settlement Space at Neolithic Avgi, NW Greece. *Making Space Into Pots.* BAR. Oxford. 43-52
- Stratouli G., Bekiaris T., Katsikaridis N., Kloukinas D., Koromila G and Kyrillidou. 2020. New excavations in Northwest Greece: The Neolithic settlement of Avgi, Kastoria. *Journal of Greek Archaeology* 5. 63-134
- Tasič N. et al. 2016. Interwoven strands for refining the chronology of the neolithic tell of Vinča-Belo Brdo, Serbia. http://journals.cambridge.org/RDC
- Tsirtsoni Z., 2001. Les poteries du début du Néolithique Récent en Macédoine, II. Les
- fonctions des recipients. *BCH* 125 (1), 1–39.
- Touloumis K., and Hourmouziadi A. 2003. The Man and the Lake: Living in the Neolithic Lakeside Settlement of Dispilio, Kastoria, Greece. *Mediterranian Archaeology and Archaeometry.* Vol. 3. No. 2. Greece. 73-79
- Tolevski I. 2022. Getting closer to copper: at the late Neolithic settlement near the village Damjan and the surrounding copper sources. *Neolithic in Macedonia: recent researches and analyses.* Skopje 2022.
- Tsirtsoni Z. 2016. The chronological framework in Greece and Bulgaria between the late 6 and the early 3 milennium BC, and the "Balkans 4000" project. *The human face of radiocarcon. Reassessing chronology in prehistoric Greece and Bulgaria, 5000-3000 cal. BC.* Lyon 2016. 13-39

- Urem-Kotsou D. and Kotsakis K. 2007. Pottery, Cuisine and Community in the Neolithic of North Greece. *Cooking up the Past: Food and Culinary Practices in the Neolithic and Bronze Aegean.* Oxbow Books. 225-246
- Urem-Kotsou D., Papaioannou A., Papadakau T., Sardaki N., Intze Z. 2014. Pottery and stylistic boundaries. Early and middle meolithic pottery in Macedonia. *A Century od research in Prehistoric Macedonia. 1912-2012.* Thessaloniki. 505-517
- Urem-Kotsou D. 2016. Salting the roads: connectivity in the Neolithic Balkans. *Of Odysseys and Oddities. Scales and model of interaction between prehistoric Aegean societies and their neighbors.* OXBOX. Oxford. 123-142
- Urem-Kotsou D., Kotsos S. 2020. Settling Neolithic Central Macedonia, Northern Greece. *Making Space into Places. The North Aegean, the Balkans and Western Anatolia in the Neolithic.* BAR. Oxford. 87-104
- Vajsov 2007. Promachon-Topolnica. A typology of painted decoration and its use as a chronological marker. *The Struma/Strymon river valley in prehistory.* Sofia 2007. 79-120
- Vlachos D. 2019. Changes in the production and use of pottery from the Early Neolithic to the „secondary products revolution“: some evidence from LN Makriyalos, Nothern Greece. *Documenta Praehistorica XXIX.* Ljubljana. 119-126
- Voulgari E. 2020. The anthropomorphism of human-like pots. *Bodies of Clay.* Oxbow Books. Oxford. 23-43
- Vuković J. 2015. Izgubljeni u tranziciji: problem prelaza ranog/srednjeg u kasni neolit centralnog Balkana u jugoslovenskoj/srpskoj arheologiji druge polovine XX veka. *Etnoarhološki problemi* 10/3: 651-673.
- Vuković J., Vitezović S., Milanović D. 2016. Pavlocac-Kovačke Njive-Neolithic Layers. *Archaeological Investigations along the highway route E75* (2011-2014). Belgrade. 167-204
- Weninger B. et. al. 2009. The Impact of Rapid Climate Change on prehistoric societies during the Holocene in the Eastern Mediterranean. *Documenta Praehistorica XXXVI.* 2009. Ljubljana

- Whittle A. et. Al. 2016. A Vinča potscape: formal chronological models for the use and development of Vinča ceramics in south-east Europe. *Documenta Praehistorica XLIII* 2016. Ljubljana. 1-60
- Wijnen M., Ridley C., Wardle K. A., Hubbart R. N. L., Watson J. P. N. and Jones R. E. 1979. Rescue Excavations at Servia 1971-1973: A Preliminary Report. *The Annual of the British School at Athens.* Vol. 74. 185-230

## ИЛУСТРАЦИИ

### Табли


- Т. I. – земјанка 1, Цоцев Камен 1
- Т. II. – земјанка 1, Цоцев Камен 1
- Т. III. – земјанка 2, Цоцев Камен 1
- Т. IV. – земјанка 2, Цоцев Камен 1
- Т. V. – земјанка 2, Цоцев Камен 1
- Т. VI. – земјанка 2, Цоцев Камен 1
- Т. VII. – помлад I културен слој
- Т. VIII. – помлад I културен слој
- Т. IX. – помлад I културен слој
- Т. X. – Орловица 2, доцен неолит
- Т. XI. – Орловица 2, доцен неолит
- Т. XII. – Орловица 2, доцен неолит


### Табели


Табела 1. Предлог хронологија за доцнонеолитските фази од Централен Балкан, синхронизирана со постоечките хронолошки системи

Табела 2. Список на доцнонеолитски локалитети од Централен Балкан со основни параметри за големина, хронолошки фази и надморска висина

**ТАБЛИ**




T. II
1
2
3
4


5

T. III



**T. IV**



T. V




T.VI
1
2
3
4
5


T. VII
1
2
3
4
5
6
7
8



T.VIII
1
2
3
4
5
6
7
8


T. IX
1
2
3
4
5
6


T. X
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12

T. XI




T. XII
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11

## ТАБЕЛИ

| TAB. 2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Site number | Site | Location of the site[31] | Site dimensions (in hectares) | Stratigraphic levels | Chronological Attribution | Altitude |
| | Z | O | N | E - | 1 | |
| 1 | Batanovci | HT | 2-3 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 2 | Gerena | RT | 2.6 ha | ●● | EN-LN | |
| 3 | Divotino | H | 0.3 ha. | ●● | EN-LN | 830 m. |
| 4 | Kovachevsci | RT | 0.5 ha. | ● | LN | 651 m. |
| 5 | Pernik II | H? | 1.5-2 ha. | ●●●●● -1.5 m. | EN-LN-ECh | 720 m. |
| 6 | Pernik III | H? | 4 ha. | ●●●●● -3 m. | LN-ECh.-LCh-EBA-LBA | 745 |
| 7 | Priboi | RT | 1 ha. | ●● | LN-BA | 620 m. |
| 8 | Radomir I | RT | 1.8 ha. | -1.3 m. | LN-BA | 638 m. |
| 9 | Vaksevo I | RT | 1 ha. | ●●●●●● | EN-EN-EN-LN-LCh- LCh | 552 m. |
| 10 | Delyan | H | 0.3 ha. | ● | LN | 700 m. |
| 11 | Dozhdevica | RT | 0.2 ha. | ● | LN | 890 m. |
| 12 | Dolno Selo | RT | | ● | LN | 820 m. |
| 13 | Dragodan | RT | 0.2 ha. | ● | LN` | 375 m. |
| 14 | Dupnica | H | 1 ha. | ● | LN | 517 m. |
| 15 | Liljacheto | HT | 3.5 ha. | ●●● | EN-LN-ECh. | 395 m. |
| 16 | Deve Bargan | RT | 2.5 ha. | ●● | EN-LN | 370 m. |
| 17 | Nevestino I | RT | 2.5 ha. | ●●● -1.75 m. | I-II-EN; III-LN | 446 m. |
| 18 | Sapareva Banya | HT | 2.4 ha. | ●●●●●●● 2.7-3.2 m. | EN-LN | 725 m. |
| 19 | Saparevo | RT | 1.6 ha. | ●● | EN-LN | 680 m. |

[31] Hill-H; High terraces-HT; River terraces-RT; Toumba-T; Flat-F; Pile dweling-PD; Lake Settlement-LS; Cave-C

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Slatino-Chardako | HT | 0.4-5 ha. | ●●●●●● 1.7-2.20 m. | I-LN; II-VI ECh. | 436 m. |
| 21 | Slatino-Karo II | HT | 3-4 ha. | 1.10-1.20 m. | LN | 433 m. |
| 22 | Slatino-Karo III | HT | 0.8 ha. | 1.20-1.40 m. | LN | 425 m. |
| 23 | Tavalichevo | HT | 2.7 ha. | ●● | LN-Ch | 620 m. |
| 24 | Chetirci | Cave | | ●●●● | EN-LN-IA.. | 455 m. |
| 25 | Shipochano | RT | 0.2 ha. | ● | LN | 500 m. |
| 26 | Buchino I | H | 4 ha. | ● | LN | |
| 27 | Buchino II | H | 2 ha. | ● | LN. | |
| 28 | Buchino III | H | 0.15 ha. | ●●● | LN-ECh; BA | |
| 29 | Buchino IV | H | 0.15 ha. | ●● | LN-ECh. | |
| 30 | Balgarchevo | RT | 1-1.7 ha. | ●●●●●● 1.5-2.20 m. | I-EN; II-III-LN; IV-ECh.;V-LCh; VI-BA | 380 m. |
| 31 | Drenkovo I | RT | 0.3 ha. | ● | LN | |
| 32 | Drenkovo II | HT | 7 ha | ●●●● | EN-LN-ECh.-BA | 600 m. |
| 33 | Logodash | HT | 0.5 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 34 | Bersin | RT | 4 ha. | ●●●●.. | EN-LN-ECh.-BA.. | 520 m. |
| 35 | Piperov Chiflik | RT | 1.4 ha. | ●● | EN-LN | 496 m. |
| 36 | Ganevi Nivi | RT | 4 ha. | ●● | EN-LN | 363 m. |
| | **Z** | **O** | **N** | **E** | **-** | **2** |
| 37 | Baskalci | H | 0.5 ha. | ● | LN | 950 m. |
| 38 | Borovichene | H | 2 ha. | ● | LN | |
| 39 | Vinogradi | H | 6 ha. | ●● | EN?-LN | 380 m. |
| 40 | Gega | H | 0.6 ha. | ● | LN | |
| 41 | Goleshevo | H | 1.6 ha. | ● | LN | 680 m. |
| 42 | Gorno Spanchevo | H | 2 ha. | ● | LN | 331 m. |
| 43 | Damyanica | RT | 50 ha. | ●●● 1.20-1.80 m. | LN-ECh-LCh | 130 m. |
| 44 | Dolna Ribnica | H | 0.25 ha. | ●● | LN-LCh. | 670 m. |
| 45 | Drenovica I | H | 0.2 ha. | ● | LN | 350 m. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | Drenovica II | H | 2.5 ha. | ●● | LN-LCh. | 350 m. |
| 47 | Ilindenci | F | 1.2 ha. | ●●● | EN-LN-ECh. | 250 m. |
| 48 | Kamena | H | 0.5 ha. | ●● | LN-Ch. | 250 m. |
| 49 | Katunci I | H | 3 ha. | ● | LN | 193 m. |
| 50 | Katunci II | RT | 0.3 ha. | ● | LN | 173 м. |
| 51 | Katunci III | RT | 3 ha. | ● | LN | 193 m. |
| 52 | Kovachevo | RT | 50 ha. | ●●●●●● | I-IV-EN; LN-EB | 260 m. |
| 53 | Petrovo I | RT | 1.5 ha. | ● | LN | 662 m. |
| 54 | Petrovo II | H | 0.6 ha. | ● | LN | 590 m. |
| 55 | Piperica | H | 1.2 ha. | ● | LN | 300 m. |
| 56 | Prvomay II | H | 0.5 ha. | ●● | LN-Ch | 150 m. |
| 57 | Prvomay III | H | | | LN? | |
| 58 | Topolnica-Promahon | RT | 5 ha. | ●●●● | I-III-LN; ECh | 80 m. |
| 59 | Harsovo | H | 1 ha. | ● | LN | 180 m. |
| 60 | Chereshnica I | H | 2.5 ha. | ● | LN | 350 m. |
| 61 | Chereshnica II | H | 0.2 ha. | ● | LN | 350 m. |
| 62 | Churichene I | H | 0.5 ha. | ● | LN | |
| 63 | Churichene II | H | 0.3 ha. | ● | LN | |
| 64 | Yanovo I | H | 0.5 ha. | ● | LN | 370 m. |
| 65 | Yanovo II | H | 0.5 ha. | ● | LN | 370 m. |
| 66 | Yanovo III | H | 0.5 ha. | ● | LN | 345 m. |
| 67 | Angelci | F | 3 ha. | ●● | LN | 280 m. |
| 68 | Golema Trpeza | HT | | ●●● | LN-BA-RE | |
| 69 | Kanli Chair | F | | ●● | EN-LN | |
| | **Z** | **O** | **N** | **E -** | **3** | |
| | | *Eastern* | part | | | |
| 70 | Agion Pneuma | T | 4 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 71 | Akropotamos | H | | ●● 0.45-0.90 m. | LN-ECh | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | Dimitra | T | 2 ha. | ●●● | I-II-LN; III-ECh | |
| 73 | Doksato | T | | ●● | LN-ECh | |
| 74 | Drama | F | 25 ha. | ●●● | LN-ECh-LCh | |
| 75 | Kalifitos | RT | | ●● | LN-ECh | |
| 76 | Kefalari | T | | ● | LN | |
| 77 | Krionery | H | 0.3 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 78 | Ksiropotamos | H | | ●● | LN-ECh | |
| 79 | Mavrolofos | T | 0.4 ha. | ●● | LN-ECh | 40 m. |
| 80 | Megalokambos | H | 4.5 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 81 | Mikrosuli | H | | ●● | LN-ECh | |
| 82 | Milopotamos II | H | 4 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 83 | Monovrisi | F | 0.5 ha. | ●● | LN-ECh | 20 m. |
| 84 | Nea Bafra | T | 3.5 ha. | ●● | LN-ECh | |
| 85 | Podohori | H | | ●● | LN-ECh | |
| 86 | Sidirodromikos Statmos Hriso | H | 1.1 ha. | ●● | LN-ECh | 40 m. |
| 87 | Sitagri | T | 3.5 ha. | ●●●● | I-II-LN; III ECh-LCh; IV-BA | 68 m. |
| 88 | S.S. Angistis | RT | | ●● | LN-ECh | 60 m. |
| 89 | Tolos | T | 0.8 ha. | ●● | LN-ECh | 80 m. |
| 90 | Toumba | H | 6-7 ha. | ●●●● | EN-LN; ECh-LCh | 40-70 m. |
| 91 | Dikili Tash | T | 4.5 ha. | ●●●● | I-LN; II-ECh; III-IV BA | 40 m. |
| *Central Part* | | | | | | |
| 92 | Hriso | H | 0.5 ha. | ●● | LN-ECh | 50 m. |
| 93 | Zagliveri | F | | | | 250 m. |
| 94 | Stavroupoli | F | 10 ha. | ●●● | MN-LN-FN | |
| 95 | Thermi | F | 6 ha. | ●●● | LN | |
| 96 | Vasilika | F | 18 ha. | ●●● | MN-LN-FN | |
| 97 | Gianitsa B | T | 30 acr. | ●●● | EN-MN-LN | |
| 98 | Edesa | | | ●● | LN-EBA | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 99 | Longos | | | ●● | LN-EBA | |
| 100 | Flamouria | | | ●● | LN-EBA | |
| 101 | Arseni | | | ●● | LN-EBA | |
| 102 | Polyplatanos | | | ● | LN | |
| 103 | Rodochori | | | ● | LN | |
| 104 | Agios Georgios | | | ●● | EN-LN | |
| 105 | Trilofos | | | ●● | EN-LN | |
| 106 | Gianisa | | | ● | LN | |
| 107 | Arhontiko | | | ●●●● | MN-LN-EBA-LB | |
| 108 | Damiano | | | ●● | LN-EBA | |
| 109 | Argosykia | | | ●●● | LN-EBA-LBA | |
| 110 | Aravisos | | | ●● | LN-EBA | |
| 111 | Plagiari | | | ●● | LN-EBA | |
| 112 | Drosero | | | ●● | LN-EBA | |
| 113 | Paliambela Kolindros | T | 28 ha. | ●● | LN-I; LN-II | |
| 114 | Makriyalos | T | 50 ha. | ●● | LN-I; LN-II | |
| 115 | Nea Nikomedia | T | 0.2? ha. | ●●● | EN-MN-LN | |
| 116 | Ag. Nikolaos-Ritini | H | | ●● | EN-LN | 400 |
| 117 | Mandalo | T | 0.5 ha. | ●● | L/FN-BA | 40 |
| 118 | Koroneia | F | | ●● | LN-FN | |
| 119 | Pente Bryses | F | | ● | LN | |
| 120 | Assiros E. | F | | ● | LN | |
| | | | | | | |
| | | *Western part* | | | | |
| 121 | Servia | T | | ●●●●● | MN-LN-EBA | |
| 122 | Vasilara Rachi | HT | 8.1 ha. | ●●● | LN-FN-BA | |
| 123 | Toumba Mavrodendriou | | | ●● | MN-LN | |
| 124 | Pontokomi | | | ● | LN | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 125 | Drepano | | | ●● | MN-LN | |
| 126 | Akrini | | | ●● | MN-LN | |
| 127 | Megali T. Agiou Dimitriou | | | ●● | EN-LN | |
| 128 | Kremastis Koiladas | | | ● | LN | |
| 129 | Klitos | | | ● | LN | |
| 130 | Tetralofos | | | ●● | MN-LN | |
| 131 | Mikro Nisi Akrinos | | | ● | LN | |
| 132 | Keramida Akrinis | | | ●● | MN-LN | |
| 133 | Megalo Nisi Galanis | | 8.5 ha. | ●● | MN-LN | 653 m. |
| 134 | Kremastis Knidi | | 1 ha. | ●● | EN-LN | 670 m. |
| 135 | Trita Koromilias | RT | 12.14 ha. | ● | LN | 650 m. |
| 136 | Meliti | | | ●● | LN-EBA | |
| 137 | Armenochori | | | ●● | LN-EBA | |
| 138 | Agios Panteleimon I | | | ●● | LN-EBA | |
| 139 | Vegora III | | | ●●● | LN-EBA-LBA | |
| 140 | Vegora IV | | | ●● | LN | |
| 141 | Fanos II | | | ●● | LN-EBA | |
| 142 | Rodon | | | ●● | LN-EBA | |
| 143 | Limnochori I | LS | | ●● | LN-EBA | |
| 144 | Limnochori II | LS | | ●● | LN-EBA | |
| 145 | Anargyroi II | | | ●● | LN-EBA | |
| 146 | Anargyroi III | | | ●●●● | MN-LN-EBA-LBA | |
| 147 | Variko I | | | ●● | LN-EBA | |
| 148 | Variko II | | | ●● | LN-EBA | |
| 149 | Maurodendri | | | ●● | MN-LN | |
| 150 | Mikro Nisi | | | ●●● | MN-LN-EBA | |
| 151 | Chamboula Toumba | | | ●●● | MN-LN-EBA | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 152 | Agios Dimitrios-Koliada | | | ●●● | EN-MN-LN | |
| 153 | Agios Dimitrios | | | ●●● | MN-LN-BA | |
| 154 | Xeropigado | | | ●● | LN-EBA | |
| 155 | Kremastis | | | ●● | LN-EBA | |
| 156 | Agios Eleutherios | | | ●●● | LN-EBA-LBA | |
| 157 | Profitis Ilias | | | ●●● | MN-LN-EBA | |
| 158 | Anarghiri IX | LS | | ●●●● | LN I-II; FN; EBA | |
| 159 | Palla Rachi-Aiani | T | | ●●● | MN-LN-FN | |
| 160 | Kasiani Lava | T | | | | 950 m. |
| | **Z** | **O** | **N** | **E** | **4** | |
| 161 | Tumba-Dolno Palchishte | T | 1.8 ha | ●●● | MN-LN | |
| 162 | Tumba-Brvenica | T | | ●●●● | EN-MN-LN-LN | |
| 163 | Pod Selo-Tumba | T | | ●●● | EN-MN-LN | |
| 164 | Cerje | RT | 18 ha. | ●●●● | EN-MN-LN-Cha | |
| 165 | Sred Selo | HT | | | | |
| 166 | Slatino-Zelenikovo | RT | | ●●● | MN-LN-Cha | |
| 167 | Kremenica-Brazda | | | ●● | MN-LN | |
| 168 | Dolna Orlovica (Orlovica 1) | RT | | ● | LN | |
| 169 | Orlovica 2 | HT | | ●● | LN-ECh | |
| 170 | Derven | HT | | | LN | |
| 171 | Malo Saranlija | | | | LN | |
| 172 | Goren Grgur | | | | LN | |
| 173 | Dolen Shamak | | | | LN | |
| 174 | Chibuk Cheshma | RT | | ●●●●● | MN-LN | |
| 175 | Amam | F | | ●● | MN-LN | |
| 176 | Mlaka | RT | 2 ha. | ●● | MN-LN | |
| 177 | Drezga | HT | | | LN | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 178 | Luzhichka Tumba | T | | | | |
| 179 | Golemo Gradishte-Konjuh | RT | | ● | LN | |
| 180 | Mal Kamlesh- | RT | 10 ha. | ●● | MN-LN | 479 m. |
| 181 | Cocev Kamen | | | | | |
| 182 | Cocev Kamen 1 | | | | | |
| 183 | Barutnica | RT | | ●●● | EN-MN-LN | |
| 184 | Alin Dol-Nemanjici | RT | | ●● | MN-LN | |
| 185 | Vrshnik | F | | ●●●●● | EN-MN-LN | |
| 186 | Rug Bair | RT | | ●●● | EN-MN-LN | |
| 187 | Stobi | RT | | ● | LN | |
| 188 | Dzuniver | RT | | ● | LN | |
| 189 | Mramor | RT | 3 ha. | ●● | MN-LN | |
| 190 | Gradishte-Trnovo | H | | ● | LN/Ech | 1025 |
| 191 | Begovo Pole | RT | 4-5 ha. | ●● | MN-LN | |
| 192 | Semensko Drvo | RT | | ●● | MN-LN | 520 m. |
| 193 | Rashina Okusnica | RT | | ●● | MN-LN | 438 m. |
| 194 | Donje Vranje | RT | | ● | LN | |
| 195 | Pavlovac-Kovachke Njive | RT | 7 ha. | ●●● | EN-LN-LN | |
| 196 | Gumnishte-Pavlovac | HT | | ●●● | MN-LN-LN | |
| 197 | Chukar-Pavlovac | HT | | ●●● | MN-LN-LN | 390 m. |
| 198 | Dva Brata (Chuka) | HT | 1.5 ha. | ● | LN | 420 m. |
| 199 | Goleme Livade | HT | | ● | LN | 880 m. |
| 200 | Kachamachke Njive-Slatina | HT | | ● | LN | 520 m. |
| 201 | Prohor Pcinski | HT | | ●● | LN-ECh | 440 m. |
| | **Z** | **O** | **N** | **E** | **5** | |
| 202 | Kutline-Rakle | HT | | ●● | LN | |
| 203 | Mogila-Senokos | T | | ●●● | LN-LN-Cha | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 204 | Ali Chair | T | | ● | LN | |
| 205 | Gradishte-Debreshte | H | | ●● | LN | |
| 206 | Komarchani-Buchalo | RT | | | LN | |
| 207 | Tumba-Borotino | T | | | LN | |
| 208 | Stari Lozja | HT | | | LN | |
| 209 | Gjeramidi | F | | | LN | |
| 210 | Prchinoga | HT | | | LN | |
| 211 | Radin Dol | H | | ●● | LN | |
| 212 | Mala Tumba-Trn | T | 3-4 ha. | ●● | MN-LN | |
| 213 | Gol. Tumba-Trn | T | 3-4 ha. | ●● | MN-LN | |
| 214 | Radoborska Tumba | T | 3-4 ha. | ● | LN/ECh | |
| 215 | Chuka-Topolchani | T | | ●●● | MN-MN-LN | |
| 216 | Tumba Sredselo-Mogila I | T | | ●●● | MN-MN-LN | |
| 217 | S. Tumba-Mogila 2 | T | | ●●● | MN-MN-LN | |
| | **Z** | **O** | **N** | **E** | **6** | |
| 218 | Kalamas | F | | ●● | MN-LN | |
| 219 | Maliq | LS | | ●●●● | LN-LN-CHa-Cha | 850 m. |
| 220 | Dispilio | LS | 1 ha. | ●●● | MN-LN-LN-FN | 620 m. |
| 221 | Avgi | HT | 5-5.5 ha. | ●●● | MN/LN-LN-LN | 700 m. |
| 222 | Kallamas | LS | 8 ha. | ●●●● | MN-LN-LN-CHa | |